Дијагностика на општинските пазари на труд во Северна Македонија

Проектот е финансиран од Европската Унија

Дијагностика на општинските пазари на труд во Северна Македонија

Д-р Благица Петрески
Finance Think, Институт за економски истражувања и политики, Скопје

Скопје, март 2021 година

Содржина

1. ВОВЕД **4**

2. МАКРОЕКОНОМСКА И СТРАТЕГИСКА РАМКА **5**

3. НАЦИОНАЛНА И РЕГИОНАЛНА АНАЛИЗА НА ПАЗАРОТ НА ТРУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА **9**

4. МЕТОДОЛОГИЈА **13**

5. ДИЈАГНОСТИКА НА ОПШТИНСКИТЕ ПАЗАРИ НА ТРУД ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА **15**

- **Скопски регион** **16**
  - Град Скопје 17
- **Вардарски регион** **27**
  - Свети Николе 28
  - Кавадарци 38
  - Велес 46
- **Источен регион** **55**
  - Штип 57
- **Југоисточен регион** **65**
  - Радовиш 66
  - Струмица 75
  - Гевгелија 84
- **Пелагониски регион** **93**
  - Ресен 95
  - Битола 103
  - Прилеп 112
- **Југозападен регион** **121**
  - Кичево 122
  - Струга 131
  - Охрид 140
  - **Североисточен регион** **149**
  - Куманово 150
- **Полошки регион** **159**
  - Гостивар 160
  - Тетово 170

Вовед

Засилувањето на човечкиот капитал е еден од клучните реформски приоритети во Програмата за економски реформи 2022-2024 година. Таквиот приоритет вклучува унапредување на пазарот на труд преку приспособување на образовната политика во согласност со потребите. Идентификувањето на јазовите на пазарот на труд претставува појдовна основа за да се дизајнираат мерки и за да се унапреди состојбата на пазарот на труд. Сепак, дијагностиката на локално општинско ниво е многу малку анализирана.

Интервенцијата во овој документ е во соработка со канцеларијата на Меѓународната организација на трудот во Скопје, Институтот за економски истражувања и политика Finance Think и локалниот економскосоцијален совет во општините.

Целта на оваа збирка е да направи дијагностика на пазарот на труд на општинско ниво во Република Северна Македонија. Опфатени се 14 општини, од сите осум региони во Република Северна Македонија. Дијагностиката вклучува: анализа на регионалните карактеристики; структура на пазарот на труд преку преглед на понудата и на побарувачката на пазарот на труд; идентификување на јазот на пазарот на труд според образование и занимање; и образовно профилирање и профилирање на потенцијалот на општинската образовна инфраструктура за надминување на јазовите на пазарот на труд. Дијагностиката нуди конкретни препораки како да се адресираат јазовите на пазарот на труд преку вклучување на сите засегнати страни на општинско и на национално ниво.

Збирката е структурирана на следниов начин: преглед на макроекономската состојба; потоа е направена анализа на пазарот на труд на национално и на регионално ниво; глава три ја вклучува индивидуалната дијагностика на пазарот на труд за 14 општини, распоредени по региони; на крај збирката завршува со заклучок.

Макроекономска и стратегиска рамка

Северна Македонија е мала и отворена економија и влегува во групата земји во развој со средно високо ниво на доход. Висината на БДП по жител пресметана според паритетот на куповна моќ изнесува 37,8 проценти од просечниот БДП по жител на ЕУ во 2019 година, што претставува умерен напредок во однос на 2011 година кога истиот индикатор изнесува 34,7 проценти. Во рамките на Западен Балкан, Србија и Црна Гора се најблиску до европскиот просек со 41,2 процент и 48,5 проценти од просечниот БДП по жител на ЕУ во 2019 година, соодветно, додека Косово, Албанија и Босна и Херцеговина се најдалеку со 25,5 проценти, 30,8 проценти и 33,6 проценти, соодветно. Во однос на темпото на конвергенција кон европскиот просек во последната декада (2011-2019), Северна Македонија го зазема последното место на Западен Балкан каде што нивото на конвергенција просечно расте по 0,95 проценти на годишно ниво.

Во изминатата декада, Северна Македонија бележи умерен економски пораст, кој се движеше во распон од -0,5 проценти до 3,9 проценти пред кризата предизвикана од пандемијата (табела 1). Економскиот пораст беше значајно придвижен во втората половина од изминатата декада поради зголемената активност на извозноориентираните компании, иако во истиот период преовладуваше значајна политичка криза (2017/2018). Приливот на странски директни инвестиции на почетокот на декадата придонесе за зголемување на отвореноста на Северна Македонија и за зголемување на учеството на увозот и на извозот во БДП. Паралелно, економскиот пораст беше проследен со значаен континуиран пад на невработеноста од 31,4 проценти во 2011 година до 16,4 проценти во 2019 година.

Табела 1: Основни макроекономски индикатори за Северна Македонија, 2011-2020 година

	2011	2012	2013	2014	2015	2016	2017	2018	2019	2020	2011/ 2019
БДП по тековни цени (во мил. ден.)	464.186	466.703	501.891	527.631	558.954	594.795	618.106	660.878	692.683	655.931	49,2%
БДП по жител (тек. цени)	225.493	226.440	243.160	255.206	269.997	286.995	297.954	318.309	333.551	320.386	47,9%
Промена на номинален БДП	6,1 %	0,5 %	7,5 %	5,1 %	5,9 %	6,4 %	3,9 %	6,9 %	4,8 %	-4.1%	
БДП по константни цени (во мил. ден.)	383.837	382.086	393.263	407.535	423.249	435.304	440.013	452.688	470.390	445.890	22,5 %
БДП по жител (конс. цени)	186.461	185.385	190.531	197.118	204.446	210.039	212.105	218.035	226.509	215.143	21,5 %
Промена на реален БДП	2,3 %	-0,5 %	2,9 %	3,6%	3,9 %	2,8 %	1,1 %	2,9 %	3,9 %	-6,1 %	
Инфлација	3,9 %	3,3 %	2,8 %	-0,3 %	-0,3 %	-0,2 %	1,4 %	1,5 %	0,8 %	1,2 %	9,1 %
Јавна потрошувачка (% од БДП)	18,1%	18,6%	17,5%	17,1%	17,0%	15,4%	14,9%	14,3%	14,0%	16,8%	
Буџетски приходи (% од БДП)	29,5%	29,6%	27,9%	27,7%	28,8%	28,5%	29,1%	28,5%	29,4%	28,9%	
Буџетски дефицит (% од БДП)	-2,5 %	-3,8 %	-3,8 %	-4,2 %	-3,5 %	-2,7 %	-2,7 %	-1,8 %	-2,0 %	-8,2 %	
Примени лични дознаки (% од БДП)	4,1 %	4,0 %	3,5 %	3,2 %	3,0 %	2,7 %	2,8 %	2,7 %	2,5 %	3,4 %	
Јавен долг (% од БДП)	32,0%	38,3%	40,3%	45,8%	46,6%	48,8%	47,7%	48,4%	49,2%	61,0%	
Дефицит на платниот биланс (% од БДП)	-2,5 %	-3,3 %	-1,6 %	-0,6 %	-1,9 %	-2,9 %	-0,9 %	-0,1 %	-3,3 %	-3,4 %	
Трговска размена (% од БДП)	113,2 %	112,2 %	104,9 %	112,5 %	113,7 %	116,2 %	124,1 %	133,2 %	138,6 %	129,1 %	
Извоз (% од БДП)	47,1%	45,4%	43,4%	47,7%	48,7%	50,7%	55,1%	60,4%	62,4%	58,1%	
Увоз (% од БДП)	66,1%	66,8%	61,5%	64,9%	65,0%	65,5%	69,0%	72,8%	76,2%	70,9%	
Покриеност на извозот со увоз	63,7%	61,6%	64,9%	68,0%	70,5%	71,0%	73,5%	76,4%	76,2%	76,2%	
СДИ (% од БДП)	4,6 %	1,5 %	3,1 %	2,4 %	2,4 %	3,5 %	1,8 %	5,7 %	3,5 %	1,9 %	
Стапка на невработеност	31,4%	31,0%	29,0%	28,0%	26,1%	23,7%	22,4%	20,7%	17,3%	16,4%	

Извор: Државен завод за статистика и Министерство за финансии

Кумулативниот пораст за периодот 2011-2019 година изнесуваше 22,5 проценти, што, исто така, беше поддржан и од јавната потрошувачка, посебно на почетокот на декадата, кога почнаа да се реализираат неколку значајни инфраструктурни проекти (на пр., автопатот Кичево – Охрид). Зголемената јавна потрошувачка го продлабочи буџетскиот дефицит и го забрза порастот на јавниот долг, што го ограничи фискалниот простор за поддршка на идниот пораст. Иако буџетскиот дефицит се стабилизира во втората половина на изминатата декада, фискалната консолидација на среден рок претставува значаен предизвик.

Неодамна, кризата предизвикана од ковид-19 значително ја погоди македонската економија преку пад на домашната побарувачка и извозот, како и забавување на приливот од странски директни инвестиции, туркајќи ја економијата во рецесија во 2020 година. Мерките за амортизирање на негативните ефекти од пандемијата го продлабочија буџетскиот дефицит и го зголемија јавниот долг на алармантно ниво.

Дополнителна карактеристика на македонската економија е нерамномерниот регионален развој. Скопскиот регион доминира во генерирањето економска активност учествувајќи со 43,4 проценти во националниот БДП, додека најмала економска активност има во Североисточниот регион (4,8 проценти од БДП). Поединечното учество на другите шест региони во националниот БДП гравитира во распон од осум проценти до 11 проценти. Во однос на економскиот развој, Полошкиот, Југозападниот и Североисточниот регион значително заостануваат и имаат БДП по жител 33,2 проценти, 39,5 проценти и 53,7 проценти од БДП по жител на Скопскиот регион, соодветно. Во секој регион има доминација на одредени економски сектори. На пример, во Источниот, Југоисточниот, Вардарскиот и во Пелагонискиот регион доминираат секторите земјоделство, вадење руди и преработувачка индустрија, додека во Полошкиот, Југозападниот и во Североисточниот регион се позастапени услужните дејности, посебно поврзани со трговија и со недвижен имот. Скопскиот регион има повисоко ниво на диверзифицираност во поглед на дејностите, иако услужните дејности имаат позначајно учество.

Стратегиска цел на Северна Македонија е одржлив и инклузивен економски пораст. Намалувањето на јазот во внатрешноста и обезбедувањето долгорочен рамномерен регионален развој ќе придонесе кон остварување на дефинираната стратегиска цел. Политиката на рамномерен регионален развој наметнува спроведување структурни реформи во однос на засилување на иновацискиот капацитет, искористување на природните богатства, човечкиот капитал и економските особености, зачувување на идентитетот на регионите и паралелен развој на урбаните и на руралните подрачја во секој од регионите. Во услови на стеснување на пазарот на труд во Северна Македонија, рамномерниот регионален развој на човечкиот капитал се јавува како императив за поддршка на економскиот развој на регионите. Концентрацијата на работна сила во одредени региони и јазовите во однос на квалификуваноста на работната сила произлегуваат како главни проблеми при обезбедувањето одржлив економски развој. Пред да се даде осврт на пазарот на труд во регионален контекст, накратко ја претставуваме стратегиската рамка за намалување на диспаритетот меѓу регионите, посебно во однос на пазарот на труд.

Стратегија за регионален развој

Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031 година[1] вклучува систем на цели, инструменти и на мерки насочени кон намалување на диспаритетот во степенот на развиеност во планските региони и меѓу нив и остварување рамномерен и одржлив развој. Стратегијата се заснова на Законот за регионален рамномерен развој и ги вклучува следниве три стратегиски цели: (1) Порамномерно економски развиени, еколошки одржливи и конкурентни плански региони низ доследно спроведена паметна специјализација и посилно стимулирање на приватните инвестиции во синергија со јавните инвестиции; (2) Атрактивни плански региони со унапредени локални услуги, ефективен пристап до пазарот на труд, обезбеден повисок степен на родова еднаквост и ефективна социјална заштита на најранливите групи од населението; и (3) Значително засилена политика за регионален развој, подобрени финансиски инструменти за нејзино спроведување и изградени административни капацитети на централно, регионално и на локално ниво.

Остварувањето на овие цели ќе придонесе кон четири правци: (1) Забрзување на интеграцијата на земјата во ЕУ; (2) Искористување на достапните средства од Инструментот за претпристапна помош (ИПА); (3) Остварување на целите за одржлив развој на Организацијата на обединетите нации и (4) Остварување повисок степен на родова еднаквост.

Стратегијата е концептуализирана во седум поглавја. Во првите две поглавја се наведуваат целите и начелата за постигнување рамномерен регионален развој во осумте плански

[1] Подетално, погледнете на следниот линк

региони и меѓу нив, улогата на стратегијата во постигнување повисоки цели како што е интеграцијата во ЕУ, обезбедување одржлив и инклузивен развој и методологијата за изработка на стратегијата. Третото поглавје содржи социоекономска анализа на планските региони во однос на степенот на развиеност, јавните инвестиции, демографските движења, просторното планирање и другите економски и социјални карактеристики. Во четвртото поглавје се дефинирани визијата, стратегиските цели и приоритетните области за рамномерен регионален развој. Петтото поглавје ги дефинира носителите на спроведување на стратегијата, додека шестото поглавје изворите на финансирање. Конечно, последното поглавје ги содржи принципите и индикаторите за следење, оценување и ажурирање на стратегијата.

Стратегија за вработување

Националната стратегија за вработување 2021-2027 година со акциски план за вработување 2021-2023 година[2] вклучува детална анализа на пазарот на труд во Република Северна Македонија. Иако стратегијата идентификува диспаритет на пазарот на труд во регионален контекст, не вклучува конкретна директна цел насочена кон намалување на нерамномериот развој на пазарот на труд во осумте региони и меѓу нив. Анализата покажува значаен регионален диспаритет во однос на учеството во работната сила, стапката на вработеност и стапката на невработеност. Дополнително, изложеноста на сиромаштија е повисока кај работниците со привремени договори што живеат во Југоисточниот и во Североисточниот регион.
Националната стратегија за вработување 2021-2027 година со акциски план за вработување 2021-2023 година поставува три клучни цели што се меѓусебно тесно поврзани: (1) Подобрување на квалитетот на образовниот исход на сите нивоа; (2) Засилување на улогата на политиката за развој на економијата и на претпријатијата во создавањето пристојни работни места; и (3) Засилување на инклузивноста на политиката на пазарот на труд. Акцискиот план за вработување 2021-2023 година дефинира конкретни акции за постигнување на планираниот исход. Во однос на првата цел се дефинираат мерки за забрзување на образовните реформи и за подобрување на образовната инфраструктура. Во однос на втората цел, мерките се насочени кон деловните субјекти за зголемување на нивната ефикасност и конкурентност, како и за намалување на неформалната економија. Конечно, за засилување на инклузивноста на пазарот на труд се дефинираат акции за намалување на рестриктивноста на пазарот на труд за ранливите лица и за засилување на институционалните капацитети на централно и на локално ниво во дефинирањето и во спроведувањето на политиката на пазарот на труд.

[1] Подетално, погледнете на следниот линк

Национална и регионална анализа на пазарот на труд на Република Северна Македонија

Пазарот на труд во Република Северна Македонија забележува тренд на подобрување. Графикон еден прави преглед на стапките на активност на национално ниво од 2009 година до 2021 година. Во 2021 година, стапката на учество на работната сила во работоспособното население беше 55,7 проценти. Трендот е стагнирачки, а сè уште стапката на активност кај жените (45,7 проценти) е значително помала во споредба со таа на мажите (67,1 процент) (табела 2). Иако, според Националната стратегија за вработување 2021-2027 година, идентификувано е дека жените го зголемиле своето учество на пазарот на труд во изминатата деценија. Позначајни подобрувања има во стапките на невработеност и на вработеност. Па така, во 2021 година стапката на невработеност го постигна историски најниското ниво од 15,2 проценти и бележи повеќе од двојно намалување во споредба со 2009 година (32,2 проценти). Од аспект на пол, стапката на невработеност е слична кај мажите и кај жените (табела 2). Паралелно со трендот на намалување на невработеноста, се забележува и зголемување на стапката на вработеност. За период од 2009 година до 2021 година стапката на вработеност се зголемила од 38,4 проценти во 2009 година, на 47,3 проценти во 2021 година. Ова, главно, се должи на поволната економска клима, отворањето нови работни места од приватниот сектор, натамошната активна улога на компаниите во слободните економски зони и активните мерки за вработување.

Графикон 1: Стапки на активност на национално ниво, 2009-2021 година



Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија

Подобрената состојба на пазарот на труд ја следеше и просечната бруто-плата. Во 2020 година, просечната бруто-плата достигна 40.566 денари (табела 2). Освен поволните услови на пазарот на труд, просечната плата беше придвижувана и од политиката за пораст на платите (пораст на минималната плата и на субвенциите за пораст на платите), која придонесе за позабрзан пораст на платите од 2017 година.

Табела 2: Преглед на основните индикатори на пазарот на труд во 2020-2021 година

Индикатор	2020	2021
Вкупно работоспособно население	1.685.589	1.681.863
Активно население – вкупно	950.858	937.482
Активно население – вработени	794.909	795.276
Вработени **со скратено работно време**	36.380	
Активно население – невработени	155.949	142.206
Невработени **лица, активни баратели на работа регистрирани во АВРМ***	156.432	
Други лица што **бараат работа, АВРМ***	89.211	
Стапка на активност, вкупно	56,4%	55,7%
- мажи	67,1%	
- жени	45,7%	
Стапка на вработеност	47,2%	47,3%
- мажи	55,9%	
- жени	38,4%	
Стапка на невработеност	16,4%	15,2%
- мажи	16,7%	
- жени	15,9%	
Просечна исплатена бруто-плата, во денари	40.566	42.887

*Извор: Државен Завод за статистика; * Годишен извештај на АВРМ за 2020 година*

Анализата на пазарот на труд на регионално ниво идентификува разлики меѓу регионите. Графикон два прави преглед на стапките на активност по региони, во 2009 година и во 2020 година, и промена на стапките за овој период.

Графикон 2: Стапки на активност на регионално ниво во 2009 година и во 2020 година и промена во процентни поени



Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија

Иако стапката на невработеност на национално ниво е најниска , на регионално ниво сè уште има региони што се соочуваат со висока невработеност (Североисточниот, 32 процента; Полошкиот, 25 проценти и Југозападниот, 24 проценти). Истовремено, Североисточниот регион во периодот од 2009 година до 2020 година има направено најголем прогрес во намалување на стапката на невработеност (намалување од 32 процентни поена), додека, Полошкиот и Југозападниот регион имаат скромно намалување од три и девет процентни поени, соодветно. Југоисточниот и Источниот регион имаат најниски стапки на невработеност од четири и од осум процентни поени, и умерен прогрес во намалување на стапката на невработеност. На слично ниво до националниот просек на невработеност се Скопскиот, Пелагонискиот и Вардарскиот регион, со позначаен прогрес во намалувањето на стапката на невработеност. Ваквата состојба соодветствува со прогресот што е направен кај стапката на вработеност. Регионите што имаат најголема промена во стапката на невработеност, истовремено се и региони што постигнале најголема промена во вработеноста. Причините за разликите може да се должат на различни фактори, меѓу кои: географската поставеност (Вардарски регион), лоцираноста на технолошко-индустриските зони (Југозападен, Источен, Југоисточен и Пелагониски регион), бизнис-опкружувањето (Скопски регион) и слично.

Структурата на вработеност според економска дејност е претставена на графикон 3. Резултатите покажуваат дека во 2021 година речиси една половина од вработените (46,7 проценти) се вработени во три сектори: преработувачка индустрија (19,8 проценти); трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли (15,6 проценти); и земјоделство, шумарство и рибарство (11,3 проценти). Сепак, структурата на вработеноста во последната деценија се променила и трендот е кон зголемување на уделот на работници во секторот услуги, за сметка на намалување на уделот на работници во секторот земјоделство.

Графикон 3: Структура на вработеност според економска дејност, 2021 година



Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија

Вработеноста по сектори има регионална карактеристика. Уделот на вработени во земјоделството е најголем во Југоисточниот (35,7 проценти) и во Пелагонискиот регион (23,7 проценти) и најмал во Скопскиот регион (2,1 процента). Преработувачката индустрија како сектор со најголем удел во вкупната вработеност е значајна за сите региони. Сепак, уделот на работници во овој сектор е значително поголем во Источниот регион (34,7 проценти) и во Вардарскиот регион (30,6 проценти) во споредба со Југозападниот, Полошкиот и со Скопскиот регион, каде што, пак, е поголема вработеноста во секторот трговија на големо и на мало.

Табела 2: Структура на вработеност по региони, 2021 година

Сектор	Вардарски	Источен	Југо-западен	Југо-источен	Пелагонија	Полошки	Северо-источен	Скопје
Земјоделство, шумарство и рибарство	14,6%	9,8%	6,0%	35,7%	23,7%	6,3%	4,0%	2,1%
Рударство и вадење камен	0,8%	0,8%	4,0%	1,1%	2,0%	0,4%	0,7%	0,2%
Преработувачка индустрија	30,6%	34,7%	13,3%	19,6%	25,1%	13,7%	20,9%	13,9%
Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација	1,6%	0,4%	0,6%	0,1%	2,2%	1,1%	0,6%	1,1%
Снабдување со вода; отстранување отпадни води, управување отпад и дејности за санација на околината	2,2%	1,8%	4,5%	1,5%	2,8%	0,5%	1,7%	2,2%
Градежништво	5,6%	3,9%	10,1%	3,2%	3,3%	10,5%	12,5%	7,2%
Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли	12,2%	12,7%	18,4%	11,3%	10,2%	17,8%	13,3%	20,1%
Транспорт и складирање	5,8%	7,2%	3,4%	7,0%	2,2%	4,0%	8,4%	5,6%
Објекти за сместување и сервисни дејности со храна	3,3%	3,6%	6,6%	2,3%	2,0%	5,9%	3,3%	3,4%
Информации и комуникации	0,9%	0,7%	0,6%	0,9%	3,5%	0,8%	1,6%	5,3%
Финансиски дејности и дејности за осигурување	0,5%	0,7%	0,8%	0,9%	1,0%	0,9%	1,1%	1,9%
Дејности во врска со недвижен имот	0,1%	0,1%	0,1%	0,1%	0,2%	0,7%		
Стручни, научни и технички дејности	1,2%	1,4%	1,7%	1,8%	2,1%	1,7%	2,5%	4,3%
Административни и помошни услужни дејности	2,7%	1,5%	2,0%	1,0%	1,0%	0,9%	1,9%	4,2%
Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување	4,5%	7,8%	8,8%	2,9%	5,4%	11,6%	9,3%	8,6%
Образование	3,2%	5,1%	8,4%	4,0%	5,0%	11,8%	6,4%	5,9%
Дејности на здравствена и социјална заштита	5,9%	5,7%	6,5%	3,3%	6,0%	7,3%	7,3%	8,8%
Уметност, забава и рекреација	1,7%	1,1%	1,5%	3,0%	1,2%	2,4%	3,1%	1,8%
Други услужни дејности	2,7%	1,2%	2,9%	0,4%	1,2%	2,2%	1,3%	2,4%
Дејности на екстериторијални организации и тела						0,0%		0,4%

Извор: Анкета за работната сила, Државен завод за статистика

Освен структурата на вработеност по сектор и стапките на активност, јазот на пазарот на труд, идентификуван со споредба на понудата и на побарувачката на работници, дава детална дијагностика за состојбата на пазарот на труд. Сепак, јазовите на пазарот на труд имаат локална компонента, која е придвижувана од побарувачката за работници преку условите во регионот (развиеноста на регионот, местоположбата, бизнис-опкружувањето), и од понудата на работници, која, пак, во голема мера е придвижувана од образовната инфраструктура во општината. Графикон 4 ги претставува јазовите во 14 општини. Резултатите упатуваат на тоа дека регионите што имаат полоша состојба на пазарот на труд (повисока стапка на невработеност, помала побарувачка за работници, понеповолно бизнис-опкружување) се соочуваат и со поголеми јазови на пазарот на труд. Па така, кај општините од Полошкиот

регион јазот на пазарот на труд е најголем. Во општина Тетово на секој еден побаран работник од компаниите за Полошкиот регион, општина Тетово има по 47 невработени лица. Потоа се општините од Североисточниот регион и од Скопскиот регион. Од друга страна, во општините од Вардарскиот регион речиси не постојат јазови. Иако, карактеристиките на регионот во голема мера се одразуваат врз јазовите на општинско ниво, сепак, и во рамки на еден регион постојат разлики меѓу општините. На пример, разликата меѓу јазот во Тетово и во Гостивар е трикратна, слично меѓу Охрид и Кичево.

Графикон 4: Јаз на пазарот на труд во селектирани општини, по региони



Извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија, пресметка на авторот

Методологија

Дијагностиката на пазарот на труд е направена на општинско ниво и вклучува 14 општини од осумте региони, и тоа: Свети Николе, Кавадарци, Велес, Штип, Радовиш,Струмица, Гевгелија, Ресен, Битола, Прилеп, Кичево, Струга, Охрид, Куманово, Гостивар, Тетово и Град Скопје. Град Скопје ги опфаќа општините: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар , Чаир и Шуто Оризари.
Методологијата се состои од дескриптивна анализа на:

- Понудата на пазарот на труд, преку анализа на невработените активни баратели на работа во општините

- Побарувачката на пазарот на труд, преку анализа на очекувани вработувања според занимања и степен на потребно знаење

- Потенцијалот за продуцирање кадри, преку анализа на образовните институции во општините и

- Јазот меѓу понудата и побарувачката според занимање и образование

Користени се административни податоци за: невработени лица, според различни карактеристики од Агенцијата за вработување; анкета за очекувани побарувања од Агенцијата за вработување; податоци за образовни насоки и за број на ученици / студенти по години од образовните институции во општините. За шест општини: Ресен, Струмица, Тетово, Кичево, Куманово, Битола и Свети Николе, дијагностиката е со податоци од 2020 година; и за осум општини: Велес, Радовиш, Гевгелија, Гостивар, Кавадарци, Прилеп, Охрид и Град Скопје, дијагностиката е со податоци од 2021 година.
Недостиг на оваа анализа е што е недостапен податок за вработени лица и за работоспособно население на ниво на општина и оттука анализата е направена преку апсолутни бројки, а не преку стапки, во мера во која тоа е возможно. Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија регистрира вработени лица според договорот за вработување, што може да не ја одразува најпрецизната состојба поради потенцијално двојно регистрирање. Прецизна бројка за бројот на вработени може да се добие од Фондот за здравствено осигурување, но дезагрегиран податок се води на ниво на регионални единици (вкупно 30) и не соодветствува со општинско ниво. Државниот завод за статистика не продуцира податок за стапка на вработеност, невработеност и за активност на ниво на општина.

ДИЈАГНОСТИКА НА ОПШТИНСКИТЕ ПАЗАРИ НА ТРУД ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Скопски Регион

Дијагностика на пазарот на труд во општините од Град Скопје

Во Град Скопје има недостиг од работна сила, главно за занимањата со ниски вештини, високи вештини од занимањето стручњаци за информатичка и комуникациска технологија и занимања во услужните дејности со средни вештини. На секој побаран работник со основно образование за Скопскиот регион, Град Скопје располага со 34 невработени лица. Но, овој јаз исчезнува кога ќе се коригира за лицата без занимање. Град Скопје има високо развиена образовна структура, која може да придонесе кон адресирање на дефицитарните јазови. Сепак, моментниот придонес е умерен. Потребно е да се стимулира дејствувањето на образовните институции и програми за верификација што продуцираат профили во дефицитарните занимања и да се дестимулира профилирањето кадри во драстично суфицитарните занимања.

Оваа дијагностика препорачува да се преземат конкретни акции за намалување на јазот меѓу образованието и занимањето на пазарот на труд во општините од Град Скопје преку:

- **Квалификација на невработените лица без занимање во општи работници (во соработка со АВРСМ)**
- **Зацврстување на механизмите што ќе оневозможат манипулација на системот**
- **Засилување на соработката меѓу средните стручни училишта со бизнис-секторот**
- **Реосмислување на програмите / насоките и на вештините што ги нуди здобиената диплома, во согласност со потребните занимања на пазарот на труд на општините од Град Скопје и според потребни вештини (на пример, вештини поврзани со СТЕМ-науките, аналитички вештини, критичко размислување и слично)**
- **Советување за кариера и насочување на младите во изборот на занимање базирано на потребите на пазарот на труд**

ЦЕЛ

Целта на овој бриф е да направи дијагностика на пазарот на труд во Скопје и да понуди конкретни препораки за подобрување на состојбата на пазарот на труд на локалното население и намалување на хоризонталниот и на вертикалниот јаз.

ВОВЕД

Град Скопје, како посебна административна единица, го покрива главниот град и вклучува десет општини: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода , Сарај, Центар , Чаир и Шуто Оризари. Сите се дел од Скопскиот регион, опфаќаат 506.926[1] жители и зафаќа 80 проценти од вкупниот број жители во Скопскиот регион. Во моментот, пазарот на труд во Скопскиот регион е умерено поволен; регионот е четврт според ниска стапка на невработеност[2] и вработеност и трет според ниска стапка на активност[3] во споредба со другите седум региони. Во 2020 година стапката на невработеност на популација од 15 години и повеќе е 14,4 проценти (15 проценти за жени и 14 проценти за мажи), стапката на вработеност е 47,3 проценти и стапката на активност е 55,2 проценти. Иако според стапките на активност на населението, Скопскиот регион не е најдобар, сепак, просечната бруто-плата е највисока и изнесува 45.961 денари (Регионите во Република Северна Македонија, ДЗС, 2021 година). Тоа може да се должи на повисоката конкурентност и продуктивност на работната сила. Исто така, регионот се карактеризира со развиена индустрија и со концентрација на најголемите производствени и услужни капацитети во земјата, со што Скопскиот регион генерира 43,4 проценти од вкупниот БДП на Република Северна Македонија.

[1]Процена на населението на 31.12.2015 год., (НТЕС 3-2007 година), Скопје
[2]По Југоисточен (4,3 проценти), Источен (8,1 проценти) и Вардарски (11,1 процент)
[3]По Полошки регион (47,9 проценти), Североисточен (54,7 проценти) и Југозападен (55,4 проценти)

СТРУКТУРА НА ПАЗАР НА ТРУД

Понуда

Од регистрираните невработени лица што активно бараат работа во Град Скопје во 2021 година, 51 процент се жени и 49 проценти се мажи. Од аспект на образование, доминираат лица со ниско образование. 68 проценти од невработените лица се без основно образование и со основно образование (57 проценти) и со нецелосно средно образование (11 проценти) (графикон 1).

Графикон 1: Невработени лица во Град Скопје според степенот на образование



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Најголем дел од невработените се на возраст од 30 до 50 години (41 процент). Помалку регистрирани невработени лица и со сличен број има кај лицата со 50 години и повеќе и кај младите до 29 години (графикон 2).

Графикон 2: Структура на невработени според возраст



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

31 процент од невработените чекаат вработување до една година, од кои најголем дел од еден до пет месеци (графикон 3). Веројатно индивидуалните карактеристики на оваа група невработени (степен на образование, образовен профил, возраст) се посоодветни до побарувачката на пазарот на труд во споредба со невработените што чекаат за вработување повеќе од една година. За оваа група има изгледи на фрикциска невработеност, која може да се објасни со потребниот период на транзиција од образование кон вработување, приспособување на резервациската плата, времето потребно за аплицирање за работа и процесот на регрутирање до вработување и слично. Сепак, најголем дел од невработените, 42 процента од невработените чекаат за вработување повеќе од две години, што упатува на веројатност за структурна невработеност.

Освен невработените активни баратели на работа, значаен контингент во Град Скопје се и лицата регистрирани како пасивни баратели на работа. Според Агенцијата за вработување, оваа категорија има 16.826 лица, што е 74 проценти од вкупниот број активни баратели. Една половина од нив се со основно образование (38 проценти) и со нецелосно средно образование (17 проценти). Тоа упатува на тоа дека овие лица се, главно, со ниско образование. Истовремено, 13 проценти од оваа група лица се со завршено високо образование.

Причините за пасивно барање работа може да се од различна природа: лицата изгубиле надеж дека АВРСМ ќе им помогне да најдат работа, но притоа останале подготвени да прифатат работа надвор од државниот систем на посредување; имале повремена, привремена или хонорарна работа, неформална работа; како и лица што, евентуално, не биле присутни во државата; поради што ваквите подгрупи ги немало ниту во регистрираната вработеност ниту во активните баратели на работа при АВРСМ.

Побарувачка

Според регионалната анкета за побарувачка за 2021 година, вкупната побарувачка за Скопскиот регион изнесува 2.642 работни места, што претставува 11 проценти од невработената работна сила во Град Скопје и е многу мала. Тоа упатува и на веројатност на потценување на реалната состојба, прво како резултат на песимистички очекувања поради пандемијата на ковид-19, но, исто така, и поради методолошкиот пристап во кој нема пондерирање на резултатите.

Графикон 4 прави преглед на побарувачката за работни места според образование и големина на компанија. Речиси една половина од празните работни места се очекува да бидат генерирани од големи работодавци, дополнителни 30 проценти од средните компании и 26 проценти од малите работодавци. Тоа може да ја објасни и структурата на работодавците во Град Скопје, каде што доминираат малите работодавци. Од аспект на потребата според образование, доминира потребата за работници со средно образование (65 проценти) и со високо образование (20 проценти).

Графикон 3: Невработени за Град Скопје според времето на чекање



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Графикон 4: Побарувачка по образование и големина на компанија



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Доколку ја вкрстиме побарувачката според образование и занимање (НКЗ-ISCO 08) (графикон 5), ќе забележиме дека целата побарувачка за работници со завршено основно образование е од групата елементарни занимања (доминантно за општ работник, потоа земјоделски работник, работник за едноставни работи на производствена линија, помошник во кујна). Побарувачката за работници со средно образование е похетерогена од аспект на занимања. Дури и за елементарните занимања, има побарувачка за работници со средно образование. 37 проценти од вкупната побарувачка за работници и 57 проценти од побарувачката за работници со средно образование е за работници во услужни дејности и продажба: продавач, обезбедување (заштита на лица и на имот), касиер, продавач во контактен центар, хаузмајстор, презентер, готвач, шанкер и слично. Следни се занимања за стручњаци и научници и сите се со високо образование, вклучувајќи: програмер, машински инженер, градежен инженер, информатичар, фармацевт, фармацевтски технолог и други слични занимања со помала побарувачка. Побарувачката за неиндустриски начин на работа во производство и техничари и сродни занимања е 12 проценти од вкупната побарувачка и е, главно, за: градежен работник и сродни занимања од градежништво, заварувач, бравар и слични занимања.

Јаз на пазарот на труд според образование и занимање

Јазот на пазарот на труд во Град Скопје се идентификува со споредба на понудата и на побарувачката на работници земајќи го предвид нивото на образование и занимањето. Графикон 6 го прикажува бројот на понудени работници (што сакаат да работат) на секое побарано работно место, според степенот на образование.

Графикон 6: Јаз во понуда и побарувачка според образование



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија, 2020*

Резултатите покажаа дека на секој еден побаран работник од компаниите за Скопскиот регион, Град Скопје има по 8,6 невработени лица. Јазот е најголем кај основното образование и тоа дури 34 невработени лица за еден побаран работник со основно образование. Кај лицата со средно образование, овој коефициент е 4,4 и 3,9 кај лицата со високо образование. Сепак, доколку

Графикон 5: Побарувачка по занимање и образование за Град Скопје



Извор: *АВРСМ, регионална анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот во РСМ за 2021 година*

направиме корекција за лицата без занимање, резултатите значајно се коригираат, главно кај лицата со основно образование, па така јазот кај лицата со основно образование исчезнува.

Подетална слика за јазот на пазарот на труд се добива со вкрстување на бараните занимања на пазарот на труд со понудениот профил на невработени активни баратели на работа. Табела 1 прави дијагностика на јазот на пазарот на труд според бараните занимања и профилот на невработени активни баратели на работа за Град Скопје. Јазот може да се анализира според степенот на образование во рамки на едно занимање (хоризонтално) и вертикално, за различни занимања. Јазот каде што понудата е поголема од побарувачка е означен со црвени нијанси (интензивноцрвена – драстичен јаз, бледа црвена – умерен јаз). Бледожолта боја означува дека вкрстувањето на понудата и на побарувачката е речиси целосно и нема јаз. Зелените нијанси означуваат дефицитарен јаз, каде што побарувачката за работни места е поголема од понудата (интензивна зелена – драстичен јаз, бледозелена – умерен јаз). Земајќи предвид дека постои потенцијална потценетост на побарувачката, занимањата со умерени јазови треба да се следат, но не треба да се преземаат нагли мерки.

Резултатите се хетерогени. Покажуваат дека кај високите вештини јазот постои кај осум од единаесет занимања. Кај пет занимања јазот е драстично позитивен и кај три занимања постои дефицитарен јаз, од кои кај едно занимање постои драстичен дефицитарен јаз. Кај занимањата со високо образование драстичен суфицитарен јаз се појавува кај занимањата: стручњаци во образование, правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата и помошни стручњаци за наука и инженеринг.

За овие занимања поголемата понуда од побарувачка се појавува и за лицата со понизок степен на образование. Кај занимањата со високи вештини и со средно образование, позитивниот јаз е поради помала побарувачка. За занимањето стручњаци за информатика и комуникациска технологија со високо образование има драстичен дефицитарен јаз. Умерен дефицитарен јаз се појавува кај техничари и асистенти во здравство и техничари за информатичка и за комуникациска технологија.

Кај занимањата со средни вештини постои најголема хетерогеност и од аспект на занимање и од аспект на образование. Па така, драстичен суфицитарен јаз на поголема понуда од побарувачка на работна сила има кај пет од 15 занимања (работници во персонални служби; занимања за лична нега и сродни занимања; обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања; работници со електротехнологија; и ракувачи на машини и постројки). Сепак, кај занимањето работници во персонални служби, јазот исчезнува кога се зголемува нивото на образование од основно во средно. Обратно, јазот се продлабочува или појавува за занимањата: обработување метали, машински монтери и сродни занимања; работници со електротехнологија; и ракувачи на машини и постројки. Дефицитарен јаз има кај четири занимања, од кои кај три (продавачи; занимања за заштита на лица и на имот; и возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж) јазот е драстичен и умерен за службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и транспортот; и градежници и сродни градежни работници. За занимањата градежници и возачи, дефицитарните јазови се појавуваат кога се зголемува нивото на образование од основно на средно.

Кај занимањата со ниски вештини, освен за занимањето ракувачи на машини и постројки, кај сите други занимања има драстичен дефицитарен јаз, главно општи работници и помошници во различни дејности, но истовремено постои драстичен суфицит на невработена работна сила кај лицата без занимање и кај лицата со гимназиско средно образование. Оттука, јазот во занимањата со ниски вештини би можел да се намали доколку лицата без занимање се квалификуваат до ниво на општ работник и соодветно да се вкрстат со потребите за тоа занимање. Кај лицата со гимназиско образование, неопходно е да се преземат акции за доквалификација и / или преквалификација.

Генералниот заклучок е дека во Град Скопје пазарот на труд има недостиг од работна сила, главно за занимањата со ниски вештини, високи вештини од занимањето стручњаци за информатичка и комуникациска технологија и занимања во услужните дејности со средни вештини. Истовремено, Град Скопје има огромен контингент лица без занимање со основно образование, кои ја искривуваат сликата. Суфицитарен јаз (кога понудата е поголема од побарувачката) со високи вештини постои кај општествените и образовни занимања, што е резултат на општата образовна стратегија во изминатата деценија на национално ниво. Освен јазот од аспект на формално образование, квалитетот на образование и здобиените вештини се, исто така, значајни. Истражувањето на Светска банка (2020) идентификува дека обуките понудени од образовниот систем не се соодветни со потребите на компаниите. Во истата студија, идентификувано е дека учениците немаат и соодветни практични вештини на здобиената диплома[4].

[4]Светска банка (2020 година) Наоѓање решенија за невработеноста на младите во Северна Македонија.

Табела 1: Јаз на пазарот на труд според занимање – образовен профил

Вештина	Шифра	Занимање / профил	Основно	Средно	Вишо	Високо
Висока вештина	21	Стручњаци за наука и инженеринг				
	22	Стручњаци од областа на здравството				
	23	Стручњаци за образование				
	24	Стручњаци за бизнис и администрација				
	25	Стручњаци за информатичка и комуникациска технологија				
	26	Правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата				
	31	Помошни стручњаци за наука и инженеринг				
	32	Техничари и асистенти во здравството				
	34	Правни, општествени и културни стручни соработници				
	35	Техничари за информатичка и комуникациска технологија				
	33	Бизнис и административни стручни соработници				
Средна вештина	41	Службеници за општи канцелариски работи и секретари				
	43	Службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и транспортот				
	44	Други канцелариски службеници				
	51	Работници во персонални служби				
	53	Занимања за лична нега и сродни занимања				
	52	Продавачи				
	54	Занимања за заштита на лица и на имот				
	71	Градежници и сродни градежни работници				
	72	Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања				
	73	Прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари				
	74	Работници со електротехнологија				
	75	Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања				
Ниска вештина	81	Ракувачи на машини и постројки				
	82	Составувачи на машини и опрема				
	83	Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж				
	91	Чистачи и помошници				
	92	Општи работници во земјоделството, шумарството и во рибарството				
	93	Општи работници во рударството, градежништвото, производството и транспортот				
	94	Помошници за подготовка на храна				
	96	Општи работници, собирачи на смет и сродни занимања				
	99					
		Без занимање				
		Гимназија				

Извор: *Агенција за Вработување на Република Северна Македонија, пресметка на авторот*

Легенда:

Значително суфицитарно | Суфицитарно | Соодветно вкрстување | Дефицитарно | Значително дефицитарно

Образовното профилирање како фактор за надминување или засилување на јазовите

Во Град Скопје има 23 средни училишта и 80 факултети. Се очекува образовните институции од средно и од високо образование во следните четири години да продуцираат 49.575 профилирани кадри на пазарот на труд. Сепак, земајќи предвид дека Град Скопје е образовен центар што генерира кадри за цела земја, дел од овие продуцирани кадри ќе придонесат и кон пазарите на труд и во други општини и региони. 51 процент од вкупната понуда на образовни профили е во три занимања: стручњаци за наука и инженеринг, помошни стручњаци за наука и инженеринг и правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата. Од кои една половина се од занимањето правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата или 23 проценти од вкупната понуда на кадри. И дополнителни 10 проценти се лица со средно образование гимназија, кое се класифицира како без занимање. Дополнително на ова, постојат 95 верифицирани програми за квалификација, кои ќе дадат придонес кон процесите на квалификација и преквалификација.

Овие резултати упатуваат на тоа дека Град Скопје има развиена и воспоставена образовна инфраструктура за продуцирање профилирана работна сила. Со цел да идентификуваме колку овие кадри се соодветни на пазарот на труд, во табела 2 го вкрстуваме идентификуваниот јаз со очекуваните образовни профили за следните четири години. Резултатите покажуваат дека образовните институции и програмите за верификација може да бидат клучни активни фактори во надминувањето на дел од дефицитарниот јаз во Град Скопје, иако во моментот придонесот е умерен. Загрижува состојбата што дел од образовните институции, вклучително и некои програми за верификација, имаат масовно продуцирање кадар во занимања со драстични суфицитарни јазови. Оттука, потребни се драстични промени и контрола на продуцираните кадри во занимања кај кои веќе постои драстично поголема понуда од побарувачка.

Па така, кај занимањата со високи вештини, придонес кон намалување на дефицитарниот јаз имаат високообразовните институции што нудат профили во занимањето стручњаци за информатичка и комуникациска технологија. Кадар со ова занимање продуцираат 11 факултети за информатички науки / технологија / инженерство во рамки на повеќе универзитети. Тие треба да се стимулираат за продуцирање повеќе кадар од овие занимања. Спротивно, треба да се дестимулираат високообразовните институции што продуцираат кадар од занимањата стручњаци за образование; и правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата. Кадар во овие занимања продуцираат 40 факултети во Град Скопје. Кај занимањата со средни вештини, средните училишта имаат умерен придонес кон надминување на јазовите. Па така, за занимањето техничари и асистенти во здравство, вклучително и ветеринарни техничари, има пет средни стручни училишта во Град Скопје, кои нудат насоки за профилирање квалификуван кадар за ова

Графикон 7: Понуда на профилирана работна сила од образовните институции во следните четири години

Извор: *Образовни институции на територија на Град Скопје, Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија*

занимање и имаат потенцијал да придонесат кон намалување на дефицитарниот јаз. За занимањето градежници и градежни сродни занимања има две средни стручни училишта, кои нудат насоки и профилираат квалификуван кадар со средно образование. Во овие две занимања постојат и верификувани програми, кои дополнително може да придонесат кон намалување на дефицитарниот јаз. За драстично дефицитарното занимање продавачи постојат насоки дефинирани како економско-правна и трговска економски техничар, економско-правна и трговска деловен секретар и слично, во рамки на шест средни стручни училишта. Во рамки на тие насоки постои простор за пилот-програми и за поспецифична специјализација во занимањето продавачи. За ублажување на дефицитарниот јаз за заштита на лица и на имот, може да се стимулираат програми за преквалификација и за доквалификација преку програмите за верификација на програми (создавање нова програма за ова занимање). Истовремено, средните стручни училишта и особено програмите за верификација треба да внимаваат со продуцирањето профили што се од занимањата каде што моментната понуда е драстично поголема од побарувачката. Во однос на профилирање со општо гимназиско образование, можностите на пазарот на труд ќе зависат само од тоа дали овие лица ќе се допрофилираат во дефицитарни или во суфицитарни занимања, но останувањето само со општо гимназиско образование ги затвора перспективите на овие лица. На крај, карактеристично е што за занимањата со ниски вештини и со основно образование има драстични дефицитарни јазови, а истовремено нема понуда на програми за квалификација на кадри во овие занимања.

Оттука, потребно е да се стимулираат програмите за верификација што ќе квалификуваат лица со основно образование и без занимање во некои од занимањата со драстични дефицитарни јазови, како што се: општи работници во земјоделството, шумарството и рибарството; општи работници во рударството, градежништвото, производството и транспортот; помошници за подготовка на храна и општи работници, собирачи на смет и сродни занимања.

Табела 2: Вкрстување на јазот и на понудата на профилирани кадри од образовните институции во следните две години

Вештина	Шифра	Занимање / профил	Основно	Средно	Вишо	Високо	средно	високо	доквалификација и преквалификација
Висока вештина	01							131	
	21	Стручњаци за наука и инженеринг						5.072	
	22	Стручњаци од областа на здравството						4.431	
	23	Стручњаци за образование						2.973	
	24	Стручњаци за бизнис и администрација						53	
	25	Стручњаци за информатичка и комуникациска технологија						4.510	
	26	Правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата						11.541	
	31	Помошни стручњаци за наука и инженеринг					6.505	2.252	
	32	Техничари и асистенти во здравството					2.408		
	34	Правни, општествени и културни стручни соработници							
	35	Техничари за информатичка и комуникациска технологија							
	33	Бизнис и административни стручни соработници					3.782	154	
Средна вештина	41	Службеници за општи канцелариски работи и секретари							
	43	Службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и транспортот							
	44	Други канцелариски службеници							
	51	Работници во персонални служби					585	11	
	53	Занимања за лична нега и сродни занимања							
	52	Продавачи							
	54	Занимања за заштита на лица и на имот							
	71	Градежници и сродни градежни работници					104		
	72	Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања					142		
	73	Прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари							
	74	Работници со електротехнологија					48		
	75	Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања					75		
Ниска вештина	81	Ракувачи на машини и постројки							
	82	Составувачи на машини и опрема							
	83	Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж							
	91	Чистачи и помошници							
	92	Општи работници во земјоделството, шумарството и во рибарството							
	93	Општи работници во рударството, градежништвото, производството и транспортот							
	94	Помошници за подготовка на храна							
	96	Општи работници, собирачи на смет и сродни занимања							
	99								
		Без занимање							
		Гимназија					4.798		

Легенда:

Значително суфицитарно | Суфицитарно | Соодветно вкрстување | Дефицитарно | Значително дефицитарно

Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија, пресметка на авторот*

ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Дијагностиката на пазарот на труд на Град Скопје покажа дека најголем јаз образование – занимање постои кај лицата со основно образование, главно генериран од лицата без занимање. На секој побаран работник со основно образование за Скопскиот регион, Град Скопје располага со 34 невработени лица. Но, овој јаз исчезнува кога ќе се коригира за лицата без занимање. Исто така, пазарот на труд има недостиг од работна сила, главно за занимањата со ниски вештини, високи вештини од занимањето стручњаци за информатичка и комуникациска технологија и занимања во услужните дејности со средни вештини. Град Скопје има високо развиена образовна структура, која може да придонесе кон адресирање на дефицитарните јазови. Сепак, моментниот придонес е умерен. Потребно е да се стимулира дејствувањето на образовните институции и програми за верификација, кои продуцираат профили во дефицитарните занимања и дестимулира профилирање кадри во драстично суфицитарните занимања.

ПРЕПОРАКИ

Препораки за надминување на проблемот со недостиг од квалификувана работна сила за центрите за вработување и за АВРСМ

Да се дизајнираат активни мерки за вработување за невработените активни баратели на работа во Град Скопје и тоа:

• Квалификација на лицата без занимање и со основно образование во општи работници. Компаниите што нудат верификација на програми и потенцијалните центри за доквалификација, во соработка со АВРСМ, да дизајнираат и испорачаат курсеви / модули и верификувани програми за лицата без занимање да добијат квалификација соодветна за занимања со вештини од ниво 1

• Ублажување на дефицитарниот јаз за занимањето возачи преку субвенционирање лиценци за возачка дозвола

• Продолжување на програмите за верификација со доквалификација и со преквалификација на кадри за профилите од занимањата техничари за информатичка и комуникациска технологија (техничари-оператори и систем-оператори) и градежници (градежен работник, ѕидар, градежни работници со традиционални материјали и армирач). Истовремено, треба да внимаваат со продуцирање профили што припаѓаат на занимања со суфицитарен јаз

• До/преквалификација на лицата со завршено општо гимназиско образование во некои од дефицитарните занимања со средно образование (на пример, продавачи, занимања за заштита на лица и на имот и техничари за информатичка и комуникациска технологија)

• Активација на работоспособните пасивни баратели на работа. Центарот за вработување да спроведе кампања за активирање на пасивните баратели за работа и за идентификување на причините за пасивизацијата. Да се зацврстат механизмите што ќе оневозможат манипулација на системот и доследна примена на законот за

прекинување на минималната гарантирана помош во случај на одбивање понудена работа.

За образовните институции и МОН

• На краток рок да се надмине јазот со дефицитарни занимања преку:

о Образовните институции што имаат воспоставени програми во дефицитарни занимања да ги зголемат атрактивноста и квотите за продуцирање повеќе кадар. На пример, дефицитарниот јаз кај продавачи може да се ублажи со продуцирање кадар од шесте средни стручни училишта со насоки дефинирани како економско-правна и трговска економски техничар, економско-правна и трговска деловен секретар и слично. Во рамки на тие насоки постои простор за пилот-проекти и за поспецифична специјализација во занимањето продавачи.

о Центрите за квалификација и за преквалификација и програмите за верификација, во соработка со АВРСМ и со центрите за вработување, да се стимулираат да го интензивираат своето дејствување

о Стручните средни училишта да ја подобрат соработката со приватниот сектор.

Соработката може да се поттикне преку:

- Редовна практика за учениците од средните стручни училишта во соодветни компании

- Пилот-проекти за дефицитарни занимања

• На среден рок, неопходно е да се направи реосмислување на програмите / насоките и на вештините што ги создава здобиената диплома:

о Програмите и насоките на образовните институции да се дизајнираат во согласност со потребните занимања на пазарот на труд во Град Скопје

о Курикулумите да ги одразуваат бараните вештини на 21 век (на пр., вештини поврзани со СТЕМ-науките, аналитички вештини, критичко размислување и сл.)

о Советување за кариера и насочување на младите во изборот на занимањето базирано на потребите на пазарот на труд.

За бизнис секторот

• Да се интензивира соработката со средните стручни училишта

• При барање општи работници да се прошират огласите со можност да аплицираат и лица без занимање

• Да се подобрат квалитетот на работното место и квалитетот на практичната настава за учениците и за студентите во рамки на компаниите

• Во соработка со АВРСМ, да се овозможи обука на работно место за општите работници што се без занимање, до нивна минимална квалификација

За Град Скопје, регионалните комори, средните училишта

• Да се засили свеста кај младите за тоа кои образовни профили недостигаат, а кои образовни профили се вишок, со цел при изборот на поле на образование, младите лица да донесуваат одлуки според информациите.

За Државниот завод за статистика и Агенција за вработување на Република Северна Македонија

• Да собираат и објавуваат статистика на пазарот на труд на ниво на општина (стапка на вработеност, невработеност и на активност)

• Анкетата за побарувачка на работни места да биде пондерирана и на случајно избран примерок по големина на компанија и сектор

Вардарски Регион

Дијагностика на пазарот на труд во општина Свети Николе

Во општина Свети Николе се присутни недостиг од квалификувана работна сила и дефицитарен јаз за занимањата со средни и со ниски вештини. На секој побаран работник со основно образование за Вардарскиот регион, општина Свети Николе располага со 0,38 невработени лица. Во одредена мера ова се должи и на тоа што учеството на општината во вкупниот регион, според број на жители, е релативно мало, само 12 проценти. Во општина Свети Николе доминира дефицитарен јаз, што укажува на недостиг од квалификувана работна сила, особено изразен за занимањата со ниски и со средни вештини. Кај лицата со високи вештини, суфицитарен јаз со драстично поголема понуда од побарувачка постои кај занимањето правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата. Образовните институции во општина Свети Николе имаат умерен потенцијал да го адресираат јазот кај дефицитарните занимања. Истовремено, потребна е внимателност во натамошното продуцирање кадри што го продлабочуваат суфицитарниот јаз. Потребен е поголем напор за надминување на проблемот со недостиг од работна сила.

Оваа дијагностика препорачува да се преземат конкретни акции за намалување на јазовите меѓу образованието и занимањето на пазарот на труд во општина Свети Николе преку:

- **Квалификација на невработените лица без занимање во општи работници (во соработка со АВРСМ)**
- **Активација на работоспособните пасивни баратели на работа преку кампања за активирање на пасивните баратели за работа**
- **Продуцирање профили од центрите за доквалификација и за преквалификација од Вардарскиот регион за занимањето за кое постои најголема побарувачка: шивач, продавач, бравар, заварувач**
- **Засилување на соработката меѓу средното стручно училиште „Кочо Рацин“ и соодветните компании во општината**
- **Реосмислување за програмите / насоките и за вештините што ги нуди здобиената диплома, во согласност со потребните занимања на пазарот на труд на општина Свети Николе и според потребните вештини (на пример, вештини поврзани со СТЕМ-науките, аналитички вештини, критичко размислување и слично)**
- **Советување за кариера и насочување на младите во изборот на занимањето, базирано на потребите на пазарот на труд**

ЦЕЛ

Целта на овој бриф е да направи дијагностика на пазарот на труд во општина Свети Николе и да понуди конкретни препораки за подобрување на состојбата на пазарот на труд на локалното население и за намалување на хоризонталните и вертикалните јазови.

ВОВЕД

Општина Свети Николе е четврта општина по големина во Вардарскиот регион, со 17.853[1] жители, и зафаќа 12 проценти од вкупниот број жители во Вардарскиот регион. Во моментот, пазарот на труд во Вардарскиот регион е поволен; регионот има трета по ред[2] стапка на невработеност, стапка на вработеност и на активност во споредба со другите седум региони.

Во 2019 година стапката на невработеност на популацијата од 15 години и повеќе е 10,8 проценти (12 проценти за жени и 9,9 проценти за мажи), стапката на вработеност е 55,2 проценти, и стапката на активност 61,8 проценти. Сепак, поволниот тренд не се одразува врз просечната бруто-плата, која е умерена и изнесува 31.078 денари. Со тоа, Вардарскиот регион е четврт (во средина) по ред според просечна плата (Регионите во Република Северна Македонија, ДЗС, 2020 година). Регионот се карактеризира со поволни климатски услови, особено карактеристични за производство на винова лоза, па оттука овој регион е препознатлив по концентрацијата на винарски визби. Во овој регион има и значајни наоѓалишта на фероникел, кој се експлоатира и се преработува.

[1]Процени на населението на 31. 12. 2015 год., (НТЕС 3-2007 година), Скопје.
[2]По Југоисточниот регион (невработенсот 6,3 проценти) и Источниот регион (невработеност 7,8 проценти)

СТРУКТУРА НА ПАЗАР НА ТРУД

Понуда

Од регистрираните невработени лица што активно барале работа во општина Свети Николе во 2020 година, 44 проценти се жени и 55 проценти се мажи. Од аспект на образование, речиси еднаква застапеност има на лицата без основно и со основно образование (37 проценти) и со завршено средно образование (42 процента). Лицата со најмалку високо образование се застапени со 12 проценти (графикон 1).

Графикон 1: Невработени лица во општина Свети Николе според степенот





Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Најголем дел од невработените се на возраст од 50 години и повеќе (48 проценти). Потоа се невработени од 30 до 50 години (30 проценти) и најмалку се кај младите до 29 години (22 проценти) (графикон 2).

Графикон 2: Структура на невработени според возраст



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

53 проценти од невработените чекаат вработување до една година, од кои најголем дел од еден до пет месеци (графикон 3). Веројатно индивидуалните карактеристики на оваа група невработени (степен на образование, образовен профил, возраст) се посоодветни до побарувачката на пазарот на труд, во споредба со невработените што чекаат за вработување повеќе од една година. За оваа група има изгледи на фрикциска невработеност, која може да се објасни со потребниот период на транзиција од образование кон вработување, приспособување на резервациската плата, времето потребно за аплицирање за работа и процесот на регрутирање до вработување и слично. Иако ваквата структура изгледа охрабрувачка, 29 проценти од невработените чекаат за вработување повеќе од две години, што упатува на веројатност за структурна невработеност.

Освен невработените активни баратели на работа, значаен контингент во општина Свети Николе се и лицата регистрирани како пасивни баратели на работа. Според Агенцијата за вработување, оваа категорија има 1.052 лица, што е 80 проценти од вкупниот број активни баратели. Една половина (51 процент) се со завршено средно образование, 41 процент се со основно образование (32 проценти), и со нецелосно средно образование (девет проценти). Истовремено, само седум проценти од оваа група лица се со завршено високо образование. Причините за пасивно барање работа може да се од различна природа: лицата изгубиле надеж дека АВРСМ ќе им помогне да најдат работа, но притоа останале подготвени да прифатат работа надвор од државниот систем на посредување; имале повремена, привремена или хонорарна работа, неформална работа; како и лица што, евентуално, не биле присутни во државата; поради што ваквите подгрупи ги немало ниту во регистрираната вработеност ниту во активните баратели на работа при АВРСМ.

Побарувачка

Според регионалната анкета за побарувачка за 2020 година, вкупната побарувачка за Вардарскиот регион изнесува 3.447 работно место, што претставува 160 проценти повеќе од невработената работна сила во општина Свети Николе. Тоа упатува на тоа дека има недостиг од работници, но, исто така, ова може да е резултат на релативно малото учество на општината во вкупниот регион.

Графикон 4 прави преглед на побарувачката за работни места според образование и според големина на компанија. Се очекува 74 проценти од празните работни места да бидат генерирани од големи работодавци, дополнителни 18 проценти од средните компании и само осум проценти од малите работодавци. Тоа може да ја објасни и структурата на работодавците во Вардарскиот регион, каде што најголеми работодавци се големите компании, а локациски регионот е атрактивен и за странските инвеститори. Од аспект на потребата според образование, доминира потребата за работници со основно образование (73 проценти) и со средно образование (24 проценти).

Графикон 3: Невработени за општина Свети Николе според времето на чекање



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Доколку ја вкрстиме побарувачката според образование и занимање (НКЗ-ISCO 08) (графикон 5), ќе забележиме дека целата побарувачка за работници со завршено основно образование е од групата елементарни занимања (доминантно за општ работник, потоа работник за едноставни работи, нераспределен на друго место; полјоделски работник; работник за едноставни работи на производствена линија). Побарувачката за работници со средно образование е похетерогена од аспект на занимања. 11 проценти од вкупната побарувачката за работници и 64 проценти од побарувачката за работници со средно образование е за неиндустриски начин на работа во производство и вклучуваат: шивач, бравар, заварувач, други работници за неиндустриски начин на работа во производството, електричар за одржување, месар, автомеханичар и слично. Следни се занимања за работници во услужни занимања и вклучуваат: келнер, продавач, готвач и слични занимања. Сите барани работници со високо образование се во занимањето стручњаци и научници. Од нив, 20 проценти се однесува на машински инженер и 18 проценти за инженер за индустриска логистика.

Јаз на пазарот на труд според образование и занимање

Јазот на пазарот на труд во општина Свети Николе се идентификува со соодносот на понудата и на побарувачката на работници земајќи го предвид нивото на образование и занимањето. Графикон 6 го прикажува бројот на понудени работници (што сакаат да работат) на секое побарано работно место, според степенот на образование. Резултатите покажаа дека општина Свети Николе може да пополни 38 проценти од вкупната побарувачка на работници за Вардарскиот регион. За разлика од другите општини каде што, вообичаено, за едно барано работно место има повеќе од едно невработено лице, во општина Свети Николе ситуацијата е обратна и понудата е помала од побарувачката. Тоа во одредена мера се должи и на тоа што учеството на општината во вкупниот регион според број на жители е релативно мало, само 12 проценти. Оттука, на секој побаран работник со основно образование од компаниите за Вардарскиот регион, општина Свети Николе има 0,2 невработени лица, за средно и за вишо образование постои посоодветна споредба и соодносот е 0,83, а за високо соодносот е 1,3.

Графикон 6: Јаз во понуда и побарувачка според образование



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија, 2020*

Подетална слика за јазот на пазарот на труд се добива со вкрстување на бараните занимања на пазарот на труд со понудените профили на невработени активни баратели на работа.

Графикон 4: Побарувачка по образование и големина на компанија



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Графикон 5: Побарувачка по занимање и образование образование за Вардарскиот регион



Извор: *АВРСМ, регионална анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот во РСМ за 2020 година* [3]

Табела 1 прави дијагностика на јазот на пазарот на труд според бараните занимања и профилот на невработени активни баратели на работа за општина Свети Николе. Јазот може да се анализира според степенот на образование во рамки на едно занимање (хоризонтално), и вертикално, за различни занимања. Јазот каде што понудата е поголема од побарувачка е означен со црвени нијанси (интензивно црвена – драстичен јаз, бледа црвена - умерен јаз). Бледожолта боја означува дека вкрстувањето на понудата и на побарувачката е речиси целосно и нема јаз. Зелените нијанси означуваат дефицитарен јаз, каде што побарувачката за работни места е поголема од понудата (интензивна зелена – драстичен јаз, бледозелена - умерен јаз).

Резултатите покажуваат дека кај високите вештини, драстичен јаз постои кај пет од девет занимања. Кај четири занимања јазот е позитивен и само кај едно занимање постои дефицитарен јаз. Кај занимањата со високо образование има потенцијална повисока квалификуваност за занимањето правни и општествени стручњаци од областа на културата и постои поголема понуда и недостиг од побарувачка за стручњаци за образование. Кај занимањата со високи вештини и со средно образование, позитивниот јаз е поради помала побарувачка. Кај три занимања, помошни стручњаци за наука и за инженеринг, техничари и асистенти во здравството и бизнис и административни стручни соработници, драстичниот позитивен јаз го снемува и преминува во дефицитарни професии со зголемување на нивото на образование од средно во вишо. Што упатува на потенцијална пониска квалификација.

Кај занимањата со средни вештини, драстичен суфицитарен јаз на поголема понуда од побарувачка на работна сила има само кај едно од 11 занимања, пазарноориентирани стручни земјоделски работници. Веројатно, се работи за релативно ново занимање, за кое пазарот треба да генерира соодветна побарувачка. Со оглед на тоа дека земјоделскиот сектор во општина Свети Николе е високо развиен, овој јаз има привремен карактер. Кај седум занимања со средно образование има драстичен дефицитарен јаз, главно во: услужните занимања; градежници и сродни градежни работници; ракувачи на машини и на постројки; и возачи на моторни возила, подвижни постројки. Ова упатува на недостиг од работна сила за овие занимања. Додека, кај занимањата преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања и прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари позитивниот јаз исчезнува кога се зголемува нивото на образование од основно на средно. Тоа упатува на пониска квалификација и дека е потребна доквалификација на лицата со основно образование.

Кај занимањата со ниски вештини карактеристично е што постои драстичен дефицитарен јаз за сите занимања со основно образование, главно општи работници и помошници во различни дејности, но истовремено постои драстичен суфицит на невработена работна сила кај лицата без занимање и кај лицата со гимназиско средно образование. Оттука, јазот во занимањата со ниски вештини би можел да се намали доколку лицата без занимање се квалификуваат до ниво на општ работник и соодветно да се вкрстат со потребите за тоа занимање.

Кај лицата со гимназиско образование, неопходно е да се преземат акции за доквалификација и / или преквалификација.

Генералниот заклучок е дека во општина Свети Николе пазарот на труд има недостиг од работна сила, главно за занимањата со средни вештини, недостиг од општи работници и пониска квалификуваност кај лицата со основно образование и без занимање. Ова во одредена мера може да се должи и на трендот на емиграција во земјата. Суфицитарен јаз (кога понудата е поголема од побарувачката) со високи вештини постои кај општествените и образовни занимања, што е резултат на општата образовна стратегија во изминатата деценија на национално ниво.

[3] Анкетата е на примерок од 3.295 работодавци во приватниот сектор со седум и повеќе вработени, стратификувана по регион и по сектор на работодавец. Примерокот ги вклучува сите средни и големи работодавци, а другиот дел се избрани по случаен избор до постигнување на целта.

Освен јазот од аспект на формално образование, квалитетот на образование и здобиените вештини се, исто така, значајни.

Истражувањето на Светска банка (2020 година) идентификува дека обуките понудени од образовниот систем не соодветствуваат со потребите на компаниите.

Во истата студија, идентификувано е дека учениците немаат и соодветни практични вештини на здобиената диплома[4].

Табела 1: Јазови на пазарот на труд според занимање – образовен профил

Вештина	Шифра	Занимање/профил	Основно	Средно	Вишо	Високо
Висока вештина	21	Стручњаци за наука и за инженеринг				
	22	Стручњаци од областа на здравството				
	23	Стручњаци за образование				
	24	Стручњаци за бизнис и за администрација				
	25	Стручњаци за информатичка и за комуникациска технологија				
	26	Правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата				
	31	Помошни стручњаци за наука и за инженеринг				
	32	Техничари и асистенти во здравството				
	33	Бизнис и административни стручни соработници				
Средна вештина	43	Службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и во транспортот				
	51	Работници во персонални служби				
	52	Продавачи				
	54	Занимања за заштита на лица и на имот				
	61	Пазарноориентирани стручни земјоделски работници				
	71	Градежници и сродни градежни работници				
	72	Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања				
	73	Прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари				
	74	Работници со електротехнологија				
	75	Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања				
	83	Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж				
Ниска вештина	92	Општи работници во земјоделството, шумарството и во рибарството				
	93	Општи работници во рударството, градежништвото, производството и во транспортот				
	96	Општи работници, собирачи на смет и сродни занимања				
		Без занимање				
		Гимназија				

Извор: *Агенција за Вработување на Република Северна Македонија, пресметка на авторот*

Легенда:

- Значително суфицитарно
- Суфицитарно
- Соодветно вкрстување
- Дефицитарно
- Значително дефицитарно

[4]Светска банка (2020 година) Наоѓање решенија за невработеноста на младите во Северна Македонија.

Образовното профилирање како фактор за надминување или засилување на јазот

Во општина Свети Николе има едно средно училиште и една високообразовна институција. Се очекува овие институции во следните две години да продуцираат 686 профилирани кадри на пазарот на труд. 75 проценти од вкупната понуда на образовни профили е во три занимања: правни и општествени науки; техничари и асистенти во здравство; и лица со завршено гимназиско образование, кои се класификувани како без занимање.

Овие резултати упатуваат на тоа дека општина Свети Николе има умерено воспоставена образовна инфраструктура за продуцирање профилирана работна сила. Со цел да идентификуваме колку овие кадри се соодветни на пазарот на труд, во табела 2 го вкрстуваме идентификуваниот јаз со очекуваните образовни профили за следните две години.

Резултатите покажуваат дека занимањата и профилите што ги нудат образовните институции во голема мера не го надминуваат јазот што постои на пазарот на труд. Дополнително, дел од продуцираните профили го продлабочуваат суфицитарниот јаз. Па така, кај продуцираните кадри со високи вештини од Меѓународен славјански универзитет „Гаврило Романович Державин“ - Свети Николе, се во занимања кај кои веќе има драстичен суфицитарен јаз. Кај занимањата со средни вештини и со средно образование, продуцираните кадри се посоодветни. Продуцираните кадри за: техничар за моторни возила и автотехничар-мехатроничар во целост одговараат на потребите на пазарот на труд и ќе придонесат кон намалување на дефицитарниот јаз. Од друга страна, продуцираните занимања од земјоделско-ветеринарните насоки може дополнително да го продлабочат суфицитарниот јаз затоа што за тие занимања веќе има значајна понуда на невработени лица.

Со цел да се ублажи дефицитарниот јаз, СОУ „Кочо Рацин“ - Св. Николе да размисли за воведување нови насоки во дефицитарното занимање: преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања, и тоа во соработка со Акционерско друштво за производство на конфекциски производи „Мода“ од Свети Николе, кое веќе е вклучено во верификација на возрасни во занимањето шивач на лесна конфекција. Кај другите занимања со дефицитарен јаз да се ублажи јазот со преквалификација на лицата со завршено средно гимназиско образование, а во соработка со центрите за доквалификација и за преквалификација во соседните општини.

Во однос на профилирање со општо гимназиско образование, можностите на пазарот на труд ќе зависат само од тоа дали овие лица ќе се допрофилираат во дефицитарни или суфицитарни занимања, но останувањето само со општо гимназиско образование ги затвора перспективите на овие лица. На крај, центрите за доквалификација и за преквалификација од соседните општини во Вардарскиот регион може да ја засилат својата улога и активно да се вклучат во ублажување на јазот во дефицитарните занимања за општи работници со основно образование преку доквалификација и преквалификација на невработените лица без занимање.

Графикон 7: Понуда на профилирана работна сила од образовните инситуции во следните четири години



Извор: *Образовни институции на територија на општина Ресен, прибрани од Општина Ресен и Министерство за Образование и Наука на Република Северна Македонија*

Табела 2: Вкрстување на јазот и на понудата на профилирани кадри од образовните институции во следните две години

			Јаз на пазарот на труд				Кадар продуциран од образовните институции	
Вештина	Шифра	Занимање/образовен профил	Основно	Средно	Вишо	Високо	Средно	Високо
Висока вештина	21	Стручњаци за наука и за инженеринг						
	22	Стручњаци од областа на здравството						
	23	Стручњаци за образование						
	24	Стручњаци за бизнис и за администрација						
	25	Стручњаци за информатичка и за комуникациска технологија						45
	26	Правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата						199
	31	Помошни стручњаци за наука и за инженеринг					67	
	32	324 -Ветеринарни техничари и асистенти 325 - Инженери за безбедност и за здравје при работа						
	33	Бизнис и административни стручни соработници - Полициски инспектори и детективи					43	56
	35	Техничари за информатичка и за комуникациска технологија - Автомеханичари, мехатроничари						
Средна вештина	43	Службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и во транспортот						
	51	Работници во персонални служби						
	52	Продавачи						
	54	Занимања за заштита на лица и на имот						
	61	Пазарноориентирани стручни земјоделски работници						
	71	Градежници и сродни градежни работници						
	72	Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања - Автомеханичари, мехатроничари				57		
	73	Прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари						
	74	Работници со електротехнологија						
	75	Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања						
	83	Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж						
Ниска вештина	92	Општи работници во земјоделството, шумарството и во рибарството						
	93	Општи работници во рударството, градежништвото, производството и во транспортот						
	96	Општи работници, собирачи на смет и сродни занимања						
		Без занимање						
		Гимназија				219		

Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија, Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија, податоци доставени од Општина Свети Николе, пресметка на авторот*

Легенда:

- Значително суфицитарно
- Суфицитарно
- Соодветно вкрстување
- Дефицитарно
- Значително дефицитарно

ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Дијагностиката на пазарот на труд на општина Свети Николе покажа дека најголем јаз образование – занимање постои кај лицата со основно образование. На секој побаран работник со основно образование за Вардарскиот регион, општина Свети Николе има 0,2 невработени лица, за средно и за вишо образование постои посоодветна распределба и соодносот е 0,83, а за високо соодносот е 1,3. Во одредена мера ова се должи и на тоа што учеството на општината во вкупниот регион според бројот на жители е релативно мало, само 12 проценти. Во општина Свети Николе доминира дефицитарен јаз што укажува на недостиг од квалификувана работна сила, особено изразен за занимањата со ниски и со средни вештини. Кај лицата со високи вештини, суфицитарен јаз со драстично поголема понуда од побарувачка постои кај занимањето правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата. Образовните институции во општина Свети Николе имаат умерен потенцијал да го препознаат јазот кај дефицитарните занимања. Истовремено, потребна е внимателност во натамошното продуцирање кадри што го продлабочуваат суфицитарниот јаз. Потребен е поголем напор за надминување на проблемот со недостиг од работна сила, кој потенцијално може да се ублажи преку преквалификација на невработените лица со гимназија, доквалификација на невработените лица без квалификација и со активирање на пасивните баратели на работа.

ПРЕПОРАКИ

Препораки за надминување на проблемот со недостиг од квалификувана работна сила за Центарот за вработување и за АВРСМ

Да се дизајнираат **обуки за доквалификација** и за **преквалификација** во рамки на активните мерки за вработување за невработените активни баратели на работа во општина Свети Николе, и тоа:

- Квалификација на лицата без занимање и со основно образование во општи работници. Центрите за доквалификација од соседните општини во Вардарскиот регион, во соработка со АВРСМ, да дизајнираат и испорачаат курсеви и модули за лицата без занимање да добијат квалификација соодветна за занимања со вештини од ниво 1

- Центрите за доквалификација и за преквалификација од Вардарскиот регион да продуцираат профили од занимањето со најголема побарувачка: продавач, бравар, заварувач

- До/преквалификација на лицата со завршено општо гимназиско образование во некои од дефицитарните занимања со средно образование (на пример, возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж, службеници за услужни дејности, работници во персонални служби, занимања за заштита на лица и на имот и слично)

Да се дизајнира **процес на издавање сертификат за неформално здобиените вештини,** во соработка со АВРСМ и со центрите за доквалификација и за преквалификација во регионот.

Зголемување на понудата на работна сила преку активација на работоспособните пасивни баратели на работа. Центарот за вработување да спроведе кампања за активирање на пасивните баратели за работа и за идентификување на причините за пасивизацијата. Да се зацврстат механизмите што ќе оневозможат манипулација на системот и доследна примена на законот за прекинување на минималната гарантирана помош во случај на одбивање понудена работа.

За образовните институции и МОН

- На краток рок да се надмине јазот со дефицитарни занимања преку:

  o Образовните институции што имаат воспоставени програми во дефицитарни занимања да ја зголемат атрактивноста преку стипендии и кампањи и преку квотите за продуцирање повеќе кадар. На пример, дефицитарниот јаз кај обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања може да се ублажи со продуцирање кадар од СОУ „Кочо Рацин“ - Св. Николе. Исто така, да се размисли за воведување нови насоки во дефицитарното занимање: преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања, и тоа во соработка со Акционерско друштво за производство на конфекциски производи „Мода“ од Свети Николе, кое веќе е вклучено во верификација на возрасни во занимањето шивач на лесна конфекција

  o Центрите за квалификација и за прекфалификација од Вардарскиот регион во соработка со АВРСМ и со Центарот за вработување да се стимулираат да го интензивираат своето дејствување

  o Стручното средно училишта да ја подобри соработката со приватниот сектор. Соработката може да се поттикне преку:

    - Редовна практика за учениците од средното стручно училиште во соодветни компании

- Пилот-проект за дефицитарни занимања

• На среден рок, неопходно е да се направи реосмислување на програмите / насоките и на вештините што ги создава здобиената диплома:

o Програмите и насоките на образовните институции да се дизајнираат во согласност со потребните занимања на пазарот на труд во општина Свети Николе

o Курикулумите да ги одразуваат бараните вештини на 21 век (на пр., вештини поврзани со СТЕМ-науките, аналитички вештини, критичко размислување и сл.)

o Советување за кариера и насочување на младите во изборот на занимање базирано на потребите на пазарот на труд

За бизнис секторот

• Да се интензивира соработката со средното стручно училишта „Кочо Рацин“

• При барање општи работници да се прошират огласите со можност да аплицираат и лица без занимање

• Да се подобри квалитетот на работното место и квалитетот на практичната настава за учениците и за студентите во рамки на компаниите

• Во соработка со АВРСМ, да се овозможи обука на работно место за општите работници што се без занимање, до нивна минимална квалификација

• Да се стимулираат услови за работа за родители преку организиран транспорт до оддалечените и рурални места, можности за флексибилно работно време и за работа од дома

За Општина Свети Николе, регионалните комори, средните училишта

• Да се засили свеста кај младите за тоа кои образовни профили недостигаат, а кои образовни профили се вишок со цел при изборот на поле на образование младите лица да донесуваат одлуки според информациите што ги имаат

• Да ги интензивира инвестициите во градинки и во домови за стари лица, со што ќе се овозможи активација на пасивните невработени лица на пазарот на труд, кои поради грижа за децата и за постарите лица не се активни

За Државниот завод за статистика

• Да собира и да објавува статистика на пазарот на труд на ниво на општина (стапка на вработеност, невработеност и активност)

Дијагностика на пазарот на труд во општина Кавадарци



Во општина Кавадарци доминираат дефицитарни јазови за занимањата со средни и со ниски вештини што укажува на недостиг од квалификувана работна сила. Резултатите покажаа дека на секој еден побаран работник од компаниите за Вардарскиот регион, општина Кавадарци има помалку од едно (0,96) невработено лице. Поголемата побарувачка од понуда е особено изразена за лица со средно образование, па така, јазот кај средното образование е 0,7, и постои речиси целосно совпаѓање на понудата и на побарувачката за лицата со основно образование. Образовните институции во општина Кавадарци имаат ограничен потенцијал да ги адресираат јазовите кај дефицитарните занимања и потребно е да се размисли за нови пилот-насоки. Иако, потребен е поголем напор за надминување на проблемот со недостиг од работна сила, кој потенцијално може да се ублажи преку доквалификација на невработените лица без квалификација и активирање на пасивните баратели на работа.

Оваа дијагностика препорачува да се преземат конкретни акции за намалување на јазот меѓу образованието и занимањето на пазарот на труд во општина Кавадарци преку:

- **Квалификација на невработените лица без занимање во општи работници (во соработка со АВРСМ)**
- **Зацврстување на механизмите што ќе оневозможат манипулација на системот**
- **Реосмислување на насоките што се нудат од образовните институции, во согласност со структурата на бизнис-секторот и на пазарот на труд. Стимулирање и пилот-програми на насоките во занимањата со драстични дефицитарни јазови**
- **Реосмислување на програмите / насоките и на вештините што ги нуди здобиената диплома, во согласност со потребните занимања на пазарот на труд на општина Кавадарци и според потребни вештини (на пример, вештини поврзани со СТЕМ-науките, аналитички вештини, критичко размислување и слично)**
- **Советување за кариера и насочување на младите во изборот на занимање базирано на потребите на пазарот на труд**

ЦЕЛ

Целта на овој бриф е да направи дијагностика на пазарот на труд во општина Кавадарци и да понуди конкретни препораки за подобрување на состојбата на пазарот на труд на локалното население и намалување на хоризонталниот и на вертикалниот јаз.

ВОВЕД

Општина Кавадарци е втора по големина во Вардарскиот регион, со 38.937[1] жители, и зафаќа 26 проценти од вкупниот број жители во Вардарскиот регион. Во моментот, пазарот на труд во Вардарскиот регион е поволен; регионот има трета по ред[2] стапка на невработеност, стапка на вработеност и на активност во споредба со другите седум региони.

Во 2020 година стапката на невработеност на популацијата од 15 години и повеќе е 11,8 проценти (13 проценти за жени и 9,6 проценти за мажи), стапката на вработеност е 53,7 проценти и стапката на активност 60,4 проценти. Сепак, поволниот тренд не се одразува врз просечната бруто-плата, која е умерена и изнесува 34.324 денари. Со тоа, Вардарскиот регион е петти по ред според просечна плата (Регионите во Република Северна Македонија, ДЗС, 2020 година). Регионот се карактеризира со поволни климатски услови, особено карактеристични за производство на винова лоза, па оттука овој регион е препознатлив по концентрацијата на винарски визби. Во овој регион има и значајни наоѓалишта на фероникел, кој се експлоатира и се преработува.

[1] Процени на населението на 31. 12. 2015 год., (НТЕС 3-2007 година), Скопје.
[2] По Југоисточниот регион (невработеност 4,3 проценти) и Источниот регион (невработеност 8,1 проценти.

СТРУКТУРА НА ПАЗАРОТ НА ТРУД

Понуда

Од регистрираните невработени лица што активно бараат работа во општина Кавадарци во 2021 година, 51 процент се жени и 49 проценти се мажи. Споредено со другите општини, бројот на регистрирани активни баратели на работа е релативно мал. Од аспект на образование, структурата е хетерогена. 49 проценти од невработените лица се без основно и со основно образование (36 проценти) и со нецелосно средно образование (13 проценти), 37 проценти со средно образование и 14 проценти со високо образование (графикон 1).

Графикон 1: Невработени лица во општина Кавадарци според степенот на образование



Најголем дел од невработените се на возраст од 50 години и повеќе (42 проценти), потоа се невработени на возраст од 30 до 50 години (35 процент). Помалку регистрирани невработени лица има кај младите до 29 години (графикон 2).

Графикон 2: Структура на невработени според возраст



Извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија

Речиси една половина од невработените (43 проценти) чекаат вработување до една година, од кои најголем дел од еден до пет месеци (графикон 3). Веројатно индивидуалните карактеристики на оваа група невработени (степен на образование, образовен профил, возраст) се посоодветни до побарувачката на пазарот на труд, во споредба со невработените што чекаат за вработување повеќе од една година. Дополнителни 38 проценти чекаат за вработување до две години. За оваа група има изгледи на фрикциска невработеност, која може да се објасни со потребниот период на транзиција од образование кон вработување, приспособување на резервациската плата, времето потребно за аплицирање за работа и процесот на регрутирање до вработување и слично. Само 18 проценти од невработените активни баратели на работа чекаат за вработување повеќе од две години. Тоа упатува на веројатност на постоење јазови поради несовпаѓање на понудата и на побарувачката на пазарот на труд и на структурна невработеност за лицата што чекаат вработување подолго од три години.

Во општина Кавадарци, поволната состојба на пазарот на труд се одразува и на групата регистрирана како пасивни баратели на работа. Оваа категорија е умерена. Според Агенцијата за вработување, оваа категорија има 839 лица, што е 53 проценти од вкупниот број активни баратели. Структурата во образованието е речиси идентична како и кај активните баратели на работа. Една половина од нив се со завршено средно образование и речиси една половина со ниско образование (28 проценти се со основно образование и 15 проценти со нецелосно средно образование). Тоа упатува на тоа дека овие лица не се неопходно со ниско образование. Причините за пасивно барање работа може да се од различна природа:

Графикон 3: Невработени за општина Кавадарци според времето на чекање



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

лицата изгубиле надеж дека АВРСМ ќе им помогне да најдат работа, но притоа останале подготвени да прифатат работа надвор од државниот систем на посредување; имале повремена, привремена или хонорарна работа, неформална работа; како и лица што, евентуално, не биле присутни во државата; поради што ваквите подгрупи ги немало ниту во регистрираната вработеност ниту во активните баратели на работа при АВРСМ.

Побарувачка

Според регионалната анкета за побарувачка за 2021 година, вкупната побарувачка за Вардарскиот регион изнесува 1.638 работни места, што претставува повеќе од невработената работна сила во општина Кавадарци. Графикон 4 прави преглед на побарувачката за работни места според образование и големина на компанија. 58 проценти од празните работни места се очекува да бидат генерирани од големи работодавци, дополнителни 26 проценти од средните компании и 16 процента од малите работодавци. Тоа може да ја објасни и структурата на работодавците во Вардарскиот регион, каде што доминираат средните и големите работодавци. Од аспект на потребата според образование, доминира потребата за работници со средно образование (53 проценти) и со основно образование (43 проценти).

Графикон 4: Побарувачка според образование и големина на компанија



Доколку ја вкрстиме побарувачката според образование и занимање (НКЗ-ISCO 08) (графикон 5), ќе забележиме дека целата побарувачката за работници со завршено основно образование е од групата елементарни занимања (доминантно за општ работник, работник за едноставни работи, хигиеничар и слично).

Побарувачката за работници со средно образование е похетерогена од аспект на занимања. 28 проценти од вкупната побарувачка за работници и 53 проценти од побарувачката за работници со средно образование е за работници во неиндустриски начин на работа во производство, главно за: подготвувач на тутун за обработка, шивач, шивач на текстил, заварувач, бравар, месар и слични занимања. Потоа е побарувачката за техничари и сродни занимања и за работници на услужни дејности и составувачи на машини и постројки. Вкупната побарувачка за занимања со високо образование е од занимањето стручњаци и научници, вклучувајќи: информатичар, машински инженер, доктори.

Јаз на пазарот на труд според образование и занимање

Јазот на пазарот на труд во општина Кавадарци се идентификува со споредба на понудата и на побарувачката на работници земајќи го предвид нивото на образование и занимањето. Графикон 6 го прикажува бројот на понудени работници (што сакаат да работат) на секое побарано работно место, според степенот на образование.

Графикон 5: Побарувачка според занимање и образование



Извор: *АВРСМ, регионална анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот во РСМ за 2021 година*

Графикон 6: Јаз во понуда и на побарувачка според образование



Извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија, 2021 година

Резултатите покажаа дека на секој еден побаран работник од компаниите за Вардарскиот регион, општина Кавадарци има помалку од едно (0,96) невработено лице. Поголемата побарувачка од понуда е особено изразена за лица со средно образование, па така, јазот кај средното образование е 0,7 и постои речиси целосно совпаѓање на понудата и на побарувачката за лицата со основно образование. Подетална слика за јазот на пазарот на труд се добива со вкрстување на бараните занимања на пазарот на труд со понудениот профил на невработени активни баратели на работа. Табела 1 прави дијагностика на јазот на пазарот на труд според бараните занимања и профилот на невработени активни баратели на работа за општина Кавадарци. Јазот може да се анализира според степенот на образование во рамки на едно занимање (хоризонтално) и вертикално, за различни занимања. Јазот каде што понудата е поголема од побарувачка е означен со црвени нијанси (интензивноцрвена – драстичен јаз, бледа црвена – умерен јаз). Бледожолта боја означува дека вкрстувањето на понудата и на побарувачката е речиси целосно и нема јаз. Зелените нијанси означуваат дефицитарен јаз, каде што побарувачката за работни места е поголема од понудата (интензивна зелена – драстичен јаз, бледозелена – умерен јаз).

Резултатите покажуваат дека кај високите вештини, јазот постои кај шест од десет занимања. Од кои, кај четири занимања јазот е драстично позитивен и, дополнително, кај две занимања постои умереносуфицитарниот јаз за лицата со средно / вишо образование. Кај занимањата со високо образование драстичен суфицитарен јаз се појавува кај занимањата: стручњаци за бизнис и за администрација и правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата. Во случајот на последните, суфицитарен јаз се појавува без разлика на образованието и се продлабочува со зголемување на образованието. Умерен дефицитарен јаз се појавува само кај стручњаци за информатичка и за комуникациска технологија. За лицата со високи вештини и средно образование, главно, постојат суфицитарни јазови. Тоа може да се должи на структурата на секторите што доминираат во општина Кавадарци, но и во еден дел се работи за занимања што имаат висока мобилност и треба да се гледаат во контекст на вкупната побарувачка на национално ниво. Оттука, за занимањата помошни стручњаци за наука и за инженеринг и техничари и асистенти во здравството, иако постојат позитивни јазови, не треба да загрижуваат.

Кај занимањата со средни вештини доминираат дефицитарни јазови. Па така, од 12 занимања, умерен суфицитарен јаз има само кај две занимања (службеници за општи канцелариски работи и секретари и работници со електротехнологија). Кај пет занимања има дефицитарен јаз, доминантно умерени, освен кај занимањето преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања, каде што јазот е драстично дефицитарен.

Кај занимањата со ниски вештини, за сите занимања што се идентификувани во општина Кавадарци има дефицитарни јазови, од кои за две занимања: возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж; и општи работници, собирачи на смет и сродни занимања постои драстичен дефицитарен јаз. Истовремено, постои драстичен суфицит на невработена работна сила кај лицата без занимање и кај лицата со гимназиско средно образование. Оттука, јазот во занимањата со ниски вештини би можел да се намали доколку лицата без занимање се квалификуваат до ниво на општ работник и соодветно да се вкрстат со потребите за тоа занимање. Кај лицата со гимназиско образование, неопходно е да се преземат акции за доквалификација и / или преквалификација.

Генералниот заклучок е дека во општина Кавадарци пазарот на труд има недостиг од работна сила, главно за занимањата со ниски и со средни вештини. Суфицитарни јазови (кога понудата е поголема од побарувачката) со високи вештини, постои кај општествените занимања и бизнис и административни стручни соработници, што е резултат на општата образовна стратегија во изминатата деценија на национално ниво. Освен јазовите од аспект на формално образование, исто така, се значајни квалитетот на образование и здобиените вештини. Истражувањето на Светска банка (2020) идентификува дека обуките понудени од образовниот систем не соодветствуваат со потребите на компаниите. Во истата студија, идентификувано е дека учениците немаат и соодветни практични вештини на здобиената диплома[3].

Табела 1: Јаз на пазарот на труд според занимање – образовен профил

Вештина	Шифра	Занимање/профил	Основно	Средно	Вишо	Високо
Висока вештина	21	Стручњаци за наука и инженеринг				
	22	Стручњаци од областа на здравството				
	23	Стручњаци за образование				
	24	Стручњаци за бизнис и администрација				
	25	Стручњаци за информатичка и комуникациска технологија				
	26	Правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата				
	31	Помошни стручњаци за наука и за инженеринг				
	32	Техничари и асистенти во здравството				
	35	Техничари за информатичка и комуникациска технологија				
	33	Бизнис и административни стручни соработници				
Средна вештина	41	Службеници за општи канцелариски работи и секретари				
	42	Службеници за услужни дејности				
	43	Службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и транспортот				
	51	Работници во персонални служби				
	52	Продавачи				
	54	Занимања за заштита на лица и на имот				
	61	Пазарно ориентирани стручни земјоделски работници				
	71	Градежници и сродни градежни работници				
	72	Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања				
	73	Прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари				
	74	Работници со електротехнологија				
	75	Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања				
Ниска вештина	81	Ракувачи на машини и постројки				
	82	Составувачи на машини и на опрема				
	83	Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж				
	91	Чистачи и помошници				
	92	Општи работници во земјоделството, шумарството и во рибарството				
	93	Општи работници во рударството, градежништвото, производството и транспортот				
	96	Општи работници, собирачи на смет и сродни занимања				
		Без занимање				
		Гимназија				

Извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија, пресметка на авторот

Легенда:

Значително суфицитарно | Суфицитарно | Соодветно вкрстување | Дефицитарно | Значително дефицитарно

Образовното профилирање како фактор за надминување или засилување на јазот

Во општина Кавадарци има три средни училишта и пет програми за верификација на возрасни. Се очекува образовните институции во следните четири години да продуцираат 1.412 профилирани кадри на пазарот на труд. Една половина од вкупната понуда на образовни профили е во едно занимање: стручњаци за наука и инженеринг и дополнителни 35 проценти се лица со средно образование гимназија, кое се класифицира како без занимање, и 13 проценти профилирани кадри од занимањето бизнис и административни стручни соработници. Дополнително на ова, во општина Кавадарци има пет програми за верификација на возрасни.
Овие резултати упатуваат на тоа дека општина Кавадарци има скромно развиена и воспоставена образовна инфраструктура за продуцирање профилирана работна сила. Со цел да идентификуваме колку овие кадри се соодветни на пазарот на труд, во табела 2 го вкрстуваме идентификуваниот јаз со очекуваните образовни профили за следните четири години. Резултатите покажуваат дека образовните институции и програмите за верификација во општина Кавадарци имаат ограничени можности и немаат придонес во намалување на јазовите на пазарот на труд во општина Кавадарци. Оттука, потребни се промени, стимулирање отворање нови програми во дефицитарните занимања и контрола на продуцирањето кадри во суфицитарните занимања. Образовните институции во општина Кавадарци, главно, продуцираат кадри во суфицитарни занимања и тоа: помошни стручњаци за наука и инженеринг; и бизнис и административни стручни соработници, како и профили со гимназија, кои се класифицираат како без занимање. За занимањата со драстични дефицитарни занимања со средно образование: преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања; и возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж, да се размисли за пилот-насоки, кои ќе генерираат кадри. За другите дефицитарни занимања од средни вештини и, особено, ниски вештини, потребно е да се стимулира улогата на програмите за верификација на возрасни, преку создавање програми за дефицитарни занимања како што се: подготвувач на тутун за обработка, шивач, шивач на текстил, заварувач, бравар, месар, возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж; општи работници во земјоделството, шумарството и рибарството; и општи работници, собирачи на смет и сродни занимања.

Графикон 7: Понуда на профилирана работна сила од образовните институции во следните четири години



Извор: *Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија*

Табела 2: Вкрстување на јазот и на понудата на профилирани кадри од образовните институции во следните четири години

Вештина	Шифра	Занимање/профил	Основно	Средно	Вишо	Високо	средно	До/Пре квалификација
Висока вештина	21	Стручњаци за наука и инженеринг						
	22	Стручњаци од областа на здравството						
	23	Стручњаци за образование						
	24	Стручњаци за бизнис и администрација						
	25	Стручњаци за информатичка и комуникациска технологија						
	26	Правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата						
	31	Помошни стручњаци за наука и инженеринг					703	
	32	Техничари и асистенти во здравството						
	35	Техничари за информатичка и комуникациска технологија						
	33	Бизнис и административни стручни соработници					181	
Средна вештина	41	Службеници за општи канцелариски работи и секретари						
	42	Службеници за услужни дејности						
	43	Службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и транспортот						
	51	Работници во персонални служби						
	52	Продавачи						
	53	Занимања за лична нега и сродни занимања						
	54	Занимања за заштита на лица и на имот						
	61	Пазарно ориентирани стручни земјоделски работници						
	71	Градежници и сродни градежни работници						
	72	Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања					27	
	73	Прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари						
	74	Работници со електротехнологија						
	75	Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања						
Ниска вештина	81	Ракувачи на машини и на постројки						
	82	Составувачи на машини и опрема						
	83	Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж						
	91	Чистачи и помошници						
	92	Општи работници во земјоделството, шумарството и во рибарството						
	93	Општи работници во рударството, градежништвото, производството и во транспортот						
	96	Општи работници, собирачи на смет и сродни занимања						
		Без занимање						
		Гимназија					501	

Извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија, пресметка на авторот

Легенда:

Значително суфицитарно | Суфицитарно | Соодветно вкрстување | Дефицитарно | Значително дефицитарно

ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Дијагностиката на пазарот на труд на општина Кавадарци покажа дека најголем јаз образование – занимање постои кај лицата со високо образование. На секој побаран работник со високо образование за Вардарскиот регион, општина Кавадарци располага со 3 невработени лица. Во општина Кавадарци доминираат дефицитарни јазови за занимањата со средни и ниски вештини, што укажува на недостиг од квалификувана работна сила. Кај лицата со високи вештини, суфицитарен јаз со драстично поголема понуда од побарувачка постои кај занимањето правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата и бизнис и административни стручни соработници. Образовните институции во општина Кавадарци имаат ограничен потенцијал да ги адресираат јазовите кај дефицитарните занимања. Иако, потребен е поголем напор за надминување на проблемот со недостиг од работна сила, кој потенцијално може да се ублажи преку доквалификација на невработените лица без квалификација и активирање на пасивните баратели на работа.

ПРЕПОРАКИ

Препораки за надминување на проблемот со недостиг од квалификувана работна сила за центрите за вработување и за АВРСМ

Да се дизајнираат активни мерки за вработување за невработените активни баратели на работа во општина Кавадарци, и тоа:

• Квалификација на лицата без занимање и со основно образование во општи работници. Институциите што нудат програми за квалификација и доквалификација, во соработка со АВРСМ, да дизајнираат и испорачаат курсеви и модули за лицата без занимање да добијат квалификација соодветна за занимања со вештини од ниво 1

• Дефицитарните занимања од средни вештини и, особено, ниски вештини да се ублажат преку отворање програми за верификација на возрасни и тоа за занимања како што се: подготвувач на тутун за обработка, шивач, шивач на текстил, заварувач, бравар, месар, возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж; општи работници во земјоделството, шумарството и во рибарството; и општи работници, собирачи на смет и сродни занимања

• До/превалификација на лицата со завршено општо гимназиско образование во некои од дефицитарните занимања со средно образование

• Активација на работоспособните пасивни баратели на работа. Центарот за вработување да спроведе кампања за активирање на пасивните баратели за работа и за идентификување на причините за пасивизацијата. Да се зацврстат механизмите што ќе оневозможат манипулација на системот и доследна примена на законот за прекинување на минималната гарантирана помош во случај на одбивање понудена работа

За образовните институции и МОН

• На краток рок да се надминат јазовите со дефицитарни занимања преку:

о Образовните институции да размислат за воведување пилот-насоки во занимањата што се со драстични дефицитарни јазови

о Програмите за квалификација и преквалификација организирани преку верификација на возрасни и слични институции за квалификација и преквалификација и Центарот за вработување да се стимулираат да го интензивираат своето дејствување

о Стручните средни училишта да ја подобрат соработката со приватниот сектор. Соработката може да се поттикне преку:

- Редовна практика за учениците од средните стручни училишта во соодветни компании

- Пилот-програми за дефицитарни занимања

• На среден рок, неопходно е да се направи реосмислување на програмите / насоките и на вештините што ги нуди здобиената диплома:

о Програмите и насоките на образовните институции да се дизајнираат во согласност со потребните занимања на пазарот на труд во општина Кавадарци

о Курикулумите да ги одразуваат бараните вештини на 21 век (на пр., вештини поврзани со СТЕМ-науките, аналитички вештини, критичко размислување и сл.)

о Советување за кариера и насочување на младите во изборот на занимањето, базирано на потребите на пазарот на труд

За бизнис-секторот

• Да се интензивира соработката со средните стручни училишта и со програмите и институциите за квалификација и преквалификација

• При барање општи работници да се прошират огласите со можност да аплицираат и лица без занимање

• Да се подобри квалитетот на работното место и квалитетот на практичната настава за учениците и студентите во рамки на компаниите

• Во соработка со АВРСМ, да овозможи обука на работно место за општите работници што се без занимање, до нивна минимална квалификација

За Општина Кавадарци, регионалните комори, средните училишта

• Да се зголеми свеста кај младите за тоа кои образовни профили недостигаат, а кои образовни профили се вишок, со цел при изборот на поле на образование, младите лица да донесуваат одлуки според информациите

За Државниот завод за статистика

• Да собира и објавува статистика на пазарот на труд на ниво на општина (стапки на вработеност, невработеност и активност)

Дијагностика на пазарот на труд во општина Велес



Во општина Велес доминираат дефицитарни јазови за занимањата со средни и со ниски вештини, што укажува на недостиг од квалификувана работна сила. Најголем јаз постои кај лицата со високо образование. На секој побаран работник со високо образование за Вардарскиот регион, општина Велес располага со 4 невработени лица. Кај лицата со високи вештини суфицитарен јаз со драстично поголема понуда од побарувачка постои кај занимањето правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата и кај бизнис и административни стручни соработници. Образовните институции во општина Велес имаат ограничен потенцијал да ги адресираат јазовите кај дефицитарните занимања. Иако, потребен е поголем напор за надминување на проблемот со недостиг од работна сила, кој потенцијално може да се ублажи преку доквалификација на невработените лица без квалификација и со активирање на пасивните баратели на работа.

Оваа дијагностика препорачува да се преземат конкретни акции за намалување на јазот меѓу образованието и занимањето на пазарот на труд во општина Велес преку:

- **Квалификација на невработените лица без занимање во општи работници (во соработка со АВРСМ)**
- **Зацврстување на механизмите што ќе оневозможат манипулација на системот**
- **Засилување на соработката меѓу средните стручни училишта со бизнис-секторот**
- **Реосмислување на програмите / насоките и на вештините што ги нуди здобиената диплома, во согласност со потребните занимања на пазарот на труд на општина Велес и според потребни вештини (на пример, вештини поврзани со СТЕМ-науките, аналитички вештини, критичко размислување и слично)**
- **Советување за кариера и насочување на младите во изборот на занимање базирано на потребите на пазарот на труд**

ЦЕЛ

Целта на овој бриф е да направи дијагностика на пазарот на труд во општина Велес и да понуди конкретни препораки за подобрување на состојбата на пазарот на труд на локалното население и намалување на хоризонталниот и на вертикалниот јаз.

ВОВЕД

Општина Велес е најголема општина во Вардарскиот регион, со 54.546[1] жители, и зафаќа 36 проценти од вкупниот број жители во Вардарскиот регион. Во моментот, пазарот на труд во Вардарскиот регион е поволен; регионот има трета по ред[2] стапка на невработеност, стапка на вработеност и на активност во споредба со другите седум региони.

Во 2020 година стапката на невработеност на популацијата од 15 години и повеќе е 11,8 проценти (13 проценти за жени и 9,6 проценти за мажи), стапката на вработеност е 53,7 проценти и стапката на активност 60,4 проценти. Сепак, поволниот тренд не се одразува врз просечната бруто-плата, која е умерена и изнесува 34.324 денари. Со тоа, Вардарскиот регион е петти по ред според просечна плата (Регионите во Република Северна Македонија, ДЗС, 2020 година). Регионот се карактеризира со поволни климатски услови, особено карактеристични за производство на винова лоза, па оттука овој регион е препознатлив по концентрацијата на винарски визби. Во овој регион има и значајни наоѓалишта на фероникел, кој се експлоатира и се преработува.

[1]Процени на населението на 31. 12. 2015 год., (НТЕС 3-2007 година), Скопје.
[2]По Југоисточниот регион (невработеност 4,3 проценти) и Источниот регион (невработеност 8,1 проценти)

СТРУКТУРА НА ПАЗАРОТ НА ТРУД

Понуда

Од регистрираните невработени лица што активно бараат работа во општина Велес во 2021 година, 51 процент се жени и 49 проценти се мажи. Од аспект на образование, доминираат лица со ниско образование. 64 проценти од невработените лица се без основно и со основно образование (48 проценти) и со нецелосно средно образование (16 проценти) (графикон 1).

Графикон 1: Невработени лица во општина Велес според степенот на образование



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија Македонија*

Најголем дел од невработените се на возраст од 50 години и повеќе (44 проценти), потоа се невработени на возраст од 30 до 50 години (38 процент). Помалку регистрирани невработени лица има кај младите до 29 години (графикон 2).

Графикон 2: Структура на невработени според возраст



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија Македонија*

30 процент од невработените чекаат вработување до една година, од кои најголем дел од еден до пет месеци (графикон 3). Веројатно индивидуалните карактеристики на оваа група невработени (степен на образование, образовен профил, возраст) се посоодветни до побарувачката на пазарот на труд во споредба со невработените што чекаат за вработување повеќе од една година. За оваа група има изгледи за фрикциска невработеност, која може да се објасни со потребниот период на транзиција од образование кон вработување, приспособување на резервациската плата, времето потребно за аплицирање за работа и процесот на регрутирање до вработување и слично. Сепак, најголем дел од невработените, 42 проценти, чекаат за вработување од една до три години и процентот се намалува на 28 кај лицата што чекаат за вработување повеќе од три години. Тоа упатува на веројатност на постоење јазови поради несовпаѓање на понудата и на побарувачката на пазарот на труд и на структурна невработеност за лицата што чекаат вработување подолго од три години. Освен невработените активни баратели на работа, во значајна мера во општина Велес се и лицата регистрирани како пасивни баратели на работа. Според Агенцијата за вработување, оваа категорија има 1.490 лица, што е 42 процента од вкупниот број активни баратели.

Една половина од нив се со основно образование (37 проценти) и со нецелосно средно образование (16 проценти). Тоа упатува на тоа дека овие лица се, главно, со ниско образование. Истовремено, само шест проценти од оваа група лица се со завршено високо образование. Причините за пасивно барање работа може да се од различна природа: лицата изгубиле надеж дека АВРСМ ќе им помогне да најдат работа, но притоа останале подготвени да прифатат работа надвор од државниот систем на посредување; имале повремена, привремена или хонорарна работа, неформална работа; како и лица што, евентуално, не биле присутни во државата; поради што ваквите подгрупи ги немало ниту во регистрираната вработеност ниту во активните баратели на работа при АВРСМ.

Побарувачка

Според регионалната анкета за побарувачка за 2021 година, вкупната побарувачка за Вардарскиот регион изнесува 1.638 работни места, што претставува 45 проценти од невработената работна сила во општина Велес. Графикон 4 прави преглед на побарувачката за работни места според образование и големина на компанија. 58 проценти од празните работни места се очекува да бидат генерирани од големи работодавци, дополнителни 26 проценти од средните компании и 16 процента од малите работодавци. Тоа може да ја објасни и структурата на работодавците во Вардарскиот регион, каде што доминираат средните и големите работодавци. Од аспект на потребата според образование, доминира потребата за работници со средно образование (53 проценти) и со основно образование (43 проценти).

Графикон 3: Невработени за општина Велес според времето на чекање



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Графикон 4: Побарувачка по образование и големина на компанија



Доколку ја вкрстиме побарувачката според образование и занимање (НКЗ-ISCO 08) (графикон 5), ќе забележиме дека целата побарувачката за работници со завршено основно образование е од групата елементарни занимања (доминантно за општ работник, работник за едноставни работи, хигиеничар и слично). Побарувачката за работници со средно образование е похетерогена од аспект на занимања. 28 проценти од вкупната побарувачка за работници и 53 проценти од побарувачката за работници со средно образование е за работници во неиндустриски начин на работа во производство, главно за: подготвувач на тутун за обработка, шивач, шивач на текстил, заварувач, бравар, месар и слични занимања. Потоа е побарувачката за техничари и сродни занимања, работници во услужни дејности и составувачи на машини и постројки. Вкупната побарувачка за занимања со високо образование е од занимањето стручњаци и научници, вклучувајќи: информатичар, машински инженер, лекари.

Јаз на пазарот на труд според образование и занимање

Јазот на пазарот на труд во општина Велес се идентификува со споредба на понудата и на побарувачката на работници земајќи го предвид нивото на образование и занимањето. Графикон 6 го прикажува бројот на понудени работници (што сакаат да работат) на секое побарано работно место, според степенот на образование.

Графикон 6: Јаз во понуда и побарувачка според образование



Извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија, 2021 година

Резултатите покажаа дека на секој еден побаран работник од компаниите за Вардарскиот регион, општина Велес има по 2,1 невработени лица. Ова е низок до умерен јаз, споредено со другите општини / региони. Јазот е најголем кај високото образование, и тоа 4,2 невработени лица за еден побаран работник со високо образование. Кај лицата со средно и со вишо образование споредбата е посоодветна и овој сооднос е 1,2, додека за основно е 3,2.

Графикон 5: Побарувачка по занимање и образование за Град Скопје



Извор: *АВРСМ, регионална анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот во РСМ за 2021 година*

Подетална слика за јазот на пазарот на труд се добива со вкрстување на бараните занимања на пазарот на труд со понудениот профил на невработени активни баратели на работа. Табела 1 прави дијагностика на јазот на пазарот на труд според бараните занимања и профилот на невработени активни баратели на работа за општина Велес. Јазот може да се анализира според степенот на образование во рамки на едно занимање (хоризонтално) и вертикално, за различни занимања. Јазот каде што понудата е поголема од побарувачка е означен со црвени нијанси (интензивно црвена – драстичен јаз, бледа црвена – умерен јаз). Бледожолта боја означува дека вкрстувањето на понудата и на побарувачката е речиси целосно и нема јаз. Зелените нијанси означуваат дефицитарен јаз, каде што побарувачката за работни места е поголема од понудата (интензивна зелена – драстичен јаз, бледозелена – умерен јаз).

Резултатите покажуваат дека кај високите вештини јазот постои кај шест од единаесет занимања. Од кои, само кај две занимања јазот е драстично позитивен и, дополнително, кај две занимања постои умерено суфицитарниот јаз за лицата со средно образование. Кај занимањата со високо образование драстичен суфицитарен јаз се појавува кај занимањата: правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата и бизнис и административни стручни соработници. Умерен дефицитарен јаз се појавува кај стручњаци за образование и стручњаци за бизнис и администрација, а кај две занимања: помошни стручњаци за наука и инженеринг и техничари и асистенти во здравството умерениот дефицитарен јаз што се појавува кај лицата со средно образование исчезнува кога се зголемува образованието. Тоа упатува на потенцијална пониска квалификуваност.

Кај занимањата со средни вештини доминираат дефицитарни јазови. Па така, од 14 занимања, суфицитарен јаз има само кај три занимања, од кои за две занимања (обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања и преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања) суфицитарните јазови се само за лица со основно образование и преминуваат во драстични дефицитарни јазови кај лицата со средно образование. Кај седум занимања има дефицитарен јаз, доминантно умерен, освен кај двете споменати занимања.
Кај занимањата со ниски вештини, освен за занимањата ракувачи на машини и постројки и помошници за подготовка на храна, кај сите други занимања има поголема побарувачка од понуда, што креира дефицитарни јазови. Кај три занимања: возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж; општи работници во земјоделството, шумарството и во рибарството; и општи работници, собирачи на смет и сродни занимања постои драстичен дефицитарен јаз. Истовремено, постои драстичен суфицит на невработена работна сила кај лицата без занимање и кај лицата со гимназиско средно образование. Оттука, јазот во занимањата со ниски вештини би можел да се намали доколку лицата без занимање се квалификуваат до ниво на општ работник и соодветно да се вкрстат со потребите за тоа занимање. Кај лицата со гимназиско образование, неопходно е да се преземат акции за доквалификација и / или преквалификација.
Генералниот заклучок е дека во општина Велес пазарот на труд има недостиг од работна сила, главно за занимањата со ниски и средни вештини. Ова во одредена мера може да се должи и на трендот на емиграција во земјата. Суфицитарни јазови (кога понудата е поголема од побарувачката) со високи вештини постои кај општествените занимања и бизнис и административни стручни соработници, што е резултат на општата образовна стратегија во изминатата деценија на национално ниво. Освен јазовите од аспект на формално образование, квалитетот на образование и здобиените вештини се, исто така, значајни. Истражувањето на Светска банка (2020) идентификува дека обуките понудени од образовниот систем не соодветствуваат со потребите на компаниите. Во истата студија, идентификувано е дека учениците немаат и соодветни практични вештини на здобиената диплома[3].

[4]Светска банка (2020 година) Наоѓање решенија за невработеноста на младите во Северна Македонија.

Табела 1: Јаз на пазарот на труд според занимање – образовен профил

Вештина	Шифра	Занимање/профил	Основно	Средно	Вишо	Високо
Висока вештина	21	Стручњаци за наука и инженеринг				
	22	Стручњаци од областа на здравството				
	23	Стручњаци за образование				
	24	Стручњаци за бизнис и администрација				
	25	Стручњаци за информатичка и комуникациска технологија				
	26	Правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата				
	31	Помошни стручњаци за наука и инженеринг				
	32	Техничари и асистенти во здравството				
	34	Правни, општествени и културни стручни соработници				
	35	Техничари за информатичка и комуникациска технологија				
	33	Бизнис и административни стручни соработници				
Средна вештина	41	Службеници за општи канцелариски работи и секретари				
	42	Службеници за услужни дејности				
	43	Службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и транспортот				
	44	Други канцелариски службеници				
	51	Работници во персонални служби				
	52	Продавачи				
	53	Занимања за лична нега и сродни занимања				
	54	Занимања за заштита на лица и имот				
	61	Пазарно ориентирани стручни земјоделски работници				
	71	Градежници и сродни градежни работници				
	72	Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања				
	73	Прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари				
	74	Работници со електротехнологија				
	75	Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања				
Ниска вештина	81	Ракувачи на машини и постројки				
	82	Составувачи на машини и опрема				
	83	Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж				
	91	Чистачи и помошници				
	92	Општи работници во земјоделството, шумарството и во рибарството				
	93	Општи работници во рударството, градежништвото, производството и транспортот				
	94	Помошници за подготовка на храна				
	96	Општи работници, собирачи на смет и сродни занимања				
		Без занимање				
		Гимназија				

Извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија, пресметка на авторот

Легенда:

Значително суфицитарно | Суфицитарно | Соодветно вкрстување | Дефицитарно | Значително дефицитарно

Образовното профилирање како фактор за надминување или засилување на јазот

Во општина Велес има 4 средни училишта и еден факултет. Се очекува образовните институции од средно и високо образование во следните четири години да продуцираат 2.177 профилирани кадри на пазарот на труд. Една половина од вкупната понуда на образовни профили е во едно занимање: стручњаци за наука и инженеринг и дополнителни 10 проценти се лица со средно образование гимназија, кое се класифицира како без занимање. Дополнително на ова, во општина Велес има две институции за програми за верификација на возрасни и еден отворен универзитет за доживотно учење.

Овие резултати упатуваат на тоа дека општина Велес има делумно развиена и воспоставена образовна инфраструктура за продуцирање профилирана работна сила. Со цел да идентификуваме колку овие кадри се соодветни на пазарот на труд, во табела 2 го вкрстуваме идентификуваниот јаз со очекуваните образовни профили за следните четири години. Резултатите покажуваат дека образовните институции и програмите за верификација во општина Велес имаат ограничени можности и имаат скромен придонес во намалување на јазовите на пазарот на труд во општина Велес. Оттука, потребни се промени, стимулирање на отворање нови програми во дефицитарните занимања и контрола на продуцирањето кадри во суфицитарните занимања. Едно од објаснувањата за ваквата состојба е тоа што локациски општина Велес е блиску до Скопје, па веројатно дел од продуцираниот кадар доаѓа од тие образовни институции.

Образовните институции во општина Велес, главно, имаат придонес кон редуцирање на дефицитарните кадри во две занимања со средно образование, и тоа: службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и транспортот и продавачи.

Кај драстичните јазовите со средни вештини од занимањата со машинска струка, придонес кон нивно редуцирање може да има ССОУ „Коле Неделковски“ со доквалификација до средно образование на невработените лица од тие занимања, а со завршено основно образование и / или пилот-насоки, кои ќе генерираат кадри за кои има побарувачка (како заварувачи, бравари, мајстори). За другите дефицитарни занимања од средни вештини и особено ниски вештини, потребно е да се стимулира улогата на Отворениот граѓански универзитет „Благој Страчковски“ – Велес, верификација на возрасни преку отворање програми за драстичните дефицитарни занимања како што се: подготвувач на тутун за обработка, шивач, шивач на текстил, заварувач, бравар, месар, возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж; општи работници во земјоделството, шумарството и во рибарството; и општи работници, собирачи на смет и сродни занимања.

Графикон 7: Понуда на профилирана работна сила од образовните институции во следните четири години



Извор: *Образовни институции во општина Велес, Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија*

Табела 2: Вкрстување на јазот и на понудата на профилирани кадри од образовните институции во следните четири години

Вештина	Шифра	Занимање/профил	Основно	Средно	Вишо	Високо	средно	високо	доквали-фикација и преквали-фикација
Висока вештина	21	Стручњаци за наука и инженеринг						122	
	22	Стручњаци од областа на здравството							
	23	Стручњаци за образование							
	24	Стручњаци за бизнис и администрација							
	25	Стручњаци за информатичка и комуникациска технологија							
	26	Правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата							
	31	Помошни стручњаци за наука и инженеринг					1071		
	32	Техничари и асистенти во здравството					193		
	34	Правни, општествени и културни стручни соработници							
	35	Техничари за информатичка и комуникациска технологија							
	33	Бизнис и административни стручни соработници					215		
Средна вештина	41	Службеници за општи канцелариски работи и секретари							
	42	Службеници за услужни дејности							
	43	Службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и транспортот					21		
	44	Други канцелариски службеници							
	51	Работници во персонални служби					97		
	52	Продавачи					18		
	53	Занимања за лична нега и сродни занимања							
	54	Занимања за заштита на лица и на имот							
	61	Пазарно ориентирани стручни земјоделски работници							
	71	Градежници и сродни градежни работници							
	72	Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања							
	73	Прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари							
	74	Работници со електротехнологија							
	75	Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања							
Ниска вештина	81	Ракувачи на машини и постројки							
	82	Составувачи на машини и опрема							
	83	Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж							
	91	Чистачи и помошници							
	92	Општи работници во земјоделството, шумарството и во рибарството							
	93	Општи работници во рударството, градежништвото, производството и во транспортот							
	94	Помошници за подготовка на храна							
	96	Општи работници, собирачи на смет и сродни занимања							
		Без занимање							
		Гимназија					440		

Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија, пресметка на авторот*

Легенда:

Значително суфицитарно | Суфицитарно | Соодветно вкрстување | Дефицитарно | Значително дефицитарно

ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Дијагностиката на пазарот на труд на општина Велес покажа дека најголем јаз образование – занимање постои кај лицата со високо образование. На секој побаран работник со високо образование за Вардарскиот регион, општина Велес располага со 4 невработени лица. Во општина Велес доминираат дефицитарни јазови за занимањата со средни и со ниски вештини укажувајќи на недостиг од квалификувана работна сила. Кај лицата со високи вештини, суфицитарен јаз со драстично поголема понуда од побарувачка постои кај занимањето правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата и бизнис и административни стручни соработници. Образовните институции во општина Велес имаат ограничен потенцијал да ги адресираат јазовите кај дефицитарните занимања. Иако, потребен е поголем напор за надминување на проблемот со недостиг од работна сила, кој потенцијално може да се ублажи преку доквалификација на невработените лица без квалификација и со активирање на пасивните баратели на работа.

ПРЕПОРАКИ

Препораки за надминување на проблемот со недостиг од квалификувана работна сила за центрите за вработување и за АВРСМ

Да се дизајнираат активни мерки за вработување за невработените активни баратели на работа во општина Велес, и тоа:

• Квалификација на лицата без занимање и со основно образование во општи работници. Отворениот граѓански универзитет „Благој Страчковски“ – Велес, во соработка со АВРСМ, да дизајнира и испорача курсеви и модули за лицата без занимање да добијат квалификација соодветна за занимања со вештини од ниво 1

• Дефицитарните занимања од средни вештини и, особено, ниски вештини да се ублажат преку креирање програми за верификација на возрасни и Отворениот граѓански универзитет, и тоа за занимања како што се: подготвувач на тутун за обработка, шивач, шивач на текстил, заварувач, бравар, месар, возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж; општи работници во земјоделството, шумарството и за рибарството; и општи работници, собирачи на смет и сродни занимања

• До/превалификација на лицата со завршено општо гимназиско образование во некои од дефицитарните занимања со средно образование

• Активација на работоспособните пасивни баратели на работа. Центарот за вработување да спроведе кампања за активирање на пасивните баратели за работа и идентификување на причините за пасивизацијата. Да се зацврстат механизмите што ќе оневозможат манипулација на системот и доследна примена на законот за прекинување на минималната гарантирана помош во случај на одбивање понудена работа

За образовните институции и МОН

• На краток рок да се надминат јазовите со дефицитарни занимања:

о Образовните институции што имаат воспоставени програми во дефицитарни занимања да ги зголемат атрактивноста и квотите за продуцирање повеќе кадар. На пример, дефицитарните јазови од занимањата со машинска струка може да се ублажат со продуцирање кадар од ССОУ „Коле Неделковски“ со доквалификација до средно образование на невработените лица од тие занимања, а со завршено основно образование, и / или пилот–насоки што ќе генерираат кадри за кои има побарувачка (како заварувачи, бравари, мајстори)

о Програмите за квалификација и прекфалификација организирани преку верификација на возрасни и Отворениот граѓански универзитет, во соработка со АВРСМ и Центарот за вработување, да се стимулираат да го интензивираат своето дејствување

о Средните стручни училишта да ја подобрат соработката со приватниот сектор. Соработката може да се поттикне преку:

- Редовна практика за учениците од средните стручни училишта во соодветни компании

- Пилот-програми за дефицитарни занимања

• На среден рок, неопходно е да се направи реосмислување на програмите / насоките и на вештините што ги креира здобиената диплома:

о Програмите и насоките на образовните институции да се дизајнираат во согласност со потребните занимања на

пазарот на труд во општина Велес

о Курикулумите да ги одразуваат бараните вештини на 21 век (на пр., вештини поврзани со СТЕМ-науките, аналитички вештини, критичко размислување и сл.)

о Советување за кариера и насочување на младите во изборот на занимањето, базирано на потребите на пазарот на труд

За бизнис-секторот

• Да се интензивира соработката со средните стручни училишта и со Отворениот граѓански универзитет

• При барање општи работници да се прошират огласите со можност да аплицираат и лица без занимање

• Да се подобри квалитетот на работното место и квалитетот на практичната настава за учениците и за студентите во рамки на компаниите

• Во соработка со АВРСМ, да се овозможи обука на работно место за општите работници што се без занимање, до нивна минимална квалификација

За Општина Велес, регионалните комори, средните училишта

• Да се засили свеста кај младите за тоа кои образовни профили недостигаат, а кои образовни профили се вишок, со цел при изборот на поле на образование, младите лица да донесуваат одлуки според информациите

За Државниот завод за статистика

• Да собира и објавува статистика на пазарот на труд на ниво на општина (стапки на вработеност, невработеност и активност)

Източен Регион

Дијагностика на пазарот на труд во општина Штип

Во општина Штип се присутни пониска квалификација, недостиг од квалификувана работна сила, дефицитарен јаз за занимањата со средни и со ниски вештини и драстичен суфицитарен јаз кај одредени занимања со високо образование. На секој побаран работник со основно образование за Источниот регион, општина Штип располага со по шест невработени лица. Но, овој јаз исчезнува кај лицата со средно образование. А тоа упатува на тоа дека постои потенцијална пониска квалификација. Образовните институции во општина Штип имаат потенцијал делумно да го адресираат јазот кај дефицитарните занимања. Иако, потребен е поголем напор за надминување на проблемот со недостиг од работна сила, кој е ургентен (особено за занимањата со ниски и со средни вештини).

Оваа дијагностика препорачува да се преземат конкретни акции за намалување на јазовите меѓу образованието и занимањето на пазарот на труд во општина Штип преку:

- **Образовните институции што имаат воспоставени програми во дефицитарни занимања, кои треба да ги зголемат атрактивноста и квотите за продуцирање повеќе кадар**
- **Да се стимулира и интензивира делувањето на верификацијата на програмите за образование на возрасни во соработка со АВРСМ и Центарот за вработување**
- **Засилување на соработката меѓу средните стручни училишта и бизнис-секторот**
- **Реосмислување на програмите / насоките и на вештините што ги нуди здобиената диплома, во согласност со потребните занимања на пазарот на труд на општина Штип и според потребните вештини (на пример, вештини поврзани со СТЕМ-науките, аналитички вештини, критичко размислување и слично)**
- **Советување за кариера и насочување на младите во изборот на занимањето базирано на потребите на пазарот на труд**

ЦЕЛ

Целта на овој бриф е да направи дијагностика на пазарот на труд во општина Штип и да понуди конкретни препораки за подобрување на состојбата на пазарот на труд на локалното население и намалување на хоризонталните и на вертикалните јазови.

ВОВЕД

Општина Штип е најголема општина во Источниот регион, со 48.657[1] жители, и зафаќа 28 проценти од вкупниот број жители во Источниот регион. Во моментот, пазарот на труд во Источниот регион е поволен; регионот има втора по ред стапка на невработеност[2] и трета по ред стапка на вработеност[3] и на активност во споредба со другите седум региони.

Во 2019 година стапката на невработеност на популација од 15 години и повеќе е 7,8 проценти (7,9 проценти за жени и 7,8 проценти за мажи), стапката на вработеност е 54,3 проценти, и стапката на активност е 58,9 проценти. Сепак, поволниот тренд не се одразува врз просечната бруто-плата, која е умерена и изнесува 30.407 денари. Со тоа, Источниот регион е во средина според просечната плата (Регионите во Република Северна Македонија, ДЗС, 2020 година). Регионот се карактеризира со поволни климатски и хидролошки предиспозиции, и, веројатно, доминантноста на овој сектор влијае врз нивото на просечната плата. Дополнително, општина Штип има централна географска локација, што ја прави атрактивна за странските инвеститори.

[1] Процени на населението на 31.12.2015 год., (НТЕС 3-2007 година), Скопје
[2] По Југоисточниот регион (6,3 проценти)
[3] По Југоисточниот регион (63,3 проценти и Вардарскиот регион (55,2 проценти)

СТРУКТУРА НА ПАЗАР НА ТРУД

Понуда

Од регистрираните невработени лица што активно бараат работа во општина Штип во 2020 година, 52 процента се жени и 48 процента се мажи. Од аспект на образование, доминираат лица со ниско образование. Повеќе од една половина (57 проценти) од невработените лица се без основно и со основно образование (47 проценти) и со нецелосно средно образование (10 проценти) (графикон 1).

Графикон 1: Невработени лица во општина Штип според степен на образование



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Најголем дел од невработените се на возраст од 50 години и повеќе (41 процент). Потоа се лицата на возраст од 30 до 50 години. И најмало е учеството кај младите до 29 години (графикон 2).

Графикон 2: Структура на невработени според возраст



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

60 проценти од невработените лица чекаат вработување до една година, од кои најголем дел од еден до пет месеци (графикон 3). Веројатно индивидуалните карактеристики на оваа група невработени (степен на образование, образовен профил, возраст) се посоодветни до побарувачката на пазарот на труд, во споредба со невработените лица што чекаат за вработување повеќе од една година. За оваа група има изгледи на фрикциска невработеност, која може да се објасни со потребниот период на транзиција од образование кон вработување, приспособување на резервациската плата, времето потребно за аплицирање за работа и процесот на регрутирање до вработување и слично. Учеството на невработени опаѓа како што се зголемува времето на чекање, што е позитивен тренд. Сепак, 21 процент од невработените чекаат за вработување повеќе од две години, што упатува на веројатност за структурна невработеност кај овие лица.

Освен невработените активни баратели на работа, умерена резерва на невработени во општина Штип се и лицата регистрирани како пасивни баратели на работа. Според Агенцијата за вработување, оваа категорија има 1.076 лица, што е 25 проценти од вкупниот број активни баратели. Една половина од нив се без образование и со основно образование (35 проценти), и со нецелосно средно образование (14 проценти). Тоа упатува на тоа дека овие лица се, главно, со ниско образование. Истовремено, 14 проценти од оваа група лица се со завршено високо образование. Причините за пасивно барање работа може да се од различна природа: лицата изгубиле надеж дека АВРСМ ќе им помогне да најдат работа, но притоа останале подготвени да прифатат работа надвор од државниот систем на посредување; имале повремена, привремена или хонорарна работа, неформална работа; како и лица што, евентуално, не биле присутни во државата; поради тоа ваквите подгрупи ги немало ниту во регистрираната вработеност ниту во активните баратели на работа при АВРСМ.

Побарувачка

Според регионалната анкета за побарувачка за 2020 година, вкупната побарувачка за Источниот регион изнесува 2.546 работно место, што претставува 61 процент од невработената работна сила во општина Штип.

Графикон 4 прави преглед на побарувачката за работни места според образование и големина на компанија. Во општина Штип постои значајна рамномерност во генерирањето на работните места во зависност од големината на компанијата. 38 проценти од празните работни места се очекува да бидат генерирани од средни компании, и дополнителни 35 проценти од големи компании, и 27 проценти од мали работодавци. Тоа може да ја објаснува и структурата на работодавците во општина Штип, каде што има солидна диверзификација на компаниите во зависност од нивната големина. Од аспект на потребата според образование, доминира потребата за работници со средно образование (84 проценти) и со основно образование (13 проценти).

Графикон 3: Невработени за општина Штип според времето на чекање



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Графикон 4: Побарувачка по образование и големина на компанија



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Доколку ја вкрстиме побарувачката според образование и занимање (НКЗ-ISCO 08) (графикон 5), ќе забележиме дека целата побарувачката за работници со завршено основно образование е од групата елементарни занимања (доминантно за општ работник, потоа се работник за едноставни работи на производствена линија, рударски работник и пеглач на алишта и слично). Побарувачката за работници со средно образование е похетерогена од аспект на занимања. 49 проценти од вкупната побарувачка за работници и 70 проценти од побарувачката за работници со средно образование е за неиндустриски начин на работа во производство и вклучуваат: шивач, заварувач, шивач на текстил, столар, чевлар, тапетар, ткајач и слично. Следни се занимања за работници во услужни дејности и вклучуваат: продавач, касиер, келнер, готвач и слични занимања.

Графикон 5: Побарувачка по занимање

Извор: *АВРСМ, регионална анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот во РСМ за 2020 година* [4]

Кај лицата со завршено средно и вишо образование, цела побарувачка е за занимањето техничари и сродни занимања, кои вклучуваат: оператор за машинско одржување, техничар-оператор, машински техничар.
Сите барани работници со високо образование се во занимањето стручњаци и научници. Од нив, една половина се однесува на машински инженер и инженер-технолог за преработка на дрво.

Јаз на пазарот на труд според образование и занимање

Јазовите на пазарот на труд во општина Штип се идентификуваат со споредување на понудата и на побарувачката на работници земајќи го предвид нивото на образование и занимањето. Графикон 6 го прикажува бројот на понудени работници (што сакаат да работат) на секое побарано работно место, според степенот на образование. Резултатите покажаа дека јазот е најголем кај основното образование. На секој еден побаран работник со основно образование од компаниите за Источниот регион, општина Штип има по шест невработени лица, за средно и за вишо образование постои целосно вкрстување и соодносот е 0,84, а за високо е 4,5.

[4] Анкетата е на примерок од 3.295 работодавци во приватниот сектор со седум и повеќе вработени, стратификувана по регион и по сектор на работодавец. Примерокот ги вклучува сите средни и големи работодавци, а другиот дел се избрани по случаен избор до постигнување на целта

Графикон 6: Јаз во понуда и побарувачка според образование



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија, 2020*

Подетална слика за јазовите на пазарот труд се добива со вкрстување на бараните занимања на пазарот на труд со понудените профили на невработени активни баратели на работа.

Табела 1 прави дијагностика на јазовите на пазарот на труд според побаруваните занимања и профилот на невработени активни баратели на работа за општина Штип. Јазовите може да се анализираат според степенот на образование во рамки на едно занимање (хоризонтално) и вертикално, за различни занимања. Јазовите каде што понудата е поголема од побарувачка се означени со црвени нијанси (интензивна црвена – драстичен јаз, бледа црвена - умерен јаз). Бледожолта боја означува дека вкрстувањето на понудата и на побарувачката е речиси целосно и нема јаз. Зелените нијанси означуваат дефицитарен јаз, каде што побарувачката за работни места е поголема од понудата (интензивна зелена – драстичен јаз, бледозелена - умерен јаз).

Резултатите покажуваат дека кај високите вештини, јазови постојат кај осум од десет занимања, доминантно позитивни. Кај пет занимања јазовите се драстични. Кај занимањата со високо образование, кај две занимања има драстични суфицитарни јазови: правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата и стручњаци за образование. Исто така, кај овие занимања драстичните јазови се појавуваат за кое било ниво на образование, што упатува на тоа дека пазарот на труд во општина Штип нема доволна побарувачка за тоа занимање. Кај занимањата со високи вештини и со средно образование позитивните јазови се поради помала побарувачка. Драстичен јаз постои за занимањето техничари и асистенти во здравство. Но, мобилноста на овој кадар е повисока, а, исто така, треба да се има предвид и побарувачката за ова занимање на национално ниво. Оттука, овој јаз не треба да се смета за загрижувачки. Суфицитарен јаз на поголема понуда од побарувачка на работна сила за лицата со средно образование се појавува и за занимањата: бизнис и административни стручни занимања и помошни стручњаци за наука и за инженеринг. Но, и кај двете занимања јазот преминува во дефицитарен со зголемување на степенот на образование, што упатува на потенцијална пониска квалификуваност.

Кај занимањата со средни вештини доминираат дефицитарните јазови. Умерен суфицитарен јаз на поголема понуда од побарувачка на работна сила има само кај едно од 14 занимања (работници со електротехнологија). Умерени суфицитарни јазови постојат и кај занимањата: преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања и ракувачи на машини и на постројки, за лицата со основно образование. Но, тие исчезнуваат и преминуваат во драстични дефицитарни за лицата со завршено средно образование, што индицира дека се работи за занимања каде што има пониска квалификација и дека е потребна доквалификација на лицата со основно образование. Освен кај овие занимања, за лицата со завршено средно образование драстични дефицитарни јазови се појавуваат и кај дополнителни четири занимања, и тоа: продавачи; градежници и сродни градежни работници; возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж и составувачи на машини и на опрема.

Кај занимањата со ниски вештини постојат драстични дефицитарни јазови за општи работници во рударството, градежништвото, производството и во транспортот; и општи работници, собирачи на смет и сродни занимања, но истовремено постои драстичен суфицит на невработена работна сила кај лицата без занимање и кај лицата со гимназиско средно образование. Оттука, јазот во занимањата со ниски вештини би можел да се намали доколку лицата без занимање се квалификуваат до ниво на општ работник и соодветно да се вкрстат со потребите за тоа занимање. Кај лицата со гимназиско образование, неопходно е да се преземат акции за доквалификација и / или преквалификација.

Генералниот заклучок е дека во општина Штип пазарот на труд има недостиг од работна сила, главно за занимањата со средни вештини, недостиг за општи работници и пониска квалификуваност кај лицата со основно образование и без занимање. Ова во одредена мера може да се должи и на трендот на емиграција во земјата. Суфицитарни јазови (кога понудата е поголема од побарувачката) со високи вештини постојат кај општествените и образовни

занимања, што е резултат на општата образовна стратегија во изминатата деценија на национално ниво. Освен јазовите од аспект на формално образование, квалитетот на образование и здобиените вештини се, исто така, значајни. Истражувањето на Светска банка (2020 година) идентификува дека обуките понудени од образовниот систем не се соодветни со потребите на компаниите. Во истата студија е идентификувано дека учениците немаат и соодветни практични вештини на здобиената диплома[5].

Табела 1: Јазови на пазарот на труд според занимање – образовен профил

Вештина	Шифра	Занимање/профил	Основно	Средно	Вишо	Високо
Висока вештина	21	Стручњаци за наука и за инженеринг				
	22	Стручњаци од областа на здравството				
	23	Стручњаци за образование				
	24	Стручњаци за бизнис и за администрација				
	25	Стручњаци за информатичка и за комуникациска технологија				
	26	Правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата				
	31	Помошни стручњаци за наука и за инженеринг				
	32	Техничари и асистенти во здравството				
	35	Техничари за информатичка и за комуникациска технологија				
	33	Бизнис и административни стручни соработници				
Средна вештина	43	Службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и во транспортот				
	51	Работници во персонални служби				
	52	Продавачи				
	54	Занимања за заштита на лица и на имот				
	61					
	62					
	71	Градежници и сродни градежни работници				
	72	Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања				
	73	Прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари				
	74	Работници со електротехнологија				
	75	Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања				
	81	Ракувачи на машини и на постројки				
	82					
	83	Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж				
Ниска вештина	92	Општи работници во земјоделството, шумарството и во рибарството				
	93	Општи работници во рударството, градежништвото, производството и во транспортот				
	96	Општи работници, собирачи на смет и сродни занимања				
		Без занимање				
		Гимназија				

Извор: *Агенција за Вработување на Република Северна Македонија, пресметка на авторот*

Легенда:

Значително суфицитарно | Суфицитарно | Соодветно вкрстување | Дефицитарно | Значително дефицитарно

[5]Светска банка (2020 година) Наоѓање решенија за невработеноста на младите во Северна Македонија

Образовното профилирање како фактор за надминување или засилување на јазовите

Во општина Штип има шест средни училишта, еден универзитет со 16 факултети, верификација на возрасни за доквалификација и за преквалификација. Се очекува овие институции во следните две години да продуцираат 4.881 профилирани кадри на пазарот на труд. 80 проценти од вкупната понуда на образовни профили е во пет занимања, доминантно со високо образование: правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата; стручњаци од областа на здравството; стручњаци за наука и за инженеринг; стручњаци за бизнис и за администрација и техничари и асистенти во здравството.

Овие резултати упатуваат на тоа дека општина Штип има значајна воспоставена образовна инфраструктура за продуцирање профилирана работна сила. Со цел да идентификуваме колку овие кадри се соодветни на пазарот на труд, во табела 2 ги вкрстуваме идентификуваните јазови со очекуваниот образовен профил за следните две години.

Резултатите покажуваат дека стручните училишта и верификацијата на возрасни може да бидат активни фактори во надминувањето на дел од дефицитарните јазови во општина Штип. Па така, дефицитарниот јаз кај преработувачи на текстил (шивач и шивач на текстил), може да се ублажат со продуцирање кадар од СОУ „Димитар Мирасчиев“, со доквалификација до средно образование на невработените лица од тоа занимање, а со завршено основно образование. Јазот за занимањата: продавачи и градежници и сродни градежни работници, може да се ублажи со зголемување на бројот на лица доквалификувани во ова занимање од страна на Отворен граѓански универзитет „Јоска Свештарот“ од Струмица од програмата за верификација на возрасни.

Дел од образовните институции во Штип, кои продуцираат кадар со високи вештини, како што се стручњаци и техничари и асистенти во здравство, создаваат умерен суфицитарен јаз. Но, земајќи предвид дека е занимање за кое има повисока мобилност на пазарот на труд и веројатноста дека дел од лицата со завршено средно образование ќе продолжат со образование, овој притисок не претставува закана. Но, натамошното продуцирање образовни профили: правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата; помошни стручњаци за наука и инженеринг и бизнис и административни стручни соработници, ќе ги продлабочи суфицитарните јазовите и ќе создава дополнителни нарушувања на пазарот на труд.

Во однос на профилирање со општо гимназиско образование, можностите на пазарот на труд ќе зависат само од тоа дали овие лица ќе се допрофилираат во дефицитарни или суфицитарни занимања, но останувањето само со општо гимназиско образование ги затвара перспективите на овие лица. На крај, програмата за верификација на возрасни може да ја засили својата улога и активно да се вклучи во ублажување на јазовите во дефицитарните занимања за општи работници со основно образование преку доквалификација и преквалификација на невработените лица без занимање.

Графикон 7: Понуда на профилирана работна сила од образовните институции во следните две години

Извор: *Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија*

Табела 2: Вкрстување на јазот и на понудата на профилирани кадри од образовните институции во следните две години

			Јазови				Понуда од образовни институции	
Вештина	Шифра	Занимање/образовен профил	Основно	Средно	Вишо	Високо	Средно	Високо
Висока вештина	21	Стручњаци за наука и за инженеринг						735
	22	Стручњаци од областа на здравството						926
	23	Стручњаци за образование						131
	24	Стручњаци за бизнис и за администрација						680
	25	Стручњаци за информатичка и за комуникациска технологија						237
	26	Правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата					84	1034
	31	Помошни стручњаци за наука и за инженеринг					338	
	32	Техничари и асистенти во здравството					426	
	35	Техничари за информатичка и за комуникациска технологија						
	33	Бизнис и административни стручни соработници						
Средна вештина	43	Службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и во транспортот						
	51	Работници во персонални служби					30	
	52	Продавачи						
	54	Занимања за заштита на лица и на имот						
	61							
	62							
	71	Градежници и сродни градежни работници						
	72	Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања						
	73	Прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари						
	74	Работници со електротехнологија						
	75	Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања						
	81	Ракувачи на машини и на постројки						
	82							
	83	Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж						
Ниска вештина	92	Општи работници во земјоделството, шумарството и во рибарството						
	93	Општи работници во рударството, градежништвото, производството и во транспортот						
	96	Општи работници, собирачи на смет и сродни занимања						
		Без занимање						
		Гимназија					260	

Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија, пресметка на авторот*

Легенда:

Значително суфицитарно Суфицитарно Соодветно вкрстување Дефицитарно Значително дефицитарно

ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Дијагностиката на пазарот на труд на општина Штип покажа дека најголем јаз образование – занимање постои кај лицата со основно образование. На секој побаран работник со основно образование за Источниот регион, општина Штип располага со шест невработени лица. Но, овој јаз исчезнува кај лицата со средно образование. Што упатува на тоа дека постои потенцијална пониска квалификација. Во општина Штип доминираат дефицитарни јазови, кои укажуваат на недостиг од квалификувана работна сила, особено изразени за занимањата со ниски и со средни вештини. Но, истовремено, кај лицата со високи вештини се идентификувани суфицитарни јазови со драстично поголема понуда од побарувачка, кои постојат кај занимања што претставуваат предизвик и на национално ниво. Образовните институции во општина Штип имаат потенцијал делумно да ги адресираат јазовите кај дефицитарните занимања. Иако, потребен е поголем напор за надминување на проблемот со недостиг од работна сила, кој потенцијално може да се ублажи преку доквалификација на невработените лица без квалификација и со активирање на пасивните баратели на работа.

ПРЕПОРАКИ

Препораки за надминување на проблемот со недостиг од квалификувана работна сила за Центарот за вработување и за АВРСМ

Да се дизајнираат активни мерки за вработување за невработените активни баратели на работа во општина Штип, и тоа:

- Квалификација на лицата без занимање и со основно образование во општи работници. Верификацијата на програми за образование на возрасни, во соработка со АВРСМ, да дизајнира и да испорача курсеви и модули за лицата без занимање да добијат квалификација соодветна за занимања со вештини од ниво 1

- До/преквалификација на лицата со завршено општо гимназиско образование во некои од дефицитарните занимања со средно образование (на пример продавач, заварувач, касиер)

- Активација на работоспособните пасивни баратели на работа. Центарот за вработување да спроведе кампања за активирање на пасивните баратели за работа и за идентификување на причините за пасивизацијата. Да се зацврстат механизмите што ќе оневозможат манипулација на системот и ќе овозможат доследна примена на законот за прекинување на минималната гарантирана помош во случај на одбивање понудена работа

За образовните институции и МОН

- На краток рок да се надминат јазовите со дефицитарни занимања преку:

  - Образовните институции што имаат воспоставени програми во дефицитарни занимања да ја зголемат атрактивноста и квотите за продуцирање повеќе кадар. На пример, дефицитарниот јаз за занимањето преработувачи на текстил (шивач и шивач на текстил) може да се ублажи со продуцирање кадар од СОУ „Димитар Мирасчиев“, со доквалификација до средно образование на невработените лица од тоа занимање, а со завршено основно образование

  - Да се стимулира и интензивира делувањето на верификацијата на програмите за образование на возрасни во соработка со АВРСМ и Центарот за вработување

  - Стручните средни училишта да ја подобрат соработката со приватниот сектор. Соработката може да се поттикне преку:

    - Редовна практика за учениците од средните стручни училишта во соодветни компании

    - Пилот-програма за дефицитарни занимања

- На среден рок е неопходно да се направи реосмислување на програмите / насоките и на вештините што ги создава здобиената диплома:

  - Програмите и насоките на образовните институции да се дизајнираат во согласност со потребните занимања на пазарот на труд во општина Штип

  - Курикулумите да ги одразуваат бараните вештини на 21 век (на пример, вештини поврзани со СТЕМ-науките, аналитички вештини, критичко размислување и сл.)

  - Советување за кариера и насочување на младите во изборот на занимањето базирано на потребите на пазарот на труд.

За бизнис-секторот

- Да се интензивира соработката со средните стручни училишта

- При барање општи работници да се прошират огласите со можност да аплицираат и лица без занимање

- Да се подобри квалитетот на работното место и квалитетот на практичната настава за учениците и за студентите во рамки на компаниите

- Во соработка со АВРСМ, да се овозможи обука на работно место за општите работници што се без занимање, до нивна минимална квалификација

За Општина Штип, регионалните комори, средните училишта

- Да се засили свеста кај младите за тоа кои образовни профили недостигаат, а кои образовни профили се вишок, со цел при изборот на поле на образование, младите лица да донесуваат одлуки според информации

За Државниот завод за статистика

- Да собира и објавува статистика на пазарот на труд на ниво на општина (стапка на вработеност, невработеност и на активност)

Југоисточен Регион

Дијагностика на пазарот на труд во општина Радовиш



Во општина Радовиш се присутни недостиг од квалификувана работна сила и дефицитарен јаз за занимањата со средни и со ниски вештини. На секој побаран работник со основно образование за Југоисточниот регион, општина Радовиш располага со 2 невработени лица. Но, кај лицата со основно образование овој јаз е двојно поголем (пет), а исчезнува кај лицата со високо образование и преминува во дефицитарен кај лицата со средно образование. Кај лицата со високи вештини, суфицитарен јаз со драстично поголема понуда од побарувачка постои кај занимањето правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата. Образовните институции во општина Радовиш имаат ограничен потенцијал да ги адресираат јазовите кај дефицитарните занимања. Потребен е поголем напор за унапредување на образовната инфраструктура.

Оваа дијагностика препорачува да се преземат конкретни акции за намалување на јазовите меѓу образованието и занимањето на пазарот на труд во општина Радовиш преку:

- **Квалификација на невработените лица без занимање во општи работници (во соработка со АВРСМ)**
- **Активација на работоспособните пасивни баратели на работа преку кампања за активирање на пасивните баратели за работа, идентификување на причините за пасивизацијата и зацврстување на механизмите што ќе оневозможат манипулација на системот**
- **Засилување на образовната инфраструктура во Радовиш и поттикнување на улогата на програмите за верификација на возрасни и други потенцијални центри што ќе обезбедат доквалификација и преквалификација**
- **Реосмислување на програмите / насоките и на вештините што ги нуди здобиената диплома, во согласност со потребните занимања на пазарот на труд на општина Радовиш и според потребните вештини (на пример, вештини поврзани со СТЕМ-науките, аналитички вештини, критичко размислување и слично)**
- **Советување за кариера и насочување на младите во изборот на занимање базирано на потребите на пазарот на труд**

ЦЕЛ

Целта на овој бриф е да направи дијагностика на пазарот на труд во општина Радовиш и да понуди конкретни препораки за подобрување на состојбата на пазарот на труд на локалното население и намалување на хоризонталните и на вертикалните јазови.

ВОВЕД

Општина Радовиш е втора по големина општина во Југоисточниот регион, со 56,961[1] жители, и зафаќа 17 проценти од вкупниот број жители во Југоисточниот регион. Во моментот пазарот на труд во Југоисточниот регион е поволен; регионот има најниска стапка на невработеност и највисока стапка на вработеност и на активност во споредба со другите седум региони. Во 2020 година стапката на невработеност на популација од 15 години и повеќе е 4,3 проценти (4,5 проценти за жени и 4,2 проценти за мажи), стапката на вработеност е 62,5 проценти и стапката на активност е 65,3 проценти. Сепак, поволниот тренд не е одразен врз просечната бруто-плата, која е умерена и изнесува 32.660 денари. Со тоа, Југоисточниот регион е втор регион по ред одзади според висината на просечната плата[2] (Регионите во Република Северна Македонија, ДЗС, 2021 година). Регионот се карактеризира со поволни климатски и педолошки услови за развој на земјоделството и, веројатно, доминантноста на овој сектор влијае врз нивото на просечната плата.

[1]Процени на населението на 31.12.2015 год., (НТЕС 3-2007 година), Скопје.
[2]По Североисточниот регион со 32.483 денари.

СТРУКТУРА НА ПАЗАРОТ НА ТРУД

Понуда

Од регистрираните невработени лица што активно барале работа во општина Радовиш во 2020 година, 53 проценти се жени и 479 проценти се мажи. Од аспект на образование, доминираат лица со ниско образование. 80 процент од невработените лица се без основно и со основно образование (74 проценти) и со нецелосно средно образование (пет проценти) (графикон 1).

Графикон 1: Невработени лица во општина Радовиш според степен на образование





Извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија

Најголем дел од невработените се на возраст од 30 до 50 години (41 процент). Потоа се регистрирани невработени лица со 50 години и повеќе и најмала е застапеноста кај младите до 29 години (графикон 2).

Графикон 2: Структура на невработени според возраст



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Една половина од невработените чекаат вработување од една до три години (графикон 3). Веројатно, процесот на транзиција од училиште кон пазар на труд е побавен и постојат поголеми неусогласувања меѓу понудата и побарувачката на пазарот на труд. Дополнителни 18 проценти од невработените чекаат за вработување повеќе од две години, што упатува на веројатност за структурна невработеност. Тие што чекаат работа до една година се застапени со 26 проценти, од кои најголем дел чекаат работа од шест до единаесет месеци. Веројатно индивидуалните карактеристики на оваа група невработени (степен на образование, образовен профил, возраст) се посоодветни до побарувачката на пазарот на труд во споредба со невработените што чекаат за вработување повеќе од една година. За оваа група има изгледи на фрикциска невработеност, која може да се објасни со потребниот период на транзиција од образование кон вработување, приспособување на резервациската плата, времето потребно за аплицирање за работа и процесот на регрутирање до вработување и слично.
Освен невработените активни баратели на работа, во помал обем во општина Радовиш се и лицата регистрирани како пасивни баратели на работа. Според Агенцијата за вработување, оваа категорија има 881 лице, што е 19 проценти од вкупниот број активни баратели. Две третини се со основно образование (54 проценти) и со нецелосно средно образование (осум проценти), 31 процент се со средно образование. Истовремено, само шест проценти од оваа група лица се со завршено вишо и високо образование. Причините за пасивно барање работа може да се од различна природа: лицата изгубиле надеж дека АВРСМ ќе им помогне да најдат работа, но притоа останале подготвени да прифатат работа надвор од државниот систем на посредување; имале повремена, привремена или хонорарна работа, неформална работа; како и лица што, евентуално, не биле присутни во државата; поради што ваквите подгрупи ги немало ниту во регистрираната вработеност ниту во активните баратели на работа при АВРСМ.

Побарувачка

Според регионалната анкета за побарувачка за 2021 година, вкупната побарувачка за Југоисточниот регион изнесува 1.215 работни места, што претставува 49 проценти од невработената работна сила во општина Радовиш.
Графикон 4 прави преглед на побарувачката за работни места според образование и големина на компанија. 44 проценти од празните работни места се очекува да бидат генерирани од компании што се средни по големина, дополнителни 40 проценти од малите работодавци и 16 проценти од големите работодавци. Тоа може да ја објасни и структурата на работодавците во општина Радовиш, каде што доминираат малите и средните работодавци. Од аспект на потребата според образование, доминира потребата за работници со средно образование (66 проценти) и со основно образование (22 проценти).

Графикон 3: Невработени за општина Радовиш според време на чекање



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Графикон 4: Побарувачка по образование и по големина на компанија



Извор: *АВРСМ, регионална анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот во РСМ за 2021 година*

Доколку ја вкрстиме побарувачката според образование и занимање (НКЗ-ISCO 08) (графикон 5), ќе забележиме дека целата побарувачката за работници со завршено основно образование е од групата елементарни занимања (доминантно за општ работник, потоа производство на текстил, работник во нискоградба и слично). Побарувачката за работници со средно образование е похетерогена од аспект на занимања. Дури и за елементарните занимања, има побарувачка за работници со средно образование (ракувач со градежна машина и работник за изградба на ПВЦ столарија).

38 проценти од вкупната побарувачка за работници и 58 проценти од побарувачката за работници со средно образование е за неиндустриски начин на работа во производство и вклучува: шивач, градежен работник, кројач, заварувач, бравар, преработувач на овошје и зеленчук, монтер на метални конструкции и слични занимања. Следуваат занимања за работници во услужни занимања и вклучуваат: обезбедување (заштита на лица и на имот), келнер, продавач, касиер, бармен, готвач и слични занимања. Сите барани работници со високо образование се во занимањето стручњаци и научници: машински инженер, инженер за компјутерски науки, доктор по медицина, градежен инженер и слично.

Јаз на пазарот на труд според образование и занимање

Јазот на пазарот на труд во општина Радовиш се идентификува со споредба на понудата и на побарувачката на работници земајќи го предвид нивото на образование и занимањето. Графикон 6 го прикажува бројот на понудени работници (што сакаат да работат) на секое побарано работно место, според степенот на образование. Резултатите покажаа дека јазот е најголем кај основното образование. На секој побаран работник со основно образование од компаниите за Југоисточниот регион, општина Радовиш има по пет невработени лица, за средно образование постои недостиг од работници и на секој еден побаран работник има по 0,7 понудени работници, додека за високо образование постои речиси целосно вкрстување и соодносот е 1,3.

Графикон 5: Побарувачка според занимање и образование за Југоисточниот регион



Извор: *АВРСМ, регионална анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот во РСМ за 2021 година*

Графикон 6: Јаз во понуда и побарувачка според образование



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија, 2021 година*

Подетална слика за јазот на пазарот на труд се добива со вкрстување на бараните занимања на пазарот на труд со понудениот профил на невработени активни баратели на работа. Табела 1 прави дијагностика на јазот на пазарот на труд според бараните занимања и профилот на невработени активни баратели на работа за општина Радовиш. Јазот може да се анализира според степенот на образование во рамки на едно занимање (хоризонтално) и вертикално, за различни занимања. Јазот каде што понудата е поголема од побарувачка е означен со црвени нијанси (интензивноцрвена – драстичен јаз, бледоцрвена – умерен јаз). Бледожолта боја означува дека вкрстувањето на понудата и на побарувачката е речиси целосно и нема јаз. Зелените нијанси означуваат дефицитарен јаз, каде што побарувачката за работни места е поголема од понудата (интензивна зелена – драстичен јаз, бледозелена – умерен јаз). Земајќи предвид дека општина Радовиш учествува со 12 проценти во вкупното население од Југоисточниот регион, јазовите имаат индикативна карактеристика за потребите и за понудата на работна сила на пазарот на труд. Резултатите покажуваат дека во општина Радовиш доминираат дефицитарните јазови. Кај високите вештини, јазот постои кај девет од единаесет занимања. Кај седум занимања јазот е дефицитарен и само кај две занимања постои суфицитарен јаз. Драстичен суфицитарен јаз постои за занимањето правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата и се продлабочува со зголемување на образованието. Исто така, постои поголема понуда и недостиг од побарувачка за стручњаци за образование. Кај занимањето помошни стручњаци за наука и инженеринг суфцитарниот јаз кај лицата со средно образование исчезнува и преминува во драстично дефицитарен кога се зголемува образованието што упатува на потенцијална пониска квалификација. Слично, умерените дефицитарни јазови за лицата со средно образование се продлабочуваат за лицата со вишо образование и кај занимањата: техничари и асистенти во здравство и бизнис и административни стручни соработници.

Кај занимањата со високи вештини и со средно образование позитивниот јаз е поради помала побарувачка. Умерен дефицитарен јаз се појавува и кај стручњаци за наука и инженеринг и кај стручњаци за информатичка и за комуникациска технологија.

Кај занимањата со средни вештини драстичен суфицитарен јаз на поголема понуда од побарувачка на работна сила има само кај едно од 14 занимања (прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари). Умерен суфицитарен јаз за три занимања (обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања; работници со електротехнологија и преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања), од кои кај две суфицитарниот јаз е поради пониското образование, а не несоодветност на занимањето. Тоа упатува на пониска квалификација и дека е потребна доквалификација на лицата со основно образование. Кај осум занимања со средно образование има драстичен дефицитарен јаз, главно во: услужните занимања; градежници и сродни градежни работници; ракувачи на машини и на постројки; и возачи на моторни возила, подвижни постројки. Ова упатува на недостиг од работна сила за овие занимања.

Кај занимањата со ниски вештини карактеристично е што постои дефицитарен јаз за сите занимања со основно образование, главно општи работници и помошници во различни дејности, но истовремено постои драстичен суфицит на невработена работна сила кај лицата без занимање и кај лицата со гимназиско средно образование. Оттука, јазот во занимањата со ниски вештини би можел да се намали доколку лицата без занимање се квалификуваат до ниво на општ работник и соодветно да се вкрстат со потребите за тоа занимање. Кај лицата со гимназиско образование, неопходно е да се преземат акции за доквалификација и / или преквалификација.

Генералниот заклучок е дека во општина Радовиш пазарот на труд има недостиг од работна сила, главно за занимањата со средни вештини, недостиг од општи работници и пониска квалификуваност кај лицата со основно образование и без занимање. Ова во одредена мера може да се должи и на трендот на емиграција во земјата. Суфицитарен јаз (кога понудата е поголема од побарувачката)

со високи вештини постои кај општествените и образовни занимања, што е резултат на општата образовна стратегија во изминатата деценија на национално ниво.

Освен јазот од аспект на формално образование, исто така се значајни и квалитетот на образование и здобиените вештини. Истражувањето на Светска банка (2020) идентификува дека обуките понудени од образовниот систем не се соодветни со потребите на компаниите. Во истата студија, идентификувано е дека учениците немаат и соодветни практични вештини на здобиената диплома[3].

Табела 1: Јазови на пазарот на труд според занимање – образовен профил

Вештина	Шифра	Занимање/профил	Основно	Средно	Вишо	Високо
Висока вештина	21	Стручњаци за наука и инженеринг				
	22	Стручњаци од областа на здравството				
	23	Стручњаци за образование				
	24	Стручњаци за бизнис и администрација				
	25	Стручњаци за информатичка и комуникациска технологија				
	26	Правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата				
	31	Помошни стручњаци за наука и инженеринг				
	32	Техничари и асистенти во здравството				
	34	Правни, општествени и културни стручни соработници				
	35	Техничари за информатичка и комуникациска технологија				
	33	Бизнис и административни стручни соработници				
Средна вештина	43	Службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и транспортот				
	44	Други канцелариски службеници				
	51	Работници во персонални служби				
	52	Продавачи				
	53					
	54	Занимања за заштита на лица и на имот				
	61					
	71	Градежници и сродни градежни работници				
	72	Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања				
	73	Прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари				
	74	Работници со електротехнологија				
	75	Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања				
Ниска вештина	81	Ракувачи на машини и постројки				
	83	Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж				
	91	Чистачи и помошници				
	92	Општи работници во земјоделството, шумарството и во рибарството				
	93	Општи работници во рударството, градежништвото, производството и во транспортот				
	96	Општи работници, собирачи на смет и сродни занимања				
	99					
		Без занимање				
		Гимназија				
	99					
		Без занимање				
		Гимназија				

Извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија, пресметка на авторот

Легенда:

Значително суфицитарно | Суфицитарно | Соодветно вкрстување | Дефицитарно | Значително дефицитарно

[4]Светска банка (2020 година) Наоѓање решенија за невработеноста на младите во Северна Македонија.

Образовното профилирање како фактор за надминување или засилување на јазовите

Во општина Радовиш има едно средно училиште, една високообразовна институција и две верификувани програми за возрасни за доквалификација и преквалификација. Се очекува овие институции во следните четири години да продуцираат 667 профилирани кадри на пазарот на труд. Овие институции продуцираат кадри во три занимања. 65 проценти од вкупната понуда на образовни профили е во гимназиско образование, кои се класифицирани како без занимање. Потоа, 21 процент се во занимањето помошни стручњаци за наука и инженеринг, продуцирани од трите стручни насоки на СОУ „Коста Сусинов“: геолошко-рударска и металуршка, металуршки техничар, електротехничка, електротехничар за компјутерска техника и автоматика, три години електротехничка, електромеханичар за компјутерска техника и автоматика. Електротехничкиот факултет – Радовиш продуцира високообразовани кадри за занимањето стручњаци за наука и инженеринг. Дополнително, Црвениот крст на Република Македонија има две верификувани програми за возрасни за: нег

/ка за помош и нега на стари лица и на лица со попреченост и личен асистент на лица со попреченост.

Овие резултати упатуваат на тоа дека општина Радовиш има скромна воспоставена образовна инфраструктура за продуцирање профилирана работна сила. Со цел да идентификуваме колку овие кадри се соодветни на пазарот на труд, во табела 2 ги вкрстуваме идентификуваните јазови со очекуваните образовни профили за следните четири години. Резултатите покажуваат дека образовните институции и програмите за верификација имаат ограничен потенцијал да придонесат кон надминувањето на дефицитарните јазови во општина Радовиш. Па така, дефицитарниот јаз кај стручњаци за наука и инженеринг (машински инженери, инженери за компјутерски науки и слично) може да се ублажи со продуцирање кадар од Електротехничкиот факултет во Радовиш, со студиска пилот-програма за инженери за компјутерски науки и со зголемување на атрактивноста на факултетот кај младите. Од друга страна, СОУ „Коста Сусинов“ продуцира кадри за заимања што се суфицитарни: помошни стручњаци за наука и инженеринг и гимназија. За занимањата од стручните насоки јазот исчезнува со зголемување на образованието, па така потребно е учениците од овие насоки да се стимулираат да го зголемат своето образование. Земајќи ги предвид резултатите од дијагностиката на пазарот на труд во општина Радовиш, СОУ има простор за пилот-програми за нови насоки во занимањата за кои има драстичен дефицит за лицата со средно образование, како на пример занимањата: градежници и сродни градежни работници и преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања. Во однос на профилирање со општо гимназиско образование, можностите на пазарот на труд ќе зависат само од тоа дали овие лица ќе се допрофилираат во дефицитарни или суфицитарни занимања, но остануваното само со општо гимназиско образование ги затвара перспективите на овие лица. На крај, освен СОУ, активна улога во ублажување на дефицитарните јазови може да имаат и програмите за верификација на возрасни. Во моментот, двете програми за верификација на возрасни придонесуваат кон намалување на дефицитарниот јаз од занимања за лична нега и сродни занимања. Програмите за верификација може да ја засилат својата улога и активно да се вклучат (преку постојните и создавање нови) во ублажување на јазовите во дефицитарните занимања за општи работници со основно образование преку доквалификација и преквалификација на невработените лица без занимање.

Графикон 7: Понуда на профилирана работна сила од образовните институции во наредните две години



Извор: *Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија*

Табела 2: Вкрстување на јазовите и на понудата на профилирани кадри од образовните институции во следните две години

Вешти-на	Шифра	Занимање/профил	Основно	Средно	Вишо	Високо	средно	високо3	доквали-фикација и преквали-фикација
Висока вештина	21	Стручњаци за наука и инженеринг						99	
	22	Стручњаци од областа на здравството							
	23	Стручњаци за образование							
	24	Стручњаци за бизнис и администрација							
	25	Стручњаци за информатичка и комуникациска технологија							
	26	Правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата							
	31	Помошни стручњаци за наука и инженеринг					137		
	32	Техничари и асистенти во здравството							
	34	Правни, општествени и културни стручни соработници							
	35	Техничари за информатичка и комуникациска технологија							
	33	Бизнис и административни стручни соработници							
Средна вештина	43	Службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и транспортот							
	44	Други канцелариски службеници							
	51	Работници во персонални служби							
	52	Продавачи							
	53	Занимања за лична нега и сродни занимања							
	54	Занимања за заштита на лица и на имот							
	61	Пазарно ориентирани стручни земјоделски работници							
	71	Градежници и сродни градежни работници							
	72	Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања							
	73	Прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари							
	74	Работници со електротехнологија							
	75	Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања							
	81	Ракувачи на машини и постројки							
	83	Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж							
Ниска вештина	91	Чистачи и помошници							
	92	Општи работници во земјоделството, шумарството и во рибарството							
	93	Општи работници во рударството, градежништвото, производството и во транспортот							
	96	Општи работници, собирачи на смет и сродни занимања							
	99								
		Без занимање							
		Гимназија							
	99								
		Без занимање							
		Гимназија					431		

Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија, пресметка на авторот*

Легенда:

Значително суфицитарно | Суфицитарно | Соодветно вкрстување | Дефицитарно | Значително дефицитарно

ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Дијагностиката на пазарот на труд на општина Радовиш покажа дека најголем јаз образование – занимање постои кај лицата со основно образование. На секој побаран работник со основно образование од компаниите за Југоисточниот регион, општина Радовиш има по пет невработени лица, за средно образование постои недостиг од работници и на секој еден побаран работник има по 0,7 понудени работници, додека за високо образование постои речиси целосно вкрстување и соодносот е 1,3. Во одредена мера ова се должи и на тоа што учеството на општината во вкупниот регион според бројот на жители е релативно мало, само 17 проценти. Во општина Радовиш доминира дефицитарен јаз што укажува на недостиг од квалификувана работна сила, особено изразен за занимањата со ниски и со средни вештини. Кај лицата со високи вештини, суфицитарен јаз со драстично поголема понуда од побарувачка постои кај занимањето правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата. Образовните институции во општина Радовиш имаат ограничен потенцијал да го ублажат јазот кај дефицитарните занимања. Истовремено, потребно е засилување на улогата на програмите за доквалификација и за преквалификација. Потребен е поголем напор за надминување на проблемот со недостиг од работна сила, кој потенцијално може да се ублажи преку преквалификација на невработените лица со гимназија и доквалификација на невработените лица без квалификација.

ПРЕПОРАКИ

Препораки за надминување на проблемот со недостиг од квалификувана работна сила за Центарот за вработување и за АВРСМ

Да се дизајнираат активни мерки за вработување за невработените активни баратели на работа во општина Радовиш, и тоа:

- Квалификација на лицата без занимање и со основно образование во општи работници. Да се дизајнираат програми за верификација на возрасни во дефицитарните занимања и во соработка со АВРСМ да дизајнираат и испорачаат курсеви и модули за лицата без занимање да добијат квалификација соодветна за занимања со вештини од ниво 1

- До/преквалификација на лицата со завршено општо гимназиско образование во некои од дефицитарните занимања со средно образование (на пример: градежници и сродни занимања, работници во персонални служби; преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања; ракувачи на машини и постројки; возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипажи и слично)

- Активација на работоспособните пасивни баратели на работа. Центарот за вработување да спроведе кампања за активирање на пасивните баратели за работа и идентификување на причините за пасивизацијата. Да се зацврстат механизмите што ќе оневозможат манипулација на системот и доследна примена на законот за прекинување на минималната гарантирана помош во случај на одбивање понудена работа

За образовните институции и МОН

- На краток рок да се надминат јазовите со дефицитарни занимања преку:

  о Образовните институции што имаат воспоставени програми во дефицитарни занимања да ги зголемат атрактивноста и квотите за продуцирање повеќе кадар. На пример, дефицитарниот јаз кај стручњаци за наука и инженеринг (машински инженери, инженери за компјутерски науки и слично) може да се ублажи со продуцирање кадар од Електротехничкиот факултет во Радовиш

  о Програмите за верификација на возрасни во соработка со АВРСМ и Центарот за вработување да се стимулираат да го интензивираат своето дејствување

  о Стручните средни училишта да ја подобрат соработката со приватниот сектор. Соработката може да се поттикне преку:

  - Редовна практика за учениците од средните стручни училишта во соодветни компании

  - Пилот-програми за дефицитарни занимања (на пр., СОУ „Коста Сусинов“ има простор за пилот-програми за нови насоки во занимањата за кои има драстичен дефицит за лицата со средно образование, како на пример занимањата: градежници и сродни градежни работници и преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни

занимања)

• На среден рок, неопходно е да се направи реосмислување на програмите / насоките и на вештините што ги креира здобиената диплома:

о Програмите и насоките на образовните институции да се дизајнираат во согласност со потребните занимања на пазарот на труд во општина Радовиш

о Курикулумите да ги одразуваат бараните вештини на 21 век (на пр., вештини поврзани со СТЕМ-науките, аналитички вештини, критичко размислување и сл.)

о Советување за кариера и насочување на младите во изборот на занимањето, базирано на потребите на пазарот на труд

За бизнис-секторот

• Да се интензивира соработката со средните стручни училишта и со програмите за верификација на возрасни

• При барање општи работници да се прошират огласите со можност да аплицираат и лица без занимање

• Да се подобрат квалитетот на работното место и квалитетот на практичната настава за учениците и за студентите во рамки на компаниите

• Во соработка со АВРСМ, да овозможи обука на работно место за општите работници што се без занимање, до нивна минимална квалификација

За Општина Радовиш, регионалните комори, средните училишта

• Да се засили свеста кај младите за тоа кои образовни профили недостигаат, а кои образовни профили се вишок, со цел при изборот на поле на образование младите лица да донесуваат одлуки според информациите

За Државниот завод за статистика

• Да собира и објавува статистика на пазарот на труд на ниво на општина (стапки на вработеност, невработеност и на активност)

Дијагностика на пазарот на труд во општина Струмица



Во општина Струмица се присутни пониска квалификација, недостиг од квалификувана работна сила и дефицитарен јаз за занимањата со средни и со ниски вештини. На секој побаран работник со основно образование за Југоисточниот регион, општина Струмица располага со седум невработени лица. Но, овој јаз исчезнува кај лицата со средно образование. Што упатува на тоа дека постои потенцијална пониска квалификација. Кај лицата со високи вештини, суфицитарен јаз со драстично поголема понуда од побарувачка постои кај занимањето правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата. Образовните институции во општина Струмица имаат потенцијал делумно да го адресираат јазот кај дефицитарните занимања. Иако, потребен е поголем напор за надминување на проблемот со недостиг од работна сила, кој е ургентен (особено за занимањата со ниски и со средни вештини).

Оваа дијагностика препорачува да се преземат конкретни акции за намалување на јазовите меѓу образованието и занимањето на пазарот на труд во општина Струмица преку:

- **Квалификација на невработените лица без занимање во општи работници (во соработка со АВРСМ)**
- **Активација на работоспособните пасивни баратели на работа преку кампања за активирање на пасивните баратели за работа, идентификување на причините за пасивизацијата и зацврстување на механизмите што ќе оневозможат манипулација на системот**
- **Засилување на соработката меѓу средните стручни училишта со бизнис-секторот**
- **Реосмислување на програмите / насоките и на вештините што ги нуди здобиената диплома, во согласност со потребните занимања на пазарот на труд на општина Струмица и според потребни вештини (на пример, вештини поврзани со СТЕМ-науките, аналитички вештини, критичко размислување и слично)**
- **Советување за кариера и насочување на младите во изборот на занимање базирано на потребите на пазарот на труд**

ЦЕЛ

Целта на овој бриф е да направи дијагностика на пазарот на труд во општина Струмица и да понуди конкретни препораки за подобрување на состојбата на пазарот на труд на локалното население и намалување на хоризонталните и вертикалните јазови.

ВОВЕД

Општина Струмица е најголема општина во Југоисточниот регион, со 56.961[1] жител, и зафаќа 32 проценти од вкупниот број жители во Југоисточниот регион. Во моментот, пазарот на труд во Југоисточниот регион е поволен; регионот има најниска стапка на невработеност и највисока стапка на вработеност и активност во споредба со другите седум региони. Во 2019 година стапката на невработеност на популација од 15 години и повеќе е 6,3 проценти (5,1 проценти за жени и 7,9 проценти за мажи), стапката на вработеност е 63,3 проценти и стапката на активност е 67,6 проценти. Сепак, поволниот тренд не е одразен врз просечната бруто-плата, која е умерена и изнесува 30.029 денари. Со тоа, Југоисточниот регион е втор регион по ред одзади според висината на просечната плата[2] (Регионите во Република Северна Македонија, ДЗС, 2020 година). Регионот се карактеризира со поволни климатски и педолошки услови за развој на земјоделството и, веројатно, доминантноста на овој сектор влијае врз нивото на просечната плата.

[1]Процени на населението на 31.12.2015 год., (НТЕС 3-2007 година), Скопје
[2]По Североисточниот регион со 29.131 денари

СТРУКТУРА НА ПАЗАР НА ТРУД

Понуда

Од регистрираните невработени лица што активно бараат работа во општина Струмица во 2020 година, 51 процент се жени и 49 проценти се мажи. Од аспект на образование, доминираат лица со ниско образование. Три четвртини (76 проценти) од невработените лица се без основно и со основно образование (69 проценти) и со нецелосно средно образование (седум проценти) (графикон 1).

Графикон 1: Невработени лица во општина Струмица, според степен на образование





Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Најголем дел од невработените се на возраст од 30 до 50 години (41 процент). Помалку регистрирани невработени лица и со сличен број има кај лицата со 50 години и повеќе и кај младите до 29 години (графикон 2).

Графикон 2: Структура на невработени според возраст



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

50 проценти од невработените чекаат вработување до една година, од кои најголем дел од еден до пет месеци (графикон 3). Веројатно индивидуалните карактеристики на оваа група невработени (степен на образование, образовен профил, возраст) се посоодветни до побарувачката на пазарот на труд во споредба со невработените што чекаат за вработување повеќе од една година. За оваа група има изгледи на фрикциска невработеност, која може да се објасни со потребниот период на транзиција од образование кон вработување, приспособување на резервациската плата, времето потребно за аплицирање за работа и процесот на регрутирање до вработување и слично. Иако ваквата структура изгледа охрабрувачка, 25 проценти од невработените чекаат за вработување повеќе од две години, што упатува на веројатност за структурна невработеност.

Освен невработените активни баратели на работа, значаен контингент во општина Струмица се и лицата регистрирани како пасивни баратели на работа. Според Агенцијата за вработување, оваа категорија има 3.334 лица, што е 74 проценти од вкупниот број активни баратели. Две третини од нив се со основно образование (55 проценти) и со нецелосно средно образование (13 проценти). Тоа упатува на тоа дека овие лица се, главно, со ниско образование. Истовремено, само седум проценти од оваа група лица се со завршено високо образование. Причините за пасивно барање работа може да се од различна природа: лицата изгубиле надеж дека АВРСМ ќе им помогне да најдат работа, но притоа останале подготвени да прифатат работа надвор од државниот систем на посредување; имале повремена, привремена или хонорарна работа, неформална работа; како и лица што, евентуално, не биле присутни во државата; поради што ваквите подгрупи ги немало ниту во регистрираната вработеност ниту во активните баратели на работа при АВРСМ.

Графикон 3: Невработени за општина Струмица според време на чекање



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Побарувачка

Според регионалната анкета за побарувачка за 2020 година, вкупната побарувачка за Југоисточниот регион изнесува 1.640 работни места, што претставува 36 проценти од невработената работна сила во општина Струмица.

Графикон 4 прави преглед на побарувачката за работни места според образование и големина на компанија. Речиси една половина од празните работни места се очекува да бидат генерирани од мали работодавци, дополнителни 33 проценти од средните компании, и 22 процента од големите работодавци. Тоа може да ја објасни и структурата на работодавците во општина Струмица, каде што доминираат малите работодавци. Од аспект на потребата според образование, доминира потребата за работници со средно образование (69 проценти) и со основно образование (27 проценти).

Графикон 4: Побарувачка по образование и големина на компанија



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Доколку ја вкрстиме побарувачката според образование и занимање (НКЗ-ISCO 08) (графикон 5), ќе забележиме дека целата побарувачката за работници со завршено основно образование е од групата елементарни занимања (доминантно за општ работник, потоа собирач на пари од автомати за игри, дистрибутер, работник на едноставни работи при изработка на градежен материјал, портир, работник за рачно пакување и слично). Побарувачката за работници со средно образование е похетерогена од аспект на занимања. Дури и за елементарните занимања, има побарувачка за работници со средно образование. 34 проценти од вкупната побарувачка за работници и 49 проценти од побарувачката за работници со средно образование е за неиндустриски начин на работа во производство и вклучува: шивач, градежен работник, кројач, ѕидар, заварувач, бравар и слични занимања. Следни се занимања за работници во услужни занимања и вклучуваат: келнер, продавач, касиер, бармен, готвач и слични занимања. Сите барани работници со високо образование се во занимањето стручњаци и научници. Од нив, една третина се однесува на градежен инженер и 19 проценти за инженер технолог.

Јаз на пазарот на труд според образование и занимање

Јазот на пазарот на труд во општина Струмица се идентификува со споредба на понудата и на побарувачката на работници земајќи го предвид нивото на образование и занимањето. Графикон 6 го прикажува бројот на понудени работници (што сакаат да работат) на секое побарано работно место, според степенот на образование. Резултатите покажаа дека јазот е најголем кај основното образование. На секој побаран работник со основно образование од компаниите за Југоисточниот регион, општина Струмица има по седум невработени лица, за средно и за вишо образование постои целосно вкрстување и соодносот е еден, а за високо е 3,3.

Графикон 5: Побарувачка по занимање и образование за Југоисточниот регион



Извор: *АВРСМ, регионална анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот во РСМ за 2020 година* [3]

[3] Анкетата е на примерок од 3.295 работодавци во приватниот сектор со седум и повеќе вработени, стратификувана по регион и по сектор на работодавец. Примерокот ги вклучува сите средни и големи работодавци, а другиот дел се избрани по случаен избор до постигнување на целта.

Графикон 6: Јаз во понуда и побарувачка според образование



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија, 2020*

Подетална слика за јазот на пазарот на труд се добива со вкрстување на бараните занимања на пазарот на труд со понудениот профил на невработени активни баратели на работа.

Табела 1 прави дијагностика на јазот на пазарот на труд според бараните занимања и профилот на невработени активни баратели на работа за општина Струмица. Јазот може да се анализира според степенот на образование во рамки на едно занимање (хоризонтално) и вертикално, за различни занимања. Јазот каде што понудата е поголема од побарувачка е означен со црвени нијанси (интензивно црвена – драстичен јаз, бледа црвена - умерен јаз). Бледожолта боја означува дека вкрстувањето на понудата и на побарувачката е речиси целосно и нема јаз. Зелените нијанси означуваат дефицитарен јаз, каде што побарувачката за работни места е поголема од понудата (интензивна зелена – драстичен јаз, бледозелена - умерен јаз).

Резултатите покажуваат дека кај високите вештини, јазот постои кај пет од единаесет занимања. Кај четири занимања јазот е позитивен и само кај едно занимање постои дефицитарен јаз.

Кај занимањата со високо образование има потенцијална повисока квалификуваност за занимањето правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата и постои поголема понуда и недостиг од побарувачка за стручњаци за образование. Кај занимањата со високи вештини и со средно образование, позитивниот јаз е поради помала побарувачка. Умерен дефицитарен јаз се појавува кај стручњаци и техничари за информатичка и за комуникациска технологија. Додека, кај бизнис и административни стручни занимања постои позитивен јаз.

Кај занимањата со средни вештини, драстичен суфицитарен јаз на поголема понуда од побарувачка на работна сила има само кај едно од 16 занимања (работници со електротехнологија), и умерен јаз за занимањето пазарноориентирани стручни земјоделски работници. Веројатно, во вториот случај се работи за релативно ново занимање за кое пазарот треба да генерира соодветна побарувачка. Со оглед на тоа дека земјоделскиот сектор во општина Струмица е високоразвиен, овој јаз има привремен карактер. Кај седум занимања со средно образование има драстичен дефицитарен јаз, главно во: услужните занимања; градежници и сродни градежни работници; ракувачи на машини и на постројки; и возачи на моторни возила, подвижни постројки. Ова упатува на недостиг од работна сила за овие занимања. Додека, кај занимањата преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања и прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари позитивниот јаз исчезнува кога се зголемува нивото на образование од основно на средно. Тоа упатува на пониска квалификација и дека е потребна доквалификација на лицата со основно образование.

Кај занимањата со ниски вештини карактеристично е што постои драстичен дефицитарен јаз за сите занимања со основно образование, главно општи работници и помошници во различни дејности, но истовремено постои драстичен суфицит на невработена работна сила кај лицата без занимање и кај лицата со гимназиско средно образование. Оттука, јазот во занимањата со ниски вештини би можел да се намали доколку лицата без занимање се квалификуваат до ниво на општ работник и соодветно да се вкрстат со потребите за тоа занимање. Кај лицата со гимназиско образование, неопходно е да се преземат акции за доквалификација и / или преквалификација.

Генералниот заклучок е дека во општина Струмица пазарот на труд има недостиг од работна сила, главно за занимањата со средни вештини, недостиг за општи работници и пониска квалификуваност кај лицата со основно образование и без занимање. Ова во одредена мера може да се должи и на трендот на емиграција во земјата. Суфицитарен јаз (кога понудата е поголема од побарувачката) со високи вештини постои кај општествените и образовни занимања, што е резултат на општата образовна стратегија во изминатата деценија на национално ниво. Освен јазот од аспект на формално образование, квалитетот на образование и здобиените вештини се, исто така, значајни. Истражувањето на Светска банка (2020) идентификува дека обуките понудени од образовниот систем не се соодветни со потребите на компаниите.

Во истата студија, идентификувано е дека учениците немаат и соодветни практични вештини на здобиената диплома[4].

[4]Светска банка (2020 година) Наоѓање решенија за невработеноста на младите во Северна Македонија.

Табела 1: Јазови на пазарот на труд според занимање – образовен профил

Вештина	Шифра	Занимање/профил	Основно	Средно	Вишо	Високо
Висока вештина	21	Стручњаци за наука и за инженеринг				
	22	Стручњаци од областа на здравството				
	23	Стручњаци за образование				
	24	Стручњаци за бизнис и за администрација				
	25	Стручњаци за информатичка и за комуникациска технологија				
	26	Правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата				
	31	Помошни стручњаци за наука и за инженеринг				
	32	Техничари и асистенти во здравството				
	34	Правни, општествени и културни стручни соработници				
	35	Техничари за информатичка и за комуникациска технологија				
	33	Бизнис и административни стручни соработници				
Средна вештина	42	Службеници за услужни дејности				
	43	Службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и во транспортот				
	44	Други канцелариски службеници				
	51	Работници во персонални служби				
	52	Продавачи				
	54	Занимања за заштита на лица и на имот				
	61	Пазарноориентирани стручни земјоделски работници				
	71	Градежници и сродни градежни работници				
	72	Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања				
	73	Прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари				
	74	Работници со електротехнологија				
	75	Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања				
	81	Ракувачи на машини и на постројки				
	83	Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж				
Ниска вештина	91	Чистачи и помошници				
	92	Општи работници во земјоделството, шумарството и во рибарството				
	93	Општи работници во рударството, градежништвото, производството и транспортот				
	94	Помошници за подготовка на храна				
	96	Општи работници, собирачи на смет и сродни занимања				
	99	Ракувач со градежна машина				
		Без занимање				
		Гимназија				

Извор: *Агенција за Вработување на Република Северна Македонија, пресметка на авторот*

Легенда:

Значително суфицитарно | Суфицитарно | Соодветно вкрстување | Дефицитарно | Значително дефицитарно

Образовното профилирање како фактор за надминување или засилување на јазовите

Во општина Струмица има три средни училишта, два факултета од дисперзираните студии на високообразовни институции и еден центар за доквалификација и за преквалификација. Се очекува овие институции во следните две години да продуцираат 2.023 профилирани кадри на пазарот на труд. 80 проценти од вкупната понуда на образовни профили е во пет занимања: помошни стручњаци за наука и за инженеринг; техничари и асистенти во здравството; правни и општествени науки; службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и во транспортот; и лица со завршено гимназиско образование, кои се класификувани како без занимање.

Овие резултати упатуваат на тоа дека општина Струмица има релативно добра воспоставена образовна инфраструктура за продуцирање профилирана работна сила. Со цел да идентификуваме колку овие кадри се соодветни на пазарот на труд, во табела 2 го вкрстуваме идентификуваниот јаз со очекуваните образовни профили за следните две години.

Резултатите покажуваат дека стручните училишта и центарот за доквалификација може да бидат клучни активни фактори во надминувањето на дел од дефицитарниот јаз во општина Струмица. Па така, дефицитарниот јаз кај преработувачите на текстил (кројач, шивач и шивач на текстил) може да се ублажат со продуцирање кадар од СОУ „Никола Карев“, со доквалификација до средно образование на невработените лица од тоа занимање, а со завршено основно образование. Јазот за занимањето градежници и сродни градежни работници може да се ублажи со зголемување на бројот на лица доквалификувани во ова занимање од страна на Отворениот граѓански универзитет „Јоска Свештарот“ од Струмица. Исто така, граѓанскиот универзитет веќе продуцира кадар за занимањето работници во персонални служби. Може да продолжи во таа насока, со доквалификација за профилите од тоа занимање со најголема побарувачка: келнер, бармен, готвач, шанкер. Истовремено, треба да внимава со продуцирањето сметководители затоа што тој профил е баран со завршено високо образование и припаѓа на занимање со суфицитарен јаз.

Дел од образовните институции во Струмица, кои продуцираат кадар со високи вештини, како што се техничари и асистенти во здравството, создаваат умерен суфицитарен јаз. Но, земајќи предвид дека е занимање за кое има повисока мобилност на пазарот на труд, и веројатноста дека дел од лицата со завршено средно образование ќе продолжат со образование, овој притисок не претставува закана. Но, натамошното продуцирање образовни профили: правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата; помошни стручњаци за наука и за инженеринг и бизнис и административни стручни соработници, ќе го продлабочи суфицитарниот јаз и ќе создава дополнителни нарушувања на пазарот на труд.

Во однос на профилирање со општо гимназиско образование, можностите на пазарот на труд ќе зависат само од тоа дали овие лица ќе се допрофилираат во дефицитарни или во суфицитарни занимања, но останувањето само со општо гимназиско образование ги затвора перспективите на овие лица. На крај, центарот за доквалификација и за преквалификација може да ја засили својата улога и активно да се вклучи во ублажување на јазот во дефицитарните занимања за општи работници со основно образование преку доквалификација и преквалификација на невработените лица без занимање.

Графикон 7: Понуда на профилирана работна сила од образовните институции во следните две години



Извор: *Образовни институции на територија на општина Струмица, собрани од Општина Струмица*

Табела 2: Вкрстување на јазот и на понудата на профилирани кадри од образовните институции во следните две години

			Јазови				Понуда од образовни институции		
Вештина	Шифра	Занимање/образовен профил	Основно	Средно	Вишо	Високо	Средно	Високо	доквалификација и преквалификација
Висока вештина	21	Стручњаци за наука и за инженеринг						94	
	22	Стручњаци од областа на здравството							
	23	Стручњаци за образование						10	
	24	Стручњаци за бизнис и за администрација							
	25	Стручњаци за информатичка и за комуникациска технологија							
	26	Правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата						211	
	31	Помошни стручњаци за наука и за инженеринг					595		
	32	Техничари и асистенти во здравството					210		12
	34	Правни, општествени и културни стручни соработници							
	35	Техничари за информатичка и за комуникациска технологија					61		
	33	Бизнис и административни стручни соработници							22
Средна вештина	41	Службеници за општи канцелариски работи и секретари							1
	42	Службеници за услужни дејности							
	43	Службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и во транспортот					214		
	44	Други канцелариски службеници							
	51	Работници во персонални служби							46
	52	Продавачи							
	53	Занимања за лична нега и сродни занимања							38
	54	Занимања за заштита на лица и на имот							
	61								
	71	Градежници и сродни градежни работници					13		21
	72	Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања					28		7
	73	Прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари							
	74	Работници со електротехнологија							6
	75	Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања					86		8
	81	Ракувачи на машини и на постројки							18
	82								
	83	Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж							
Ниска вештина	91	Чистачи и помошници							
	92	Општи работници во земјоделството, шумарството и во рибарството							
	93	Општи работници во рударството, градежништвото, производството и во транспортот							
	94								
	96	Општи работници, собирачи на смет и сродни занимања							
	99								
		Без занимање							
		Гимназија					330		

Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија, пресметка на авторот*

Легенда:

Значително суфицитарно | Суфицитарно | Соодветно вкрстување | Дефицитарно | Значително дефицитарно

ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Дијагностиката на пазарот на труд на општина Струмица покажа дека најголем јаз образование – занимање постои кај лицата со основно образование. На секој побаран работник со основно образование за Југоисточниот регион, општина Струмица располага со седум невработени лица. Но, овој јаз исчезнува кај лицата со средно образование, што упатува на тоа дека постои потенцијална пониска квалификација. Во општина Струмица доминира дефицитарен јаз што укажува на недостиг од квалификувана работна сила, особено изразено за занимањата со ниски и со средни вештини. Кај лицата со високи вештини, суфицитарен јаз со драстично поголема понуда од побарувачка постои кај занимањето правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата. Образовните институции во општина Струмица имаат потенцијал делумно да го адресираат јазот кај дефицитарните занимања. Иако, потребен е поголем напор за надминување на проблемот со недостиг од работна сила, кој потенцијално може да се ублажи преку доквалификација на невработените лица без квалификација и со активирање на пасивните баратели на работа.

ПРЕПОРАКИ

Препораки за надминување на проблемот со недостиг од квалификувана работна сила за Центарот за вработување и за АВРСМ

Да се дизајнираат активни мерки за вработување за невработените активни баратели на работа во општина Струмица и тоа:

• Квалификација на лицата без занимање и со основно образование во општи работници. Отворениот граѓански универзитет „Јоска Свештарот“, во соработка со АВРСМ, да дизајнира и испорача курсеви и модули за лицата без занимање да добијат квалификација соодветна за занимања со вештини од ниво 1

• Ублажување на дефицитарниот јаз за занимањето градежници и сродни градежни работници со зголемување на бројот на лица доквалификувани во ова занимање од страна на Отворениот граѓански универзитет „Јоска Свештарот“ од Струмица

• Продолжување од страна на Отворениот граѓански универзитет со доквалификација и со преквалификација на кадри за персонални служби за профилите од тоа занимање со најголема побарувачка: келнер, бармен, готвач, шанкер. Истовремено, треба да внимава со продуцирањето сметководители затоа што тој профил се бара со завршено високо образование и припаѓа на занимање со суфицитарен јаз

• До/преквалификација на лицата со завршено општо гимназиско образование во некои од дефицитарните занимања со средно образование (на пример, службеници за услужни дејности, работници во персонални служби, занимања за заштита на лица и на имот и слично)

• Активација на работоспособните пасивни баратели на работа. Центарот за вработување да спроведе кампања за активирање на пасивните баратели за работа и за идентификување на причините за пасивизацијата. Да се зацврстат механизмите што ќе оневозможат манипулација на системот и доследна примена на законот за прекинување на минималната гарантирана помош во случај на одбивање понудена работа.

За образовните институции и МОН

• На краток рок да се надмине јазот со дефицитарни занимања преку:

о Образовните институции што имаат воспоставени програми во дефицитарни занимања да ги зголемат атрактивноста и квотите за продуцирање повеќе кадар. На пример, дефицитарниот јаз кај преработувачи на текстил (кројач, шивач и шивач на текстил), може да се ублажат со продуцирање кадар од СОУ „Никола Карев“, со доквалификација до средно образование на невработените лица од тоа занимање, а со завршено основно образование

о Центрите за квалификација и за преквалификација, во соработка со АВРСМ и со Центарот за вработување, да се стимулираат да го интензивираат своето дејствување

о Стручните средни училишта да ја подобрат соработката со приватниот сектор. Соработката може да се поттикне преку:

- Редовна практика за учениците од средните стручни училишта во соодветни компании

- Пилот-проекти за дефицитарни занимања (на пр., персонални служби (угостителство)

• На среден рок, неопходно е да се направи реосмислување на програмите / насоките и на вештините што ги создава здобиената диплома:

о Програмите и насоките на образовните институции да се дизајнираат во согласност со потребните занимања на пазарот на труд во општина Струмица

о Курикулумите да ги одразуваат бараните вештини на 21 век (на пр., вештини поврзани со СТЕМ-науките, аналитички вештини, критичко размислување и сл.)

о Советување за кариера и насочување на младите во изборот на занимањето, базирано на потребите на пазарот на труд.

За бизнис-секторот

• Да се интензивира соработката со средните стручни училишта и со Отворениот граѓански универзитет

• При барање општи работници да се прошират огласите со можност да аплицираат и лица без занимање

• Да се подобрат квалитетот на работното место и квалитетот на практичната настава за учениците и за студентите во рамки на компаниите;

• Во соработка со АВРСМ, да се овозможи обука на работно место за општите работници што се без занимање, до нивна минимална квалификација

За Општина Струмица, регионалните комори, средните училишта

• Да се засили свеста кај младите за тоа кои образовни профили недостигаат, а кои образовни профили се вишок, со цел при изборот на поле на образование, младите лица да донесуваат одлуки според информациите.

За Државниот завод за статистика

• Да собира и објавува статистика на пазарот на труд на ниво на општина (стапка на вработеност, невработеност и на активност)

Дијагностика на пазарот на труд во општина Гевгелија



Во општина Гевгелија се присутни недостиг од квалификувана работна сила и дефицитарен јаз за занимањата со средни и со ниски вештини. На секој побаран работник со високо образование од компаниите за Југоисточниот регион, општина Гевгелија има по 1,7 невработено лице, а сличен е коефициентот и за основно образование, 1,5. За средно образование постои недостиг од работници и на секој еден побаран работник има по 0,4 понудени работници. Кај лицата со високи вештини, суфицитарен јаз со драстично поголема понуда од побарувачка постои кај занимањето правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата. Образовните институции во општина Гевгелија немаат потенцијал да ги адресираат јазовите кај дефицитарните занимања. Потребен е поголем напор за унапредување на образовната инфраструктура.

Оваа дијагностика препорачува да се преземат конкретни акции за намалување на јазовите меѓу образование и занимање на пазарот на труд во општина Гевгелија преку:

- **Квалификација на невработените лица без занимање во општи работници (во соработка со АВРСМ)**
- **Активација на работоспособните пасивни баратели на работа преку кампања за активирање на пасивните баратели на работа, идентификување на причините за пасивизацијата и зацврстување на механизмите што ќе оневозможат манипулација на системот**
- **Засилување на образовната инфраструктура во Гевгелија и поттикнување програми за верификација на возрасни и други потенцијални центри да обезбедат доквалификација и преквалификација**
- **Реосмислување на програмите / насоките и на вештините што ги нуди здобиената диплома, во согласност со потребните занимања на пазарот на труд на општина Гевгелија и според потребните вештини (на пример, вештини поврзани со СТЕМ-науките, аналитички вештини, критичко размислување и слично)**
- **Советување за кариера и насочување на младите во изборот на занимање базирано на потребите на пазарот на труд**

ЦЕЛ

Целта на овој бриф е да направи дијагностика на пазарот на труд во општина Гевгелија и да понуди конкретни препораки за подобрување на состојбата на пазарот на труд на локалното население и намалување на хоризонталните и на вертикалните јазови.

ВОВЕД

Општина Гевгелија е меѓу поголемите општини во Југоисточниот регион, со 22.764[1] жители, и зафаќа 13 проценти од вкупниот број жители во Југоисточниот регион. Во моментов пазарот на труд во Југоисточниот регион е поволен; регионот има најниска стапка на невработеност и највисока стапка на вработеност и на активност во споредба со другите седум региони. Во 2020 година стапката на невработеност на популација од 15 години и повеќе е 4,3 проценти (4,5 проценти за жени и 4,2 проценти за мажи), стапката на вработеност е 62,5 проценти и стапката на активност е 65,3 проценти. Сепак, поволниот тренд не е одразен врз просечната бруто-плата, која е умерена и изнесува 32.660 денари. Со тоа, Југоисточниот регион е втор регион по ред одзади според висината на просечната плата[2] (Регионите во Република Северна Македонија, ДЗС, 2021 година). Регионот се карактеризира со поволни климатски и педолошки услови за развој на земјоделството и, веројатно, доминантноста на овој сектор влијае врз нивото на просечната плата.

[1] Процени на населението на 31.12.2015 год., (НТЕС 3-2007 година), Скопје.
[2] По Североисточниот регион со 32.483 денари.

СТРУКТУРА НА ПАЗАРОТ НА ТРУД

Понуда

Од регистрираните невработени лица што активно барале работа во општина Гевгелија во 2020 година, 52 проценти се жени и 48 проценти се мажи. Од аспект на образование, структурата е хетерогена. 55 процент од невработените лица се без основно и со основно образование (37 проценти) и со нецелосно средно образование (18 проценти) (графикон 1). Една третина се со завршено средно образование и 12 проценти се со високо образование.

Графикон 1: Невработени лица во општина Гевгелија, според степенот на образование



Извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија

Најголем дел од невработените се на возраст од 50 години и повеќе (49 проценти), потоа се регистрирани невработени лица од 30 до 50 години (38 проценти) и најмала е застапеноста кај младите до 29 години (графикон 2).

Графикон 2: Структура на невработени според возраст



Извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија

Речиси една половина од невработените (43 проценти) чекаат вработување од една до три години (графикон 3). Веројатно, процесот на транзиција од училиште кон пазарот на труд е побавен и постојат поголеми неусогласувања меѓу понудата и побарувачката на пазарот на труд. Дополнителни 27 проценти од невработените чекаат за вработување повеќе од три години, што упатува на веројатност за структурна невработеност. Тие што чекаат работа до една година се застапени со 30 проценти, од кои најголем дел чекаат работа од шест до единаесет месеци. Веројатно индивидуалните карактеристики на оваа група невработени (степен на образование, образовен профил, возраст) се посоодветни до побарувачката на пазарот на труд во споредба со невработените што чекаат за вработување повеќе од една година. За оваа група има изгледи на фрикциска невработеност, која може да се објасни со потребниот период на транзиција од образование кон вработување, приспособување на резервациската плата, времето потребно за аплицирање за работа и процесот на регрутирање до вработување и слично.

Покрај невработените активни баратели на работа, во општина Гевгелија има и лица регистрирани како пасивни баратели на работа. Според Агенцијата за вработување, оваа категорија има 367 лица, што во апсолутен број е релативно

Графикон 3: Невработени за општина Гевгелија според време на чекање



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

малку во споредба со другите општини, иако во проценти, оваа категорија претставува 37 проценти од вкупниот број активни баратели. Една половина се со основно образование (34 проценти) и со нецелосно средно образование (21 процент), 36 проценти се со средно образование. Истовремено, само девет проценти од оваа група лица се со завршено вишо и високо образование. Причините за пасивно барање работа може да се од различна природа: лицата изгубиле надеж дека АВРСМ ќе им помогне да најдат работа, но притоа останале подготвени да прифатат работа надвор од државниот систем на посредување; имале повремена, привремена или хонорарна работа, неформална работа; како и лица што, евентуално, не биле присутни во државата; поради што ваквите подгрупи ги немало ниту во регистрираната вработеност ниту во активните баратели на работа при АВРСМ.

Побарувачка

Според регионалната анкета за побарувачка за 2021 година, вкупната побарувачка за Југоисточниот регион изнесува 1.215 работни места, што претставува повеќе од невработената работна сила во општина Гевгелија.

Графикон 4 прави преглед на побарувачката за работни места според образование и големина на компанија. 44 проценти од празните работни места се очекува да бидат генерирани од компаниите што се средни по големина, дополнителни 40 проценти од малите работодавци и 16 проценти од големите работодавци. Тоа може да ја објасни и структурата на работодавците во општина Гевгелија, каде што доминираат малите и средни работодавци. Од аспект на потребата според образование, доминира потребата за работници со средно образование (66 проценти) и со основно образование (22 процента).

Графикон 4: Побарувачка според образование и големина на компанија



Извор: АВРСМ, регионална анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот во РСМ за 2021 година

Доколку ја вкрстиме побарувачката според образование и занимање (НКЗ-ISCO 08) (графикон 5), ќе забележиме дека целата побарувачката за работници со завршено основно образование е од групата елементарни занимања (доминантно за општ работник, потоа производство на текстил, работник во нискоградба и слично). Побарувачката за работници со средно образование е похетерогена од аспект на занимања. Дури и за елементарните занимања, има побарувачка за работници со средно образование (ракувач со градежна машина и работник за изградба на ПВЦ столарија). 38 проценти од вкупната побарувачка за работници и 58 проценти од побарувачката за работници со средно образование е за неиндустриски начин на работа во производство и вклучува: шивач, градежен работник, кројач, заварувач, бравар, преработувач на овошје и зеленчук, монтер на метални конструкции и слични занимања. Следни се занимања за работници во услужни занимања и вклучуваат: обезбедување (заштита на лица и на имот), келнер, продавач, касиер, бармен, готвач и слични занимања. Сите барани работници со високо образование се во занимањето стручњаци и научници: машински инженер, инженер за компјутерски науки, доктор по медицина, градежен инженер и слично.

Графикон 5: Побарувачка според занимање и образование за Југоисточниот регион



***Извор:** АВРСМ, регионална анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот во РСМ за 2021 година*

Јаз на пазарот на труд според образование и занимање

Јазот на пазарот на труд во општина Гевгелија се идентификува со споредба на понудата и на побарувачката на работници земајќи го предвид нивото на образование и занимањето. Графикон 6 го прикажува бројот на понудени работници (што сакаат да работат) на секое побарано работно место, според степенот на образование. Резултатите покажаа дека во општина Гевгелија во голема мера постои совпаѓање на понудата и на побарувачката и јазот е умерен. Притоа, јазот кај лицата со основно и со високо образование е позитивен. На секој побаран работник со високо образование од компаниите за Југоисточниот регион, општина Гевгелија има по 1,7 невработено лице, а сличен е коефициентот и за основно образование, 1,5. За средно образование постои недостиг од работници и на секој еден побаран работник има по 0,4 понудени работници.
Подетална слика за јазот на пазарот на труд се добива со вкрстување на бараните занимања на пазарот на труд со понудениот профил на невработени активни баратели на работа.

Графикон 6: Јаз во понуда и побарувачка според образование



Табела 1 прави дијагностика на јазот на пазарот на труд според бараните занимања и профилот на невработени активни баратели на работа за општина Гевгелија. Јазот може да се анализира според степенот на образование во рамки на едно занимање (хоризонтално) и вертикално, за различни занимања. Јазот каде што понудата е поголема од побарувачка е означен со црвени нијанси (интензивноцрвена – драстичен јаз, бледа црвена – умерен јаз). Бледожолта боја означува дека вкрстувањето на понудата и на побарувачката е речиси целосно и нема јаз. Зелените нијанси означуваат дефицитарен јаз, каде што побарувачката за работни места е поголема од понудата (интензивна зелена – драстичен јаз, бледозелена – умерен јаз).
Резултатите покажуваат дека во општина Гевгелија доминираат дефицитарните јазови. Кај високите вештини, јазот постои кај десет од единаесет занимања. Кај седум занимања јазот е дефицитарен и само кај три занимања постои суфицитарен јаз. Драстичен суфицитарен јаз постои за занимањето правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата и се продлабочува со зголемување на образованието. Исто така, постои поголема понуда и недостиг од побарувачка за стручњаци за образование. Умерен дефицитарен јаз се појавува и кај стручњаци за наука и инженеринг, стручњаци од областа на здравството и кај стручњаци за информатичка и за комуникациска технологија. Кај занимањето помошни стручњаци за наука и инженеринг, суфцитарниот јаз кај лицата со средно образование исчезнува и преминува во дефицитарен кога се зголемува образованието, упатувајќи на потенцијална пониска квалификација. Слично, умерените дефицитарни јазови за лицата со средно образование се појавуваат за лицата со вишо образование и кај занимањата: техничари за информатичка и комуникациска технологија и бизнис и административни стручни соработници, додека за занимањето помошни стручњаци за наука и инженеринг, драстичниот суфицитарен јаз за лицата со средно образование преминува во дефицитарен кога се зголемува образованието. Кај занимањата со високи вештини и со средно образование, позитивниот јаз е поради помала побарувачка.
Кај занимањата со средни вештини, умерени суфицитарни јазови има за три занимања, а за четири занимања дефицитарни јазови (од кои кај три се драстични), од вкупно 13. Умерен суфицитарен јаз има кај занимањата: работници со електротехнологија, работници во персонални служби и службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и на транспортот.
Кај три занимања со средно образование има драстичен дефицитарен јаз, главно во: занимања за заштита на лица и на имот; градежници и сродни градежни работници; и преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања. Ова упатува на недостиг од работна сила за овие занимања.
Кај занимањата со ниски вештини карактеристично е што постои дефицитарен јаз за сите занимања со основно образование, главно општи работници и помошници во различни дејности, но истовремено постои драстичен суфицит на невработена работна сила кај лицата без занимање и кај лицата со гимназиско образование. Оттука, јазот во занимањата со ниски вештини би можел да се намали доколку лицата без занимање се квалификуваат до ниво на општ работник и соодветно да се вкрстат со потребите за тоа занимање. Кај лицата со гимназиско образование, неопходно е да се преземат акции

за доквалификација и / или преквалификација.
Генералниот заклучок е дека во општина Гевгелија пазарот на труд има недостиг од работна сила, главно за занимањата со средни вештини, недостиг од општи работници и пониска квалификуваност кај лицата со основно образование и без занимање. Ова во одредена мера може да се должи и на трендот на емиграција во земјата. Суфицитарен јаз (кога понудата е поголема од побарувачката) со високи вештини постои кај општествените и образовни занимања, што е резултат на општата образовна стратегија во изминатата деценија на национално ниво. Освен јазот од аспект на формално образование, исто така се значајни квалитетот на образование и здобиените вештини. Истражувањето на Светска банка (2020) идентификува дека обуките понудени од образовниот систем не се соодветни со потребите на компаниите. Во истата студија, идентификувано е дека учениците немаат ни соодветни практични вештини на здобиената диплома[3].

Табела 1: Јазови на пазарот на труд според занимање – образовен профил

Вештина	Шифра	Занимање / профил	Основно	Средно	Вишо	Високо
Висока вештина	21	Стручњаци за наука и инженеринг				
	22	Стручњаци од областа на здравството				
	23	Стручњаци за образование				
	24	Стручњаци за бизнис и администрација				
	25	Стручњаци за информатичка и комуникациска технологија				
	26	Правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата				
	31	Помошни стручњаци за наука и инженеринг				
	32	Техничари и асистенти во здравството				
	34	Правни, општествени и културни стручни соработници				
	35	Техничари за информатичка и комуникациска технологија				
	33	Бизнис и административни стручни соработници				
Средна вештина	41	Службеници за општи канцелариски работи и секретари				
	43	Службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и транспортот				
	44	Други канцелариски службеници				
	51	Работници во персонални служби				
	52	Продавачи				
	53	Занимања за лична нега и сродни занимања				
	54	Занимања за заштита на лица и имот				
	61	Пазарно ориентирани стручни земјоделски работници				
	71	Градежници и сродни градежни работници				
	72	Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања				
	73	Прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари				
	74	Работници со електротехнологија				
	75	Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања				
Ниска вештина	81	Ракувачи на машини и на постројки				
	83	Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж				
	91	Чистачи и помошници				
	92	Општи работници во земјоделството, шумарството и во рибарството				
	93	Општи работници во рударството, градежништвото, производството и транспортот				
	94	Помошници за подготовка на храна				
	96	Општи работници, собирачи на смет и сродни занимања				
	99	Општи работници				
		Без занимање				
		Гимназија				

Извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија, пресметка на авторот

Легенда:

Значително суфицитарно · Суфицитарно · Соодветно вкрстување · Дефицитарно · Значително дефицитарно

[3]Светска банка (2020 година) Наоѓање решенија за невработеноста на младите во Северна Македонија.

Образовното профилирање како фактор за надминување или засилување на јазовите

Во општина Гевгелија има едно средно училиште, една високообразовна институција и една програма за верификација на возрасни. Се очекува овие институции во следните четири години да продуцираат 1.778 профилирани кадри на пазарот на труд. Овие институции продуцираат кадри во неколку занимања. 61 процент од вкупната понуда на образовни профили е во занимањето стручњаци за бизнис и администрација, продуцирана од Факултет за туризам и бизнис-логистика – Гевгелија, кој продуцира кадри во пет насоки: бизнис-администрација; бизнис-логистика; гастрономија и исхрана; туризам; и хотелско-ресторанска насока (последните три се соодветни за занимањето работници во персонални служби). 19 проценти од профилираните кадри се во гимназиско образование, кои се класифицирани како без занимање. Потоа, 11 проценти се во занимањето помошни стручњаци за наука и инженеринг, продуцирани од двете стручни насоки на СОУ „Јосиф Јосифовски“: машинска – автотехничар–мехатроничар; и машинска – машински техничар за моторни возила. Истото средно училиште, со помала застапеност, продуцира кадри од занимањата: обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања; бизнис и административни стручни соработници и работници во персонални служби. Дополнително, има една програма за верификација на возрасни за: негуватели/ка на деца.

Овие резултати упатуваат на тоа дека општина Гевгелија има скромна воспоставена образовна инфраструктура за продуцирање профилирана работна сила. Со цел да идентификуваме колку овие кадри се соодветни на пазарот на труд, во табела 2 ги вкрстуваме идентификуваните јазови со очекуваните образовни профили за следните четири години. Резултатите покажуваат дека образовните институции и програмите за верификација немаат потенцијал да придонесат кон надминувањето на дефицитарните јазови во општина Гевгелија. Образовните институции доминантно продуцираат кадри за занимања со суфицитарен јаз. Од друга страна, СОУ „Јосиф Јосифовски“ продуцира кадри за помошни стручњаци за наука и инженеринг, каде што јазот исчезнува со зголемување на образованието, па така учениците од овие насоки треба да се стимулираат да го зголемат своето образование. Земајќи ги предвид резултатите од дијагностиката на пазарот на труд во општина Гевгелија, СОУ да ја разгледа можноста за пилот-програми за нови насоки во занимањата за кои има драстичен дефицит за лицата со средно образование, како на пример занимањата: градежници и сродни градежни работници; и преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања; Во однос на профилирање со општо гимназиско образование, можностите на пазарот на труд ќе зависат само од тоа дали овие лица ќе се допрофилираат во дефицитарни или суфицитарни занимања, но останувањето само со општо гимназиско образование ги затвара перспективите на овие лица. На крај, освен СОУ, активна улога во ублажување на дефицитарните јазови може да имаат и програмите за верификација на возрасни.

Во моментот, едната програма за верификација на возрасни

Графикон 7: Понуда на профилирана работна сила од образовните институции во следните четири години

Извор: *Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија*

не е доволна за намалување на дефицитарните јазови. Програмите за верификација може да ја засилат својата улога и активно да се вклучат (преку постојните и создавање нови) во ублажување на јазовите во дефицитарните занимања за општи работници со основно образование преку доквалификација и преквалификација на невработените лица без занимање.

Табела 2: Вкрстување на јазовите и на понудата на профилирани кадри од образовните институции во следни четири години

			Јазови по образование				Понуда од образовни институции	
Вештина	Шифра	Занимање / профил	Основно	Средно	Вишо	Високо	средно	високо
Висока вештина	21	Стручњаци за наука и инженеринг						
	22	Стручњаци од областа на здравството						
	23	Стручњаци за образование						
	24	Стручњаци за бизнис и администрација						1083
	25	Стручњаци за информатичка и комуникациска технологија						
	26	Правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата						
	31	Помошни стручњаци за наука и инженеринг					192	
	32	Техничари и асистенти во здравството						
	34	Правни, општествени и културни стручни соработници						
	35	Техничари за информатичка и комуникациска технологија						
	33	Бизнис и административни стручни соработници					66	
Средна вештина	41	Службеници за општи канцелариски работи и секретари						
	43	Службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и транспортот						
	44	Други канцелариски службеници						
	51	Работници во персонални служби					80	
	52	Продавачи						
	54	Занимања за заштита на лица и на имот						
	61	Пазарноориентирани стручни земјоделски работници						
	71	Градежници и сродни градежни работници						
	72	Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања					17	
	73	Прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари						
	74	Работници со електротехнологија						
	75	Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања						
Ниска вештина	81	Ракувачи на машини и постројки						
	83	Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж						
	91	Чистачи и помошници						
	92	Општи работници во земјоделството, шумарството и во рибарството						
	93	Општи работници во рударството, градежништвото, производството и во транспортот						
	94	Помошници за подготовка на храна						
	96	Општи работници, собирачи на смет и сродни занимања						
	99	Општи работници						
		Без занимање						
		Гимназија					340	

Извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија, пресметка на авторот

Легенда:

Значително суфицитарно | Суфицитарно | Соодветно вкрстување | Дефицитарно | Значително дефицитарно

ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Дијагностиката на пазарот на труд на општина Гевгелија покажа дека во општина Гевгелија во голема мера постои совпаѓање на понудата и на побарувачката и јазот е умерен. Притоа, јазот кај лицата со основно и со високо образование е позитивен. На секој побаран работник со високо образование од компаниите за Југоисточниот регион, општина Гевгелија има по 1,7 невработено лице, а сличен е коефициентот и за основно образование, 1,5. За средно образование постои недостиг од работници и на секој еден побаран работник има по 0,4 понудени работници. Во општина Гевгелија доминира дефицитарен јаз што укажува на недостиг од квалификувана работна сила, особено изразен за занимањата со ниски и со средни вештини. Кај лицата со високи вештини, суфицитарен јаз со драстично поголема понуда од побарувачка постои кај занимањето правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата. Образовните институции во општина Гевгелија немаат потенцијал да го ублажат јазот кај дефицитарните занимања. Истовремено, потребно е засилување на улогата на програмите за доквалификација и за преквалификација. Потребен е поголем напор за надминување на проблемот со недостиг од работна сила, кој потенцијално може да се ублажи преку преквалификација на невработените лица со гимназија и доквалификација на невработените лица без квалификација.

ПРЕПОРАКИ

Препораки за надминување на проблемот со недостиг од квалификувана работна сила, за Центарот за вработување и за АВРСМ

Да се дизајнираат активни мерки за вработување за невработените активни баратели на работа во општина Гевгелија, и тоа:

- Квалификација на лицата без занимање и со основно образование во општи работници. Да се дизајнираат програми за верификација на возрасни во дефицитарните занимања и во соработка со АВРСМ да се дизајнираат и испорачаат курсеви и модули за лицата без занимање да добијат квалификација соодветна за занимања со вештини од ниво 1

- До/преквалификација на лицата со завршено општо гимназиско образование во некои од дефицитарните занимања со средно образование (на пример, градежници и сродни занимања, работници во персонални служби; преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања; ракувачи на машини и постројки; возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипажи и слично)

- Активација на работоспособните пасивни баратели на работа. Центарот за вработување да спроведе кампања за активирање на пасивните баратели на работа и идентификување на причините за пасивизацијата. Да се зацврстат механизмите што ќе оневозможат манипулација на системот и доследна примена на законот за прекинување на минималната гарантирана помош во случај на одбивање понудена работа

За образовните институции и МОН

- На краток рок да се надминат јазовите со дефицитарни занимања:

  о Програмите за верификација на возрасни во соработка со АВРСМ и со Центарот за вработување да се стимулираат да го интензивираат своето дејствување

  о Стручните средни училишта да ја подобрат соработката со приватниот сектор. Соработката може да се поттикне преку:

    - Редовна практика за учениците од средните стручни училишта во соодветни компании

    - Пилот-програми за дефицитарни занимања (на пр., СОУ „Јосиф Јосифовски“ да размисли за пилот-програми на нови насоки во занимањата за кои има драстичен дефицит за лицата со средно образование, како на пример занимањата: градежници и сродни градежни работници и преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања)

- На среден рок, неопходно е да се направи реосмислување на програмите / насоките и на вештините што ги создава здобиената диплома:

  о Програмите и насоките на образовните институции да се дизајнираат во согласност со потребните занимања на пазарот на труд во општина Гевгелија

  о Курикулумите да ги рефлектираат бараните

вештини на 21 век (на пр., вештини поврзани со СТЕМ-науките, аналитички вештини, критичко размислување и сл.)

о Советување за кариера и насочување на младите во изборот на занимањето, базирано на потребите на пазарот на труд

За бизнис-секторот

• Да се интензивира соработката со средните стручни училишта и со програмите за верификација на возрасни

• При барање општи работници да се прошират огласите со можност да аплицираат и лица без занимање

• Да се подобри квалитетот на работното место и квалитетот на практичната настава за учениците и за студентите во рамки на компаниите

• Во соработка со АВРСМ, да се овозможи обука на работно место за општите работници што се без занимање, до нивна минимална квалификација

За Општина Гевгелија, регионалните комори, средните училишта

• Да се засили свеста кај младите за тоа кои образовни профили недостигаат, а кои образовни профили се вишок, со цел при изборот на поле на образование младите лица да донесуваат одлуки според информациите

За Државниот завод за статистика

• Да собира и објавува статистика на пазарот на труд на ниво на општина (стапки на вработеност, невработеност и активност)

Пелагониски Регион

Дијагностика на пазарот на труд во општина Ресен



Во општина Ресен се присутни недостиг од квалификувана работна сила и дефицитарен јаз за занимањата со средни и со ниски вештини. На секој побаран работник со основно образование од компаниите за Пелагонискиот регион, општина Ресен има 0,42 невработени лица. Во општина Ресен доминира дефицитарен јаз, што укажува на недостиг од квалификувана работна сила, особено изразен за занимањата со ниски и со средни вештини. Кај лицата со високи вештини, суфицитарен јаз со драстично поголема понуда од побарувачка постои кај занимањето правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата. Истовремено, драстичен суфицитарен јаз е создаден од лицата без занимање со основно образование и од лицата со завршено гимназиско образование. Образовните институции во општина Ресен имаат умерен потенцијал да го адресираат јазот кај дефицитарните занимања. Истовремено, потребна е внимателност во натамошното продуцирање кадри што го продлабочуваат суфицитарниот јаз. Потребен е поголем напор за надминување на проблемот со недостиг од работна сила.

Оваа дијагностика препорачува да се преземат конкретни акции за намалување на јазовите меѓу образованието и занимањето на пазарот на труд во општина Ресен преку:

- **Квалификација на невработените лица без занимање во општи работници (во соработка со АВРСМ)**
- **Активација на работоспособните пасивни баратели на работа преку кампања за активирање на пасивните баратели за работа**
- **Продуцирање профили од центрите за доквалификација и за преквалификација од Пелагонискиот регион од занимањето за кое постои најголема побарувачка: работник за едноставни работи во преработката на тутун, шивач, продавач, возач на товарно возило**
- **Засилување на соработката меѓу средното стручно училиште „Цар Самуил“ со соодветните компании во општината**
- **Реосмислување на програмите / насоките и на вештините што ги нуди здобиената диплома во согласност со потребните занимања на пазарот на труд на општина Ресен и според потребни вештини (на пример, вештини поврзани со СТЕМ науките, аналитички вештини, критичко размислување и слично)**
- **Советување за кариера и насочување на младите кон избор на занимање базирано на потребите на пазарот на труд**

ЦЕЛ

Целта на овој бриф е да направи дијагностика на пазарот на труд во општина Ресен и да понуди конкретни препораки за подобрување на состојбата на пазарот на труд на локалното население и за намалување на хоризонталните и вертикалните јазови.

ВОВЕД

Општина Ресен е трета по големина општина во Пелагонискиот регион, со 16.352[1] жители, и зафаќа седум проценти од вкупниот број жители во Пелагонискиот регион. Во моментот, пазарот на труд во Пелагонискиот регион е поволен; регионот има четврта[2] по ред стапка на невработеност и втора[3] по ред стапка на вработеност и на активност во споредба со другите седум региони. Во 2019 година, стапката на невработеност на популацијата од 15 години и повеќе е 13,1 проценти (12,4 проценти за жени и 13,6 проценти за мажи), стапката на вработеност е 56 проценти, и стапката на активност е 64,5 проценти. Поволниот тренд се одразува и врз просечната бруто-плата: со 35.117 денари, Пелагонискиот регион е втор регион по ред (Регионите во Република Северна Македонија, ДЗС, 2020 година). Поволната местоположба, високообработливото земјоделско земјиште, како и најголемите наоѓалишта на јаглен во овој регион создаваат природни предуслови за поволни постигнувања на пазарот на труд. Исто така, овој регион е атрактивен за странските инвестиции и во регионот се лоцирани неколку големи компании, кои значително придонесуваат за вработеноста во регионот.

[1]Процени на населението на 31.12.2015 год., (НТЕС 3-2007 година), Скопје.
[2]По Вардарски регион (10,8 проценти), Источен регион (7,8 проценти) и Југоисточен регион (6,3 проценти)
[3]По Југоисточен регион (63,3 проценти)

СТРУКТУРА НА ПАЗАР НА ТРУД

Понуда

Од регистрираните невработени лица што активно бараат работа во општина Ресен во 2020 година, 43 проценти се жени и 57 проценти се мажи. Од аспект на образование, доминираат лица со ниско образование. Речиси една половина (48 проценти) од невработените лица се без основно и со основно образование (42 процента) и со нецелосно средно образование. Но, исто така, има 15 проценти невработени лица со високо образование (графикон 1).

Графикон 1: Невработени лица во општина Ресен според степенот на образование





Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Најголем дел од невработените се на возраст од 30 до 50 години (43 проценти), потоа се невработените со 50 и повеќе години (35 проценти) (графикон 2).

Релативно ниското учество на младите во вкупната структура (22 проценти) веројатно се должи на подоцнежно активирање на пазарот на труд поради школување, но и пропорционално помал опфат на население во групата млади.

Графикон 2: Структура на невработени според возраст



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

39 проценти од невработените чекаат вработување до една година, од кои најголем дел од еден до пет месеци (графикон 3). Веројатно индивидуалните карактеристики на оваа група невработени лица (степен на образование, образовен профил, возраст) се посоодветни до побарувачката на пазарот на труд, во споредба со невработените што чекаат за вработување повеќе од една година. За оваа група има изгледи за фрикциска невработеност, која може да се објасни со потребниот период на транзиција од образование кон вработување, приспособување на резервациската плата, времето потребно за аплицирање за работа и процесот на регрутирање до вработување и слично. Сепак, за општина Ресен посериозен проблем претставуваат долгорочно невработените лица. 46 проценти од невработените чекаат за вработување повеќе од две години, што упатува на веројатност за структурна невработеност. Освен невработените активни баратели на работа, во умерена мера во општина Ресен постојат и лица регистрирани како пасивни баратели на работа. Според Агенцијата за вработување, оваа категорија има 597 лица, што е 35 проценти од вкупниот број активни баратели. Една половина (49 проценти) се без образование и со завршено основно образование, 41 процент се со средно образование (34 проценти), и со нецелосно средно образование (седум проценти). Истовремено, само осум проценти од оваа група лица се со завршено високо образование. Причините за пасивно барање работа може да се од различна природа: лицата изгубиле надеж дека АВРСМ ќе им помогне да најдат работа, но притоа останале подготвени да прифатат работа надвор од државниот систем на посредување; имале повремена, привремена или хонорарна работа, неформална работа; како и лица што, евентуално, не биле присутни во државата; поради што ваквите подгрупи ги немало ниту во регистрираната вработеност ниту во активните баратели на работа при АВРСМ.

Графикон 3: Невработени лица во општина Ресен според времето на чекање



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Побарувачка

Според регионалната анкета за побарувачка за 2020 година, вкупната побарувачка за Пелагонискиот регион изнесува 3.491 работно место, што претставува 48 проценти од невработената работна сила во општина Ресен.

Графикон 4 прави преглед на побарувачката за работни места според образование и големина на компанија. Една половина од празните работни места се очекува да бидат генерирани од средноголеми работодавци, дополнителни 33 проценти од големи компании и 13 проценти од мали работодавци. Од аспект на потребата според образование, доминира потребата за работници со основно (47 проценти) и со средно образование (40 проценти).

Графикон 4: Побарувачка по образование и големина на компанија



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Доколку ја вкрстиме побарувачката според образование и занимање (НКЗ-ISCO 08) (графикон 5), ќе забележиме дека целата побарувачката за работници со завршено основно образование е од групата елементарни занимања (доминантно за општ работник, работник за едноставни работи во преработката на тутун и работник на едноставни работи на товарање, претоварање и пренос на товар). Побарувачката за работници со средно образование е похетерогена од аспект на занимања.

Во апсолутен број, побарувачката за занимања со средно стручно образование е поголема, во споредба со тие со средно општо образование. 16 проценти од вкупната побарувачката за работници и 40 проценти од побарувачката за работници со средно и со вишо образование е за техничари и за сродни занимања, и тоа речиси 90 проценти се однесува на техничар-оператор. Следни се занимања за индустриски начин на работа во производството и вклучуваат: шивач, продавач, возач на товарно возило, келнер, бравар, магационер, заварувач, готвач и слични занимања. Следни барани работници со средно образование се работници во услужни дејности и во продажба и ракувачи и поставувачи на машини и на постројки. Сите барани работници со високо образование се од занимањето стручњаци и научници. Од нив, една третина се за систем-администратор и 17 проценти за програмер.

Јаз на пазарот на труд според образование и занимање

Јазот на пазарот на труд во општина Ресен се идентификува со споредување на понудата и на побарувачката на работници земајќи го предвид нивото на образование и на занимање. Графикон 6 го прикажува бројот на понудени работници (што сакаат да работат) на секое побарано работно место, според степенот на образование. Резултатите покажаа дека општина Ресен може да пополни 48 проценти од вкупната побарувачка на работници за Пелагонискиот регион. За разлика од другите општини каде што вообичаено за едно отворено работно место има повеќе од едно невработено лице, во општина Ресен ситуацијата е обратна и понудата е помала од побарувачката. Тоа во одредена мера се должи и на тоа што учеството на општината во вкупниот регион според број на жители е релативно мало, само седум проценти. Оттука, на секој побаран работник со основно образование од компаниите од Пелагонискиот регион, општина Ресен има 0,42 невработени лица, слично и за средно и за вишо образование, 0,49, а овој сооднос е повисок за лицата со високо образование и изнесува 0,64.

Графикон 5: Побарувачка според занимање и образование за Пелагонискиот регион



Извор: *АВРСМ, регионална анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот во РСМ за 2020 година* [4]

[4] Анкетата е на примерок од 3.295 работодавци во приватниот сектор со седум и повеќе вработени, стратификувана по регион и по сектор на работодавец. Примерокот ги вклучува сите средни и големи работодавци, а другиот дел се избрани по случаен избор до постигнување на целта.

Графикон 6: Јаз во понуда и побарувачка според образование

Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија, 2020*

Подетална слика за јазот на пазарот на труд се добива со вкрстување на бараните занимања на пазарот на труд со понудените профили на невработени активни баратели на работа. Табела 1 прави дијагностика на јазот на пазарот на труд според бараните занимања и профилот на невработени активни баратели на работа за општина Ресен. Јазот може да се анализира според степенот на образование во рамки на едно занимање (хоризонтално) и вертикално, за различни занимања. Јазот каде што понудата е поголема од побарувачка е означен со црвени нијанси (интензивно црвена – драстичен јаз, бледа црвена - умерен јаз). Бледожолта боја означува дека вкрстувањето на понудата и на побарувачката е речиси целосно и нема јаз. Зелените нијанси означуваат дефицитарен јаз, каде што побарувачката за работни места е поголема од понудата (интензивна зелена – драстичен јаз, бледозелена - умерен јаз).

Резултатите покажуваат дека кај високите вештини, јазот постои кај девет од десет занимања. Кај шест занимања јазот е позитивен, а кај две занимања со високо образование има драстичен јаз (стручњаци за образование и правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата). Суфицитарен јаз постои и кај три занимања со средно образование (помошни стручњаци за наука и за инженеринг; техничари и асистенти во здравството; и бизнис и административни стручни соработници), но магнитудата на јаз преминува во дефицитарен јаз со транзиција кон вишо образование. Тоа упатува за занимања со потенцијална пониска квалификација. Дефицитарен јаз се појавува кај занимањето стручњаци и техничари за информатичка и за комуникациска технологија.

Кај занимањата со средни вештини доминира дефицитарен јаз за речиси сите занимања. Умерено суфицитарен јаз на поголема понуда од побарувачка на работна сила има само кај три занимања со основно образование: работници во персонални служби; обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања; и преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања. Но, јазот исчезнува и станува дефицитарен за лицата со средно образование. Тоа упатува на тоа дека постои потенцијална пониска квалификација и несоодветно образование. Кај другите занимања со средни вештини јазот е дефицитарен, а кај пет постои драстичен дефицитарен јаз: службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјали и во транспорт; продавачи; ракувачи на машини и на постројки; и возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж.

Кај занимањата со ниски вештини има недостиг од работници. Освен за лицата без занимање со основно образование, кај сите други четири занимања постои дефицитарен јаз, а за занимањата: општи работници, собирачи на смет и сродни занимања и општи работници во рударството, градежништвото, производството и во транспортот јазот е драстично дефицитарен. Од друга страна, суфицит на невработена работна сила има кај лицата без занимање и кај лицата со гимназиско средно образование. Оттука, јазот во занимањата со ниски вештини би можел да се намали доколку лицата без занимање се квалификуваат до ниво на општ работник и соодветно да се вкрстат со потребите за тоа занимање. Кај лицата со гимназиско образование неопходно е да се преземат акции за доквалификација и / или преквалификација.

Генералниот заклучок е дека суфицитарен јаз (кога понудата е поголема од побарувачката) се појавува кај занимањата со високи вештини, особено кај општествени и образовни занимања. Додека, кај занимањата со средни и со ниски вештини доминира дефицитарен јаз, со недостиг од работници со средно образование за различни занимања. Ова во одредена мера може да се должи и на трендот на емиграција во земјата. Иако, во споредба со високите вештини, кај средните и кај ниските вештини, позастапен е јаз според образование. Тоа упатува на тоа дека занимањата се соодветни, но потребна е доквалификација. Освен јазот од аспект на формално образование, исто така, се значајни квалитетот на образование и здобиените вештини. Истражувањето на Светска банка (2020) идентификува дека обуките понудени од образовниот систем не соодветствуваат со потребите на компаниите. Во истата студија, идентификувано е дека учениците немаат и соодветни практични вештини на здобиената диплома[5].

[5]Светска банка (2020 година) Наоѓање решенија за невработеноста на младите во Северна Македонија.

Табела 1: Јазови на пазарот на труд според занимање – образовен профил

Вештина	Шифра	Занимање/профил	Основно	Средно	Вишо	Високо
Висока вештина	21	Стручњаци за наука и инженеринг				
	22	Стручњаци од областа на здравството				
	23	Стручњаци за образование				
	24	Стручњаци за бизнис и администрација				
	25	Стручњаци за информатичка и комуникациска технологија				
	26	Правни, општествени и стручњаци од областа на културата				
	31	Помошни стручњаци за наука и инженеринг				
	32	Техничари и асистенти во здравството				
	35	Техничари за информатичка и комуникациска технологија				
	33	Бизнис и административни стручни соработници				
Средна вештина	42	Службеници за услужни дејности				
	43	Службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и транспортот				
	51	Работници во персонални служби				
	52	Продавачи				
	54	Занимања за заштита на лица и имот				
	71	Градежници и сродни градежни работници				
	72	Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања				
	74	Работници со електротехнологија				
	75	Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања				
	81	Ракувачи на машини и постројки				
	83	Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж				
Ниска вештина	91	Чистачи и помошници				
	92	Општи работници во земјоделството, шумарството и рибарството				
	93	Општи работници во рударството, градежништвото, производството и транспортот				
	96	Општи работници, собирачи на смет и сродни занимања				
		Без занимање				
		Гимназија				

Извор: *Агенција за Вработување на Република Северна Македонија, пресметка на авторот*

Легенда:

Значително суфицитарно | Суфицитарно | Соодветно вкрстување | Дефицитарно | Значително дефицитарно

Образовното профилирање како фактор за надминување или засилување на јазот

Во општина Ресен има едно средно училиште и една институција за верификација на возрасни. Се очекува средното училиште во следните четири години да продуцира 318 профилирани кадри на пазарот на труд. Сепак, 82 процента од продуцираните кадри се со гимназиско образование, кои се класифицираат како без занимање, додека останатите 18 проценти се во занимањето помошни стручњаци за наука и за инженеринг (агротехничар и техничар за фитомедицина / земјоделско-ветеринарна насока и техничар за фармерско производство / земјоделско-ветеринарен техничар).

Овие резултати упатуваат на тоа дека општина Ресен има умерено воспоставена образовна инфраструктура за продуцирање профилирана работна сила. Со цел да идентификуваме колку овие кадри се соодветни на пазарот на труд, во табела 2 го вкрстуваме идентификуваниот јаз со очекуваните образовни профили за следните две години.

Резултатите покажуваат дека занимањата и профилите што ги нудат образовните институции во голема мера не го надминуваат јазот што постои на пазарот на труд. Дополнително, продуцираните профили го продлабочуваат суфицитарниот јаз. Па така, кај продуцираните кадри со гимназиско образование веќе има драстичен суфицитарен јаз. Додека кај занимањето помошни стручњаци за наука и за инженеринг, јазот е суфицитарен за лицата со средно образование, но исчезнува кога се зголемува образованието. Оттука, продуцирањето кадри во оваа насока може да не се одрази негативно на пазарот на труд доколку овие лица продолжат со натамошна едукација. Со цел да се ублажи дефицитарниот јаз, ОСУ „Цар Самуил“ - Ресен, да размисли за воведување нови насоки во дефицитарните занимања: работници во персонални служби; продавачи; преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања; и ракувачи на машини и на постројки. Исто така, да се размисли за намалување на дефицитарниот јаз на занимањата преку преквалификација на лицата со завршено средно гимназиско образование, а во соработка со центрите за доквалификација и за преквалификација во соседните општини.

Во однос на профилирање со општо гимназиско образование, можностите на пазарот на труд ќе зависат само од тоа дали овие лица ќе се допрофилираат во дефицитарни или во суфицитарни занимања, но останувањето само со општо гимназиско образование ги затвора перспективите на овие лица. На крај, центрите за доквалификација и за преквалификација од соседните општини во Пелагонискиот регион може да ја засилат својата улога и активно да се вклучат во ублажување на јазот во дефицитарните занимања за општи работници со основно образование преку доквалификација и преквалификација на невработените лица без занимање.

Графикон 7: Понуда на профилирана работна сила од образовните инситуции во следните четири години



Извор: *Образовни институции на територија на општина Ресен, прибрани од Општина Ресен и Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија*

Табела 2: Вкрстување на јазот и на понудата на профилирани кадри од образовните институции во следните четири години

			Јаз на пазарот на труд				Кадар продуциран од образовните институции
Вештина	Шифра	Занимање/образовен профил	Основно	Средно	Вишо	Високо	Средно
Висока вештина	21	Стручњаци за наука и за инженеринг					
	22	Стручњаци од областа на здравството					
	23	Стручњаци за образование					
	24	Стручњаци за бизнис и за администрација					
	25	Стручњаци за информатичка и за комуникациска технологија					
	26	Правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата					
	31	Помошни стручњаци за наука и за инженеринг - агротехничар и техничар за фитомедицина / земјоделско-ветеринарна насока - техничар за фармерско производство / земјоделско-ветеринарен техничар					59
	32	Техничари и асистенти во здравството					
	35	Техничари за информатичка и за комуникациска технологија					
	33	Бизнис и административни стручни соработници					
Средна вештина	42	Службеници за услужни дејности					
	43	Службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и во транспортот					
	51	Работници во персонални служби					
	52	Продавачи					
	54	Занимања за заштита на лица и на имот					
	71	Градежници и сродни градежни работници					
	72	Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања					
	74	Работници со електротехнологија					
	75	Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања					
	81	Ракувачи на машини и на постројки					
	83	Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж					
Ниска вештина	91	Чистачи и помошници					
	92	Општи работници во земјоделството, шумарството и во рибарството					
	93	Општи работници во рударството, градежништвото, производството и во транспортот					
	96	Општи работници, собирачи на смет и сродни занимања					
		Без занимање					
		Гимназија					259

Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија, Министерство за образование и за наука на Република Северна Македонија, податоци доставени од Општина Ресен, Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија, пресметка на авторот*

Легенда:

Значително суфицитарно | Суфицитарно | Соодветно вкрстување | Дефицитарно | Значително дефицитарно

ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Дијагностиката на пазарот на труд на општина Ресен покажа дека најголем јаз образование – занимање постои кај лицата со основно образование. На секој побаран работник со средно образование за Пелагонискиот регион, општина Ресен има 0,5 невработени лица, за основно образовани соодносот е 3,8, а за високо соодносот е 4,5. Во одредена мера ова се должи и на тоа што учеството на општината во вкупниот регион според број на жители е релативно мало, само седум проценти. Во општина Ресен доминира дефицитарен јаз, што укажува на недостиг од квалификувана работна сила, особено изразен за занимањата со ниски и со средни вештини. Кај лицата со високи вештини, суфицитарен јаз со драстично поголема понуда од побарувачка постои кај занимањето правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на образование. Образовните институции во општина Ресен имаат умерен потенцијал да го адресираат јазот кај дефицитарните занимања. Истовремено, потребна е внимателност во натамошното продуцирање кадри што го продлабочуваат суфицитарниот јаз. Потребен е поголем напор за надминување на проблемот со недостиг од работна сила, кој потенцијално може да се ублажи преку преквалификација на невработените лица со гимназија, доквалификација на невработените лица без квалификација и активирање на пасивните баратели на работа.

ПРЕПОРАКИ

Препораки за надминување на проблемот со недостиг од квалификувана работна сила за Центарот за вработување и за АВРСМ

Да се дизајнираат **обуки за доквалификација** и за **преквалификација** во рамки на активни мерки за вработување за невработените активни баратели на работа во општина Ресен, и тоа:

- Квалификација на лицата без занимање и со основно образование во општи работници. Центрите за доквалификација од соседните општини во Пелагонискиот регион, во соработка со АВРСМ, да дизајнираат и испорачаат курсеви и модули за лицата без занимање да добијат квалификација соодветна за занимања со вештини од ниво 1

- Продуцирање профили од центрите за доквалификација и за преквалификација од Пелагонискиот регион од занимањето за кое постои најголема побарувачка: продавач, бравар, заварувач, работник за едноставни работи во преработката на тутун, работник за едноставни работи на товарање, претоварање и пренос на товар, работник за едноставни работи на производствена линија)

- До/преквалификација на лицата со завршено општо гимназиско образование во некои од дефицитарните занимања со средно образование (на пример, шивач, продавач, возач на товарно возило, келнер, бравар и слично)

Да се дизајнира **процес на издавање сертификат на неформално здобиените вештини**, во соработка со АВРСМ и со центрите за доквалификација и за преквалификација во регионот.

Зголемување на понудата на работна сила преку активација на работоспособните пасивни баратели на работа. Центарот за вработување да спроведе кампања за активирање на пасивните баратели за работа и за идентификување на причините за пасивизацијата. Да се зацврстат механизмите што ќе оневозможат манипулација на системот и доследна примена на законот за прекинување на минималната гарантирана помош во случај на одбивање понудена работа.

За образовните институции и МОН

• На краток рок да се надмине јазот со дефицитарни занимања преку:

o ОСУ „Цар Самуил“ - Ресен да размисли за воведување нови насоки во дефицитарното занимање: преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања

o Центрите за квалификација и за преквалификација од Пелагонискиот регион, во соработка со АВРСМ и со Центарот за вработување, да се стимулираат да го интензивираат своето дејствување.

o Стручното средно училишта да ја подобрат соработката со приватниот сектор. Соработката може да се поттикне преку:

- Редовна практика за учениците од средното стручно училиште во соодветни компании

- Пилот-проект за дефицитарни занимања

• На среден рок, неопходно е да се направи реосмислување на програмите / насоките и на вештините што ги создава здобиената диплома:

o Програмите и насоките на образовните институции да се дизајнираат во согласност со потребните занимања на пазарот на труд во општина Ресен

o Курикулумите да ги одразуваат бараните вештини на 21 век (на пр., вештини поврзани со СТЕМ-науките, аналитички вештини, критичко размислување и сл.)

o Советување за кариера и насочување на младите кон избор на занимање базирано на потребите на пазарот на труд

За бизнис секторот

• Да се интензивира соработката со средното стручно училиште „Цар Самуил“

• При барање општи работници да се прошират огласите со можност да аплицираат и лица без занимање

• Да се подобрат квалитетот на работното место и квалитетот на практичната настава за учениците и за студентите во рамки на компаниите

• Во соработка со АВРСМ, да се овозможи обука на работно место за општите работници што се без занимање, до нивна минимална квалификација

• Да се стимулираат услови за работа за родители преку организиран транспорт до оддалечените и рурални места, можности за флексибилно работно време и работа од дома

За Општина Ресен, регионалните комори, средните училишта

• Да се засили свеста кај младите за тоа кои образовни профили недостигаат, а кои образовни профили се вишок, со цел при изборот на поле на образование, младите лица да донесуваат одлуки според информациите

• Да ги интензивираат инвестициите во градинки и во домови за стари лица, со што ќе се овозможи активација на пасивните невработени лица на пазарот на труд, кои поради грижа за децата и за постарите лица не се активни

За Државниот завод за статистика

• Да собира и објавува статистика на пазарот на труд на ниво на општина (стапка на вработеност, невработеност и на активност)

Дијагностика на пазарот на труд во општина Битола



Во општина Битола се присутни повисока квалификација, јаз според занимање и недостиг од работна сила. На секој побаран работник со високо образование за регионот Пелагонија, општина Битола има 2,5 невработени лица. Поголема понуда од побарувачка постои кај занимањата со високи вештини: стручњаци за образование; правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата; и стручњаци за наука и за инженеринг. Поголема побарувачка од понуда има за занимањето со високи вештини – ИКТ стручњаци и за занимањата со ниски вештини: ИКТ техничари; општи работници во рударството, градежништвото, производството и транспортот; и собирачи на смет и сродни занимања. Недостигот од работници за елементарните занимања во општина Битола е ургентен.

Оваа дијагностика препорачува да се преземат конкретни акции за намалување на јазовите меѓу образованието и занимањето на пазарот на труд во општина Битола преку:

- **Квалификација на невработените лица без занимање во општи работници (во соработка со АВРСМ)**
- **Засилување на соработката меѓу средните стручни училишта со бизнис-секторот, особено со странските инвеститори во општина Битола, вклучително со дуално пилот-образование на две до три занимања (во линија со стратегијата на Министерство за образование и наука)**
- **Реосмислување на програмите / насоките и на вештините што ги нуди здобиената диплома, во согласност со потребните занимања на пазарот на труд на општина Битола и според потребните вештини (на пример, вештини поврзани со СТЕМ-науките, аналитички вештини, критичко размислување и слично)**
- **Советување за кариера и насочување на младите во изборот на занимање базирано на потребите на пазарот на труд**

ЦЕЛ

Целта на овој бриф е да направи дијагностика на пазарот на труд во општина Битола и да понуди конкретни препораки за подобрување на состојбата пазарот на труд на локалното население и намалување на хоризонталните и вертикалните јазови.

ВОВЕД

Општина Битола е една од најголемите општини во регионот Пелагонија, со 92.203[1] жители, со што зафаќа 40 проценти од вкупниот број жители во Пелагонискиот регион. Во моментот, пазарот на труд во Пелагонискиот регион е поволен; регионот има четврта[2] по ред стапка на невработеност и втора[3] по ред стапка на вработеност и на активност во споредба со другите седум региони. Во 2019 година, стапката на невработеност на популацијата од 15 години и повеќе е 13,1 проценти (12,4 проценти за жени и 13,6 проценти за мажи), стапката на вработеност е 56 проценти, и стапката на активност е 64,5 проценти. Поволниот тренд е одразен и врз просечната бруто-плата: со 35.117 денари, Пелагонискиот регион е втор регион по ред (Регионите во Република Северна Македонија, ДЗС, 2020 година). Поволната местоположба, високообработливото земјоделско земјиште, како и најголемите наоѓалишта на јаглен во овој регион создаваат природни предуслови за поволни постигнувања на пазарот на труд. Исто така, овој регион е атрактивен за странските инвестиции и неколку големи компании се лоцирани во непосредна близина на Битола, со што значајно придонесуваат за вработеноста во регионот и во општина Битола.

[1]Процени на населението на 31.12.2015 год., (НТЕС 3-2007 година), Скопје.
[2]По Вардарски регион (10,8 проценти), Источен регион (7,8 проценти) и Југоисточен регион (6,3 проценти)
[3]По Југоисточен регион (63,3 проценти)

СТРУКТУРА НА ПАЗАР НА ТРУД

Понуда

Од регистрираните невработени лица што активно бараат работа во општина Битола во 2020 година, 53 проценти се жени и 47 проценти се мажи. Од аспект на образование, доминираат лица со ниско образование. Повеќе од една половина (54 проценти) од невработените лица се без основно и со основно образование (43 проценти) и нецелосно средно образование (графикон 1).

Графикон 1: Невработени лица во општина Битола, според степен на образование

Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Најголем дел од невработените се на возраст од 30 до 50 години (40 проценти), слично како и невработените со 50 и повеќе години (38 проценти) (графикон 2). Релативно ниското учество на младите во вкупната структура (22 проценти) веројатно се должи на подоцнежно активирање на пазарот на труд поради школување, но и пропорционално помал опфат на население во групата млади.

Графикон 2: Структура на невработени според возраст



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

52 процента од невработените чекаат вработување до една година, од кои најголем дел од еден до пет месеци (графикон 3). Веројатно индивидуалните карактеристики на оваа група невработени (степен на образование, образовен профил, возраст) се посоодветни до побарувачката на пазарот на труд, во споредба со невработените што чекаат за вработување повеќе од една година. За оваа група има изгледи на фрикциска невработеност, која може да се објасни со потребниот период на транзиција од образование кон вработување, приспособување на резервациската плата, времето потребно за аплицирање за работа и процесот на регрутирање до вработување и слично. Иако ваквата структура изгледа охрабрувачка, една третина од невработените чекаат за вработување повеќе од две години, што упатува на веројатност за структурна невработеност.

Освен невработените активни баратели на работа, значаен контингент во општина Битола се и лицата регистрирани како пасивни баратели на работа. Според Агенцијата за вработување, оваа категорија има 4.274 лица, што е околу 80 проценти од вкупниот број активни баратели. 39 проценти од пасивните баратели на работа се со основно образование, а дополнителни 11 проценти се со нецелосно средно образование. Тоа упатува на тоа дека овие лица се, главно, со ниско образование. Но, 13 проценти од оваа група лица се со завршено високо образование. Причините за пасивно барање работа може да се од различна природа: лицата изгубиле надеж дека АВРСМ ќе им помогне да најдат работа, но притоа останале подготвени да прифатат работа надвор од државниот систем на посредување; имале повремена, привремена или хонорарна работа, неформална работа; како и лица што, евентуално, не биле присутни во државата; поради што ваквите подгрупи ги немало ниту во регистрираната вработеност ниту во активните баратели на работа при АВРСМ.

Графикон 3: Невработени за општина Битола според време на чекање



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Побарувачка

Според регионалната анкета за побарувачка за 2020 година, вкупната побарувачка за Пелагонискиот регион изнесува 3.491 работно место, што претставува 55,4 проценти од невработената работна сила во општина Битола.

Графикон 4 прави преглед на побарувачката за работни места според образование и големина на компанија. Една половина од празните работни места се очекува да бидат генерирани од средноголеми работодавци, дополнителни 33 проценти од големи компании и 13 проценти од мали работодавци. Од аспект на потребата според образование, доминира потребата за работници со основно (47 проценти) и со средно образование (40 проценти).

Графикон 4: Побарувачка по образование и големина на компанија



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Доколку ја вкрстиме побарувачката според образование и занимање (НКЗ-ISCO 08) (графикон 5), ќе забележиме дека целата побарувачката за работници со завршено основно образование е од групата елементарни занимања (доминантно за општ работник, работник за едноставни работи во преработката на тутун и работник на едноставни работи на товарање, претоварање и на пренос на товар).

Побарувачката за работници со средно образование е похетерогена од аспект на занимања. Во апсолутен број, побарувачката за занимања со средно стручно образование е поголема во споредба со таа за средно општо образование. 16 проценти од вкупната побарувачката за работници и 40 проценти од побарувачката за работници со средно и со вишо образование е за техничари и за сродни занимања, и тоа речиси 90 проценти се однесува на техничар-оператор. Следни се занимања за индустриски начин на работа во производството и вклучуваат: шивач, продавач, возач на товарно возило, келнер, бравар, магационер, заварувач, готвач и слични занимања. Следни барани работници со средно образование се работници во услужни дејности и во продажба и ракувачи и поставувачи на машини и на постројки. Сите работници што се бараат со високо образование се во занимањето стручњаци и научници. Од нив, една третина се однесува на систем-администратор и 17 проценти за програмер.

Јаз на пазарот на труд според образование и занимање

Јазот на пазарот на труд во општина Битола се идентификува со вкрстување на понудата и на побарувачката на работници, земајќи го предвид нивото на образование и занимањето. Графикон 6 го прикажува бројот на понудени работници (што сакаат да работат) на секое побарано работно место, според степенот на образование. Резултатите покажаа дека јазот е најголем кај високото образование. На секој побаран работник со високо образование, од компаниите за Пелагонискиот регион, општина Битола има 2,5 невработени лица, за средно и за вишо образование овој сооднос е 1,8, а за основно е најмал, 1,6.

Графикон 6: Јаз во понуда и побарувачка според образование



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија, 2020*

Графикон 5: Побарувачка по занимање и образование за регион Пелагонија



Извор: *АВРСМ, регионална анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот во РСМ за 2020 година* [4]

[4] Анкетата е на примерок од 3.295 работодавци во приватниот сектор со седум и повеќе вработени, стратификувана по регион и по сектор на работодавец. Примерокот ги вклучува сите средни и големи работодавци, а другиот дел се избрани по случаен избор до постигнување на целта.

Подетална слика за јазот на пазарот труд се добива со вкрстување на бараните занимања на пазарот на труд со понудените профили на невработени активни баратели на работа.

Табела 1 прави дијагностика на јазот на пазарот на труд според бараните занимања и профилот на невработени активни баратели на работа за општина Битола. Јазот може да се анализира според степенот на образование во рамки на едно занимање (хоризонтално) и вертикално, за различни занимања. Јазот каде што понудата е поголема од побарувачка е означен со црвени нијанси (интензивно црвена – драстичен јаз, бледа црвена - умерен јаз). Бледожолта боја означува дека вкрстувањето на понудата и на побарувачката е речиси целосно и нема јаз. Зелените нијанси означуваат дефицитарен јаз, каде што побарувачката за работни места е поголема од понудата (интензивна зелена – драстичен јаз, бледозелена - умерен јаз).

Резултатите покажуваат дека кај високите вештини јазот постои кај осум од девет занимања. Кај пет занимања јазот е позитивен, од кои кај три занимања со високо образование има потенцијална повисока квалификуваност (стручњаци за образование; правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата; и стручњаци за наука и за инженеринг). Драстичен суфицитарен јаз има и кај занимањата помошни стручњаци за наука и за инженеринг; и бизнис и административни стручни соработници со средно образование, но магнитудата на јазот се намалува или преминува во дефицитарен јаз со транзиција кон вишо образование. Тоа упатува за занимања со потенцијална пониска квалификација.

Дефицитарен јаз се појавува кај четири занимања, од кои две се со драстичен јаз (стручњаци и техничари за информатичка и за комуникациска технологија), што упатува на дефицитарно занимање, без разлика на нивото на образование. Додека, кај бизнис и административни стручни занимања постои дефицит за работна сила со вишо образование.

Кај занимањата со средни вештини, суфицитарен јаз на поголема понуда од побарувачка на работна сила има само кај едно од 11 занимања (обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања), за кое било ниво на образование, што упатува на тоа дека ова занимање е суфицитарно. Кај другите занимања со средни вештини јазот е умерено суфицитарен или умерено дефицитарен. Умерено суфицитарни занимања се прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари и работници со електротехнологија, а тоа може да се објасни и со пазарни неусогласувања од привремен карактер. Додека кај преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања позитивниот јаз исчезнува кога се зголемува нивото на образование од основно на средно. Тоа упатува на тоа дека е потребна доквалификација на лицата со основно образование. Умерено дефицитарни се и занимањата: службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и во транспортот; работници во персонални служби; продавачи; занимања за заштита на лица и на имот; градежници и сродни градежни работници; ракувачи на машини и на постројки и возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж.

Кај занимањата со ниски вештини карактеристично е што јазот е, главно, од несоодветно образование. Постои дефицит за општи работници во рударството, градежништвото, производството и транспортот и општи работници, собирачи на смет и сродни занимања со средно образование, што не е случај за тие со основно образование. Од друга страна, суфицит на невработена работна сила има кај лицата без занимање и кај лицата со гимназиско средно образование. Оттука, јазот во занимањата со ниски вештини би можел да се намали доколку лицата без занимање се квалификуваат до ниво на општ работник и соодветно да се вкрстат со потребите за тоа занимање. Кај лицата со гимназиско образование, неопходно е да се преземат акции за доквалификација и / или преквалификација.

Генералниот заклучок е дека суфицитарен јаз (кога понудата е поголема од побарувачката) се појавува кај занимањата со високи вештини, особено кај општествени и образовни занимања. Додека кај занимањата со средни и со ниски вештини доминира дефицитарен јаз, со недостиг од работници со средно образование за различни занимања. Иако, во споредба со високите вештини, кај средните и кај ниските вештини јазот според образование е позастапен. Тоа упатува на тоа дека занимањата се соодветни, но потребна е доквалификација. Освен јазот од аспект на формално образование, квалитетот на образование и здобиените вештини се, исто така, значајни. Истражувањето на Светска банка (2020) идентификува дека обуките понудени од образовниот систем не соодветствуваат со потребите на компаниите. Во истата студија е идентификувано дека учениците немаат и соодветни практични вештини според здобиената диплома[5].

[5]Светска банка (2020 година) Наоѓање решенија за невработеноста на младите во Северна Македонија.

Табела 1: Јазови на пазарот на труд според занимање – образовен профил

Вештина	Шифра	Занимање/профил	Основно	Средно	Вишо	Високо
Висока вештина	21	Стручњаци за наука и инженеринг				
	22	Стручњаци од областа на здравството				
	23	Стручњаци за образование				
	24	Стручњаци за бизнис и администрација				
	25	Стручњаци за информатичка и комуникациска технологија				
	26	Правни, општествени и стручњаци од областа на културата				
	31	Помошни стручњаци за наука и инженеринг				
	32	Техничари и асистенти во здравството				
	35	Техничари за информатичка и комуникациска технологија				
	33	Бизнис и административни стручни соработници				
Средна вештина	43	Службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и транспортот				
	51	Работници во персонални служби				
	52	Продавачи				
	54	Занимања за заштита на лица и имот				
	71	Градежници и сродни градежни работници				
	72	Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања				
	73	Прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари				
	74	Работници со електротехнологија				
	75	Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања				
	81	Ракувачи на машини и постројки				
	83	Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж				
Ниска вештина	92	Општи работници во земјоделството, шумарството и рибарството				
	93	Општи работници во рударството, градежништвото, производството и транспортот				
	96	Општи работници, собирачи на смет и сродни занимања				
		Без занимање				
		Гимназија				

Извор: *Агенција за Вработување на Република Северна Македонија, пресметка на авторот*

Легенда:

Значително суфицитарно | Суфицитарно | Соодветно вкрстување | Дефицитарно | Значително дефицитарно

Образовното профилирање како фактор за надминување или засилување на јазовите

Во општина Битола има шест средни училишта, 15 високообразовни институции и еден центар за доквалификација и за преквалификација. Се очекува овие институции во следните две години да продуцираат 3.194 профилирани кадри на пазарот на труд. 84 проценти од вкупната понуда на образовни профили е во пет занимања: техничари и асистенти во здравство; бизнис и административни стручњаци; правни и општествени науки; помошни стручњаци за наука и за инженеринг и лица со завршено гимназиско образование, кои се класифицирани како без занимање.

Овие резултати упатуваат на тоа дека општина Битола има воспоставена образовна инфраструктура за продуцирање профилирана работна сила, особено високообразовни и стручни профили во повеќе области. Со цел да идентификуваме колку овие кадри се соодветни на пазарот на труд, во табела 2 го вкрстуваме идентификуваниот јаз со очекуваните образовни профили за следните две години. Резултатите покажуваат дека дефицитарниот јаз кај стручњаци за информатичка и за комуникациска технологија може да се надмине со продуцирање кадар од Факултетот за информациски и за комуникациски технологии во Битола. За лицата со завршено средно училиште со образовен профил техничари, неопходно е дообразование до вишо ниво. Од друга страна, натамошното продуцирање образовни профили: стручњаци за образование; правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата; и бизнис и административни стручни соработници, ќе го продлабочи суфицитарниот јаз и ќе создава дополнителни нарушувања на пазарот на труд. Во однос на профилирање со општо гимназиско образование, можностите на пазарот на труд ќе зависат само од тоа дали овие лица ќе се допрофилираат во дефицитарни или суфицитарни занимања, но останувањето само со општо гимназиско образование ги затвара перспективите на овие лица. На крај, центрите за доквалификација и за преквалификација се релативно малку застапени и треба да бидат стимулирани за развој на програми што ќе помогнат да се продуцираат кадри во дефицитарните занимања, особено кај занимањата со ниски вештини.

Графикон 7: Понуда на профилирана работна сила од образовните институции во следните две години

Извор: *Образовни институции на територија на општина Битола, собрани од Општина Битола*

Табела 2: Вкрстување на јазот и на понудата на профилирани кадри од образовните институции во следните две години

		Јазови				Понуда од образовни институции		
Шифра	Занимање/образовен профил	Основно	Средно	Вишо	Високо	Средно	Вишо	Високо
14	Директори на претпријатија за угостителство, трговија и други услуги							27
21	Стручњаци за наука и за инженеринг							42
22	Стручњаци од областа на здравството							61
23	Стручњаци за образование							91
24	Стручњаци за бизнис и за администрација							0
25	Стручњаци за информатичка и за комуникациска технологија							242
26	Правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата							400
31	Помошни стручњаци за наука и за инженеринг					214		142
32	Техничари и асистенти во здравството					477	269	6
35	Техничари за информатичка и за комуникациска технологија					12		
33	Бизнис и административни стручни соработници					267		397
43	Службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и во транспорт							
51	Работници во персонални служби							
52	Продавачи							
54	Занимања за заштита на лица и на имот							
71	Градежници и сродни градежни работници							
72	Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања							
73	Прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари					14		
74	Работници со електротехнологија							
75	Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања					15		
81	Ракувачи на машини и на постројки							
83	Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж							
92	Општи работници во земјоделството, шумарството и рибарството							
93	Општи работници во рударството, градежништвото, производството и во транспортот							
96	Општи работници, собирачи на смет и сродни занимања							
	Без занимање							
	Гимназија					518		

Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија, пресметка на авторот*

Легенда:

Значително суфицитарно | Суфицитарно | Соодветно вкрстување | Дефицитарно | Значително дефицитарно

ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Дијагностиката на пазарот на труд на општина Битола покажа дека најголем јаз образование – занимање постои кај лицата со високо образование. На секој побаран работник со високо образование за регионот Пелагонија, општина Битола располага со 2,5 невработени лица. Кај лицата со високи вештини, суфицитарен јаз со драстично поголема понуда од побарувачка постои кај занимањата: стручњаци за образование; правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата; и стручњаци за наука и за инженеринг. Дефицитарен јаз со поголема побарувачка од понуда има за занимањето стручњаци за информатичка и за комуникациска технологија. Дефицитарен јаз кај ниски вештини постои за занимањата: техничари за информатичка и за комуникациска технологија, општи работници во рударството, градежништвото, производството и транспортот и општи работници, собирачи на смет и сродни занимања. Образовните институции во општина Битола имаат потенцијал да го адресираат јазот кај дефицитарните занимања, но дел од нив дополнително го продлабочуваат јазот кај суфицитарните занимања со интензивно и масовно продуцирање суфицитарни образовни профили.

ПРЕПОРАКИ

Препораки за центрите за вработување и за АВРСМ

Да се дизајнираат активни мерки за вработување за невработените активни баратели на работа во општина Битола, и тоа:

• Квалификација на лицата без занимање и со основно образование во општи работници. Центрите за квалификација и за преквалификација во соработка со АВРСМ да дизајнираат и испорачаат курсеви и модули за лицата без занимање да добијат квалификација соодветна за занимања со вештини од ниво 1

• До/преквалификација на лицата со завршено општо гимназиско образование во некои од дефицитарните занимања (на пример, техничари за информатичка и за комуникациска технологија)

• До/преквалификација на лицата со средно образование од занимањето бизнис и административни стручни соработници во занимања: службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и во транспортот; работници во персонални служби; продавачи; занимања за заштита на лица и на имот; и градежници и сродни градежни работници

• Општокорисна работа со различни потребни вештини за лицата што се класирани во занимања / образование со значаен суфицитарен јаз:

o Работа со потребни ниски вештини за лица без занимање (одржување хигиена во општината, собирање смет, собирање масивен отпад за рециклирање и слично)

o Работа со високи вештини за лицата со високи вештини од суфицитарните занимања (поддршка во учењето на ученици од ранлива категорија граѓани, поддршка во училиштата и за градинките и слично)

За образовните институции и МОН

• На краток рок да се надмине јазот со дефицитарни занимања преку:

o Образовните институции што имаат воспоставени програми во дефицитарните занимања да ги зголемат атрактивноста и квотите за продуцирање повеќе кадар

o Центрите за квалификација и за преквалификација во соработка со АВРСМ и со Центарот за вработување да се стимулираат да го интензивираат своето дејствување

o Стручните средни училишта да ја подобрат соработката со приватниот сектор, особено со големите компании и со странските инвеститори лоцирани во општина Битола или во непосредна близина (на пр., „Кромберг и Шуберт“, „Гентерм“ и сл.). Соработката може да се поттикне преку:

- Редовна практика за учениците од средните стручни училишта во соодветни компании

- Пилот-проект за дефицитарни занимања (на пр., техничари-оператори)

- Потенцијално вкрстување меѓу компаниите и средните стручни училишта: „Ѓорѓи Наумов“, со потенцијал да продуцира ИКТ-техничари, може да се вкрсти со странските компании: „Кромберг и Шуберт“, „Гентерм“ и ВИК; „Јован Калаузи“, со потенцијал да продуцира медицински техничари и асистенти, да се вкрсти со приватната болница „Плодност“; „Таки Даскало“ да се вкрсти со текстилните компании во општината и во нејзина близина

• На среден рок, неопходно е да се направи реосмислување на програмите / насоките и на вештините што ги создава здобиената диплома:

o Програмите и насоките на образовните институции да се дизајнираат во согласност со потребните занимања на

пазарот на труд во општина Битола

о Курикулумите да ги одразуваат бараните вештини на 21 век (на пр., вештини поврзани со СТЕМ-науките, аналитички вештини, критичко размислување и сл.)

о Советување за кариера и насочување на младите во изборот на занимањето базирано на потребите на пазарот на труд

За бизнис секторот

• Да се интензивира соработката со средните стручни училишта и активно да се учествува во потенцијално формирањето дуално образование или пилот-занимања

• Да се подобри квалитетот на работното место и квалитетот на практичната настава за учениците и за студентите во рамки на компаниите

• При барање општи работници да се прошират огласите со можност да аплицираат и лица без занимање

• Во соработка со АВРСМ, да се овозможи обука на работно место за општите работници што се без занимање, до нивна минимална квалификација

За Општина Битола, регионалните комори, средните училишта

• Да се засили свеста кај младите за тоа кои образовни профили недостигаат, а кои образовни профили се вишок, со цел при изборот на поле на образование младите лица да донесат одлука според информациите

За Државниот завод за статистика

• Да собира и објавува статистика на пазарот на труд на ниво на општина (стапка на вработеност, невработеност и активност)

Дијагностика на пазарот на труд во општина Прилеп



Во општина Прилеп доминираат дефицитарните јазови, пониска квалификација кај одредени занимања и недостиг од работна сила за елементарни занимања. На секој побаран работник со високо образование за регионот Пелагонија, општина Прилеп има 2,2 невработени лица. Поголема понуда од побарувачка постои кај занимањата со високи вештини, особено кај општествените, додека кај занимањата со средни и со ниски вештини доминира дефицитарен јаз, со недостиг од работници со средно образование за различни занимања. Иако, во споредба со високите вештини, кај средните и кај ниските вештини јазот според образование е позастапен. Образовните институции во општина Прилеп имаат потенцијал да го адресираат јазот кај дефицитарните занимања, потребно е моментните програми да се доприспособат на новите трендови. Сепак, дел од нив дополнително го продлабочуваат јазот кај суфицитарните занимања.

Оваа дијагностика препорачува да се преземат конкретни акции за намалување на јазот меѓу образованието и занимањето на пазарот на труд во општина Прилеп преку:

- **Квалификација на невработените лица без занимање во општи работници (во соработка со АВРСМ)**
- **Засилување на соработката меѓу средните стручни училишта со бизнис-секторот, особено со странските инвеститори во општина Прилеп, вклучително со дуално пилот-образование на две до три занимања (во линија со стратегијата на Министерство за образование и наука)**
- **Реосмислување на програмите / насоките и на вештините што ги нуди здобиената диплома, во согласност со потребните занимања на пазарот на труд на општина Прилеп и според потребните вештини (на пример, вештини поврзани со СТЕМ-науките, аналитички вештини, критичко размислување и слично)**
- **Советување за кариера и насочување на младите во изборот на занимање базирано на потребите на пазарот на труд**

ЦЕЛ

Целта на овој бриф е да направи дијагностика на пазарот на труд во општина Прилеп и да понуди конкретни препораки за подобрување на состојбата пазарот на труд на локалното население и намалување на хоризонталниот и на вертикалниот јаз.

ВОВЕД

Општина Прилеп е една од најголемите општини во регионот Пелагонија, со 75.484[1] жители, со што зафаќа 33 проценти од вкупниот број жители во Пелагонискиот регион. Во моментот, пазарот на труд во Пелагонискиот регион е поволен; регионот има четврта[2] по ред стапка на невработеност и втора[3] по ред стапка на вработеност и на активност во споредба со другите седум региони. Во 2020 година стапката на невработеност на популацијата од 15 години и повеќе е 13,5 проценти (14,3 проценти за жени и 12,9 проценти за мажи), стапката на вработеност е 55,1 процент, и стапката на активност е 63,7 проценти. Поволниот тренд е одразен и врз просечната бруто-плата: со 38.750 денари, Пелагонискиот регион е втор регион по ред (Регионите во Република Северна Македонија, ДЗС, 2021 година). Поволната местоположба, високообработливото земјоделско земјиште, како и најголемите наоѓалишта на јаглен во овој регион создаваат природни предуслови за поволни постигнувања на пазарот на труд. Исто така, овој регион е атрактивен за странските инвестиции и во непосредна близина на Прилеп се лоцирани неколку големи компании, кои значајно придонесуваат за вработеноста во регионот и во општина Прилеп.

[1] Процени на населението на 31.12.2015 год., (НТЕС 3-2007 година), Скопје.
[2] По Вардарскиот регион (11,1 проценти), Источниот регион (8,1 проценти) и Југоисточниот регион (4,3 проценти)
[3] По Југоисточниот регион (62,5 проценти)

СТРУКТУРА НА ПАЗАРОТ НА ТРУД

Понуда

Од регистрираните невработени лица што активно бараат работа во општина Прилеп во 2021 година, 48 проценти се жени и 52 проценти се мажи. Од аспект на образование, доминираат лица со ниско образование. Речиси две третини (60 проценти) од невработените лица се без основно и со основно образование (44 проценти) и со нецелосно средно образование (графикон 1).

Графикон 1: Невработени лица во општина Прилеп според степенот на образование





Извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија

Најголем дел од невработените се на возраст од 30 до 50 години (40 проценти), и невработените со 50 и повеќе години (40 проценти) (графикон 2). Релативно ниското учество на младите во вкупната структура (20 проценти) веројатно се должи на подоцнежно активирање на пазарот на труд поради школување, но и пропорционално помал опфат на население во групата млади.

Графикон 2: Структура на невработени според возраст



Извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија

Најголем дел од невработените се на возраст од 30 до 50 години (40 проценти), и невработените со 50 и повеќе години (40 проценти) (графикон 2). Релативно ниското учество на младите во вкупната структура (20 проценти) веројатно се должи на подоцнежно активирање на пазарот на труд поради школување, но и пропорционално помал опфат на население во групата млади.

29 процента од невработените чекаат вработување до една година, од кои најголем дел од еден до пет месеци и од шест до дванаесет месеци (графикон 3). Веројатно индивидуалните карактеристики на оваа група невработени (степен на образование, образовен профил, возраст) се посоодветни до побарувачката на пазарот на труд, во споредба со невработените што чекаат за вработување повеќе од една година. За оваа група има изгледи на фрикциска невработеност, која може да се објасни со потребниот период на транзиција од образование кон вработување, приспособување на резервациската плата, времето потребно за аплицирање за работа и процесот на регрутирање до вработување и слично. Сепак, најголем дел, 39 проценти од невработените чекаат за вработување од една до три години, и се намалува на 31 проценти кај лицата што чекаат за вработување повеќе од три години. Тоа упатува на веројатност на постоење јазови поради несовпаѓање на понудата и на побарувачката на пазарот на труд и на структурна невработеност за лицата што чекаат вработување подолго од три години.

Освен невработените активни баратели на работа, во општина Прилеп има и регистрирани лица како пасивни баратели на работа. Според Агенцијата за вработување, оваа категорија има 1.962 лица, што е околу 30 проценти од вкупниот број активни баратели и е умерен. 36 проценти од пасивните баратели на работа се со основно образование, а дополнителни 19 проценти се со нецелосно средно образование. Тоа упатува на тоа дека една половина од овие лица

Графикон 3: Невработени за општина Охрид според времето на чекање



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

се со ниско образование. Но, 10 проценти од оваа група лица се со завршено високо образование, а 35 проценти се со средно образование. Причините за пасивно барање работа може да се од различна природа: лицата изгубиле надеж дека АВРСМ ќе им помогне да најдат работа, но притоа останале подготвени да прифатат работа надвор од државниот систем на посредување; имале повремена, привремена или хонорарна работа, неформална работа; како и лица што, евентуално, не биле присутни во државата; поради што ваквите подгрупи ги немало ниту во регистрираната вработеност, ниту во активните баратели на работа при АВРСМ.

Побарувачка

Според регионалната анкета за побарувачка за 2021 година, вкупната побарувачка за Пелагонискиот регион изнесува 2.993 работни места, што претставува 46 проценти од невработената работна сила во општина Прилеп.

Графикон 4 прави преглед на побарувачката за работни места според образование и големина на компанија. 91 процент од празните работни места се очекува да бидат генерирани од средноголеми (46 проценти) и од големи компании (45 проценти) и само девет проценти од мали работодавци. Од аспект на потребата според образование, доминира потребата за работници со основно (47 проценти) и со средно образование (47 проценти).

Графикон 4: Побарувачка по образование и големина на компанија



Доколку ја вкрстиме побарувачката според образование и занимање (НКЗ-ISCO 08) (графикон 5), ќе забележиме дека целата побарувачката за работници со завршено основно образование е од групата елементарни занимања (доминантно за општ работник, работник за едноставни работи во монтажа, работник на товарање и истоварање, работник за едноставни работи на производствена линија, рачен пакувач, земјоделски работник и слично). Побарувачката за работници со средно образование е похетерогена од аспект на занимања. 14 проценти од вкупната побарувачката за работници и 29 проценти од побарувачката за работници со средно и со вишо образование е за ракувачи на постојки и машини, главно за опслужувач на линија во преработката на тутун, и возачи на различни возила. Потоа е побарувачката за техничари и за сродни занимања и вклучуваат: информатичар на систем, хемиски техничар-лаборант, медицински техничар за итни случаи, администратор, техничар-оператор, контролор на квалитет, агент за продажба на хартии од вредност, машински техничар и слично. Следни се занимања за неиндустриски начин на работа во производството, од кои две третини се за занимањето шивач. Побарувачката за службеници и за работници во услужни дејности и продажба е најмала.

Јаз на пазарот на труд според образование и занимање

Јазот на пазарот на труд во општина Прилеп се идентификува со вкрстување на понудата и на побарувачката на работници земајќи го предвид нивото на образование и занимањето. Графикон 6 го прикажува бројот на понудени работници (што сакаат да работат) на секое побарано работно место, според степенот на образование. Резултатите покажаа дека на секој побаран работник од компаниите за Пелагонискиот регион, општина Прилеп има 2,2 невработени лица. Јазот е најголем кај високото образование

Графикон 5: Побарувачка според занимање и образование за Пелагонискиот регион



Извор: *АВРСМ, регионална анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот во РСМ за 2021 година*

и изнесува 3,7 невработени лица на еден побаран работник со високо образование, за основно образование е 2,7, а за средно и за вишо образование е најмал 1,4.

Графикон 6: Јаз во понуда и побарувачка според образование



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија, 2020 година*

Подетална слика за јазот на пазарот труд се добива со вкрстување на бараните занимања на пазарот на труд со понудените профили на невработени активни баратели на работа.

Табела 1 прави дијагностика на јазот на пазарот на труд според бараните занимања и профилот на невработени активни баратели на работа за општина Прилеп. Јазот може да се анализира според степенот на образование во рамки на едно занимање (хоризонтално) и вертикално, за различни занимања. Јазот каде што понудата е поголема од побарувачка е означен со црвени нијанси (интензивно црвена – драстичен јаз, бледа црвена – умерен јаз). Бледожолта боја означува дека вкрстувањето на понудата и на побарувачката е речиси целосно и нема јаз. Зелените нијанси означуваат дефицитарен јаз, каде што побарувачката за работни места е поголема од понудата (интензивна зелена – драстичен јаз, бледозелена – умерен јаз).

Резултатите покажуваат дека во општина Прилеп преовладуваат дефицитарни јазови (кога побарувачката е поголема од понудата).

Кај високите вештини јазот постои кај осум од единаесет занимања. Кај три занимања понудата е поголема од побарувачката (стручњаци за образование; правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата) и е идентификуван драстичен јаз. Драстичен суфицитарен јаз има и кај занимањата помошни стручњаци за наука и за инженеринг; и бизнис и административни стручни соработници со средно образование, но преминува во дефицитарен јаз со транзиција кон вишо образование. Слично, умерен суфицитарен јаз за лицата со средно образование се појавува и за занимањето техничари и асистенти во здравството и исчезнува за лицата со вишо образование. Тоа упатува на тоа дека занимањата се соодветни, но постои потенцијална пониска квалификација. Освен за занимањата за кои јазот преминува од суфицитарен во дефицитарен, дефицитарен јаз, без разлика на нивото на образование, се појавува кај три дополнителни занимања од високите вештини. Па така, драстичен дефицитарен јаз има за техничари за информатичка и за комуникациска технологија, и умерен дефицитарен јаз за занимањата: стручњаци за бизнис и администрација; и стручњаци за информатичка и комуникациска технологија.

Кај занимањата со средни вештини, од 11 занимања, за пет занимања е идентификуван суфицитарен јаз, за пет занимања има дефицитарен јаз и за едно занимање постои различен јаз во зависност од нивото на образование. Драстични суфицитарни јазови има за продавачи и за работници со електротехнологија. Недоволно отворени работни места и потенцијално неформално ангажирање мајстори со занимањето електротехнологија може да ги објасни овие јазови. Драстичен дефицитарен јаз има за занимањето службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и транспортот и тоа, главно, како резултат на поголемата побарувачка за службеници за осигурување. Веројатно се работи за занимање во експанзија. Кај преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања драстично позитивниот јаз исчезнува кога се зголемува нивото на образование од основно на средно. Тоа упатува на тоа дека е потребна доквалификација на лицата со основно образование. Кај другите занимања со средни вештини јазот е умерено суфицитарен или умерено дефицитарен. Умерено суфицитарни занимања се службеници за општи канцелариски работи и секретарки; обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања и пазарно ориентирани стручни земјоделски работници. Тоа може да се објасни и со пазарни неусогласувања од привремен карактер. Додека, умерено дефицитарни се и занимањата: службеници за услужни дејности; занимања за заштита на лица и на имот; градежници и сродни градежни работници; и прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари.

Кај занимањата со ниски вештини постои општ недостиг од работници за речиси сите занимања. Единствено умерен суфицитарен јаз се појавува за занимањето ракувачи на машини и постројки, кај лицата со основно образование, кој исчезнува и преминува во драстично суфицитарен за лицата со средно образование. Постои дефицит за општи работници во рударството, градежништвото, производството и транспортот; општи работници, собирачи на смет и сродни занимања; чистачи и помошници; општи работници во земјоделството, шумарството и рибарството. Од друга страна, суфицит на невработена работна сила има кај лицата без занимање и кај лицата со гимназиско средно образование. Оттука, јазот во занимањата со ниски вештини би можел да се намали доколку лицата без занимање се квалификуваат до ниво на општ работник и соодветно да се вкрстат

со потребите за тоа занимање. Кај лицата со гимназиско образование неопходно е да се преземат акции за доквалификација и / или преквалификација.

Генералниот заклучок е дека во општина Прилеп преовладуваат дефицитарните јазови. Суфицитарен јаз (кога понудата е поголема од побарувачката) се појавува кај занимањата со високи вештини, особено кај општествените, додека кај занимањата со средни и со ниски вештини доминира дефицитарен јаз, со недостиг од работници со средно образование за различни занимања. Иако, во споредба со високите вештини, кај средните и кај ниските вештини јазот според образование е позастапен. Тоа упатува на тоа дека занимањата се соодветни, но е потребна доквалификација. Освен јазот од аспект на формално образование, квалитетот на образование и здобиените вештини се, исто така, значајни. Истражувањето на Светска банка (2020) идентификува дека обуките понудени од образовниот систем не соодветствуваат со потребите на компаниите. Во истата студија е идентификувано дека учениците немаат и соодветни практични вештини според здобиената диплома[4].

Табела 1: Јаз на пазарот на труд според занимање – образовен профил

Вештини	Шифра	Занимање/профил	Основно	Средно	Вишо	Високо
Висока вештина	21	Стручњаци за наука и инженеринг				
	22	Стручњаци од областа на здравството				
	23	Стручњаци за образование				
	24	Стручњаци за бизнис и администрација				
	25	Стручњаци за информатичка и комуникациска технологија				
	26	Правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата				
	31	Помошни стручњаци за наука и инженеринг				
	32	Техничари и асистенти во здравството				
	34	Правни, општествени и културни стручни соработници				
	35	Техничари за информатичка и комуникациска технологија				
	33	Бизнис и административни стручни соработници				
Средна вештина	41	Службеници за општи канцелариски работи и секретари				
	42	Службеници за услужни дејности				
	43	Службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и транспортот				
	44	Други канцелариски службеници				
	51	Работници во персонални служби				
	52	Продавачи				
	54	Занимања за заштита на лица и имот				
	61	Пазарно ориентирани стручни земјоделски работници				
	71	Градежници и сродни градежни работници				
	72	Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања				
	73	Прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари				
	74	Работници со електротехнологија				
	75	Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања				
Ниска вештина	81	Ракувачи на машини и постројки				
	83	Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж				
	91	Чистачи и помошници				
	92	Општи работници во земјоделството, шумарството и рибарството				
	93	Општи работници во рударството, градежништвото, производството и транспортот				
	96	Општи работници, собирачи на смет и сродни занимања				
	99	Општи работници				
		Без занимање				
		Гимназија				

Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија, пресметка на авторот*

Легенда:

Значително суфицитарно | Суфицитарно | Соодветно вкрстување | Дефицитарно | Значително дефицитарно

[4]Светска банка (2020 година) Наоѓање решенија за невработеноста на младите во Северна Македонија.

Образовното профилирање како фактор за надминување или засилување на јазот

Во општина Прилеп има пет средни училишта, една високообразовна институција и еден центар за доквалификација и за преквалификација. Се очекува овие институции во следните четири години да продуцираат 3.549 профилирани кадри на пазарот на труд, од кои 91 процент профили со средно образование. Една половина од вкупната понуда на образовни профили е во две занимања: помошни стручњаци за наука и за инженеринг (53 проценти) и техничари и асистенти во здравство (10 проценти). Една третина (27 проценти) се лица со завршено гимназиско образование, кои се класифицирани како без занимање.

Овие резултати упатуваат на тоа дека општина Прилеп има воспоставена образовна инфраструктура за продуцирање профилирана работна сила, особено стручни профили со средно образование во повеќе области. Со цел да идентификуваме колку овие кадри се соодветни на пазарот на труд, во табела 2 го вкрстуваме идентификуваниот јаз со очекуваните образовни профили за следните четири години. Резултатите покажуваат дека продуцираните профили во умерена мера може да ги надминат јазовите. Продуцираните профили од текстилно-кожарската насока и од шумарско–дрвопреработувачката насока од СОУ „Ѓорче Петров“ ќе придонесат кон надминување на дефицитарниот јаз за занимањето преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања. Слично, профилираните кадри од економските насоки од средното стручно училиште СОЕПТУ „Кузман Јосифовски-Питу“ може да помогнат во продуцирање кадри со средно образование за занимањето службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и транспортот. Сепак, потребно е модификување на насоките во согласност со побарувачката на пазарот на труд и новите трендови (на пример, задоволување на побарувачката за службеници за осигурување). Стручните профили што се продуцираат во СОУ „Ристе Ристески-Ричко“, се во занимања за кои има суфицит на пазарот на труд со средно образование, но за истите занимања јазот преминува во дефицитарен со зголемувањето на образованието. Оттука, продуцирањето на овие профили не претставува закана за пазарот на труд. Со правилно насочување на овие кадри кон доквалификација овие профили може да помогнат во адресирање на дефицитарните јазови што се појавуваат за овие занимања. Дополнително, СОУ „Ристе Ристески-Ричко“ може да размисли за отворање нови насоки и за модификување на постојните за продуцирање профилирана работна сила од занимањето техничари за информатичка и комуникациска технологија, за кое постои драстичен дефицитарен јаз. Од друга страна, натамошното продуцирање образовни профили: правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата; и продавачи, ќе го продлабочи суфицитарниот јаз и ќе создава дополнителни нарушувања на пазарот на труд. Во однос на профилирање со општо гимназиско образование, можностите на пазарот на труд ќе зависат само од тоа дали овие лица ќе се допрофилираат во дефицитарни или суфицитарни занимања, но останувањето само со општо гимназиско образование ги затвора перспективите на овие лица. На крај, центрите за доквалификација и за преквалификација се релативно малку застапени и треба да бидат стимулирани за развој на програми што ќе помогнат да се продуцираат кадри во дефицитарните занимања, особено кај занимањата со ниски вештини.

Графикон 7: Понуда на профилирана работна сила од образовните институции во следните четири години

Извор: *Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија*

Табела 2: Вкрстување на јазот и на понудата на профилирани кадри од образовните институции во следните четири години

			Јазови				Понуда од образовни институции		
Вештина	Шифра	Занимање/профил	Основно	Средно	Вишо	Високо	средно	високо	До и пре-квалификација
Висока вештина	21	Стручњаци за наука и инженеринг							
	22	Стручњаци од областа на здравството							
	23	Стручњаци за образование							
	24	Стручњаци за бизнис и администрација							
	25	Стручњаци за информатичка и комуникациска технологија							
	26	Правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата						321	
	31	Помошни стручњаци за наука и инженеринг					1450		
	32	Техничари и асистенти во здравството					338		
	34	Правни, општествени и културни стручни соработници							
	35	Техничари за информатичка и комуникациска технологија							
	33	Бизнис и административни стручни соработници					265		
Средна вештина	41	Службеници за општи канцелариски работи и секретари							
	42	Службеници за услужни дејности							
	43	Службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и транспортот					6		
	44	Други канцелариски службеници							
	51	Работници во персонални служби					64		
	52	Продавачи					23		
	54	Занимања за заштита на лица и на имот							
	61	Пазарно ориентирани стручни земјоделски работници							
	71	Градежници и сродни градежни работници							
	72	Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања					33		
	73	Прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари							
	74	Работници со електротехнологија					7		
	75	Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања					98		
Ниска вештина	81	Ракувачи на машини и постројки							
	83	Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж							
	91	Чистачи и помошници							
	92	Општи работници во земјоделството, шумарството и во рибарството							
	93	Општи работници во рударството, градежништвото, производството и во транспортот							
	96	Општи работници, собирачи на смет и сродни занимања							
	99	Општи работници							
		Без занимање							
		Гимназија					944		

Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија, пресметка на авторот*

Легенда:

Значително суфицитарно | Суфицитарно | Соодветно вкрстување | Дефицитарно | Значително дефицитарно

ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Дијагностиката на пазарот на труд на општина Прилеп покажа дека доминираат дефицитарни јазови. Резултатите покажаа дека на секој побаран работник од компаниите за Пелагонискиот регион, општина Прилеп има 2,2 невработени лица. Јазот е најголем кај високото образование и изнесува 3,7 невработени лица на еден побаран работник со високо образование, за основно образование е 2,7, а за средно и за вишо образование е најмал, 1,4. Суфицитарен јаз (кога понудата е поголема од побарувачката) се појавува кај занимањата со високи вештини, особено кај општествените, додека кај занимањата со средни и со ниски вештини доминира дефицитарен јаз, со недостиг од работници со средно образование за различни занимања. Иако, во споредба со високите вештини, кај средните и кај ниските вештини јазот според образование е позастапен. Тоа упатува на тоа дека занимањата се соодветни, но е потребна доквалификација. Образовните институции во општина Прилеп имаат потенцијал да го адресираат јазот кај дефицитарните занимања, потребно е да се доприспособат моментните програми на новите трендови. Сепак, дел од нив дополнително го продлабочуваат јазот кај суфицитарните занимања.

ПРЕПОРАКИ

Препораки за центрите за вработување и за АВРСМ

Да се дизајнираат активни мерки за вработување за невработените активни баратели на работа во општина Прилеп, и тоа:

• Квалификација на лицата без занимање и со основно образование во општи работници. Центрите за квалификација и за преквалификација во соработка со АВРСМ да дизајнираат и испорачаат курсеви и модули за лицата без занимање да добијат квалификација соодветна за занимања со вештини од ниво 1

• До/преквалификација на лицата со завршено општо гимназиско образование во некои од дефицитарните занимања (на пример, техничари за информатичка и за комуникациска технологија или службеници за осигурување)

• До/преквалификација на лицата со средно образование од занимањето бизнис и административни стручни соработници во занимања: службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и во транспортот

• Општокорисна работа со различни потребни вештини за лицата што се класирани во занимања / образование со значаен суфицитарен јаз:

o Работа со потребни ниски вештини за лица без занимање (одржување хигиена во општината, собирање смет, собирање масивен отпад за рециклирање и слично)

o Работа со високи вештини за лицата со високи вештини од суфицитарните занимања (поддршка во учењето на ученици од ранлива категорија граѓани, поддршка во училиштата и за градинките и слично)

За образовните институции и МОН

• На краток рок да се надмине јазот со дефицитарни занимања преку:

o Образовните институции што имаат воспоставени програми во дефицитарните занимања да ги зголемат атрактивноста и квотите за продуцирање повеќе кадар

o Центрите за квалификација и за преквалификација во соработка со АВРСМ и со Центарот за вработување да се стимулираат да го интензивираат своето дејствување

o Стручните средни училишта да ја подобрат соработката со приватниот сектор, особено со големите компании и со странските инвеститори лоцирани во општина Прилеп или во непосредна близина (на пр., „Гентерм“, „Кромберг и Шуберт“, „Комфи Ангел“ и сл.). Соработката може да се поттикне преку:

- Редовна практика за учениците од средните стручни училишта во соодветни компании

- Пилот-проект за дефицитарни занимања (на пр., ракувачи на машини и постројки, техничари за информатичка и комуникациска технологија, службеници во осигурување)

- Потенцијално вкрстување меѓу компаниите и средните стручни училишта: СОУ „Ѓорче Петров“, со потенцијал да продуцира преработувачи на дрво, текстил, кожа, може да се вкрсти со текстилната компанија „Комфи Ангел“ и со другите текстилни компании во општината; СОУ „Ристе Ристески-Ричко“ со странските компании: „Гентерм“, „Кромберг и Шуберт“ и ВИК

• На среден рок, неопходно е да се направи реосмислување на програмите / насоките и

на вештините што ги создава здобиената диплома:

- Програмите и насоките на образовните институции да се дизајнираат во согласност со потребните занимања на пазарот на труд во општина Прилеп

- Курикулумите да ги одразуваат бараните вештини на 21 век (на пр., вештини поврзани со СТЕМ-науките, аналитички вештини, критичко размислување и сл.)

- Советување за кариера и насочување на младите во изборот на занимањето базирано на потребите на пазарот на труд

За бизнис-секторот

• Да се интензивира соработката со средните стручни училишта и активно да се учествува во потенцијално формирањето дуално образование или пилот-занимања

• Да се подобри квалитетот на работното место и квалитетот на практичната настава за учениците и за студентите во рамки на компаниите

• При барање општи работници да се прошират огласите со можност да аплицираат и лица без занимање

• Во соработка со АВРСМ, да се овозможи обука на работно место за општите работници што се без занимање, до нивна минимална квалификација

За Општина Прилеп, регионалните комори, средните училишта

• Да се засили свеста кај младите за тоа кои образовни профили недостигаат, а кои образовни профили се вишок, со цел при изборот на поле на образование младите лица да донесат одлука според информациите

За Државниот завод за статистика

• Да собира и објавува статистика на пазарот на труд на ниво на општина (стапка на вработеност, невработеност и активност)

Југозападен Регион

Дијагностика на пазарот на труд во општина Кичево

Во општина Кичево се присутни недостиг од генерирање работни места, пониска квалификација и недостиг од работна сила со средни вештини. На секој побаран работник со основно образование за Југозападниот регион, општина Кичево има по 11 невработени лица. Поголема понуда од побарувачка постои кај занимањата со високи вештини: стручњаци за образование; правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата. Кај сите други занимања, каде што се појавуваат суфицитарни јазови, тие исчезнуваат или се трансформираат во дефицитарни со зголемување на образованието. Тоа упатува на тоа дека занимањата се соодветни, но е потребна доквалификација. Образовните институции во општина Кичево имаат потреба од значајно реструктуирање за да ги адресираат јазовите кај дефицитарните занимања, а дел од нив дополнително ги продлабочуваат кај суфицитарните занимања со интензивно и масовно продуцирање суфицитарни профили.

Оваа дијагностика препорачува да се преземат конкретни акции за намалување на јазовите меѓу образованието и занимањето на пазарот на труд во општина Кичево преку:

- **Квалификација на невработените лица без занимање во општи работници (во соработка со АВРСМ)**
- **Зголемување на атрактивноста на општината за привлекување странски инвеститори во слободната ТИРЗ**
- **Засилување на соработката меѓу средните стручни училишта со бизнис-секторот, особено со странските инвеститори во општина Кичево, вклучително со пилот-проект за дуално образование на две до три занимања (во линија со стратегијата на Министерство за образование и наука)**
- **Реосмислување на програмите / насоките и на вештините што ги нуди здобиената диплома во согласност со потребните занимања на пазарот на труд на општина Кичево и според потребни вештини (на пример, вештини поврзани со СТЕМ-науките, аналитички вештини, критичко размислување и слично)**
- **Советување за кариера и насочување на младите во изборот на занимање базирано на потребите на пазарот на труд**

ЦЕЛ

Целта на овој бриф е да направи дијагностика на пазарот на труд во општина Кичево и да понуди конкретни препораки за подобрување на состојбата на пазарот на труд на локалното население и за намалување на хоризонталните и на вертикалните јазови.

ВОВЕД

Општина Кичево е една од поголемите општини во Југозападниот регион, со 57.107[1] жители и зафаќа 26 проценти од вкупниот број жители во регионот. Во моментот пазарот на труд во Југозападниот регион е умерено неповолен; регионот има трета[2] по висина стапка на невработеност и трета[3] одзади стапка на вработеност и четврта стапка на активност во споредба со другите седум региони. Во 2019 година стапката на невработеност на популацијата од 15 години и повеќе е 24,4 проценти (26,4 проценти за жени и 23,1 проценти за мажи), стапката на вработеност е 43,1 проценти, и стапката на активност е 57 проценти. Умерено неповолниот тренд се одразува и врз просечната бруто-плата со 33.099 денари (Регионите во Република Северна Македонија, ДЗС, 2020 година). Сепак, регионот има поволна местоположба, голем и недоволно искористен хидропотенцијал, како и развиен туризам во делот на Охридско Езеро. Исто така, овој регион е атрактивен за странските инвестиции и во непосредна близина на Кичево се лоцирани неколку големи компании, со што значително придонесуваат за вработеноста во регионот и во општина Кичево.

[1]Процени на населението на 31.12.2015 год., (НТЕС 3-2007 година), Скопје
[2]По Североисточниот регион (33 проценти) и Полошкиот регион (28,5 проценти)
[3]По Југоисточниот (63,3 проценти)

СТРУКТУРА НА ПАЗАР НА ТРУД

Понуда

Од регистрираните невработени лица што активно бараат работа во општина Кичево во 2020 година, еднакво се и мажи и жени. Од аспект на образование, доминираат лица со ниско образование. Повеќе од една половина (60 проценти) од невработените лица се без основно и со основно образование (52 проценти) и со нецелосно средно образование (графикон 1).

Графикон 1: Невработени лица во општина Кичево, според степен на образование





Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Најголем дел од невработените се на возраст од 30 до 50 години (41 проценти), потоа се невработените со 50 и повеќе години (33 проценти) (графикон 2). Релативно ниското учество на младите во вкупната структура (26 проценти) веројатно се должи на подоцнежно активирање на пазарот на труд поради школување, но и пропорционално помал опфат на население во групата млади.

Графикон 2: Структура на невработени според возраст



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

48 проценти од невработените чекаат вработување до една година, од кои најголем дел од еден до пет месеци (графикон 3). Веројатно индивидуалните карактеристики на оваа група невработени (степен на образование, образовен профил, возраст) се посоодветни до побарувачката на пазарот на труд, во споредба со невработените лица што чекаат за вработување повеќе од една година. За оваа група има изгледи на фрикциска невработеност, која може да се објасни со потребниот период на транзиција од образование кон вработување, приспособување на резервациската плата, времето потребно за аплицирање за работа и процесот на регрутирање до вработување и слично. Иако ваквата структура изгледа охрабрувачки, една третина од невработените чекаат за вработување повеќе од две години, што упатува на веројатност за структурна невработеност.

Освен невработените активни баратели на работа, значаен контингент во општина Кичево се и лицата регистрирани како пасивни баратели на работа. Според Агенцијата за вработување, оваа категорија има 2.817 лица, што е околу 70 проценти од вкупниот број активни баратели. 57 проценти од пасивните баратели на работа се со основно образование, а дополнителни девет проценти се со нецелосно средно образование. Тоа упатува на тоа дека овие лица се, главно, со ниско образование. Само пет проценти од оваа група лица се со завршено високо образование. Причините за пасивно барање работа може да се од различна природа: лицата изгубиле надеж дека АВРСМ ќе им помогне да најдат работа, но притоа останале подготвени да прифатат работа надвор од државниот систем на посредување; имале повремена, привремена или хонорарна работа, неформална работа; како и лица што, евентуално, не биле присутни во државата; поради што ваквите подгрупи ги немало ниту во регистрираната вработеност ниту во активните баратели на работа при АВРСМ.

Графикон 3: Невработени за општина Куманово според време на чекање



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Побарувачка

Според регионалната анкета за побарувачка за 2020 година, вкупната побарувачка за Југозападниот регион изнесува 1.448 работни места, што претставува 36,4 проценти од невработената работна сила во општина Кичево.

Графикон 4 прави преглед на побарувачката за работни места според образование и големина на компанија. Речиси една половина (46 проценти) од празните работни места се очекува да бидат генерирани од средноголеми работодавци, дополнителни 31 процент од големи компании и 23 проценти од мали работодавци. Од аспект на потребата според образование, доминира потребата за работници со средно образование (83 проценти), додека за основно образование (12 проценти) и за високо образование (четири проценти) побарувачката е релативно мала.

Графикон 4: Побарувачка по образование и големина на компанија



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Доколку ја вкрстиме побарувачката според образование и занимање (НКЗ-ISCO 08) (графикон 5), ќе забележиме дека целата побарувачката за работници со завршено основно образование е од групата елементарни занимања (доминантно за општ работник). Побарувачката за работници со средно образование е похетерогена од аспект на занимања. 36 проценти од вкупната побарувачката за работници и 78 проценти од побарувачката за работници со средно образование е за работници во услужни дејности и продажба (келнер, продавач, продавач преку телефон, готвач, шанкер и слично). Следни барани работници со средно образование се ракувачи и поставувачи на машини и на постројки. Потоа се барани работници со занимања за индустриски начин на работа во производство и вклучуваат: шивач, пекар, екохигиеничар, бравар, градежен работник, армирач, електроинсталатер и слично. Сите барани работници со високо образование се во занимањето техничари и сродни занимања и се похетерогени занимања вклучувајќи: машински инженер, сметководител, инженер-технолог, програмер, електроинженер-проектант, инженер за електроодржување и слично.

Јаз на пазарот на труд според образование и занимање

Јазовите на пазарот на труд во општина Кичево се идентификуваат со споредба на понудата и на побарувачката на работници земајќи го предвид нивото на образование и на занимање. Графикон 6 го прикажува бројот на понудени работници (што сакаат да работат) на секое побарано работно место, според степенот на образование. Резултатите покажаа дека јазот е најголем кај основното образование. На секој еден побаран работник со основно образование од компаниите за Југозападниот регион, општина Кичево има по 11 невработени лица, за средно и за вишо образование овој сооднос е 1,2, а за високо е 7,5.

Графикон 5: Побарувачка според занимање и образование за Југозападниот регион



Извор: *АВРСМ, регионална анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот во РСМ за 2020 година* [4]

[4] Анкетата е на примерок од 3.295 работодавци во приватниот сектор со седум и повеќе вработени, стратификувана по регион и по сектор на работодавец. Примерокот ги вклучува сите средни и големи работодавци, а другиот дел се избрани по случаен избор до постигнување на целта

Графикон 6: Јаз во понуда и побарувачка според образование



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија, 2020*

Подетална слика за јазовите на пазарот труд се добива со вкрстување на бараните занимања на пазарот на труд со понудените профили на невработени активни баратели на работа.

Табела 1 прави дијагностика на јазовите на пазарот на труд според побаруваните занимања и профилот на невработени активни баратели на работа за општина Кичево. Јазовите може да се анализираат според степенот на образование во рамки на едно занимање (хоризонтално) и вертикално, за различни занимања. Јазовите каде што понудата е поголема од побарувачка се означени со црвени нијанси (интензивна црвена – драстичен јаз, бледа црвена - умерен јаз). Бледожолта боја означува дека вкрстувањето на понудата и на побарувачката е речиси целосно и нема јаз. Зелените нијанси означуваат дефицитарен јаз, каде што побарувачката за работни места е поголема од понудата (интензивна зелена – драстичен јаз, бледозелена - умерен јаз).

Резултатите покажуваат дека кај високите вештини јазови постојат кај пет од единаесет занимања. Кај две занимања јазовите се позитивни и драстични, без разлика на нивото на образование (стручњаци за образование и правни и општествени стручњаци; и стручњаци од областа на културата). Тоа упатува на тоа дека постои поголема понуда од побарувачка за тие занимања. Кај три занимања има драстични суфицитарни јазови кај занимањата помошни стручњаци за наука и за инженеринг; техничари и асистенти во здравството и бизнис и административни стручни соработници со средно образование, но магнитудата на јазот се намалува или преминува во дефицитарен јаз со транзиција кон вишо образование. Тоа упатува на занимања со потенцијална пониска квалификација. Умерен дефицитарен јаз се појавува кај едно занимање, стручњаци и техничари за информатичка и за комуникациска технологија.

Кај занимањата со средни вештини, најголем дел од занимањата имаат дефицитарни јазови (седум од тринаесет), кои се изразени за лицата со средно образование. Тоа упатува на тоа дека постои недостиг од работници со средно образование за занимања со средни вештини. Драстични дефицитарни јазови има кај занимањата со средно образование за: работници во персонални служби; продавачи; занимања за заштита на лица и на имот; и ракувачи на машини и на постројки. Умерени дефицитарни јазови постојат кај занимањата: службеници за услужни дејности; службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и на транспортот; градежници и сродни градежни работници; и прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари. Драстичен суфицитарен јаз на поголема понуда од побарувачка на работна сила има кај три од 13 занимања (обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања; преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања; и возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж), за лица со основно образование. Сепак, за овие занимања јазот преминува во дефицитарен кога се зголемува нивото на образование. Тоа упатува дека е потребна доквалификација на лицата со основно образование.

Кај занимањата со ниски вештини постои дефицит за општи работници и собирачи на смет и сродни занимања со основно образование. Од друга страна, суфицит на невработена работна сила има кај лицата без занимање и кај лицата со гимназиско средно образование. Оттука, јазот во занимањата со ниски вештини би можел да се намали доколку лицата без занимање се квалификуваат до ниво на општ работник и соодветно да се вкрстат со потребите за тоа занимање. Кај лицата со гимназиско образование, неопходно е да се преземат акции за доквалификација и / или преквалификација.

Генералниот заклучок е дека во општина Кичево има недостиг од работници за различни занимања со средни вештини со средно образование. Суфицитарни јазови (кога понудата е поголема од побарувачката) се појавуваат кај занимањата со високи вештини, особено кај општествени и образовни занимања. Додека, кај занимањата со ниски вештини дефицитарни јазови постојат за општи работници, но истовремено постојат драстични суфицитарни јазови за лицата без занимање. Иако, во споредба со високите вештини, кај средните и ниските вештини се позастапени јазови според образование. Тоа упатува на тоа дека занимањата се соодветни, но е потребна доквалификација. Освен јазовите од аспект на формално образование, квалитетот на образование и здобиените вештини се, исто така, значајни. Истражувањето на Светска банка (2020 година) идентификува дека обуките понудени од образовниот систем не соодветствуваат со потребите на компаниите. Во истата студија, идентификувано е дека учениците немаат и соодветни практични вештини на здобиената диплома[5].

[5]Светска банка (2020 година) Наоѓање решенија за невработеноста на младите во Северна Македонија

Табела 1: Јазови на пазарот на труд според занимање – образовен профил

Вештина	Шифра	Занимање/профил	Основно	Средно	Вишо	Високо
Висока вештина	21	Стручњаци за наука и за инженеринг				
	22	Стручњаци од областа на здравството				
	23	Стручњаци за образование				
	24	Стручњаци за бизнис и за администрација				
	25	Стручњаци за информатичка и за комуникациска технологија				
	26	Правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата				
	31	Помошни стручњаци за наука и за инженеринг				
	32	Техничари и асистенти во здравството				
	34	Правни, општествени и културни стручни соработници				
	35	Техничари за информатичка и за комуникациска технологија				
	33	Бизнис и административни стручни соработници				
Средна вештина	41	Службеници за општи канцелариски работи и секретари				
	42	Службеници за услужни дејности				
	43	Службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и во транспортот				
	51	Работници во персонални служби				
	52	Продавачи				
	54	Занимања за заштита на лица и на имот				
	71	Градежници и сродни градежни работници				
	72	Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања				
	73	Прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари				
	74	Работници со електротехнологија				
	75	Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања				
	81	Ракувачи на машини и на постројки				
	83	Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж				
Ниска вештина	91	Чистачи и помошници				
	92	Општи работници во земјоделството, шумарството и во рибарството				
	93	Општи работници во рударството, градежништвото, производството и во транспортот				
	96	Општи работници, собирачи на смет и сродни занимања				
	94	Помошници за подготовка на храна				
		Без занимање				
		Гимназија				

Извор: *Агенција за Вработување на Република Северна Македонија, пресметка на авторот*

Легенда:

Значително суфицитарно | Суфицитарно | Соодветно вкрстување | Дефицитарно | Значително дефицитарно

Образовното профилирање како фактор за надминување или засилување на јазовите

Во општина Кичево има две средни училишта и еден центар за доквалификација и преквалификација. Се очекува овие институции во следните две години да продуцираат 1.704 профилирани кадри на пазарот на труд. Една половина од вкупната понуда на образовни профили се со гимназиско образование и се класификувани како без занимање.

Овие резултати упатуваат на тоа дека општина Кичево има скромна воспоставена образовна инфраструктура за продуцирање профилирана работна сила. Со цел да идентификуваме колку овие кадри се соодветни на пазарот на труд, во табела 2 ги вкрстуваме идентификуваните јазови со очекуваните образовни профили за следните две години. Резултатите покажуваат дека јазовите што постојат нема да може да се надминат со моментната поставеност на образовната инфраструктура. Четири од петте занимања што ги продуцираат образовните институции во општина Кичево се занимања со суфицитарни јазови. Единствено продуцираните кадри во образовен профил службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и во транспортот ќе придонесат во затворање на умерениот дефицитарен јаз. Но, истовремено прекумерното продуцирање кадри може да го трансформира во умерен суфицитарен јаз доколку создавањето нови работни места за ова занимање е побавен од продуцирањето нови кадри.

Дефицитарните кадри за занимања со средни вештини и со средно образование и понатаму остануваат непокриени. Тоа создава можност за размислување за создавање образовни струки за кои има драстични дефицитарни јазови на пазарот на труд. Во однос на профилирање со општо гимназиско образование, можностите на пазарот на труд ќе зависат само од тоа дали овие лица ќе се допрофилираат во дефицитарни или во суфицитарни занимања, но останувањето само со општо гимназиско образование ги затвора перспективите на овие лица. На крај, центрите за доквалификација и за преквалификација се релативно малку застапени и треба да бидат стимулирани за развој на програми што ќе помогнат да се продуцираат кадри во дефицитарните занимања, особено кај занимањата со ниски вештини.

Графикон 7: Понуда на профилирана работна сила од образовните институции во следните две години[6]



Извор: *Образовни институции на територија на општина Кичево, собрани од Општина Кичево*

[6]Податоците за дисперзирани студии на територија на општина Кичево не се доставени од високообразовни институции

Табела 2: Вкрстување на јазот и на понудата на профилирани кадри од образовните институции во следните две години

		Јазови				Понуда од образовни институции		
Шифра	Занимање/образовен профил	Основно	Средно	Вишо	Високо	Средно	Вишо	Високо
21	Стручњаци за наука и за инженеринг							
22	Стручњаци од областа на здравството							
23	Стручњаци за образование							
24	Стручњаци за бизнис и за администрација							
25	Стручњаци за информатичка и за комуникациска технологија							
26	Правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата					124		
31	Помошни стручњаци за наука и за инженеринг					260		
32	Техничари и асистенти во здравството					335		
34	Правни, општествени и културни стручни соработници							
35	Техничари за информатичка и за комуникациска технологија							
33	Бизнис и административни стручни соработници							
41	Службеници за општи канцелариски работи и секретари							
42	Службеници за услужни дејности							
43	Службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и во транспортот					181		
44	Други канцелариски службеници							
51	Работници во персонални служби							
52	Продавачи							
54	Занимања за заштита на лица и на имот							
71	Градежници и сродни градежни работници							
72	Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања							
73	Прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари							
74	Работници со електротехнологија							
75	Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања							
81	Ракувачи на машини и на постројки							
83	Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж							
91	Чистачи и помошници							
92	Општи работници во земјоделството, шумарството и во рибарството							
93	Општи работници во рударството, градежништвото, производството и во транспортот							
96	Општи работници, собирачи на смет и сродни занимања							
94	Помошници за подготовка на храна							
	Без занимање							
	Гимназија					804		

Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија; општина Кичево за новопродуцирани кадри, пресметка на авторот*

Легенда:

Значително суфицитарно Суфицитарно Соодветно вкрстување Дефицитарно Значително дефицитарно

ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Дијагностиката на пазарот на труд на општина Кичево покажа дека најголем јаз образование – занимање постои кај лицата со основно образование. На секој побаран работник со основно образование за Југозападниот регионот, општина Кичево располага со по 11 невработени лица. Кај лицата со високи вештини, суфицитарен јаз со драстично поголема понуда од побарувачка постои кај занимањата: стручњаци за образование и правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата. Исто така, драстични суфицитарни јазови постојат за лицата без занимање и само со завршена гимназија. Кај сите други занимања, каде што се појавуваат суфицитарни јазови, тие исчезнуваат или се трансформираат во дефицитарни со зголемување на образованието. Тоа упатува на тоа дека занимањата се соодветни, но е потребна доквалификација. Општина Кичево има недостиг од работници за различни занимања со средни вештини со средно образование. Образовните институции во општина Кичево имаат потреба од значајно реструктуирање за да ги адресираат јазовите кај дефицитарните занимања, а дел од нив дополнително ги продлабочуваат јазовите кај суфицитарните занимања со интензивно и масовно продуцирање суфицитарни профили.

ПРЕПОРАКИ

Препораки за Центрите за вработување и АВРСМ

Да се дизајнираат активни мерки за вработување за невработените активни баратели на работа во општина Кичево и тоа:

- Квалификација на лицата без занимање и со основно образование во општи работници. Центрите за квалификација и за преквалификација, во соработка со АВРСМ, да дизајнираат и испорачаат курсеви и модули за лицата без занимање да добијат квалификација соодветна за занимања со вештини од ниво 1

- До/преквалификација на лицата со завршено општо гимназиско образование во некои од дефицитарните занимања (на пример, ракувач со полуавтоматски и со автоматски шивач, шивач, келнер, продавач)

- Доквалификација на лицата со основно образование од занимањата: преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања; и возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж

- Општокорисна работа со различни потребни вештини за лицата што се класирани во занимања / образование со значајни суфицитарни јазови:

  - Работа со потребни ниски вештини за лица без занимање (одржување хигиена во општината, собирање смет, собирање масивен отпад за рециклирање и слично)

  - Работа со високи вештини за лицата со високи вештини од суфицитарните занимања (поддршка во учењето на ученици од ранлива категорија граѓани, поддршка во училиштата и градинките, и слично)

За образовните институции и МОН

- На краток рок да се надминат јазовите со дефицитарни занимања преку:

  - Центрите за квалификација и за преквалификација, во соработка со АВРСМ и со Центарот за вработување, да се стимулираат да го интензивираат своето дејствување

  - Стручните средни училишта да ја подобрат соработката со приватниот сектор, особено со големите компании и со странските инвеститори лоцирани во општина Кичево, слободната зона во Кичево (на пример „Ки сејфти системс“ и сл.). Соработката може да се поттикне преку:

    - Редовна практика за учениците од средните стручни училишта во соодветни компании

    - Пилот-програми за дефицитарни занимања (на пример, преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања и ракувачи на машини и на постројки)

- На среден рок, неопходно е да се направи реосмислување на програмите / насоките и на вештините што ги создава здобиената диплома:

  - Програмите и насоките на образовните институции да се дизајнираат во согласност со потребните занимања на пазарот на труд во општина Кичево

  - Курикулумите да ги рефлектираат бараните вештини на 21 век (на пример, вештини поврзани со СТЕМ-науките, аналитички вештини, критичко размислување и сл.)

  - Советување за кариера и насочување на младите во изборот на занимањето базирано на потребите на пазарот на труд

За бизнис-секторот

- Да се зголеми атрактивноста на општината за привлекување странски инвеститори во слободната ТИРЗ

- Да се интензивира соработката со средните стручни училишта и активно да се учествува во потенцијално формирање

дуално образование или пилот-занимања

• Да се подобри квалитетот на работното место и квалитетот на практичната настава за учениците и за студентите во рамки на компаниите

• При барање општи работници да се прошират огласите со можност да аплицираат и лица без занимање

• Во соработка со АВРСМ, да се овозможи обука на работно место за општите работници што се без занимање, до нивна минимална квалификација

За Општина Кичево, регионалните комори, средните училишта

• Да се засили свеста кај младите за тоа кои образовни профили недостигаат, а кои образовни профили се вишок, со цел при изборот на поле на образование младите лица да донесуваат одлуки според информациите

За Државниот завод за статистика

• Да собира и да објавува статистика на пазарот на труд на ниво на општина (стапка на вработеност, невработеност и на активност)

Дијагностика на пазарот на труд во општина Струга

Во општина Струга се присутни недостиг од генерирање работни места, пониска квалификација и недостиг од работна сила со средни вештини. На секој побаран работник со основно образование за Југозападниот регионот, општина Струга има 14 невработени лица. Поголема понуда од побарувачка постои кај занимањата со високи вештини: стручњаци за образование; правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата. Кај сите други занимања, каде што се појавува суфицитарен јаз, исчезнува или се трансформира во дефицитарен со зголемување на образованието. Тоа упатува на тоа дека занимањата се соодветни, но е потребна доквалификација. Образовните институции во општина Струга имаат солидна основа за да го адресираат јазот кај дефицитарните занимања, треба да се доприспособат на барањата на пазарот на труд и да се поврзат со бизнис-секторот, особено со странските инвестиции и со големите компании во регионот.

Оваа дијагностика препорачува да се преземат конкретни акции за намалување на јазовите меѓу образованието и занимањето на пазарот на труд во општина Струга преку:

- **Квалификација на невработените лица без занимање во општи работници (во соработка со АВРСМ)**
- **Зголемување на атрактивноста на општината за привлекување странски инвеститори во слободната ТИРЗ**
- **Засилување на соработката меѓу средното стручно училиште „Нико Нестор“ со бизнис-секторот, особено со странските инвеститори во општина Струга, вклучително со дуално пилот-образование на две до три занимања (во линија со стратегијата на Министерство за образование и наука)**
- **Советување за кариера и насочување на младите во изборот на занимање базирано на потребите на пазарот на труд**

ЦЕЛ

Целта на овој бриф е да направи дијагностика на пазарот на труд во општина Струга и да понуди конкретни препораки за подобрување на состојбата на пазарот на труд на локалното население и за намалување на хоризонталните и вертикалните јазови.

ВОВЕД

Општина Струга е една од најголемите општини во Југозападниот регион, со 65.485[1] жители, со што зафаќа 30 проценти од вкупниот број жители во регионот. Во моментот, пазарот на труд во Југозападниот регион е умерено неповолен; регионот има трета[2] по висина стапка на невработеност и трета[3] одзади стапка на вработеност и четврта стапка на активност во споредба со другите седум региони.

Во 2019 година, стапката на невработеност на популацијата од 15 години и повеќе е 24,4 проценти (26,4 проценти за жени и 23,1 проценти за мажи), стапката на вработеност е 43,1 проценти и стапката на активност 57 проценти. Умерено неповолниот тренд се одразува и врз просечната бруто-плата: со 33.099 денари, (Регионите во Република Северна Македонија, ДЗС, 2020 година). Сепак, регионот има поволна местоположба, голем и недоволно искористен хидропотенцијал, како и развиен туризам во делот на Охридско Езеро. Исто така, овој регион е атрактивен за странските инвестиции и неколку големи компании се лоцирани во непосредна близина на Струга, со што значајно придонесуваат за вработеноста во регионот и во општина Струга.

[1]Процени на населението на 31.12.2015 год., (НТЕС 3-2007 година), Скопје.
[2]По Североисточниот регион (33 проценти) и по Полошкиот регион (28,5 проценти)
[3]По Југоисточниот регион (63,3 проценти)

СТРУКТУРА НА ПАЗАР НА ТРУД

Понуда

Од регистрираните невработени лица што активно бараат работа во општина Струга во 2020 година бројот на мажи и на жени е еднаков. Од аспект на образование, доминираат лица со ниско образование. Повеќе од една половина (60 проценти) од невработените лица се без основно и со основно образование (56 проценти) и со нецелосно средно образование (графикон 1).

Графикон 1: Невработени лица во општина Струга според степенот на образование





Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Најголем дел од невработените лица се на возраст од 30 до 50 години (40 проценти), потоа се невработените со 50 и повеќе години (34 проценти) (графикон 2). Релативно ниското учество на младите во вкупната структура (26 проценти) веројатно се должи на подоцнежно активирање на пазарот на труд заради школување, но и пропорционално помал опфат на население во групата млади.

Графикон 2: Структура на невработени според возраст



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

55 проценти од невработените чекаат вработување до една година, од кои најголем дел од еден до пет месеци (графикон 3). Веројатно индивидуалните карактеристики на оваа група невработени (степен на образование, образовен профил, возраст) се посоодветни до побарувачката на пазарот на труд, во споредба со невработените лица што чекаат за вработување повеќе од една година. За оваа група има изгледи на фрикциска невработеност, која може да се објасни со потребниот период на транзиција од образование кон вработување, приспособување на резервациската плата, времето потребно за аплицирање за работа и процесот на регрутирање до вработување и слично. Иако ваквата структура изгледа охрабрувачка, една третина од невработените чекаат за вработување повеќе од две години, што упатува на веројатност за структурна невработеност.

Освен невработените активни баратели на работа, значителен контингент во општина Струга се и лицата регистрирани како пасивни баратели на работа. Според Агенцијата за вработување, оваа категорија има 2.886 лица, што е 62 процента од вкупниот број активни баратели. 74 проценти од пасивните баратели на работа се без и со основно образование, а дополнителни осум проценти со нецелосно средно образование. Тоа упатува на тоа дека овие лица се, главно, со ниско образование. Само три проценти од оваа група лица се со завршено високо образование. Причините за пасивно барање работа може да се од различна природа: лицата изгубиле надеж дека АВРСМ ќе им помогне да најдат работа, но притоа останале подготвени да прифатат работа надвор од државниот систем на посредување; имале повремена, привремена или хонорарна работа, неформална работа; како и лица што, евентуално, не биле присутни во државата; поради што ваквите подгрупи ги немало ниту во регистрираната вработеност ниту во активните баратели на работа при АВРСМ.

Графикон 3: Невработени за општина Струга според времето на чекање



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Побарувачка

Според регионалната анкета за побарувачка за 2020 година, вкупната побарувачка за Југозападниот регион изнесува 1.448 работни места, што претставува 32 процента од невработената работна сила во општина Струга.

Графикон 4 прави преглед на побарувачката за работни места според образование и големина на компанија. Речиси една половина (46 проценти) од празните работни места се очекува да бидат генерирани од средноголеми работодавци, дополнителни 31 процент од големи компании и 23 проценти од мали работодавци. Од аспект на потребата според образование, доминира потребата за работници со средно образование (83 проценти), додека за основно образование (12 проценти) и високо образование (четири проценти) побарувачката е релативно мала.

Графикон 4: Побарувачка по образование и големина на компанија



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Доколку ја вкрстиме побарувачката по образование и занимање (НКЗ-ISCO 08) (графикон 5), ќе забележиме дека целата побарувачката за работници со завршено основно образование е од групата елементарни занимања (доминантно за општ работник). Побарувачката за работници со средно образование е похетерогена од аспект на занимања. 36 проценти од вкупната побарувачката за работници и 78 проценти од побарувачката за работници со средно образование е за работници во услужни дејности и продажба (келнер, продавач, продавач преку телефон, готвач, шанкер и слично).

Следни барани работници со средно образование се ракувачи и поставувачи на машини и на постројки. Потоа се работници со занимања за индустриски начин на работа во производство и вклучуваат: шивач, пекар, екохигиеничар, бравар, градежен работник, армирач, електроинсталатер и слично. Сите барани работници со високо образование се во занимањето техничари и сродни занимања и се похетерогени занимања, кои вклучуваат: машински инженер, сметководител, инженер-технолог, програмер, електроинженер-проектант, инженер за електроодржување и слично.

Графикон 5: Побарувачка по занимање и образование образование за Југозападниот регион



Извор: *АВРСМ, регионална анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот во РСМ за 2020 година* [4]

[4] Анкетата е на примерок од 3.295 работодавци во приватниот сектор со седум и повеќе вработени, стратификувана по регион и по сектор на работодавец. Примерокот ги вклучува сите средни и големи работодавци, а другиот дел се избрани по случаен избор до постигнување на целта.

Јаз на пазарот на труд според образование и занимање

Јазот на пазарот на труд во општина Струга се идентификува со споредување на понудата и на побарувачката на работници земајќи го предвид нивото на образование и на занимање. Графикон 6 го прикажува бројот на понудени работници (што сакаат да работат) на секое побарано работно место, според степенот на образование. Резултатите покажаа дека јазот е најголем кај основното образование. На секој побаран работник со основно образование од компаниите за Југозападниот регион, општина Струга има 14 невработени лица, за средно и за вишо образование споредбата е посоодветна и овој сооднос е 1,3, додека за високо е 8,3.

Графикон 6: Јаз во понуда и побарувачка според образование

Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија, 2020*

Подетална слика за јазот на пазарот труд се добива со вкрстување на бараните занимања на пазарот на труд со понудените профили на невработени активни баратели на работа.

Табела 1 прави дијагностика на јазот на пазарот на труд според бараните занимања и профилот на невработени активни баратели на работа за општина Струга. Јазот може да се анализира според степенот на образование во рамки на едно занимање (хоризонтално) и вертикално, за различни занимања. Јазот каде што понудата е поголема од побарувачка е означен со црвени нијанси (интензивно црвена – драстичен јаз, бледа црвена - умерен јаз). Бледожолта боја означува дека вкрстувањето на понудата и на побарувачката е речиси целосно и нема јаз. Зелените нијанси означуваат дефицитарен јаз, каде што побарувачката за работни места е поголема од понудата (интензивна зелена – драстичен јаз, бледозелена - умерен јаз).

Резултатите покажуваат дека кај високите вештини, јаз постои кај пет од единаесет занимања. Кај две занимања јазот е позитивен и драстичен, без разлика на нивото на образование (стручњаци за образование; и правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата). Тоа упатува на тоа дека постои поголема понуда од побарувачка за тие занимања. Кај три занимања има драстичен суфицитарен јаз, и тоа: помошни стручњаци за наука и за инженеринг; техничари и асистенти во здравството и бизнис и административни стручни соработници со средно образование, но магнитудата на јазот се намалува или преминува во дефицитарен јаз со транзиција кон вишо образование. Тоа упатува на занимања со потенцијална пониска квалификација. Умерен дефицитарен јаз се појавуваат кај едно занимање, стручњаци од областа на здравство.

Кај занимањата со средни вештини постои потенцијална пониска квалификација и доминантно дефицитарен јаз за лицата со завршено средно образование. Кај десет од четиринаесет занимања со средно образование има дефицитарен јаз. Од нив, кај четири занимања јазот е драстичен (работници во персонални служби; продавачи, преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања и ракувачи на машини и на постројки). Тоа упатува на тоа дека постои недостиг од работници со средно образование за занимања со средни вештини. Во овие занимања недостиг од работници постои за: ракувач со полуавтоматски и со автоматски шивач, шивач, келнер, продавач, продавач преку телефон, готвач, шанкер. Умерен дефицитарен јаз постои кај занимањата: службеници за услужни дејности; службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и во транспортот; занимања за лична нега и сродни занимања; занимања за заштита на лица и на имот; градежници и сродни градежни работници; и возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж. Суфицитарен јаз се појавува за лица со основно образование. Но, речиси кај сите занимања каде што се појавува суфицитарен јаз, магнитудата се намалува, или јазот преминува во дефицитарен кога се зголемува нивото на образование.

Тоа упатува на тоа дека е потребна доквалификација на лицата со основно образование.

Кај занимањата со ниски вештини постои дефицит за општи работници, собирачи на смет и сродни занимања; помошници за подготовка на храна и чистачи и помошници. Од друга страна, суфицит на невработена работна сила има кај лицата без занимање и кај лицата со гимназиско средно образование.

Оттука, јазот во занимањата со ниски вештини би можел да се намали доколку лицата без занимање се квалификуваат до ниво на општ работник и соодветно се вкрстат со потребите за тоа занимање. Кај лицата со гимназиско образование неопходно е да се преземат акции за доквалификација и / или преквалификација.

Генералниот заклучок е дека во општина Струга има недостиг од генерирање работни места, пониска квалификација и недостиг од работници за различни занимања со средни вештини со средно образование. Суфицитарен јаз (кога понудата е поголема од побарувачката) се појавува кај занимањата со високи вештини, особено кај општествени и образовни занимања. Додека, кај занимањата со ниски вештини

дефицитарен јаз постои за општи работници, но истовремено постои драстичен суфицитарен јаз за лицата без занимање. Иако, во споредба со високите вештини, кај средните и ниските вештини јазот според образование е позастапен. Тоа упатува на тоа дека занимањата се соодветни, но е потребна доквалификација. Освен јазот од аспект на формално образование, квалитетот на образование и здобиените вештини се, исто така, значајни. Истражувањето на Светска банка (2020 година) идентификува дека обуките понудени од образовниот систем не соодветствуваат со потребите на компаниите. Во истата студија, идентификувано е дека учениците немаат и соодветни практични вештини за здобиената диплома[5].

Табела 1: Јазови на пазарот на труд според занимање – образовен профил

Вештина	Шифра	Занимање/профил	Основно	Средно	Вишо	Високо
Висока вештина	21	Стручњаци за наука и за инженеринг				
	22	Стручњаци од областа на здравството				
	23	Стручњаци за образование				
	24	Стручњаци за бизнис и за администрација				
	25	Стручњаци за информатичка и за комуникациска технологија				
	26	Правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата				
	31	Помошни стручњаци за наука и за инженеринг				
	32	Техничари и асистенти во здравството				
	35	Техничари за информатичка и за комуникациска технологија				
	33	Бизнис и административни стручни соработници				
Средна вештина	41	Службеници за општи канцелариски работи и секретари				
	42	Службеници за услужни дејности				
	43	Службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и во транспортот				
	51	Работници во персонални служби				
	52	Продавачи				
	53	Занимања за лична нега и сродни занимања				
	54	Занимања за заштита на лица и на имот				
	71	Градежници и сродни градежни работници				
	72	Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања				
	73	Прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари				
	74	Работници со електротехнологија				
	75	Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања				
	81	Ракувачи на машини и на постројки				
	83	Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж				
Ниска вештина	91	Чистачи и помошници				
	92	Општи работници во земјоделството, шумарството и во рибарството				
	93	Општи работници во рударството, градежништвото, производството и во транспортот				
	96	Општи работници, собирачи на смет и сродни занимања				
	94	Помошници за подготовка на храна				
		Без занимање				
		Гимназија				

Извор: *Агенција за Вработување на Република Северна Македонија, пресметка на авторот*

Легенда:

Значително суфицитарно | Суфицитарно | Соодветно вкрстување | Дефицитарно | Значително дефицитарно

[5]Светска банка (2020 година) Наоѓање решенија за невработеноста на младите во Северна Македонија

Образовното профилирање како фактор за надминување или засилување на јазот

Во општина Струга има две средни училишта и две институции што прават верификација на возрасни. Се очекува овие институции во следните две години да продуцираат 1.016 профилирани кадри на пазарот на труд. Една третина од вкупната понуда на образовни профили се со гимназиско образование, кои се класификувани како без занимање. 38 проценти се различни профили во занимање помошни стручњаци за наука и за инженеринг (архитектонски, градежни, геодетски техничар, електротехничари, текстилно-кожарски техничари и сл). Потоа се профили од занимањата службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и во транспортот и техничари и асистенти во здравството.

Овие резултати упатуваат на тоа дека општина Струга има воспоставена образовна инфраструктура за продуцирање профилирана работна сила. Со цел да идентификуваме колку овие кадри се соодветни на пазарот на труд, во табела 2 ги вкрстуваме идентификуваниот јаз со очекуваните образовни профили за следните две години.

Резултатите покажуваат дека јазот што постои во умерена мера ќе се надмине со моментната поставеност на образовната инфраструктура. Три од шесте занимања што ги продуцираат образовните институции во општина Струга се занимања со дефицитарен јаз и ќе придонесат кон негово намалување. Кај две занимања (помошни стручњаци за наука и инженеринг и техничари и асистенти во здравството), постои драстичен суфицитарен јаз за лицата со средно образование. Но, за продуцираните профили - техничари, овој јаз исчезнува кога се зголемува образованието, додека кај техничарите и асистентите во здравство, освен тоа што јазот исчезнува со зголемување на образованието, и мобилноста на оваа струка е повисока. Оттука, и за двете занимања продуцирањето на овие профили не мора да претставува сериозна закана. Но, сепак, треба да бидат преземени конкретни акции кон соодветно поврзување на продуцираните кадри со компаниите од регионот и нивно соодветно насочување кон доквалификација. Дефицитарните кадри за занимања со средни вештини и со средно образование и понатаму остануваат непокриени. Тоа создава можност да се размисли да се создадат образовни струки за кои има драстичен дефицитарен јаз на пазарот на труд. Во однос на профилирање со општо гимназиско образование, можностите на пазарот на труд ќе зависат само од тоа дали овие лица ќе се допрофилираат во дефицитарни или суфицитарни занимања, но останувањето само со општо гимназиско образование ги затвора перспективите на овие лица.

На крај, да се размисли за формирање центар за доквалификација и за преквалификација, кој ќе се стимулира за развој на програми што ќе помогнат да се продуцираат кадри во дефицитарните занимања, особено кај занимањата со ниски вештини.

Графикон 7: Понуда на профилирана работна сила од образовните институции во следните две години[6]



Извор: *Образовни институции на територија на општина Струга, присобрани од Општина Струга*

[6]Податоците за дисперзирани студии на територија на општина Струга, од високообразовни институции не се вклучени

Табела 2: Вкрстување на јазот и на понудата на профилирани кадри од образовните институции во следните две години

			Јаз на пазарот на труд				Кадар продуциран од образовните институции
Вештина	Шифра	Занимање/образовен профил	Основно	Средно	Вишо	Високо	Средно
Висока вештина	21	Стручњаци за наука и за инженеринг					
	22	Стручњаци од областа на здравството					
	23	Стручњаци за образование					
	24	Стручњаци за бизнис и за администрација					
	25	Стручњаци за информатичка и за комуникациска технологија					
	26	Правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата					
	31	Помошни стручњаци за наука и за инженеринг					386
	32	Техничари и асистенти во здравството					133
	35	Техничари за информатичка и за комуникациска технологија					
	33	Бизнис и административни стручни соработници					
Средна вештина	41						
	42	Службеници за услужни дејности					
	43	Службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и во транспортот					122
	51	Работници во персонални служби					8
	52	Продавачи					
	54	Занимања за заштита на лица и на имот					
	71	Градежници и сродни градежни работници					
	72	Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања					
Ниска вештина	73	Прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари					
	74	Работници со електротехнологија					
	75	Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања					19
	81	Ракувачи на машини и на постројки					
	83	Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж					
	91	Чистачи и помошници					
	92	Општи работници во земјоделството, шумарството и во рибарството					
	93	Општи работници во рударството, градежништвото, производството и во транспортот					
	96	Општи работници, собирачи на смет и сродни занимања					
	94						
		Без занимање					
		Гимназија					348

Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија; општина Струга за новопродуцирани кадри, пресметка на авторот*

Легенда:

Значително суфицитарно | Суфицитарно | Соодветно вкрстување | Дефицитарно | Значително дефицитарно

ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Дијагностиката на пазарот на труд на општина Струга покажа дека најголем јаз образование – занимање постои кај лицата со основно образование. На секој побаран работник со основно образование за Југозападниот регионот, општина Струга располага со 14 невработени, за средно и за вишо образование споредбата е посоодветна и овој сооднос е 1,3, додека за високо е 8,3. Тоа упатува на тоа дека проблемот со недостиг од генерирање работни места е ургентен. Кај лицата со високи вештини, суфицитарен јаз со драстично поголема понуда од побарувачка постои кај занимањата: стручњаци за образование и правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата. Исто така, драстичен суфицитарен јаз постои за лицата без занимање и само со завршена гимназија. Кај сите други занимања, каде што се појавува суфицитарен јаз, исчезнува или се трансформира во дефицитарен со зголемување на образованието. Тоа упатува на тоа дека занимањата се соодветни, но потребна е доквалификација. Општина Струга има недостиг од работници за различни занимања со средни вештини со средно образование. Образовните институции во општина Струга имаат солидна основа за да го адресира јазот кај дефицитарните занимања, тие треба да се доприспособат до барањата на пазарот на труд и да се поврзат со бизнис-секторот, особено со странските инвестиции и со големите компании во регионот.

ПРЕПОРАКИ

Препораки за надминување на проблемот со недостиг од квалификувана работна сила за Центарот за вработување и за АВРСМ

Да се дизајнираат активни мерки за вработување за невработените активни баратели на работа во општина Струга, и тоа:

Тренинг и доквалификација

• Квалификација на лицата без занимање и со основно образование во општи работници. Центрите за квалификација и за преквалификација во соработка со АВРСМ да дизајнираат и испорачаат курсеви и модули за лицата без занимање да добијат квалификација соодветна за занимања со вештини од ниво 1

• До/преквалификација на лицата со завршено општо гимназиско образование во некои од дефицитарните занимања (на пример, ракувач со полуавтоматски и со автоматски шивач, шивач, келнер, продавач, продавач преку телефон)

• Доквалификација на лицата со основно образование од занимањата: преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања; и ракувачи на машини и на постројки

Активни мерки за вработување

• Активни мерки што стимулираат формализација на неформалната работа

• Општокорисна работа со различни потребни вештини за лицата што се класирани во занимања / образование со значителен суфицитарен јаз:

о Работа со потребни ниски вештини за лица без занимање (одржување хигиена во општината, собирање смет, собирање масивен отпад за рециклирање и слично)

о Работа со високи вештини за лицата со високи вештини од суфицитарните занимања (поддршка во учењето на ученици од ранлива категорија граѓани, поддршка во училиштата и во градинките и слично)

За образовните институции и за МОН

• На краток рок да се надмине јазот со дефицитарни занимања преку:

о Образовните институции што имаат воспоставени програми во дефицитарни занимања да ги зголемат атрактивноста и квотите за продуцирање повеќе кадар. На пример, дефицитарниот јаз кај работници во персонални служби и преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања (келнер, готвач, пекар), може да се ублажат со продуцирање кадар од веќе воспоставените насоки во СОУ „Нико Нестор“, преку доквалификација до средно образование на невработените лица од тоа занимање, а со завршено основно образование

о Да се размисли за воспоставување центар за квалификација и за преквалификација, кој во соработка со АВРСМ ќе прави доквалификација на лицата во дефицитарните занимања.

о Стручното средно училиште „Нико Нестор“ да ја унапреди соработката со приватниот сектор, особено со големите компании и со странските инвеститори лоцирани во општина Струга, слободната зона во Струга и Косел во Охрид (на пр. „ОДВ Електрик“, „Костал“, „ЛТХ леарница“ и сл.). Соработката може да се поттикне преку:

- Редовна практика за учениците од средното стручно училиште „Нико Нестор“ во соодветни компании

- Пилот-програми за дефицитарни занимања во соработка со странските инвестиции (на пр., преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања и

ракувачи на машини и на постројки)

• На среден рок е неопходно да се направи реосмислување на програмите / насоките и на вештините што ги создава здобиената диплома:

о Програмите и насоките на образовните институции да се дизајнираат во согласност со потребните занимања на пазарот на труд во општина Струга

о Курикулумите да ги одразуваат бараните вештини на 21 век (на пр., вештини поврзани со СТЕМ-науките, аналитички вештини, критичко размислување и сл.)

о Советување за кариера и насочување на младите во изборот на занимање базирано на потребите на пазарот на труд

За бизнис-секторот

• Да се зголеми атрактивноста на општината за привлекување странски инвеститори во слободната ТИРЗ

• Да се интензивира соработката со средните стручни училишта и активно да учествува во потенцијално формирање дуално пилот-образование или занимања

• Да се подобри квалитетот на работното место и квалитетот на практичната настава за учениците и за студентите во рамки на компаниите

• При барање општи работници да се прошират огласите со можност да аплицираат и лица без занимање

• Во соработка со АВРСМ, да се овозможи обука на работно место за општите работници што се без занимање, до нивна минимална квалификација

За Општина Струга

• Да се намалат барањата за регистрација и да се поедностави административната постапка за легализација на бизнисот

• Да се засили свеста кај младите за тоа кои образовни профили недостигаат, а кои образовни профили се вишок, со цел при изборот на поле на образование младите лица да донесуваат одлуки според информациите

• Да се намалат парафискалните давачки за бизнис-секторот

За Државниот завод за статистика

• Да собира и објавува статистика на пазарот на труд на ниво на општина (стапка на вработеност, невработеност и на активност)

Дијагностика на пазарот на труд во општина Охрид



Во општина Охрид се присутни недостиг од генерирање работни места, пониска квалификација и недостиг од работна сила за некои занимања со средни вештини. На секој побаран работник со основно образование за Југозападниот регионот, општина Охрид има 9,4 невработени лица. Јазот е најголем за лицата со високо образование. Кај лицата со високи вештини, суфицитарен јаз со драстично поголема понуда од побарувачка постои кај занимањата: стручњаци за образование; стручњаци за бизнис и администрација, правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата; и бизнис и административни стручни соработници. Дефицитарен јаз со поголема побарувачка од понуда постои само за општи работници, собирачи на смет и сродни занимања со основно образование и преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања со средно образование. Образовните институции во општина Охрид имаат солидна основа за да го адресираат јазот кај дефицитарните занимања, треба да се доприспособат на барањата на пазарот на труд и да се поврзат со бизнис-секторот, особено со странските инвестиции и со големите компании во регионот.

Оваа дијагностика препорачува да се преземат конкретни акции за генерирање нови работни места и намалување на јазот меѓу образованието и занимањето на пазарот на труд во општина Охрид преку:

- **Квалификација на невработените лица без занимање во општи работници (во соработка со АВРСМ)**
- **Зголемување на атрактивноста на општината за привлекување странски инвеститори во слободната ТИРЗ**
- **Засилување на соработката меѓу средните стручни училиште со бизнис-секторот, особено со странските инвеститори во општина Охрид, вклучително со дуално пилот-образование на две до три занимања (во линија со стратегијата на Министерство за образование и наука) и угостителскиот сектор**
- **Советување за кариера и насочување на младите во изборот на занимање базирано на потребите на пазарот на труд**

ЦЕЛ

Целта на овој бриф за политиката е да направи дијагностика на пазарот на труд во општина Охрид и да понуди конкретни препораки за подобрување на состојбата на пазарот на труд на локалното население и за намалување на хоризонталниот и на вертикалниот јаз.

ВОВЕД

Општина Охрид е една од најголемите општини во Југозападниот регион, со 51.855[1] жители, со што зафаќа 24 проценти од вкупниот број жители во регионот. Во моментот, пазарот на труд во Југозападниот регион е умерено неповолен; регионот има трета[3] по висина стапка на невработеност и трета одзади стапка на вработеност и четврта стапка на активност во споредба со другите седум региони. Во 2020 година, стапката на невработеност на популацијата од 15 години и повеќе е 24 проценти (24,5 проценти за мажи и 23,2 проценти за жени), стапката на вработеност е 42,1 проценти и стапката на активност 55,4 проценти. Умерено неповолниот тренд се одразува и врз просечната бруто-плата: со 36.469 денари, (Регионите во Република Северна Македонија, ДЗС, 2021 година). Сепак, регионот има поволна местоположба, голем и недоволно искористен хидропотенцијал, како и развиен туризам во делот на Охридско Езеро. Исто така, овој регион е атрактивен за странските инвестиции и во непосредна близина на Охрид се лоцирани неколку големи компании, кои значајно придонесуваат за вработеноста во регионот и во општина Охрид.

[1]По Североисточниот регион (32,4 проценти) и по Полошкиот регион (24,8 проценти).
[2]По Југоисточниот регион (62,5 проценти), Вардарскиот регион (53,7 проценти) и Источниот регион (53,1 процент)

СТРУКТУРА НА ПАЗАРОТ НА ТРУД

Понуда

Од регистрираните невработени лица што активно бараат работа во општина Охрид во 2020 година бројот на мажи и на жени е речиси еднаков (51 процент мажи и 49 проценти жени). Од аспект на образование, доминираат лица со ниско образование. Повеќе од една половина (54 проценти) од невработените лица се без основно и со основно образование (35 проценти) и со нецелосно средно образование (графикон 1). Но, исто така, 13 проценти се со високо образование.

Графикон 1: Невработени лица во општина Охрид според степен на образование





Извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија

Една половина од невработените лица се на возраст 50 и повеќе години, потоа се невработени од 30 до 50 години (36 проценти) и најмало е учеството на младите до 29 години (14 проценти) (графикон 2). Релативно ниското учество на младите во вкупната структура веројатно се должи на подоцнежно активирање на пазарот на труд поради школување, но и пропорционално помал опфат на население во групата млади.

Графикон 2: Структура на невработени според возраст



Извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија

36 проценти од невработените чекаат вработување до една година, од кои најголем дел од еден до пет месеци (графикон 3). Веројатно индивидуалните карактеристики на оваа група невработени (степен на образование, образовен профил, возраст) се посоодветни до побарувачката на пазарот на труд, во споредба со невработените лица што чекаат за вработување повеќе од една година. За оваа група има изгледи на фрикциска невработеност, која може да се објасни со потребниот период на транзиција од образование кон вработување, приспособување на резервациската плата, времето потребно за аплицирање за работа и процесот на регрутирање до вработување и слично. Сепак, најголем дел од невработените, 40 проценти, чекаат за вработување од една до три години, и процентот се намалува на 24 кај лицата што чекаат за вработување повеќе од три години. Тоа упатува на веројатност од постоење јазови поради несовпаѓање на понудата и на побарувачката на пазарот на труд и на структурна невработеност за лицата што чекаат вработување подолго од три години.

Освен невработените активни баратели на работа, значителен контингент во општина Охрид се и лицата регистрирани како пасивни баратели на работа. Според Агенцијата за вработување, оваа категорија има 1.645 лица, што е 54 процента од вкупниот број активни баратели. 36 проценти од пасивните баратели на работа се без основно образование и со основно образование, а дополнителни 22 проценти со нецелосно средно образование. Тоа упатува на тоа дека, генерално, овие лица се со ниско образование. Сепак, значајно е и учеството на лица се со завршено високо образование (10 проценти).

Графикон 3: Невработени за општина Охрид според времето на чекање



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Причините за пасивно барање работа може да се од различна природа: лицата изгубиле надеж дека АВРСМ ќе им помогне да најдат работа, но притоа останале подготвени да прифатат работа надвор од државниот систем на посредување; имале повремена, привремена или хонорарна работа, неформална работа; како и лица што, евентуално, не биле присутни во државата; поради што ваквите подгрупи ги немало ниту во регистрираната вработеност ниту во активните баратели на работа при АВРСМ.

Побарувачка

Според регионалната анкета за побарувачка за 2021 година, вкупната побарувачка за Југозападниот регион изнесува 571 работно место, што претставува 19 процента од невработената работна сила во општина Охрид. Графикон 4 прави преглед на побарувачката за работни места според образование и големина на компанија. Две третини (67 проценти) од празните работни места се очекува да бидат генерирани од големи работодавци, дополнителни 19 проценти од средноголеми компании и 13 проценти од мали работодавци. Таквата структура може да се должи и на застапеноста на странските инвестиции во регионот, кои се, главно, големи компании. Од аспект на потребата според образование, доминира потребата за работници со средно образование (54 проценти) и со основно образование (43 проценти), додека за високо образование побарувачката е релативно мала (три проценти).

Графикон 4: Побарувачка според образование и големина на компанија



Доколку ја вкрстиме побарувачката според образование и занимање (НКЗ-ISCO 08) (графикон 5), ќе забележиме дека целата побарувачката за работници со завршено основно образование е од групата елементарни занимања и тоа општ работник. Побарувачката за работници со средно образование е похетерогена од аспект на занимања. 24 проценти од вкупната побарувачката за работници и 44 проценти од побарувачката за работници со средно образование е за работници во занимања за неиндустриски начин на работа во производство и вклучуваат: шивач, бравар, градежен работник. 15 проценти од побарувачката отпаѓа на технички и сродни занимања за работници со средно образование и тоа, главно, за машински техничари и делумно за градежни техничари, администратор на обработка на податоци, комерцијалист и слично. Потоа се услужните дејности и продажба (келнер, продавач, готвач, шанкер и слично). Сите барани работници со високо образование се во занимањето техничари и сродни занимања и се похетерогени занимања, кои вклучуваат: машински инженер, градежен инженер, доктор по медицина, главна медицинска сестра, архитект, економист, инженер по геодезија и слично.

Јаз на пазарот на труд според образование и занимање

Јазот на пазарот на труд во општина Охрид се идентификува со споредување на понудата и на побарувачката на работници земајќи го предвид нивото на образование и на занимање. Графикон 6 го прикажува бројот на понудени работници (што сакаат да работат) на секое побарано работно место, според степенот на образование.

Графикон 5: Побарувачка според занимање и образование за Југозападниот регион



Извор: *АВРСМ, регионална анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот во РСМ за 2021 година*[4]

[4] https://av.gov.mk/content/Dokumenti/Anketa%20za%20potreba%20od%20vestini%202020%20w.pdf

Резултатите покажаа дека јазот е најголем кај високото образование. На секој побаран работник со високо образование од компаниите за Југозападниот регион, општина Охрид има по 25 невработени лица, за средно и за вишо образование споредбата е посоодветна и овој сооднос е 3,1, додека за основно е 6,7.

Графикон 6: Јаз во понуда и побарувачка според образование



Извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија, 2020 година

Подетална слика за јазот на пазарот труд се добива со вкрстување на бараните занимања на пазарот на труд со понудените профили на невработени активни баратели на работа.

Табела 1 прави дијагностика на јазот на пазарот на труд според бараните занимања и профилот на невработени активни баратели на работа за општина Охрид. Јазот може да се анализира според степенот на образование во рамки на едно занимање (хоризонтално) и вертикално, за различни занимања. Јазот каде што понудата е поголема од побарувачка е означен со црвени нијанси (интензивноцрвена – драстичен јаз, бледа црвена – умерен јаз). Бледожолта боја означува дека вкрстувањето на понудата и на побарувачката е речиси целосно и нема јаз. Зелените нијанси означуваат дефицитарен јаз, каде што побарувачката за работни места е поголема од понудата (интензивна зелена – драстичен јаз, бледозелена – умерен јаз).

Резултатите покажуваат дека во општина Охрид преовладуваат суфицитарни јазови (кога понудата е поголема од побарувачката). Кај високите вештини, јаз постои кај седум од десет занимања. Од нив, само кај едно занимање, помошни стручњаци за наука и инженеринг, постои умерен дефицитарен јаз, додека кај другите занимања јазот е суфицитарен. Кај четири занимања јазот е позитивен и драстичен, без разлика на нивото на образование (стручњаци за образование; стручњаци и соработници за бизнис-администрација; и правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата). Таквата состојба може да е резултат на недоволно отворени работни места за овие занимања. Кај две занимања има умерен суфицитарен јаз, и тоа: техничари и асистенти во здравството; и техничари за информатичка и комуникациска технологија. Кај занимањето помошни стручњаци за наука и инженеринг умерениот суфицитарен јаз за лицата со средно образование, преминува во умерено дефицитарен јаз со транзиција кон вишо образование. Тоа упатува на занимања со потенцијална пониска квалификација.

Кај занимањата со средни вештини постои потенцијално посоодветно совпаѓање на понудата и на побарувачката, иако сè уште е значително присуството на суфицитарни јазови, особено драстични. Кај три од девет занимања со средно образование има драстичен суфицитарен јаз, чијашто магнитуда се менува или преминува во дефицитарен јаз во зависност од образованието и занимањето. Па така, за занимањето работници во персонални служби не постои јаз за лица со основно образование и преминува во драстично суфицитарен јаз за лицата со средно образование. Слично и за занимањето ракувачи на машини и на постројки, магнитудата на суфицитарниот јаз се зголемува од умерен во драстично суфицитарен. Кај две занимања (обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања; и работници со електротехнологија) јазот е драстично суфицитарен, без разлика на образованието. Додека, кај занимањето преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања, јазот преминува од драстично суфицитарен во драстично дефицитарен кога се зголемува нивото на образование од основно во средно. Тоа упатува на тоа дека е потребна доквалификација на лицата со основно образование. Умерен дефицитарен јаз постои кај занимањата: продавачи и градежници и сродни градежни работници.

Кај занимањата со ниски вештини постои дефицит за општи работници, собирачи на смет и сродни занимања, со основно образование. Истовремено, постои поголема понуда од побарувачка на општи работници, собирачи во рударството, градежништвото, производството и транспортот; општи работници во земјоделството, шумарството и во рибарството и ракувачи на машини и на постројки. Истовремено, суфицит на невработена работна сила има и кај лицата без занимање и кај лицата со гимназиско средно образование.

Анкетата е на примерок од 3.295 работодавци во приватниот сектор со седум и повеќе вработени, стратификувана по регион и по сектор на работодавец. Примерокот ги вклучува сите средни и големи работодавци, а другите се избрани по случаен избор до постигнување на целта.

Оттука, јазот во занимањата со ниски вештини би можел да се намали доколку лицата без занимање се квалификуваат до ниво на општ работник и соодветно се вкрстат со потребите за тоа занимање. Кај лицата со гимназиско образование неопходно е да се преземат акции за доквалификација и / или преквалификација.

Генералниот заклучок е дека во општина Охрид има недостиг од генерирање работни места. Суфицитарниот јаз (кога понудата е поголема од побарувачката) е доминантен и се појавува без разлика на нивото на вештини и на образование. Освен јазот од аспект на формално образование, квалитетот на образование и здобиените вештини се, исто така, значајни. Истражувањето на Светска банка (2020 година) идентификува дека обуките понудени од образовниот систем не соодветствуваат со потребите на компаниите. Во истата студија е идентификувано и дека учениците немаат соодветни практични вештини за здобиената диплома[5].

Табела 1: Јаз на пазарот на труд според занимање – образовен профил

Вештина	Шифра	Занимање/профил	Основно	Средно	Вишо	Високо
Висока вештина	21	Стручњаци за наука и инженеринг				
	22	Стручњаци од областа на здравството				
	23	Стручњаци за образование				
	24	Стручњаци за бизнис и администрација				
	25	Стручњаци за информатичка и комуникациска технологија				
	26	Правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата				
	31	Помошни стручњаци за наука и инженеринг				
	32	Техничари и асистенти во здравството				
	35	Техничари за информатичка и комуникациска технологија				
	33	Бизнис и административни стручни соработници				
Средна вештина	51	Работници во персонални служби				
	52	Продавачи				
	54	Занимања за заштита на лица и на имот				
	61	Пазарно ориентирани стручни земјоделски работници				
	71	Градежници и сродни градежни работници				
	72	Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања				
	73	Прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари				
	74	Работници со електротехнологија				
	75	Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања				
Ниска вештина	81	Ракувачи на машини и постројки				
	83	Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж				
	91	Чистачи и помошници				
	92	Општи работници во земјоделството, шумарството и во рибарството				
	93	Општи работници во рударството, градежништвото, производството и во транспортот				
	94	Помошници за подготовка на храна				
	96	Општи работници, собирачи на смет и сродни занимања				
		Без занимање				
		Гимназија				

Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија, пресметка на авторот*

Легенда:

Значително суфицитарно | Суфицитарно | Соодветно вкрстување | Дефицитарно | Значително дефицитарно

[5]Светска банка (2020 година) Наоѓање решенија за невработеноста на младите во Северна Македонија.

Образовното профилирање како фактор за надминување или засилување на јазот

Во општина Охрид има четири средни училишта, еден Универзитет со пет факултети и една институција што прави доквалификација. Се очекува овие институции во следните четири години да продуцираат 2.455 профилирани кадри на пазарот на труд. Една третина од вкупната понуда на образовни профили се со гимназиско образование, кои се класификувани како без занимање. 31 процент се профили со средно образование во занимање помошни стручњаци за наука и за инженеринг (електротехничари, машински техничари и сообраќајни техничари). 13 проценти се кадри од занимањето бизнис и административни стручни соработници со средно образование. Потоа се слични профили со високо образование од занимањето стручњаци за наука и за инженеринг (Инженери за информатички системи, визуализација, дигитална мултимедија и анимациска техника; за компјутерски науки и инженерство; за комуникациски мрежи и безбедност; и за машинска интелигенција и роботика).

И во помала мера се застапени профилите од занимањата: техничари и асистенти во здравство, продавачи и работници во персонални служби.
Овие резултати упатуваат на тоа дека општина Охрид има воспоставена образовна инфраструктура за продуцирање профилирана работна сила. Со цел да идентификуваме колку овие кадри се соодветни на пазарот на труд, во табела 2 ги вкрстуваме идентификуваниот јаз со очекуваните образовни профили за следните четири години.
Резултатите покажуваат дека јазот што постои во умерена мера ќе се надмине со моментната поставеност на образовната инфраструктура.
Едно од седумте занимања (продавачи) што ги продуцираат образовните институции во општина Охрид се занимања со дефицитарен јаз и ќе придонесат кон негово намалување. Кај едно занимање, стручњаци за информатичка и комуникациска технологија, продуцирани од високообразовните институции од Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“, кадрите се соодветни на побарувачката. Дополнително, профилите се од занимања со висока мобилност и побарувачка на национално ниво. Оттука, треба да продолжи продуцирањето на овој вид профили на работна сила.
Кај две занимања (бизнис и административни стручни соработници и работници во персонални служби), веќе постои драстичен суфицитарен јаз за лицата со средно образование.
Кај профилираните кадри од економско-правна насока и трговска-економски техничар потребна е внимателност во продуцирањето нови кадри поради, генерално, повисоката понуда на овој профил на национално ниво. Додека, кај профилите од угостителско-туристичките занимања (келнер и готвач), профилирањето кадри не е опасност земајќи предвид дека Охрид е главен туристички центар, а драстичниот суфицитарен јаз може да се должи и на ефектите од пандемијата каде што угостителството беше една од најпогодените дејности.
За продуцираните профили – помошни стручњаци за наука и инженерство, овој јаз исчезнува кога се зголемува образованието.
Општина Охрид има високообразовни институции што може да овозможат дополнително образование на кадрите со средно образование од ова занимање и истата инфраструктура треба да се искористи и да се обезбеди соодветно насочување на овие профили. Додека кај техничарите и асистентите во здравство, мобилноста на оваа струка е повисока. Оттука, и за двете занимања продуцирањето на овие профили не мора да претставува сериозна закана. Но, сепак, треба да бидат преземени конкретни акции кон соодветно поврзување на продуцираните кадри со компаниите од регионот и нивно соодветно насочување кон доквалификација. Дефицитарните кадри за занимања со средни

Графикон 7: Понуда на профилирана работна сила од образовните институции во следните четири години[6]

Извор: *Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија*

[6] Не се вклучени податоци за дисперзираните студии на територијата на општина Охрид од високообразовните институции

вештини и со средно образование (градежници и преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања) и понатаму остануваат непокриени. Тоа создава можност да се размисли да се создадат образовни струки за кои има драстичен дефицитарен јаз на пазарот на труд. Во однос на профилирање со општо гимназиско образование, можностите на пазарот на труд ќе зависат само од тоа дали овие лица ќе се допрофилираат во дефицитарни или суфицитарни занимања, но останувањето само со општо гимназиско образование ги затвора перспективите на овие лица. На крај, да се размисли за формирање центар за доквалификација и за преквалификација, кој ќе се стимулира за развој на програми што ќе помогнат да се продуцираат кадри во дефицитарните занимања, особено кај занимањата со ниски вештини.

Табела 2: Вкрстување на јазот и на понудата на профилирани кадри од образовните институции во следните две години

			Јаз на пазарот на труд				Кадар продуциран од образовните институции	
Вештина	Шифра	Занимање/профил	Основно	Средно	Вишо	Високо	Средно	Високо
Висока вештина	21	Стручњаци за наука и инженеринг						
	22	Стручњаци од областа на здравството						
	23	Стручњаци за образование						
	24	Стручњаци за бизнис и администрација						
	25	Стручњаци за информатичка и комуникациска технологија						307
	26	Правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата						
	31	Помошни стручњаци за наука и инженеринг					773	
	32	Техничари и асистенти во здравството					141	
	35	Техничари за информатичка и комуникациска технологија						
	33	Бизнис и административни стручни соработници					313	
Средна вештина	51	Работници во персонални служби					47	
	52	Продавачи					86	
	54	Занимања за заштита на лица и имот						
	61	Пазарно ориентирани стручни земјоделски работници						
	71	Градежници и сродни градежни работници						
	72	Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања						
	73	Прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари						
	74	Работници со електротехнологија						
	75	Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања						
Ниска вештина	81	Ракувачи на машини и постројки						
	83	Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж						
	91	Чистачи и помошници						
	92	Општи работници во земјоделството, шумарството и во рибарството						
	93	Општи работници во рударството, градежништвото, производството и транспортот						
	94	Помошници за подготовка на храна						
	96	Општи работници, собирачи на смет и сродни занимања						
		Без занимање						
		Гимназија					788	

Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија, пресметка на авторот*

Легенда:

Значително суфицитарно | Суфицитарно | Соодветно вкрстување | Дефицитарно | Значително дефицитарно

ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Дијагностиката на пазарот на труд на општина Охрид покажа дека има недостиг од генерирање работни места. Суфицитарниот јаз (кога понудата е поголема од побарувачката) е доминантен и се појавува без разлика на нивото на вештини и образование. На секој побаран работник од компаниите за Југозападниот регион, општина Охрид има 9,4 невработени лица. Овој јаз е најголем за лицата со високо образование. Кај лицата со високи вештини, суфицитарен јаз со драстично поголема понуда од побарувачка постои кај занимањата: стручњаци за образование; стручњаци за бизнис и администрација, правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата; и бизнис и административни стручни соработници. Дефицитарен јаз со поголема побарувачка од понуда постои само за општи работници, собирачи на смет и сродни занимања со основно образование и преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања со средно образование.

ПРЕПОРАКИ

Препораки за надминување на проблемот со недостиг од квалификувана работна сила за Центарот за вработување и за АВРСМ

Да се дизајнираат активни мерки за вработување за невработените активни баратели на работа во општина Охрид, и тоа:

Тренинг и доквалификација

• Квалификација на лицата без занимање и со основно образование во општи работници. Центрите за квалификација и за преквалификација во соработка со АВРСМ да дизајнираат и испорачаат курсеви и модули за лицата без занимање да добијат квалификација соодветна за занимања со вештини од ниво 1

• До/преквалификација на лицата со завршено општо гимназиско образование во некои од дефицитарните занимања (на пример, шивач, продавач, градежен работник, армирач)

• Доквалификација на лицата со основно образование за занимањата: преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања; и работници во персонални служби

Активни мерки за вработување

• Активни мерки што стимулираат формализација на неформалната работа

• Општокорисна работа со различни потребни вештини за лицата што се класирани во занимања / образование со значителен суфицитарен јаз:

о Работа со потребни ниски вештини за лица без занимање (одржување хигиена во општината, собирање смет, собирање масивен отпад за рециклирање и слично)

о Работа со високи вештини за лицата со високи вештини од суфицитарните занимања (поддршка во учењето на ученици од ранлива категорија граѓани, поддршка во училиштата и во градинките и слично)

За образовните институции и за МОН

• На краток рок да се надмине јазот со дефицитарни занимања преку:

о Образовните институции што имаат воспоставени програми во дефицитарни занимања да ги зголемат атрактивноста и квотите за продуцирање повеќе кадар. На пример, дефицитарниот јаз кај продавачи може да се ублажат со продуцирање кадар од во ОСУ „Кирил и Методиј“, преку доспецифицирање на веќе постојната насока за трговско-економски техничар во продавачи. Исто така, преку доквалификација до средно образование на невработените лица од тоа занимање, а со завршено основно образование

о Да се размисли за воспоставување центар за квалификација и за преквалификација, кој во соработка со АВРСМ ќе прави доквалификација на лицата во дефицитарните занимања

о Стручното средно училиште ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ да ја унапреди соработката со приватниот сектор, особено со големите компании и со странските инвеститори лоцирани во и близина на општина Охрид, слободната зона во Струга и Косел во Охрид (на пр. „ОДВ Електрик“, „Костал“, „ЛТХ леарница“ и сл.). Соработката може да се поттикне преку:

- Редовна практика за учениците од средното стручно училиште ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ во соодветни компании

- Пилот-програми за дефицитарни занимања во соработка со странските инвестиции (на пр., преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања и ракувачи на машини и на постројки)

о Стручното средно училиште ОУТУ „Ванчо Питошески“ да ја унапреди соработката со приватниот сектор во угостителството

• На среден рок е неопходно да се направи реосмислување на програмите / насоките и на вештините што ги создава здобиената диплома:

о Програмите и насоките на образовните институции да се дизајнираат во согласност со потребните занимања на пазарот на труд во општина Охрид

о Курикулумите да ги одразуваат бараните вештини на 21 век (на пр., вештини поврзани со СТЕМ-науките, аналитички вештини, критичко размислување и сл.)

о Советување за кариера и насочување на младите во изборот на занимање базирано на потребите на пазарот на труд

За бизнис-секторот

• Да се зголеми атрактивноста на општината за привлекување странски инвеститори во слободната ТИРЗ, притоа водејќи сметка за моментната профилирана работна сила

• Да се интензивира соработката со средните стручни училишта и активно да учествува во потенцијално формирање дуално пилот-образование или занимања

• Да се подобри квалитетот на работното место и квалитетот на практичната настава за учениците и за студентите во рамки на компаниите

• При барање општи работници да се прошират огласите со можност да аплицираат и лица без занимање

• Во соработка со АВРСМ, да се овозможи обука на работно место за општите работници што се без занимање, до нивна минимална квалификација

За Општина Охрид

• Да се намалат барањата за регистрација и да се поедностави административната постапка за легализација на бизнисот

• Да се засили свеста кај младите за тоа кои образовни профили недостигаат, а кои образовни профили се вишок, со цел при изборот на поле на образование младите лица да донесуваат одлуки според информациите

• Да се намалат парафискалните давачки за бизнис-секторот

За Државниот завод за статистика

• Да собира и објавува статистика на пазарот на труд на ниво на општина (стапка на вработеност, невработеност и на активност)

Североисточен Регион

Дијагностика на пазарот на труд во општина Куманово

Во општина Куманово има значителен недостиг од генерирање работни места и изразени суфицитарни јазови кај занимањата со високи вештини. На секој еден побаран работник од компаниите за Североисточниот регион, општина Куманово има по 12 невработени лица. Сепак, јазот е најголем кај високото образование и овој сооднос е 36, потоа е основното, со сооднос 18 и најмал од сите три нивоа на образование е за средно со осум невработени лица за едно побарано работно место. Недостигот од нови работни места во општина Куманово е ургентен.

Оваа дијагностика препорачува да се преземат конкретни акции за намалување на јазот од недостиг на работни места и за намалување на јазовите во општина Куманово преку:

- **Зголемување на атрактивноста на општината за привлекување големи деловни субјекти и отворање нови работни места**
- **Активни мерки за вработување за формализација на неформалната работа**
- **Општокорисна работа со различни потребни вештини за лицата што се класирани во занимања / образование со значајни суфицитарни јазови**
- **Советување за кариера и насочување на младите во изборот на занимањето, базирано на потребите на пазарот на труд**

ЦЕЛ

Целта на овој бриф е да направи дијагностика на пазарот на труд во општина Куманово и да понуди конкретни препораки за подобрување на состојбата на пазарот на труд на локалното население и намалување на хоризонталните и на вертикалните јазови.

ВОВЕД

Општина Куманово е најголема општина според број на жители во Североисточниот регион, со 108.942[1] жители, и зафаќа 62 проценти од вкупниот број жители во Североисточниот регион. Во моментот, пазарот на труд во Североисточниот регион не е поволен; регионот има највисока стапка на невработеност, најниска стапка на вработеност и трета[2] одзади стапка на активност во споредба со другите седум региони. Во 2019 година стапката на невработеност на популацијата од 15 години и повеќе е 33 проценти (32,2 процента за жени и 33,5 проценти за мажи), стапката на вработеност е 37 проценти и стапката на активност 55,2 проценти. Истовремено, оваа неповолна слика се одразува на просечната бруто-плата: со 29.131 денари, која е најниска во споредба со другите седум региони (Регионите во Република Северна Македонија, ДЗС, 2020 година). Овој регион се карактеризира со планински предели, поволни за развој на сточарство и на млечна индустрија. А, исто така, регионот има неколку наоѓалишта на олово-цинкова руда во кои се врши експлоатација.

[1]Процени на населението на 31.12.2015 год., (НТЕС 3-2007 година), Скопје
[2]По Полошкиот (51,9 процент) и Скопскиот регион (53,5 проценти)

СТРУКТУРА НА ПАЗАР НА ТРУД

Понуда

Од регистрираните невработени лица што активно бараат работа во општина Куманово во 2020 година, 53 проценти се жени и 47 проценти се мажи. Од аспект на образование, доминираат лица со ниско образование. Повеќе од една половина (60 проценти) од невработените лица се без основно и со основно образование (47 проценти) и со нецелосно средно образование (графикон 1).

Графикон 1: Невработени лица во општина Куманово, според степен на образование





Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Најголем дел од невработените се повозрасни од 30 години, и тоа еднакво се застапени лицата на возраст од 30 до 50 години и невработените со 50 и повеќе години (38 проценти) (графикон 2). Релативно ниското учество на младите во вкупната структура (24 проценти) веројатно се должи на подоцнежно активирање на пазарот на труд заради школување, но и поради пропорционално помал опфат на население во групата млади.

Графикон 2: Структура на невработени според возраст



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

44 проценти од невработените чекаат вработување до една година, од кои најголем дел од еден до пет месеци (графикон 3). Веројатно индивидуалните карактеристики на оваа група невработени (степен на образование, образовен профил, возраст) се посоодветни до побарувачката на пазарот на труд, во споредба со невработените што чекаат за вработување повеќе од една година. За оваа група има изгледи на фрикциска невработеност, која може да се објасни со потребниот период на транзиција од образование кон вработување, приспособување на резервациската плата, времето потребно за аплицирање за работа и процесот на регрутирање до вработување и слично. Иако ваквата структура изгледа охрабрувачка, една третина од невработените чекаат за вработување повеќе од две години, што упатува на веројатност за структурна невработеност.

Освен невработените активни баратели на работа, значаен контингент во општина Куманово се и лицата регистрирани како пасивни баратели на работа. Според Агенцијата за вработување, оваа категорија има 6.187 лица, што е околу една половина од вкупниот број активни баратели. Причините за пасивно барање работа може да се од различна природа: лицата изгубиле надеж дека АВРСМ ќе им помогне да најдат работа, но притоа останале подготвени да прифатат работа надвор од државниот систем на посредување; имале повремена, привремена или хонорарна работа, неформална работа; како и лица што, евентуално, не биле присутни во државата; поради што ваквите подгрупи ги немало ниту во регистрираната вработеност ниту во активните баратели на работа при АВРСМ.

Графикон 3: Невработени за општина Куманово според време на чекање



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Побарувачка

Според регионалната анкета за побарувачка за 2020 година, вкупната побарувачка за Североисточниот регион изнесува 972 работни места, што претставува 8,5 проценти од невработената работна сила во општина Куманово. Оваа стапка е многу ниска и упатува на значајно неповолна состојба на пазарот на труд во општина Куманово. Ниската стапка е резултат на недоволно генерирани работни места. Тоа може да е резултат на низок потенцијал на деловните субјекти да генерираат нови работни места; недоволен број деловни субјекти, особено големи деловни субјекти со повеќе од 250 вработени (Регионите во Република Северна Македонија, ДЗС, 2020 година)[3]; но и потенцијална поголема застапеност на неформалната економија.

Графикон 4 прави преглед на побарувачката за работни места според образование и големина на компанија. Речиси една половина од празните работни места се очекува да бидат генерирани од малите работодавци и дополнителни 39 проценти од средноголеми работодавци, а само 13 проценти од големи работодавци. Од аспект на потребата според образование, доминира потребата за работници со средно (67 проценти) и со основно образование (37 проценти).

Графикон 4: Побарувачка по образование и големина на компанија



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Доколку ја вкрстиме побарувачката според образование и занимање (НКЗ-ISCO 08) (графикон 5), ќе забележиме дека целата побарувачката за работници со завршено основно образование е од групата елементарни занимања (доминантно за општ работник, работник за едноставни работи во преработката на тутун и работник на едноставни работи на товарање, претоварање и на пренос на товар). Побарувачката за работници со средно образование е похетерогена од аспект на занимања. Во апсолутен број, побарувачката за занимања со средно стручно образование е поголема во споредба со таа за средно општо образование. 16 проценти од вкупната побарувачката за работници и 40 проценти од побарувачката за работници со средно и со вишо образование е за техничари и за сродни занимања, и тоа речиси 90 проценти се однесува на техничар-оператор. Следни се занимања за индустриски начин на работа во производството и вклучуваат: шивач, продавач, возач на товарно возило, келнер, бравар, магационер, заварувач, готвач и слични занимања. Следни барани работници со средно образование се работници во услужни дејности и во продажба и ракувачи и поставувачи на машини и на постројки. Сите работници што се бараат со високо образование се во занимањето стручњаци и научници. Од нив, една третина се однесува на систем-администратор и 17 проценти за програмер.

Графикон 5: Побарувачка по занимање и образование за Североисточниот регион



Извор: *АВРСМ, регионална анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот во РСМ за 2020 година* [4]

[3] Североисточниот регион е со најмалку големи деловни субјекти, пет, во 2019 година

[4] Анкетата е на примерок од 3.295 работодавци во приватниот сектор со седум и повеќе вработени, стратификувана по регион и по сектор на работодавец. Примерокот ги вклучува сите средни и големи работодавци, а другиот дел се избрани по случаен избор до постигнување на целта

Јаз на пазарот на труд според образование и занимање

Јазовите на пазарот на труд во општина Куманово се идентификуваат со споредба на понудата и на побарувачката на работници земајќи го предвид нивото на образование и занимањето. Графикон 6 го прикажува бројот на понудени работници (што сакаат да работат) на секое побарано работно место, според степенот на образование. Резултатите покажаа дека вкупно постои голем јаз на поголема понуда од побарувачка за речиси сите нивоа на образование. На секој еден побаран работник од компаниите за Североисточниот регион, општина Куманово има по 12 невработени лица. Сепак, јазот е најголем кај високото образование каде што овој сооднос е 36, потоа е основното, со сооднос 18 и најмал од трите нивоа на образование е за средно, со осум невработени лица за едно побарано работно место.

Графикон 6: Јаз во понуда и побарувачка според образование



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија, 2020*

Подетална слика за јазовите на пазарот труд се добива со вкрстување на бараните занимања на пазарот на труд со понудените профили на невработени активни баратели на работа. Јазовите може да се анализираат според степенот на образование во рамки на едно занимање (хоризонтално) и вертикално, за различни занимања. Сепак, во ваква ситуација, кога имаме значајно нарушување на пазарот на труд, со значително поголема понуда од побарувачка за работници во речиси сите занимања, тешко е да се направи подетална анализата на јазовите по занимања и потребна е внимателност. Табела 1 прави дијагностика на јазовите на пазарот на труд според бараните занимања и профилот на невработени активни баратели на работа за општина Куманово. Поради вкупно поголема понуда од побарувачка, анализата ќе се фокусира на драстичните јазови каде што понудата е драстично поголема од побарувачката, означени со црвена боја, и драстични дефицитарни јазови, каде што побарувачката за работни места е поголема од понудата , означени со зелена боја.

Резултатите покажуваат дека кај високите вештини, драстични позитивни јазови постојат кај пет занимања. Кај две занимања со високо образование (стручњаци за образование и правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата) јазовите се продлабочуваат со зголемување на образованието и има потенцијална повисока квалификуваност. Драстични суфицитарни јазови има и кај занимањата помошни стручњаци за наука и за инженеринг; техничари и асистенти во здравството и бизнис и административни стручни соработници со средно образование. Карактеристично е што за овие занимања позитивниот јаз исчезнува кога се зголемува нивото на образование од средно кон вишо. Тоа упатува на тоа дека е потребна доквалификација на лицата со средно образование.

Кај занимањата со средни вештини, кај пет од седумнаесет занимања се идентификувани драстични јазови. Драстичен суфицитарен јаз на поголема понуда од побарувачка на работна сила има кај занимањата службеници за општи канцелариски работи и секретари; и други канцелариски службеници. Додека, кај занимањето обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања, драстичниот суфицитарен јаз исчезнува со зголемување на образованието од основно кон средно. Тоа упатува на потенцијална пониска квалификација. Драстичен дефицитарен јаз на поголема побарувачка од понуда има за занимањата градежници и сродни градежни работници и за возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж, за лицата со завршено средно образование. Кај шест занимања има идентификувано умерени суфицитарни или дефицитарни јазови. Кај две занимања работници во персонални служби; и преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања, позитивниот јаз исчезнува кога се зголемува нивото на образование од основно на средно. Кај занимањата со ниски вештини постои дефицит за општи работници во рударството, градежништвото, производството и во транспортот, и за општи работници, собирачи на смет и сродни занимања со основно образование. Од друга страна, суфицит на невработена работна сила има кај лицата без занимање и кај лицата со гимназиско средно образование.

Генералниот заклучок е дека во општина Куманово има значаен недостиг од генерирање работни места. Суфицитарните јазови (кога понудата е поголема од побарувачката) се доминантни, изразени кај занимањата со високи вештини. Драстични дефицитарни јазови постојат за општи работници со основно образование и за две занимања со средни вештини со средно образование. Сепак, кај занимањата со средни вештини, јазовите според образование се позастапени. Тоа упатува на тоа дека занимањата се соодветни, но е потребна доквалификација. Освен јазовите од аспект на формално образование и квалитетот на образование и здобиените вештини се, исто така, значајни. Истражувањето на Светска банка (2020) идентификува дека обуките

понудени од образовниот систем не се соодветни со потребите на компаниите. Во истата студија, идентификувано е дека учениците немаат и соодветни практични вештини на здобиената диплома[5].

Табела 1: Јазови на пазарот на труд според занимање – образовен профил

Вештина	Шифра	Занимање/профил	Основно	Средно	Вишо	Високо
Висока вештина	21	Стручњаци за наука и за инженеринг				
	22	Стручњаци од областа на здравството				
	23	Стручњаци за образование				
	24	Стручњаци за бизнис и за администрација				
	25	Стручњаци за информатичка и за комуникациска технологија				
	26	Правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата				
	31	Помошни стручњаци за наука и за инженеринг				
	32	Техничари и асистенти во здравството				
	34	Правни, општествени и културни стручни соработници				
	35	Техничари за информатичка и за комуникациска технологија				
	33	Бизнис и административни стручни соработници				
Средна вештина	41	Службеници за општи канцелариски работи и секретари				
	42	Службеници за услужни дејности				
	43	Службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и во транспортот				
	44	Други канцелариски службеници				
	51	Работници во персонални служби				
	52	Продавачи				
	53	Занимања за лична нега и сродни занимања				
	54	Занимања за заштита на лица и на имот				
	61	Пазарно ориентирани стручни земјоделски работници				
	71	Градежници и сродни градежни работници				
	72	Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања				
	73	Прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари				
	74	Работници со електротехнологија				
	75	Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања				
	81	Ракувачи на машини и на постројки				
	82	Составувачи на машини и на опрема				
	83	Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж				
Ниска вештина	91	Чистачи и помошници				
	92	Општи работници во земјоделството, шумарството и во рибарството				
	93	Општи работници во рударството, градежништвото, производството и во транспортот				
	94	Помошници за подготовка на храна				
	96	Општи работници, собирачи на смет и сродни занимања				
		Без занимање				
		Гимназија				

Извор: *Агенција за Вработување на Република Северна Македонија, пресметка на авторот*

Легенда:

Значително суфицитарно · Суфицитарно · Соодветно вкрстување · Дефицитарно · Значително дефицитарно

[5]Светска банка (2020 година) Наоѓање решенија за невработеноста на младите во Северна Македонија

Образовното профилирање како фактор за надминување или засилување на јазовите

Во општина Куманово има четири средни училишта и една високообразовна институција и еден Центар за образование на возрасни[6]. Се очекува образовните институции во следните две години да продуцираат 1.496 профилирани кадри на пазарот на труд[7]. 75 проценти од вкупната понуда на образовни профили е во три занимања: службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и во транспортот; техничари и асистенти во здравството и помошни стручњаци за наука и за инженеринг.

Овие резултати упатуваат на тоа дека општина Куманово има релативно воспоставена образовна инфраструктура за продуцирање профилирана работна сила. Со цел да идентификуваме колку овие кадри се соодветни на пазарот на труд, во табела 2 ги вкрстуваме идентификуваните јазови со очекуваните образовни профили за следните две години. Поради недостигот од генерирани работни места, се чини дека најголем дел од продуцираните нови кадри ќе ги продлабочат суфицитарните јазови. Таквиот заклучок би бил пресилен, сепак треба да се внимава во натамошно продуцирање образовни профили: правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата; и бизнис и административни стручни соработници и службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и на транспортот. За ваквите профили и во моментов суфицитарните јазови во општина Куманово се драстични. Дополнително, ова се профили што,генерално, се класифицираат како суфицитарни и во други општини, што може да индицира на потенцијални суфицитарни профили на национално ниво. Кај две занимања, помошни стручњаци за наука и инженеринг и техничари и асистенти во здравството, иако има суфицитарен јаз за лицата со средно образование, сепак процената е дека јазот е како резултат на нивото на образование, а истовремено постои и повисока мобилност за овие кадри. Оттука, продуцирањето на овие кадри иако е во суфицитарни јазови, не е загрижувачко.

Во однос на идентификуваните дефицитарни профили возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж; градежници и сродни градежни работници; општи работници во производството и во транспортот и општи работници, собирачи на смет и сродни занимања, не се продуцираат нови кадри. Кај возачи на моторни возила, постои потенцијал овој јаз да биде надоместен со профилите продуцирани од ОСТУ „Наце Буѓони“ - Куманово. Додека кај занимањата со ниски вештини и со потребно основно образование, дефицитарниот јаз може да се надмине со понуда на доквалификација преку Центарот за образование на возрасни.

Графикон 7: Понуда на профилирана работна сила од образовните институции во следните две години



Извор: *Образовни институции на територија на општина Куманово, собрани од Општина Куманово*

[6]http://komspi.mk/category/imateliinfo/obrazovniinstitucii/

[7]Оваа бројка не ги вклучува продуцираните кадри од СОУ гимназија „Гоце Делчев“ - Куманово и од Центарот за образование на возрасни, за кои нема доставен податок.

Табела 2: Вкрстување на јазот и на понудата на профилирани кадри од образовните институции во следните две години

		Јазови				Понуда од образовни институции		
Шифра	Занимање/образовен профил	Основно	Средно	Вишо	Високо	Средно	Вишо	Високо
21	Стручњаци за наука и за инженеринг							
22	Стручњаци од областа на здравството							
23	Стручњаци за образование							
24	Стручњаци за бизнис и за администрација							
25	Стручњаци за информатичка и за комуникациска технологија							
26	Правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата							120
31	Помошни стручњаци за наука и за инженеринг					514		
32	Техничари и асистенти во здравството					365		
34	Правни, општествени и културни стручни соработници					11		
35	Техничари за информатичка и за комуникациска технологија					106		
33	Бизнис и административни стручни соработници					54		
41								
42	Службеници за услужни дејности							
43	Службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и во транспортот					247		
44	Други канцелариски службеници							
51	Работници во персонални служби					76		
52	Продавачи							
53	Занимања за лична нега и сродни занимања							
54	Занимања за заштита на лица и на имот							
61								
71	Градежници и сродни градежни работници							
72	Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања							
73	Прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари							
74	Работници со електротехнологија							
75	Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања					3		
81	Ракувачи на машини и на постројки							
82								
83	Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж							
91	Чистачи и помошници							
92	Општи работници во земјоделството, шумарството и во рибарството							
93	Општи работници во рударството, градежништвото, производството и во транспортот							
94								
96	Општи работници, собирачи на смет и сродни занимања							
	Без занимање							
	Гимназија							

Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија, Општина Куманово (за нови кадри по образовни институции), пресметка на авторот*

Легенда:

Значително суфицитарно | Суфицитарно | Соодветно вкрстување | Дефицитарно | Значително дефицитарно

ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Дијагностиката на пазарот на труд на општина Куманово покажа дека има значаен недостиг од генерирање работни места. На секој еден побаран работник од компаниите за Североисточниот регион, општина Куманово има по 12 невработени лица. Овој јаз е најголем за лицата со високо образование. Суфицитарните јазови се доминантни, изразени кај занимањата со високи вештини. Драстични дефицитарни јазови постојат за општи работници со основно образование и за две занимања со средни вештини со средно образование. Сепак, кај занимањата со средни вештини, јазовите според образование се позастапени. Тоа упатува на тоа дека занимањата се соодветни, но е потребна доквалификација.

ПРЕПОРАКИ

Препораки за Центрите за вработување и АВРСМ

Да се дизајнираат активни мерки за вработување за невработените активни баратели на работа во општина Куманово, и тоа:

- Квалификација на лицата без занимање и со основно образование во општи работници. Центарот за образование на возрасни, во соработка со АВРСМ, да дизајнира и да испорача курсеви и модули за лицата без занимање да добијат квалификација соодветна за занимања со вештини од ниво 1

- Доквалификација на лицата со основно образование од занимањата градежници и сродни градежни работници и возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж

- Активни мерки за вработување за формализација на неформалната работа

- Општокорисна работа со различни потребни вештини за лицата што се класирани во занимања / образование со значајни суфицитарни јазови:

  - Работа со потребни ниски вештини за лица без занимање (одржување хигиена во општината, собирање смет, собирање масивен отпад за рециклирање и слично)

  - Работа со високи вештини за лицата со високи вештини од суфицитарните занимања (поддршка во учењето на ученици од ранлива категорија граѓани, поддршка во училиштата и во градинките и слично)

За образовните институции и МОН

- На краток рок да се надминат јазовите со дефицитарни занимања преку:

  - Образовните институции што имаат воспоставени програми во дефицитарни занимања да ја зголемат атрактивноста и квотите за продуцирање повеќе кадар

  - Стручните средни училишта да ја подобрат соработката со приватниот сектор. Соработката може да се поттикне преку редовна практика за учениците од средните стручни училишта во соодветни компании

- На среден рок, неопходно е да се направи реосмислување на програмите / насоките и на вештините што ги создава здобиената диплома:

  - Програмите и насоките на образовните институции да се дизајнираат во согласност со потребните занимања на пазарот на труд во општина Куманово

  - Курикулумите да ги одразуваат бараните вештини на 21 век (на пр., вештини поврзани со СТЕМ-науките, аналитички вештини, критичко размислување и сл.)

  - Советување за кариера и насочување на младите во изборот на занимањето базирано на потребите на пазарот на труд

За Општина Куманово, регионалните комори и за бизнис-секторот

- Да се зголеми атрактивноста на општината за привлекување големи деловни субјекти и за отворање нови работни места, преку:

  - Привлекување странски инвеститори

  - Создавање повластени услови, локални даночни ослободување, уредување градежно земјиште и слични поволности за нови инвестиции и отворање работни места

- Да се интензивира соработката со средните стручни училишта и активно да се учествува во потенцијално формирање дуално образование или пилот-занимања

- Да се подобри квалитетот на работното место и квалитетот на практичната настава за учениците и за студентите во рамки на компаниите

- Во соработка со АВРСМ, да се овозможи обука на работно место за општите работници што се без занимање, до нивна минимална квалификација

- Да се засили свеста на бизнис-секторот и на невработените лица за бенефитите од формалната работа

- Да се засили свеста кај младите за тоа кои образовни профили недостигаат, а кои образовни профили се вишок, со цел при изборот на поле на образование, младите лица да донесуваат одлуки според информациите

За Државниот завод за статистика (ДЗС), Управата за јавни приходи (УЈП) и за Инспекторатот за труд

- ДЗС да собира и да објавува статистика на пазарот на труд на ниво на општина (стапка на вработеност, невработеност и на активност)
- Редовни теренски проверки од Државниот инспекторатот за труд
- Вонтеренски проверки со вкрстување административни податоци (УЈП) со анкетни податоци (ДЗС)

Полошки Регион

Дијагностика на пазарот на труд во општина Гостивар

Во општина Гостивар има значителен недостиг од генерирање работни места и изразен суфицитарен јаз кај занимањата со високи вештини. На секој побаран работник од компаниите за Полошкиот регион, општина Гостивар има 16 невработени лица. Сепак, јазот е најголем кај основното образование, каде што овој сооднос е со екстремна вредност од 285, кој доколку се коригира за лицата без занимање, овој јаз десеткратно се намалува. Потоа е високото образование, со сооднос 21, и најмал од нивоата на образование е за средно, со 2,6 невработени лица за едно побарано работно место. Недостигот од нови работни места во општина Гостивар е ургентен. Општината има поставена образовна инфраструктура, која може да придонесе кон намалување на дел од драстичните дефицитарни јазови.

Оваа дијагностика препорачува да се преземат конкретни акции за намалување на јазот од недостиг од работни места и за намалување на суфицитарниот јаз во општина Гостивар преку:

- **Зголемување на атрактивноста на општината за привлекување големи деловни субјекти и за создавање нови работни места**
- **Активни мерки за вработување за формализација на неформалната работа**
- **Општокорисна работа со различни потребни вештини за лицата што се класирани во занимања / образование со значителен суфицитарен јаз**
- **Советување за кариера и насочување на младите во изборот на занимање базирано на потребите на пазарот на труд**

ЦЕЛ

Целта на овој бриф е да направи дијагностика на пазарот на труд во општина Гостивар и да понуди конкретни препораки за подобрување на состојбата на пазарот на труд на локалното население и за намалување на хоризонталниот и на вертикалниот јаз.

ВОВЕД

Општина Гостивар е втора општина по големина според бројот на жители во Полошкиот регион, со 83.557[1] жители, и зафаќа 26 проценти од вкупниот број жители во Полошкиот регион. Во моментот, пазарот на труд во Полошкиот регион не е поволен; регионот има втора[2] по ред стапка на невработеност и најниска стапка на вработеност и на активност во споредба со другите седум региони. Во 2020 година стапката на невработеност на популација од 15 години и повеќе е 24,8 проценти (27,2 проценти за жени и 23,7 проценти за мажи), стапката на вработеност е 36 проценти и стапката на активност е 47,9 проценти. Истовремено, оваа неповолна слика не се одразува на просечната бруто-плата: со 38.134 денари Полошкиот регион е во средината, треторангиран (Регионите во Република Северна Македонија, ДЗС, 2021 година). Овој регион се карактеризира со планински предели, поволни за развој на зимски туризам и за сточарство. А, исто така, регионот има богатата хидрографска мрежа, која нуди голем хидроенергетски потенцијал, кој е делумно искористен.

[1]Процени на населението на 31.12.2015 год., (НТЕС 3-2007 година), Скопје.
[2]По Североисточниот регион (32,4 проценти).

СТРУКТУРА НА ПАЗАРОТ НА ТРУД

Понуда

Од регистрираните невработени лица што активно бараат работа во општина Гостивар во 2021 година, 51 процент се жени и 49 проценти се мажи. Од аспект на образование, доминираат лица со ниско образование. Две третини (71 процент) од невработените лица се без основно и со основно образование (66 проценти) и со нецелосно средно образование (графикон 1).

Графикон 1: Невработени лица во општина Гостивар според степен на образование



Најголем дел од невработените се на возраст од 30 до 50 години (42 проценти), потоа невработените со 50 и повеќе години (36 процент) (графикон 2). Релативно ниското учество на младите во вкупната структура (22 проценти) веројатно се должи на подоцнежно активирање на пазарот на труд поради школување, но и пропорционално поради помал опфат на население во групата млади.

Графикон 2: Структура на невработени според возраст



Извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија

Најголем дел од невработените (41 процент) чекаат вработување од една до три години (графикон 3). Дополнителни 36 проценти чекаат за вработување повеќе од три години. Тоа упатува на структурна невработеност и на значајни неусогласувања на понудата и на побарувачката на пазарот на труд. Само 23 проценти од невработените чекаат вработување до една година, од кои најголем дел од шест до 11 месеци. Веројатно индивидуалните карактеристики на оваа група невработени (степен на образование, образовен профил, возраст) се посоодветни до побарувачката на пазарот на труд, во споредба со невработените што чекаат за вработување повеќе од една година. За оваа група има изгледи на фрикциска невработеност, која може да се објасни со потребниот период на транзиција од образование кон вработување, приспособување на резервациската плата, времето потребно за аплицирање за работа и процесот на регрутирање до вработување и слично.

Освен невработените активни баратели на работа, во општина Гостивар има лица регистрирани како пасивни баратели на работа. Според Агенцијата за вработување, оваа категорија има 1.145 лица, што е 16 проценти од вкупниот број активни баратели. Во споредба со другите општини, оваа стапка е релативно ниска. Веројатно, тоа е резултат на високата стапка на корисници на социјална помош, кои се обврзани да бидат регистрирани активни баратели на работа. Полошкиот регион е трет регион по ред според стапката, 18,1 процент, на домаќинства што се корисници на гарантирана минимална помош, а се повозрасни од 18 години (Регионите во Република Северна Македонија, ДЗС, 2020 година). Причините за пасивно барање работа може да се од различна природа: лицата изгубиле надеж дека АВРСМ ќе им помогне да најдат работа, но притоа останале подготвени да прифатат работа надвор од државниот систем на посредување; имале повремена, привремена или хонорарна работа, неформална работа; како и лица што евентуално не биле присутни во државата; поради што ваквите подгрупи ги немало ниту во регистрираната вработеност ниту во активните баратели на работа при АВРСМ.

Графикон 3: Невработени за општина Гостивар според време на чекање



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Побарувачка

Според регионалната анкета за побарувачка за 2021 година, вкупната побарувачка за Полошкиот регион изнесува 389 работни места, што претставува пет проценти од невработената работна сила во општина Гостивар. Оваа стапка е екстремно ниска и упатува на исклучително неповолна состојба на пазарот на труд во општина Гостивар. Ниската стапка е резултат на недоволно генерирани работни места. Тоа може да е резултат на низок потенцијал на деловните субјекти да генерираат нови работни места; недоволен број деловни субјекти, особено големи деловни субјекти со повеќе од 250 вработени[3]; но и потенцијална поголема застапеност на неформалната економија. Методолошки, постои веројатност на потценување на реалната состојба, прво како резултат на песимистички очекувања поради пандемијата на ковид-19, но, исто така, и поради методолошкиот пристап во кој нема пондерирање на резултатите.

Графикон 4: Побарувачка според образование и големина на компанија



Графикон 4 прави преглед на побарувачката за работни места според образование и големина на компанија. Една половина од празните работни места се очекува да бидат генерирани од малите работодавци и дополнителни 32 процента од средните работодавци, а само 17 проценти од средноголеми компании. Од аспект на потребата според образование, доминира потребата за работници со средно образование (89 проценти) и многу помалку со високо (шест проценти) и со основно образование (пет проценти).

Доколку ја вкрстиме побарувачката според образование и занимањето (НКЗ-ISCO 08) (графикон 5), ќе забележиме дека целата побарувачка за работници со завршено основно образование е релативно мала и е од групата елементарни занимања, доминантно за општ работник. Побарувачката за работници со средно образование е похетерогена од аспект на занимања. Занимања за услужни дејности и продажба учествуваат со 45 проценти во вкупната побарувачка и 50 проценти од побарувачката со средно образование, од кои, главно, е побарувачка за продавачи и, во помал обем, за готвачи и за обезбедување (заштита на лица и на имот). Со по 15 проценти од вкупната побарувачка е побарувачката за занимањата: ракувачи и составувачи на машини (возач на автобус, камиони; ракувач на градежни машини, машини за пакување и слични машини), и магационери, класифицирани во занимањето службеници. Потоа е побарувачката за занимања од неиндустриски начин на работа и производство и вклучува похетерогена група занимања: бравар, градежен работник, автомеханичар, слаткар, технички контролор на возила итн. Сите барани работници со високо образование се во занимањето стручњаци и научници и учествуваат со само шест проценти во вкупната побарувачка.

Јаз на пазарот на труд според образование и занимање

Јазот на пазарот на труд во општина Гостивар се идентификува со споредба на понудата и на побарувачката на работници земајќи го предвид нивото на образование и занимањето. Графикон 6 го прикажува бројот на понудени работници (што сакаат да работат) на секое побарано работно место, според степенот на образование. Резултатите покажаа дека вкупно постои огромен јаз на поголема понуда од побарувачка за сите нивоа на образование, која е алармантна за лицата со

Графикон 5: Побарувачка според занимање и образование за Полошкиот регион

Извор: *АВРСМ, регионална анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот во РСМ за 2021 година*

[3] По Североисточниот регион, Полошкиот регион е втор регион одзади со големи деловни субјекти, 8, во 2019 година

основно образование. На секој побаран работник од компаниите во Полошкиот регион, општина Гостивар има по 47 невработени лица. Сепак, јазот е најголем кај основното образование и овој сооднос е 285 и претставува екстремна вредност. Потоа е високото образование, со сооднос 21, и најмало од трите нивоа на образование е за средно, со 2,6 невработени лица за едно побарано работно место. Сепак, доколку направиме корекција за лицата без занимање, резултатите значајно се коригираат, главно кај лицата со основно образование, па така јазот кај лицата со основно образование се намалува на 21, а за лицата со средно образование речиси исчезнува (1,4).

Графикон 6: Јаз во понуда и побарувачка според образование



Извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија, 2021

Подетална слика за јазот на пазарот труд се добива со вкрстување на бараните занимања на пазарот на труд со понудените профили на невработени активни баратели на работа. Јазот може да се анализира според степенот на образование во рамки на едно занимање (хоризонтално) и вертикално, за различни занимања. Сепак, во ваква ситуација, кога имаме значително нарушување на пазарот на труд, со значително поголема понуда од побарувачка за работници, во речиси сите занимања, тешко е да се направи подетална анализата на јазот според занимања и е потребна внимателност. Табела 1 прави дијагностика на јазот на пазарот на труд според побаруваните занимања и профилот на невработени активни баратели на работа за општина Гостивар. Поради вкупно поголема понуда од побарувачка, анализата го идентификува драстичниот јаз каде што понудата е драстично поголема од побарувачката, означен со црвена боја. И прави апроксимација за потенцијален дефицитарен јаз, каде што побарувачката за работни места е поголема од понудата, означено со зелена боја.

Резултатите покажуваат дека кај високите вештини, позитивен јаз постои кај седум од десет занимања. Кај две занимања (стручњаци и стручни соработници од правни и општествени науки од областа на културата) јазот е умерен. Кај пет занимања јазот е драстично суфицитарен, од кои кај три занимања (помошни стручњаци за наука и инженеринг; техничари и асистенти во здравството; правни, општествени и културни стручни соработници; бизнис и административни стручни соработници) , јазот е само за лицата со средно образование и исчезнува со зголемување на нивото на образованието во вишо. Тоа упатува на потенцијална пониска квалификуваност. Драстичен суфицитарен јаз има и кај занимањата стручњаци за образование; и стручњаци за бизнис и администрација. Кај занимањата со средни вештини постои диверзификација, од осум занимања, кај четири занимања има суфицитарен јаз, а кај три занимања дефицитарен јаз. Суфицитарен јаз на поголема понуда од побарувачка на работна сила има кај преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања (драстичен суфицитарен јаз) и кај возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж (умерено дефицитарен јаз). Но, позитивниот јаз исчезнува кога се зголемува нивото на образование од основно на средно. Тоа упатува на тоа дека е потребна доквалификација на лицата со основно образование. И покрај тоа што општина Гостивар се карактеризира со повисока понуда од побарувачка, за секое ниво на образование и речиси за секое занимање, кај занимањата со ниски вештини постои дефицит за општи работници во рударството, градежништвото, производството и транспортот, и општи работници, собирачи на смет и сродни занимања со основно образование. Од друга страна, суфицит на невработена работна сила има кај лицата без занимање и кај лицата со гимназиско средно образование. Иако и тука преовладуваат суфицитарните јазови, нивниот интензитет се намалува. Па, така, драстичен суфицитарен јаз се појавува само за едно занимање, работници со електротехнологија. Кај три занимања јазот е умерено суфицитарен, од кои кај две занимања (обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања; и преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања) јазот е само за лицата со средно образование, а не и кај лицата со основно образование. Сепак, на страната на понудата, лицата што се со тие занимања со основно образование се релативно малку, па за јазот кај основното образование од овие занимања ваквите наоди се само индикативни. Истовремено, дефицитарен јаз се појавува за три занимања со средно образование, од кои за две занимања е драстичен (службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и транспорт и продавачи) и за едно занимање е умерен (градежници и сродни градежни работници).

Кај занимањата со ниска вештина, доколку ги исклучиме лицата без занимање, суфицитарен јаз се појавува само за занимањето ракувачи на машини и постројки и тоа умерен. А дополнително, се појавуваат драстични дефицитарни јазови за општи работници и возачи, што укажува на тоа дека за занимањата со ниски вештини има и недостиг од работници. Тоа дава појасна слика и прави значајна корекција на наодот дека јазот кај основното образование е најголем. Јазот е генериран од лицата без

занимање и е ургентен. Генералниот заклучок е дека суфицитарниот јаз (кога понудата е поголема од побарувачката) е доминантен, изразен кај занимањата со високи вештини. Дефицитарен јаз постои за работници со ниски вештини и кај одредени занимања со средни вештини и со средно образование. Тоа упатува на тоа дека во општина Гостивар има значителен недостиг од генерирање работни места. Освен јазот од аспект на формално образование, квалитетот на образование и здобиените вештини се, исто така, значајни. Истражувањето на Светска банка (2020) идентификува дека обуките понудени од образовниот систем не соодветствуваат со потребите на компаниите. Во истата студија, идентификувано е дека учениците немаат и соодветни практични вештини на здобиената диплома[4].

Табела 1: Јаз на пазарот на труд според занимање – образовен профил

Вештина	Шифра	Занимање/профил	Основно	Средно	Вишо	Високо
Висока вештина	21	Стручњаци за наука и инженеринг				
	22	Стручњаци од областа на здравството				
	23	Стручњаци за образование				
	24	Стручњаци за бизнис и администрација				
	25	Стручњаци за информатичка и комуникациска технологија				
	26	Правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата				
	31	Помошни стручњаци за наука и инженеринг				
	32	Техничари и асистенти во здравството				
	34	Правни, општествени и културни стручни соработници				
	33	Бизнис и административни стручни соработници				
Средна вештина	43	Службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и транспортот				
	51	Работници во персонални служби				
	52	Продавачи				
	71	Градежници и сродни градежни работници				
	72	Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања				
	73	Прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари				
	74	Работници со електротехнологија				
	75	Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања				
Ниска вештина	81	Ракувачи на машини и постројки				
	83	Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж				
	91	Чистачи и помошници				
	92	Општи работници во земјоделството, шумарството и во рибарството				
	93	Општи работници во рударството, градежништвото, производството и транспортот				
	96	Општи работници, собирачи на смет и сродни занимања				
		Без занимање				
		Гимназија				

Извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија, пресметка на авторот

Легенда:

Значително суфицитарно | Суфицитарно | Соодветно вкрстување | Дефицитарно | Значително дефицитарно

[4]Светска банка (2020 година) Наоѓање решенија за невработеноста на младите во Северна Македонија.

Образовното профилирање како фактор за надминување или засилување на јазот

Во општина Гостивар има четири средни училишта, еден Универзитет со пет високообразовни институции и четири програми за верификација на возрасни. Се очекува образовните институции во следните четири години да продуцираат 3.705 профилирани кадри на пазарот на труд. 66 проценти од вкупната понуда на образовни профили е во три занимања: правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата; помошни стручњаци за наука и за инженеринг; и техничари и асистенти во здравството, а дополнителни 24 проценти се профили со гимназија. Овие резултати упатуваат на тоа дека општина Гостивар, генерално, има воспоставена образовна инфраструктура за продуцирање профилирана работна сила во повеќе области. Со цел да идентификуваме колку овие кадри се соодветни на пазарот на труд, во табела 2 го вкрстуваме идентификуваниот јаз со очекуваните образовни профили за следните четири години. Поради недостигот од генерирани работни места, се чини дека најголем дел од продуцираните нови кадри ќе го продлабочат суфицитарниот јаз. Таквиот заклучок би бил пресилен и, за најмалку три занимања со средно образование, каде што има потенцијална пониска квалификација, продуцирањето профили од тие занимања не е проблематично. Сепак, треба да се внимава во натамошно продуцирање образовни профили од гимназија и правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата. За ваквите профили и во моментов постои суфицитарен јаз во општина Гостивар. Дополнително, ова се профили што, генерално, се класификуваат како суфицитарни и во други општини, што може да индицира на потенцијални суфицитарни профили на национално ниво. Една насока од СЕОУ „Гостивар“ продуцира кадри за занимањето службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и транспорт, кое е идентификувано како дефицитарно занимање. Сепак, за другите занимања со дефицитарен јаз не се продуцираат нови кадри. Тоа отвора простор дел од насоките на средните училишта да се приспособат на побарувачката. Но, исто така, за занимањата со ниски вештини да се зголеми активноста на програмите за верификација на возрасни и програмите за доквалификација и за преквалификација.

Графикон 7: Понуда на профилирана работна сила од образовните институции во следните четири години



Извор: *Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија*

Табела 2: Вкрстување на јазот и на понудата на профилирани кадри од образовните институции во следните четири години

Вештина	Шифра	Занимање/профил	Основно	Средно	Вишо	Високо	средно	високо	До/пре квалификација
Висока вештина	21	Стручњаци за наука и инженеринг						101	
	22	Стручњаци од областа на здравството							
	23	Стручњаци за образование							
	24	Стручњаци за бизнис и администрација							
	25	Стручњаци за информатичка и комуникациска технологија						49	
	26	Правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата						495	
	31	Помошни стручњаци за наука и инженеринг					1023		
	32	Техничари и асистенти во здравството					916		
	34	Правни, општествени и културни стручни соработници							
	33	Бизнис и административни стручни соработници					223		
Средна вештина	43	Службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и транспорт					21		
	51	Работници во персонални служби							
	52	Продавачи							
	53								
	71	Градежници и сродни градежни работници							
	72	Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања							
	73	Прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари							
	74	Работници со електротехнологија							
	75	Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања							
Ниска вештина	81	Ракувачи на машини и постројки							
	83	Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж							
	91	Чистачи и помошници							
	92	Општи работници во земјоделството, шумарството и во рибарството							
	93	Општи работници во рударството, градежништвото, производството и во транспортот							
	96	Општи работници, собирачи на смет и сродни занимања							
		Без занимање							
		Гимназија					875		

Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија, Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија, пресметка на авторот*

Легенда:

Значително суфицитарно Суфицитарно Соодветно вкрстување Дефицитарно Значително дефицитарно

ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Дијагностиката на пазарот на труд на општина Гостивар покажа дека постои драстичен јаз на поголема понуда од побарувачка за сите нивоа на образование. Тоа упатува на тоа дека во општина Гостивар има значителен недостиг од генерирање работни места. На секој побаран работник од компаниите за Полошкиот регион, општина Гостивар има 16,7 невработени лица. Овој јаз е најголем за лицата со основно образование и достигнува екстремна вредност од 285. Потоа е високото образование, со сооднос 21, и најмал од трите нивоа на образование е за средно, со 2,6 невработени лица за едно побарано работно место. Сепак, доколку направиме корекција за лицата без занимање, резултатите значајно се коригираат, главно кај лицата со основно образование, па така јазот кај лицата со основно образование се намалува на 21, а за лицата со средно образование речиси исчезнува (1,4). Суфицитарниот јаз (кога понудата е поголема од побарувачката) е доминантен, изразен кај занимањата со високи вештини. Дефицитарен јаз постои за работници со ниски вештини и кај одредени занимања со средни вештини и со средно образование.

ПРЕПОРАКИ

Препораки за центрите за вработување и за АВРСМ

Да се дизајнираат активни мерки за вработување за невработените активни баратели на работа во општина Гостивар, и тоа:

- Квалификација на лицата без занимање и со основно образование во општи работници. Центрите за квалификација и за преквалификација во соработка со АВРСМ да дизајнираат и испорачаат курсеви и модули за лицата без занимање да добијат квалификација соодветна за занимања со вештини од ниво 1

- Преквалификација на лицата со средно образование, од суфицитарните занимања во дефицитарните занимања: продавачи и возачи

- Активни мерки за вработување за формализација на неформалната работа

- Општокорисна работа со различни потребни вештини за лицата што се класирани во занимања / образование со значаен суфицитарен јаз:

  о Работа со потребни ниски вештини за лица без занимање (одржување хигиена во општината, собирање смет, собирање масивен отпад за рециклирање и слично)

  о Работа со високи вештини за лицата со високи вештини од суфицитарните занимања (поддршка во учењето на ученици од ранлива категорија граѓани, поддршка во училиштата и градинките и слично)

За образовните институции и МОН

- На краток рок да се надмине јазот со дефицитарни занимања:

  о Образовните институции што имаат воспоставени програми во дефицитарни занимања да ги зголемат атрактивноста и квотите за продуцирање повеќе кадар

  о Програмите за верификација на возрасни во соработка со АВРСМ и со Центарот за вработување да се стимулираат да го интензивираат своето дејствување

  о Стручните средни училишта да ја подобрат соработката со приватниот сектор. Соработката може да се поттикне преку редовна практика за учениците од средните стручни училишта во соодветни компании

- На среден рок, неопходно е да се направи реосмислување на програмите / насоките и на вештините што ги создава здобиената диплома:

  о Програмите и насоките на образовните институции да се дизајнираат во согласност со потребните занимања на пазарот на труд во општина Гостивар

  о Курикулумите да ги одразуваат бараните вештини на 21 век (на пр., вештини поврзани со СТЕМ-науките, аналитички вештини, критичко размислување и сл.)

  о Советување за кариера и насочување на младите во избор на занимање базирано на потребите на пазарот на труд

За Општина Гостивар, регионалните комори и за бизнис-секторот

- Да се зголеми атрактивноста на општината за привлекување големи деловни субјекти и за создавање нови работни места, преку:

  о Привлекување странски инвеститори

  о Создавање повластени услови, локални даночни ослободување, уредување градежно земјиште и слични поволности за нови инвестиции и создавање работни места

- Да се интензивира соработката со средните стручни училишта и активно да се учествува во потенцијално формирање

дуално образование или пилот-занимања

• Во соработка со АВРСМ, да се овозможи обука на работно место за општите работници што се без занимање, до нивна минимална квалификација

• Да се подобрат квалитетот на работното место и квалитетот на практичната настава за учениците и за студентите, во рамки на компаниите

• Да се засили свеста на бизнис-секторот и на невработените лица за придобивките од формалната работа

• Да се засили свеста кај младите за тоа кои образовни профили недостигаат, а кои образовни профили се вишок, со цел при изборот на поле на образование, младите лица да донесуваат одлуки според информациите

За Државниот завод за статистика (ДЗС), Управата за јавни приходи (УЈП) и за Инспекторатот за труд

• ДЗС да собира и да објавува статистика на пазарот на труд на ниво на општина (стапка на вработеност, невработеност и активност)

• Редовни теренски проверки од Државниот инспекторатот за труд

• Вонтеренски проверки со вкрстување административни податоци (УЈП) со анкетни податоци (ДЗС)

Дијагностика на пазарот на труд во општина Тетово

Во општина Тетово има значителен недостиг од генерирање работни места и изразен суфицитарен јаз кај занимањата со високи вештини. На секој побаран работник од компаниите за Полошкиот регион, општина Тетово има 47 невработени лица. Сепак, јазот е најголем кај основното образование каде што овој сооднос е 93, потоа е високото образование, со сооднос 72, и најмал од нивоата на образование е за средно, со 26 невработени лица за едно побарано работно место. Недостигот од нови работни места во општина Тетово е ургентен.

Оваа дијагностика препорачува да се преземат конкретни акции за намалување на јазовите од недостиг од работни места и за намалување на суфицитарниот јаз во општина Тетово преку:

- **Зголемување на атрактивноста на општината за привлекување големи деловни субјекти и за создавање нови работни места**
- **Активни мерки за вработување за формализација на неформалната работа**
- **Општокорисна работа со различни потребни вештини за лицата што се класирани во занимања / образование со значителен суфицитарен јаз**
- **Советување за кариера и насочување на младите во изборот на занимањето базирано на потребите на пазарот на труд**

ЦЕЛ

Целта на овој бриф е да направи дијагностика на пазарот на труд во општина Тетово и да понуди конкретни препораки за подобрување на состојбата на пазарот на труд на локалното население и за намалување на хоризонталните и вертикалните јазови.

ВОВЕД

Општина Тетово е најголема општина според бројот на жители во Полошкиот регион, со 91.431[1] жители, и зафаќа 28 проценти од вкупниот број жители во Полошкиот регион. Во моментот, пазарот на труд во Полошкиот регион не е поволен; регионот има втора[2] по ред стапка на невработеност и втора[3] одзади стапка на вработеност и на активност во споредба со другите седум региони. Во 2019 година, стапката на невработеност на популација од 15 години и повеќе е 28,5 проценти (35,8 проценти за жени и 24,7 проценти за мажи), стапката на вработеност е 37,1 проценти, и стапката на активност е 51,9 процент. Истовремено, оваа неповолна слика не се одразува на просечната бруто-плата: со 34.850 денари Полошкиот регион е во средината, четврторангиран (Регионите во Република Северна Македонија, ДЗС, 2020 година). Овој регион се карактеризира со планински предели, поволни за развој на зимски туризам и за сточарство. А, исто така, регионот има богатата хидрографска мрежа, која нуди голем хидроенергетски потенцијал, кој е делумно искористен.

[1]Процени на населението на 31.12.2015 год., (НТЕС 3-2007 година), Скопје
[2]По Североисточниот регион (33 проценти)
[3]По Североисточниот регион (37 проценти)

СТРУКТУРА НА ПАЗАР НА ТРУД

Понуда

Од регистрираните невработени лица, кои активно бараат работа во општина Тетово во 2020 година, 50 проценти се жени и 50 проценти се мажи. Од аспект на образование, доминираат лица со ниско образование. Повеќе од една половина (58 проценти) од невработените лица се без основно и со основно образование (52 проценти) и со нецелосно средно образование (графикон 1).

Графикон 1: Невработени лица во општина Тетово, според степен на образование



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Најголем дел од невработените се на возраст од 30 до 50 години (43 проценти), потоа невработените со 50 и повеќе години (31 процент) (графикон 2). Релативно ниското учество на младите во вкупната структура (26 проценти) веројатно се должи на подоцнежно активирање на пазарот на труд поради школување, но и пропорционално поради помал опфат на население во групата на млади.

Графикон 2: Структура на невработени според возраст



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

50 проценти од невработените чекаат вработување до една година, од кои најголем дел од еден до пет месеци (графикон 3). Веројатно индивидуалните карактеристики на оваа група невработени (степен на образование, образовен профил, возраст) се посоодветни до побарувачката на пазарот на труд, во споредба со невработените што чекаат за вработување повеќе од една година. За оваа група има изгледи на фрикциска невработеност, која може да се објасни со потребниот период на транзиција од образование кон вработување, приспособување на резервациската плата, времето потребно за аплицирање за работа и процесот на регрутирање до вработување и слично.

Иако ваквата структура изгледа охрабрувачки, една третина од невработените чекаат за вработување повеќе од две години, што упатува на веројатност за структурна невработеност.

Освен невработените активни баратели на работа, во општина Тетово има и лица регистрирани како пасивни баратели на работа. Според Агенцијата за вработување, оваа категорија има 2.203 лица, што е околу 20 проценти од вкупниот број активни баратели. Во споредба со другите општини, оваа стапка е релативно ниска. Веројатно, тоа е резултат на високата стапка на корисници на социјална помош, кои се обврзани да бидат регистрирани активни баратели на работа. Полошкиот регион е трет регион по ред според стапката, 15,7 проценти, на домаќинства што се корисници на социјална парична помош, а се повозрасни од 18 години (Регионите во Република Северна Македонија, ДЗС, 2020 година). Причините за пасивно барање работа може да се од различна природа: лицата изгубиле надеж дека АВРСМ ќе им помогне да најдат работа, но притоа останале подготвени да прифатат работа надвор од државниот систем на посредување; имале повремена, привремена или хонорарна работа, неформална работа; како и лица што евентуално не биле присутни во државата; поради што ваквите подгрупи ги немало ниту во регистрираната вработеност ниту во активните баратели на работа при АВРСМ.

Графикон 3: Невработени за општина Тетово според време на чекање



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Побарувачка

Според регионалната анкета за побарувачка за 2020 година, вкупната побарувачка за Полошкиот регион изнесува 241 работно место, што претставува два процента од невработената работна сила во општина Тетово. Оваа стапка е екстремно ниска и упатува на исклучително неповолна состојба на пазарот на труд во општина Тетово. Ниската стапка е резултат на недоволно генерирани работни места.

Тоа може да е резултат на низок потенцијал на деловните субјекти да генерираат нови работни места; недоволен број деловни субјекти, особено големи деловни субјекти со повеќе од 250 вработени[4]; но и потенцијална поголема застапеност на неформалната економија.

Графикон 4 прави преглед на побарувачката за работни места според образование и големина на компанија. Речиси една половина од празните работни места се очекува да бидат генерирани од малите работодавци и дополнителни 40 проценти од средноголеми работодавци, а само 12 проценти од големи работодавци. Од аспект на потребата според образование, доминира потребата за работници со средно образование (66 проценти) и со основно образование (26 проценти).

Графикон 4: Побарувачка по образование и големина на компанија



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Доколку ја вкрстиме побарувачката според образование и занимањето (НКЗ-ISCO 08) (графикон 5), ќе забележиме дека целата побарувачка за работници со завршено основно образование е од групата елементарни занимања (доминантно за општ работник, работник на едноставни работи при изработка на тули, рачно пакување и работник за едноставни работи на производствена линија). 26 проценти од вкупната побарувачката за работници и 100 проценти од побарувачката за работници со основно образование е за работници од елементарните занимања. Побарувачката за работници со средно образование е похетерогена од аспект на занимања. Занимања за неиндустриски начин на работа во производство учествуваат со 20 проценти во вкупната побарувачка и вклучуваат: шивач, столар, тапетар и слично. Следни барани работници со средно образование се работници во услужни дејности и продажба, службеници и ракувачи и поставувачи на машини и на постројки. Сите барани работници со високо образование се во занимањето стручњаци и научници и учествуваат со само седум проценти во вкупната побарувачка.

Графикон 5: Побарувачка по занимање и образование за регион Полог



Извор: *АВРСМ, регионална анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот во РСМ за 2020 година* [5]

[4] После Североисточниот регион, Полошкиот регион е втор регион со најмалку големи деловни субјекти, 8, во 2019 година

Јаз на пазарот на труд според образование и занимање

Јазот на пазарот на труд во општина Тетово се идентификува со споредба на понудата и на побарувачката на работници земајќи го предвид нивото на образование и занимањето. Графикон 6 го прикажува бројот на понудени работници (што сакаат да работат) на секое побарано работно место, според степенот на образование. Резултатите покажаа дека вкупно постои огромен јаз на поголема понуда од побарувачка за сите нивоа на образование. На секој побаран работник од компаниите во Полошкиот регион, општина Тетово има 47 невработени лица. Сепак, јазот е најголем кај основното образование и овој сооднос е 93, потоа е високото образование, со сооднос 72, и најмало од трите нивоа на образование е за средно, со 26 невработени лица за едно побарано работно место.

Графикон 6: Јаз во понуда и побарувачка според образование



Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија, 2020*

Подетална слика за јазот на пазарот труд се добива со вкрстување на бараните занимања на пазарот на труд со понудените профили на невработени активни баратели на работа. Јазот може да се анализира според степенот на образование во рамки на едно занимање (хоризонтално) и вертикално, за различни занимања. Сепак, во ваква ситуација, кога имаме значително нарушување на пазарот на труд, со значително поголема понуда од побарувачка за работници, во речиси сите занимања, тешко е да се направи подетална анализата на јазот по занимања и е потребна внимателност. Табела 1 прави дијагностика на јазот на пазарот на труд според побаруваните занимања и профилот на невработени активни баратели на работа за општина Тетово. Поради вкупно поголема понуда од побарувачка, анализата го идентификува драстичниот јаз каде што понудата е драстично поголема од побарувачката, означен со црвена боја. И прави апроксимација за потенцијален дефицитарен јаз, каде што побарувачката за работни места е поголема од понудата означено со зелена боја.

Резултатите покажуваат дека кај високите вештини, драстичен позитивен јаз постои кај шест занимања. Кај три занимања со високо образование има потенцијална повисока квалификуваност (стручњаци за образование; правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата; и стручњаци за наука и за инженеринг). Драстичен суфицитарен јаз има и кај занимањата помошни стручњаци за наука и за инженеринг; техничари и асистенти во здравството и бизнис и административни стручни соработници со средно образование. Кај занимањата со средни вештини, суфицитарен јаз на поголема понуда од побарувачка на работна сила има кај преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања (драстичен суфицитарен јаз) и кај возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж (умерено дефицитарен јаз). Но, позитивниот јаз исчезнува кога се зголемува нивото на образование од основно на средно. Тоа упатува на тоа дека е потребна доквалификација на лицата со основно образование. И покрај тоа што општина Тетово се карактеризира со повисока понуда од побарувачка, за секое ниво на образование и речиси за секое занимање, кај занимањата со ниски вештини постои дефицит за општи работници во рударството, градежништвото, производството и транспортот, и општи работници, собирачи на смет и сродни занимања со основно образование. Од друга страна, суфицит на невработена работна сила има кај лицата без занимање и кај лицата со гимназиско средно образование.

Генералниот заклучок е дека суфицитарниот јаз (кога понудата е поголема од побарувачката) е доминантен, изразен кај занимањата со високи вештини. Дефицитарен јаз постои само за општи работници со основно образование и за две занимања со средни вештини со средно образование. Тоа упатува на тоа дека во општина Тетово има значителен недостиг од генерирање работни места.

Освен јазот од аспект на формално образование, квалитетот на образование и здобиените вештини се, исто така, значајни. Истражувањето на Светска банка (2020) идентификува дека обуките понудени од образовниот систем не соодветствуваат со потребите на компаниите. Во истата студија, идентификувано е дека учениците немаат и соодветни практични вештини на здобиената диплома[6].

[5] Анкетата е на примерок од 3.295 работодавци во приватниот сектор со седум и повеќе вработени, стратификувана по регион и по сектор на работодавец. Примерокот ги вклучува сите средни и големи работодавци, а другиот дел се избрани по случаен избор до постигнување на целта.

[6] Светска банка (2020 година) Наоѓање решенија за невработеноста на младите во Северна Македонија.

Табела 1: Јазови на пазарот на труд според занимање – образовен профил

Вештина	Шифра	Занимање/профил	Основно	Средно	Вишо	Високо
Висока вештина	23	Стручњаци за образование				
	24	Стручњаци за бизнис и за администрација				
	26	Правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата				
	31	Помошни стручњаци за наука и за инженеринг				
	32	Техничари и асистенти во здравството				
	33	Бизнис и административни стручни соработници				
Средна вештина	75	Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања				
	83	Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж				
Ниска вештина	93	Општи работници во рударството, градежништвото, производството и во транспортот				
	96	Општи работници, собирачи на смет и сродни занимања				
		Без занимање				
		Гимназија				

Извор: *Агенција за Вработување на Република Северна Македонија, пресметка на авторот*

Легенда:

Значително суфицитарно Суфицитарно Соодветно вкрстување Дефицитарно Значително дефицитарно

Образовното профилирање како фактор за надминување или засилување на јазовите

Во општина Тетово има пет средни училишта, две високообразовни институции и еден центар за доквалификација и за преквалификација[7]. Се очекува образовните институции во следните четири години да продуцираат 14.565 профилирани кадри на пазарот на труд[8]. 71 процент од вкупната понуда на образовни профили е во пет занимања: стручњаци од областа на здравството; правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата; помошни стручњаци за наука и за инженеринг; стручњаци за образование; техничари и асистенти во здравството.

Овие резултати упатуваат на тоа дека општина Тетово има воспоставена образовна инфраструктура за продуцирање профилирана работна сила, особено високообразовни и стручни профили во повеќе области. Со цел да идентификуваме колку овие кадри се соодветни на пазарот на труд, во табела 2 го вкрстуваме идентификуваниот јаз со очекуваните образовни профили за следните четири години. Поради недостигот од генерирани работни места, се чини дека најголем дел од продуцираните нови кадри ќе го продлабочи суфицитарниот јаз. Таквиот заклучок би бил пресилен, сепак, треба да се внимава во натамошно продуцирање образовни профили: стручњаци за образование; правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата; и стручњаци за бизнис и за администрација и службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и во транспортот. За ваквите профили и, во моментот, суфицитарниот јаз во општина Тетово е драстичен. Дополнително, ова се профили што, генерално, се класификуваат како суфицитарни и во други општини, што може да индицира на потенцијални суфицитарни профили на национално ниво. Во однос на идентификуваните дефицитарни профили возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж; општи работници во производството и во транспортот (работник на едноставни работи при изработка на тули, рачно пакување, работник за едноставни работи на производствена линија) и општи работници, собирачи на смет и сродни занимања, не се продуцираат нови кадри. Кај возачи на моторни возила постои потенцијал овој јаз да биде надоместен со профилите продуцирани од ССОУ „Моша Пијаде“. Додека кај занимањата со ниски вештини и потребно основно образование дефицитарниот јаз може да се надмине со понуда на доквалификација преку Отворен граѓански универзитет за доживотно учење – Тетово.

Графикон 7: Понуда на профилирана работна сила од образовните институции во следните четири години

Извор: *Образовни институции на територија на општина Тетово, собрани од Општина Тетово*

[7]http://komspi.mk/category/imateliinfo/obrazovniinstitucii/

[8]Недостига податокот колкав дел ќе се продуцираат во следните две години. Исто така, оваа бројка не ги вклучува продуцираните кадри од Универзитет на Југоисточна Европа – Тетово и СОУ гимназија „Кирил Пејчиновиќ“ - Тетово, за кои нема доставен податок.

Табела 2: Вкрстување на јазот и на понудата на профилирани кадри од образовните институции во следните две години

Шифра	Занимање/образовен профил	Основно	Средно	Вишо	Високо	Средно	До-квали-фика-ција	Високо
21	Стручњаци за наука и за инженеринг							1131
22	Стручњаци од областа на здравството							3042
23	Стручњаци за образование							1683
24	Стручњаци за бизнис и за администрација							254
25	Стручњаци за информатичка и за комуникациска технологија							233
26	Правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата							2376
31	Помошни стручњаци за наука и за инженеринг					1189		
32	Техничари и асистенти во здравството					1693		
34	Правни, општествени и културни стручни соработници							260
35	Техничари за информатичка и за комуникациска технологија						70	
33	Бизнис и административни стручни соработници					377		159
41	Службеници за општи канцелариски работи и секретари							
42	Службеници за услужни дејности							
43	Службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и во транспортот					931		
44	Други канцелариски службеници							
51	Работници во персонални служби					246	163	
52	Продавачи							
53	Занимања за лична нега и сродни занимања						48	
54	Занимања за заштита на лица и на имот							
61	Пазарно ориентирани стручни земјоделски работници							
71	Градежници и сродни градежни работници						16	
72	Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања					59	53	
73	Прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари							
74	Работници со електротехнологија					48	1	
75	Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања					406	118	
81	Ракувачи на машини и на постројки						9	
82	Составувачи на машини и на опрема							
83	Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж							
91	Чистачи и помошници							
92	Општи работници во земјоделството, шумарството и во рибарството							
93	Општи работници во рударството, градежништвото, производството и во транспортот							
94	Помошници за подготовка на храна							
95	Улични продавачи и други услужни работници							
96	Општи работници, собирачи на смет и сродни занимања							
	Без занимање							
	Гимназија							

Извор: *Агенција за вработување на Република Северна Македонија, пресметка на авторот*

Легенда:

Значително суфицитарно | Суфицитарно | Соодветно вкрстување | Дефицитарно | Значително дефицитарно

ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Дијагностиката на пазарот на труд на општина Тетово покажа дека постои огромен јаз на поголема понуда од побарувачка за сите нивоа на образование. Тоа упатува на тоа дека во општина Тетово има значителен недостиг од генерирање работни места. На секој побаран работник од компаниите за Полошкиот регион, општина Тетово има 47 невработени лица. Овој јаз е најголем за лицата со основно образование. Кај лицата со високи вештини, суфицитарен јаз со драстично поголема понуда од побарувачка постои кај занимањата: стручњаци за образование; правни и општествени стручњаци и стручњаци од областа на културата; и стручњаци за наука и за инженеринг. Дефицитарен јаз со поголема побарувачка од понуда постои само за општи работници во рударството, градежништвото, производството и во транспортот и општи работници, собирачи на смет и сродни занимања со основно образование.

ПРЕПОРАКИ

Препораки за центрите за вработување и за АВРСМ

Да се дизајнираат активни мерки за вработување за невработените активни баратели на работа во општина Тетово, и тоа:

- Квалификација на лицата без занимање и со основно образование, во општи работници. Центрите за квалификација и за преквалификација во соработка со АВРСМ да дизајнираат и испорачаат курсеви и модули за лицата без занимање да добијат квалификација соодветна за занимања со вештини од ниво 1

- Доквалификација на лицата со основно образование од занимањето преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања и возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж

- Активни мерки за вработување за формализација на неформалната работа

- Општокорисна работа со различни потребни вештини за лицата што се класирани во занимања / образование со значаен суфицитарен јаз:

  - Работа со потребни ниски вештини за лица без занимање (одржување хигиена во општината, собирање смет, собирање масивен отпад за рециклирање и слично)

  - Работа со високи вештини за лицата со високи вештини од суфицитарните занимања (поддршка во учењето на ученици од ранлива категорија граѓани, поддршка во училиштата и градинките и слично)

За образовните институции и МОН

- На краток рок да се надмине јазот со дефицитарни занимања преку:

  - Образовните институции што имаат воспоставени програми во дефицитарни занимања да ги зголемат атрактивноста и квотите за продуцирање повеќе кадар

  - Центрите за квалификација и за преквалификација во соработка со АВРСМ и со Центарот за вработување да се стимулираат да го интензивираат своето дејствување

  - Стручните средни училишта да ја подобрат соработката со приватниот сектор. Соработката може да се поттикне преку редовна практика за учениците од средните стручни училишта во соодветни компании

- На среден рок, неопходно е да се направи реосмислување на програмите / насоките и на вештините што ги создава здобиената диплома:

  - Програмите и насоките на образовните институции да се дизајнираат во согласност со потребните занимања на пазарот на труд во општина Тетово

  - Курикулумите да ги одразуваат бараните вештини на 21 век (на пр., вештини поврзани со СТЕМ-науките, аналитички вештини, критичко размислување и сл.)

  - Советување за кариера и насочување на младите во изборот на занимањето, базирано на потребите на пазарот на труд

За Општина Тетово, регионалните комори и за бизнис-секторот

- Да се зголеми атрактивноста на општината за привлекување големи деловни субјекти и за создавање нови работни места, преку:

  - Привлекување странски инвеститори

  - Создавање повластени услови, локални даночни ослободување, уредување градежно земјиште и слични поволности за нови инвестиции и создавање работни места

- Да се интензивира соработката со средните стручни училишта и активно да учествува во потенцијално формирање дуално образование или пилот-занимања

- Во соработка со АВРСМ, да овозможи обука на работно место за општите работници што се без занимање, до нивна минимална квалификација

• Да се подобри квалитетот на работното место и квалитетот на практичната настава за учениците и за студентите, во рамки на компаниите

• Да се засили свеста на бизнис-секторот и на невработените лица за бенефитите од формалната работа

• Да се засили свеста кај младите за тоа кои образовни профили недостигаат а кои образовни профили се вишок, со цел при изборот на поле на образование, младите лица да донесуваат одлуки според информациите

За Државниот завод за статистика (ДЗС), Управата за јавни приходи (УЈП) и за Инспекторатот за труд

• ДЗС да собира и да објавува статистика на пазарот на труд на ниво на општина (стапки на вработеност, невработеност и активност)

• Редовни теренски проверки од Државниот инспекторат за труд

• Вонтеренски проверки со вкрстување административни податоци (УЈП) со анкетни податоци (ДЗС)